Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје
Филозофски факултет
Институт за Психологија

Магистерски труд

# Вредности, вредносни ориентации, морални ставови и модели за идентификација во различни возрасни периоди

Ментор:
Проф. Д-р. Олга Мурџева-Шкариќ

Кандидат:
Ана Фрицханд

Скопје, 2007

# СОДРЖИНА


Вовед стр. 6

## I ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1.1. За моралот – основни одредувања и значења стр. 8

1.2. Формирање и менување на моралот стр.10

1.3. Теории за моралноста и моралниот развој стр.13

А. Психоаналитички теории стр.13

А.1 Теорија на S. Freud стр.13

А.2 Ново психоаналитичко учење за моралноста - Теорија на H. Hartmann стр.16

А.3 Теорија на Erik H. Erikson стр.17

Б) Бихејвиористички теории стр.19

Б.1 Теорија на B. Skinner стр.19

В) Хуманистички теории стр.20

В.1 Теорија на A. Maslow стр.20

В.2 Радикален хуманизам на E. Fromm стр.22

В.3 Моралноста како усовршување – теорија на G. Allport стр.24

Г) Когнитивно – развојни теории стр.27

Г.1 Теорија на J. Piaget стр.27

Г.2 Теорија на L. Kohlberg стр.30

Г.3 Теорија на домени - E. Turiel стр.37

Г.4 Моралот од женска перспектива – C. Gilligan стр.39

Д) Социјалнокогнитивни теории за моралноста стр.42

Д.1 Теорија за постепена замена на општественото искуство – J.Aronfreed стр.43

Д.2 Теорија на A. Bandura стр.46

1.4. Вредности – Општ дел стр.50

1.4.1. Поим и дефинирање на вредностите стр.51

1.4.2. Дефинирање на вредностите на просторите на Поранешна Југославија стр.56

1.4.3. Класификација на вредностите стр.57
1.4.4. Формирање и менување на вредностите стр.58
1.4.5. Вредностите денес – постои ли морална криза? стр.61
1.4.6. Зошто е важно да се истражуваат вредностите? стр.64
1.4.7. Релевантни истражувања на вредностите стр.66
1.4.8. Истражувања на вредностите во Р. Македонија стр.68
1.5. Вредносни ориентации – поим и дефиниции стр.69
1.5.1. Релевантни истражувања на вредносните ориентации стр.71
1.6. Ставови – поим и дефиниции стр.73
1.6.1. Формирање и менување на ставовите стр.76
1.6.2. Релевантни истражувања за менувањето на ставовите стр.82
1.7. Модели за идентификација стр.85
1.7.1. Учење по модел стр.86
1.7.2. Извори на модели за идентификација стр.90
1.7.3. Релевантни истражувања на моделите за идентификација стр.93
1.8. Социјализација – поим, агенси и извори стр.96
1.8.1. Семејството како примарен социјализаторски агенс стр.99
1.8.2. Семејството денес – помеѓу традицијата и модерноста стр.101
1.8.3. Масовните медиуми и нивната улога во процесот
на социјализација стр.106
А) Телевизија стр.107
Б) Интернет и виртуелното комуницирање стр.110
1.8.4. Улога и значење на врсниците како агенс на социјализација стр.112
1.9. Генерација – поим и дефиниции стр.115
1.9.1. Меѓугенерациска трансмисија на вредностите –
континутитет и дисконтинуитет стр.120
1.10. Адолесценција – поим и карактеристики стр.124
1.10.1. Карактеристики на моралниот развој во адолесценцијата стр.127
1.10.2. Односи со родителите и врсниците во периодот на адолесценција стр.128
1.10.3. Адолесцентите во денешното општество стр.132
1.11. Зрелост – теоретски концепции и сфаќања стр.134
1.11.1. Аспекти на зрелоста – што е морална зрелост? стр.137
1.12. Средна зрелост – развоен контекст и карактеристики стр.138

# II ИСТРАЖУВАЊЕ


2.0. Проблем, задачи и цел на истражувањето стр.143

2.1. Истражувачки хипотези стр.144

2.2. Варијабли и индикатори стр.148

2.3. Мерни инструменти стр.151

2.4. Испитаници стр.153

2.5. Тек на истражувањето стр.154

2.6. Обработка на податоците стр.155


# III РЕЗУЛТАТИ


3.1. Резултати за разликите во претпочитаните вредности меѓу лица од различни возрасни периоди стр.156

3.2. Резултати за разликите во претпочитаните вредносни ориентации меѓу лица од различни возрасни периоди стр.183

3.3. Резултати за разликите во моралните ставови меѓу лица од различни возрасни периоди стр.192

3.4. Резултати за разликите во областите од кои се избираат моделите за идентификација меѓу лица од различни возрасни периоди стр.195

3.5. Резултати за разликите во особините поради кои се избираат моделите за идентификација меѓу лица од различни возрасни периоди стр.202


# IV ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ


4.1. Дискусија на резултатите за разликите во вредностите кои ги претпочитаат лица од различни возрасни периоди стр.212

4.2. Дискусија на резултатите за разликите во вредносните ориентации кои ги претпочитаат лица од различни возрасни периоди стр.234

4.3. Дискусија на резултатите за разликите во моралните ставови на лица од различни возрасни периоди стр.246

4.4. Дискусија на резултатите за разликите во областите од кои се избираат моделите за идентификација меѓу лица од различни возрасни периоди стр.255

4.5. Дискусија на резултатите за разликите во особините поради кои се избираат моделите за идентификација меѓу лица од различни возрасни периоди стр.263

V ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА стр.267

ЛИТЕРАТУРА стр.283

РЕЗИМЕ стр.293

ПРИЛОЗИ стр.295

Прилог 1: Прашалник за вредности на кој одговораат лицата од средна зрелост (прашања 1 – 7) стр.296

Прилог 2: Прашалник за модели за идентификација (прашања 8 – 13) стр.299

Прилог 3: Скала на морални ставови стр.300

Прилог 4: Прашалник за вредности на Rokeach-модификувана верзија стр.302

Прилог 5: Скала за мерење на преференција на животни стилови стр.304

# Вовед

Централен интерес во ова истражување се вредностите и вредносниот систем сфатен не само како збир од повеќе вредности, туку како севкупност од вредностите, вредносните ориентации, моралните ставови и моделите што поединецот ги претпочита.

Има повеќе причини за спроведување на едно вакво истражување. Денес, малку земји во светот не водат интензивна дискусија за вредносниот систем, а со тоа и за иднината на семејството и човештвото воопшто. Во духот на демократијата и либерализмот гласно се зборува за рамноправност и толерирање на сите вредности, ставови и стилови на живеење. Поединецот има неограничена слобода на избор. Но, повеќето истражувачки податоци говорат дека: разводите се многу зачестени речиси во сите западни земји (сѐ почести се и во нашата); бројот на семејствата со еден родител и деца родени од невенчани родители се зголемува. Во многу земји само мал број од децата се израснати во „традиционален" контекст, каде што таткото и мајката се венчани и живеат во ист дом со нивните биолошки деца. Расте бројот на кохабитации. Во пораст е и бројот на луѓето што живеат сами (во САД, во 2000 година тој број изнесувал над 27 милиони и е на прво место, пред нуклеарните семејства, додека на трето место се браковите без потомство. Прогнозите се дека до 2010 година тој број ќе порасне до 34 милиони (http://www.washtimes.com).

Големите социодемографски промени што се случуваа во изминатиот век (особено по 1960 година) доведоа до зголемување на: предбрачни сексуални активности, кохабитации, вонбрачни деца, разводи, либерални сексуални врски (без обврски кон другата страна), хомосексуални врски и бракови и сл.

Поновите истражувања покажуваат дека медиумите (особено електронските) сѐ повеќе прераснуваат во главен извор на модели на однесување за младите. Преку нив продираат содржини со сомнителни вредности низ рекламите, музичките спотови, филмовите, детските емисии, цртаните филмови, сериите, сајберпросторот и сл. кои им се достапни дури и на најмладите. Истите сериозно го нарушуваат, па дури и

загрозуваат оптималниот развој на децата и младите. Нив ги пренесуваат нови модели со кои поединецот се идентификува, а нивното присуство се манифестира во новите животни стилови, новите вредности, либералните морални ставови, во постапките и однесувањето на поединците.

Во психологијата, вредностите се проучуваат заради тоа што имаат низа функции кои се битни за поединецот и неговото снаоѓање и прилагодување во социјалната средина. Тие се значајни за чувството на интегритет и идентитет на личноста, а претставуваат арбитар во борбата на различни мотиви. На социјален план, внесуваат елементи на предвидливост во општественото живеење, бидејќи врз основа на вредносниот систем може да се предвиди однесувањето на поединецот. Усвоените вредности се чинители кои го насочуваат и мотивираат поведението на поединецот и на општествените групи, го прават поприемлив за одредени ставови и идеи. Кога ќе завземат централно место во структурата на неговата личност, вредностите стануваат силен мотивациски чинител, па во одредени ситуации поединецот е подготвен заради нив да поднесе и големи жртви.

Истражувачите на вредностите се согласуваат околу нивната општествена условеност. Тие велат дека драстична промена на општествените односи ќе услови и промена на веќе усвоените вредности, а со тоа и на самите поединци. Општествата во транзиција (какво што е нашево) претставуваат мошне интересен емпириски модел за истражување на психолошките последици предизвикани од длабоките и различни промени на макросистемот. Менувањето на вредносната матрица кај поединците од сите возрасни периоди е една од тие последици.

Од погоренаведеното, како и од направениот преглед на спроведените истражувања од областа на вредностите кај нас, станува јасна потребата од истражување кое ќе опфати испитаници од повеќе возрасти истовремено. Досега најчесто се испитувани адолесцентите. Возрасните, пак, се испитувани од аспект на различни демографски варијабли. Но, за да се добие комплетна слика за тоа како се менува вредносниот систем потребно е да се погледне низ призмата на генерациите, низ една културно-историска рамка.

# ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.1. За моралот – основни одредувања и значења

Моралот е една од најсложените општествени појави и важен дел на секоја цивилизација. Како тема е присутен во многу науки. При објаснување на неговата сложена природа се издвојуваат три различни теоретски пристапи. *Прваша* група теории моралот го толкува од нормативен аспект и на него гледа како на потреба и услов за опстанок на општеството. Б ез него тоа не би можело да функционира. Моралните норми, пак, се третираат како категории кои треба да се реализираат и почитуваат. *Вшораша* група теории критички се однесува кон моралот, гледајќи го како општествена ограниченост за слободно манифестирање на индивидуата. Според нив, моралот служи за одржување на статус-кво, на власт и привилегии за одредени општествени слоеви. *Трешаша* група ја сочинуваат теории чии претставници моралот го третираат од научен аспект. Тие го објаснуваат како универзална општествена појава, ги откриваат законитостите на моралот како појава и процес што му припаѓа на одредено општество (според Danilović, 2003).

Генерално, моралот е општествена и културна (духовна) појава, која повеќекратно влијае врз општеството. Вушност, станува збор за динамичен и двонасочен процес. Моралот се проектира во секој поединец, во сите негови акции и интеракции, во односот кон другите луѓе, групи и народи. Тој е првенствено духовна појава и претставува релативно цврст систем од идеи, односно норми, кои се изразени во соодветни материјални знаци и зборови смисловно поврзани меѓусебе. Не е временски и просторно ограничен. Се создава во човековата психа, во која постои во форма на одредени психички акти (сознанија и мислења), но истовремено изразува и други психички процеси, како што се чувствата и волјата. Научната литература посочува разлика меѓу значењето на зборот *морал* и значењето на моралот за одредено општество. Најширокото значење на *моралош* се среќава кај V.Pavičević (според Danilović, 2003), кој го

дефинира како "*форма на човекова пракса т.е. форма на практичното однесување на човекот кон светот, другите луѓе, како и кон себе си, но и како правило, пропис, норма.*" Тој се манифестира во вредносното проценување на човековите постапки и желби како позитивно или негативно вредни, при што првите се одобруваат и препорачуваат, а вторите не се одобруваат, се осудуваат и забрануваат (Pavičević, 1974; според Danilović, 2003). Во потесните толкувања на зборот *морал* спаѓаат оние кои под овој поим го подразбираат она што е добро, односно лошо, како и внатрешната санкција преку грижа на совест. Најголемиот број теоретичари се залага моралот да се дефинира во оваа потесна смисла, така што ова значење денес е најраспространето.

Во категоријата на вредносните одредувања на моралот спаѓаат оние кои истиот го дефинираат врз основа на вредностите. Во тие теории се тргнува од дефиницијата на некоја врвна вредност, врз основа на која се изведува моралот како појава која е во согласност со истата. Денес е мошне тешко да се дефинираат сите човекови вредности и да се утврди нивната хиерархија, со оглед на нивната важност за човековата егзистенција. Во пракса, кога се истражуваат вака сложени прашања, се јавуваат два проблема. Првиот е прашањето за *моралната свест* како внатрешна движечка сила, во чија основа се наоѓа свеста за вредност на некого или нешто. Вториот е прашањето на *човековото однесување* кон некого или нешто, бидејќи тој не секогаш се однесува онака како што се изјаснува за време на истражувањата и не секогаш во согласност со усвоениот вредносен систем. Различни автори под "врвна морална вредност" честопати подразбираат различни нешта, па оттаму се и различните дефиници на поимот *морал*. Сепак, она што е сигурно е дека нема чисто неутрално одредување на овој поим, туку истото е тесно поврзано со вредностите (според Danilović, 2003).

Во психолошкото одредување на моралот спаѓаат сите оние теории кои тргнуваат од аспектот дека *морал* е сè она што служи за потполно реализирање на човековата природа. Тука се набројуваат теориите на Mac Dougal, Freud, Piaget и други, а по мислењето на голем број автори, за најистакнат претставник на психолошкото одредување на моралот се

смета E. Fromm. Кога се работи за психолошките корени на моралот, Zvonarević (според Danilović, 2003) истакнува дека тие треба да се бараат во чувството на вина, како што говорел и Freud. Без тоа чувство не би можела да се замисли ниедна сложена човекова заедница. Тој смета дека, усвојувањето на моралните норми се засновува врз процесот на интернализација на поединечни општествени норми и стандарди. Така, општествените норми се внесуваат во личноста и стануваат дел од нејзината свест, градејќи го истовремено чувството на должност, кое наложува што треба, а што не треба да се прави. Доколку тоа се прекрши, се јавува чувство на вина и грижа на совест. Процесот на интернализација на нормите има емоционална и рационална страна. Првата се манифестира низ чувство на должност и вина, а втората означува дека човекот со својот разум мора да ја сфати потребата од одредена форма на однесување во различни ситуации (според Danilović, 2003).

## 1.2. Формирање и менување на моралот

Според досегашните сознанија моралот настанал во полудивите заедници, на одреден степен од развојот на луѓето, кога требало да се регулираат односите во рамки на групите, помеѓу групите и општествените заедници. Во првобитните општества, во кои поединецот бил до таа мерка вклучен во заедницата што немал потполна свест за личен идентитет, моралните правила постоеле во форма на објективни општествени правила, слични на обичаите. Структурата и хиерархијата на моралните норми во голем дел зависела од нивото на интегрираност на првобитните заедници и природните услови за егзистенција. Првобитните морални норми биле строги обрасци на кои секој припадник на заедницата морал да се придржува. Во почетокот ги имало малку, но со тек на време нивниот број се зголемувал и се изградила хиерархија на основни и изведени морални вредности. Почетните норми обично задржувале трајна вредност и ја сочинувале основата на моралот на заедницата. На повисок развоен степен на општеството, со нови и поголеми знаења и слободи, поединецот станува свесен за сопственото Јас, како нешто различно од

другите. Моралната свест, дотогаш третирана како нешто објективно, добива субјективна димензија. Првата објективна форма била нарекувана *моралносӣ*, додека субјективната е *морал* во вистинска смисла на зборот. Моралната свест почнува научно да се истражува дури кога општеството достигнува висок степен на развојот. Моралот настанува во општеството, од страна на поединците како општествени суштества. Независно од степенот на интегрираност на општеството и социјализацијата на поединците во него, покрај општоприфатените морални норми кои важат за целата заедница, постои и личен морал, кој го создава поединецот за себе. Тој ги опфаќа најважните морални норми на општеството и специфичната индивидуална надградба која поединците, зависно од степенот на нивната индивидуализација, ја создаваат за себе. Општествениот и личен морал меѓусебно се вкрстуваат и условуваат. Карактеристично за моралните норми е тоа што тие стануваат составен дел од животот на општеството дури откако ќе бидат прифатени од мнозинството. Моралот не се создава наеднаш, свесно и плански. Неговото создавање зависи од појава на соодветни морални ситуации кои бараат да бидат соодветно морално регулирани. Моралните норми, пак, по правило се создаваат постапно и многу ретко настануваат наеднаш во поголем број. Според Danilović (2003) поголемиот број автори смета дека забрзаниот општествен развој е најзначајниот генератор на усвојување нови морални норми и вредности. Во општество кое брзо се развива и менува, сè, па дури и моралот застарува. Ниедно општество не е толку хомогено за да сите поединци, групи, слоеви и класи истовремено прифатат некоја морална норма или морален кодекс на однесување. Во современите услови на живеење, кога интегративните процеси во светски рамки стануваат интензивни, стануваат силни и надворешните влијанија врз моралот. Моралните норми на една социјална средина најчесто се шират во процесот на економското, политичкото и културното поврзување со други заедници, при што, по правило, преовладуваат елементи на моралот на поразвиените народи и култури.

Моралот се менува, пред сè, со менување на материјалите услови за живот, како и со менување на организациско-институционалните структу-

ри на општествата. Врз неговото менување влијаат брзите интеграциски процеси во светски рамки, материјализирани во мас-медиумите, Интернетот и многуте новини што ги носи техничко-технолошкиот развој. Брзината и интензитетот на менувањето на моралните норми и вредности зависат од големината на општеството и неговата традиција. Доколку станува збор за големо општество со подолга традиција, неговиот морал потешко и побавно се менува. Исто така, брзината на менување на моралот зависи и од згуснатите драматични настани што се случуваат во некоја заедница, како и од историските настани кои се силен печат на еден народ и на симболите кои настанале од нив. Таков е случајот на Македонија и земјите од поранешна Југославија. Сепак, моралот не се менува наеднаш, ниту, пак, се менуваат сите негови елементи. Науката потврдува дека постојат одредени универзални морални вредности својствени за сите општества, независно од степенот на развој на кој се наоѓаат. Повеќевековното искуство покажало дека некои од нив не се менуваат суштински, туку се постојани и неразделни делови од секоја заедица. Доколку се изменат фундаменталните особини на некои основни морални норми и вредности, тогаш моралот би исчезнал како важен насочувач на човековото однесување и егзистенција. Во таа насока Danilović (2003), истакнува дека радикалното менување на моралните норми (под надворешен притисок) го нарушува човековиот интегритет и навлегува длабоко во неговото лично достоинство. Моралот на поединецот се менува под влијание на внатрешни мотиви, самосвесно и автономно. Гледано надворешно, моралот е невидлив, но во однос на поединецот и општеството е мошне драматичен и исполнет со силни чувства. Оттаму е и впечатокот дека луѓето што живеат во турбулентнава денешница, имаат чувство на нецелосност, неавтентичност и се во постојана потрага по вредности кои би им го донеле посакуваниот внатрешен, душевен мир и чувство на сигурност.

# 1.3. Теории за моралноста и моралниот развој

Многу психолози стојат на ставот дека моралноста треба да се испитува „одвнатре" – во *човековата личност*, поточно треба да се бараат внатрешните регулатори на моралното однесување. Тоа јасно се гледа во зборовите на Piaget: „*севкупната моралност се состои од систем правила, а суштината на моралноста треба да се бара во почитта што поединецот ја бара за тие правила*", како и во неговиот став дека системот од правила и чувството на должност што го следи тој систем се неразделни делови на моралноста. Jung (според Поповиħ, Миочиновиħ; 1977), исто така, зборува во прилог на претходнокажаното, велејќи дека моралниот закон е „психичи факт", значи е нешто внатрешно, па дури потоа надворешно. Оттука следува дека моралноста сфатена како суперего, совест, идеал, морално мислење и слично, се смета за низа од културни правила кои се усвоени како правила за меѓучовечките односи и се внатрешна компонента на секој поединец, било да се интернализирани, било да се дело на внатрешната организација на личноста (според Поповиħ, Миочиновиħ; 1977).

Во овој труд моралноста ќе се разгледува низ призмата на вредностите, вредносните ориентации, моралните ставови и моделите кои лица од различни возрасни периоди ги одбираат како свои примери. Од тие причини, ќе бидат презентирани најважните моменти од психолошките теории за вредностите и моралниот развој, меѓу кои: а) психоаналитичките, б) бихејвиористичките, в) хуманистичките, г) когнитивно-развојните и д) социјално - когнитивните теории

## А. Психоаналитички теории

### А.1. Теорија на S. Freud

S. Freud има голема заслуга, бидејќи е првиот кој во психологијата го поставил прашањето за разликување на психолошкото толкување за

настанувањето и развојот на вредностите, од една страна, и етичкиот проблем на проценка на нивното објективно значење, од друга страна. Тој јасно го одделил филозофското од психолошкото прашање за вредностите и најмногу помогнал да се објасни нивната генеза. Денес, многу од позначајните психоаналитички текстови за моралноста започнуваат со наведувањето на неговата замисла дека истата со посретство на супер-егото ги добива својата сила и својата основна содржина од *нарцизмот* (егоидеал на предедипалното дете); *идентификацијата* со саканиот, па изгубен објект (супер-его на постедипалното дете) и *„едипалната идентификација"*, што се воедно и извор на супер-егото и негови составни делови (според Поповић, Миочиновић; 1977). Егоидеалот, како морален претставник на егото и на севкупниот морален лик на единката е често истражуван, бидејќи е најблиску до свеста и преку него може полесно да се дојде до суштината на моралноста на поединецот. Тој се сфаќа како финална идеализација на тоа каков човекот би требало да биде. Се формира низ идентификациите во кои детето, обидувајќи се да ја врати својата осиромашена самољубов, во себе ги инкорпорира претставите на саканите лица. Под идентификација, Freud ја подразбира интернализацијата на вредностите на моделите (првенствено на родителите). Оттука, детето во почетокот ги има вредностите и ставовите на своите родители. Тие подоцна се заменуваат со оние што им припаѓаат на врсниците со кои детето се идентификува. Серија на вакви идентификации остава трага врз формирањето на вредностите и целите (според Rejk и Edkok, 1978).

Freud разликува два вида вредности – *субјективни* и *објективни*. Тие не се меѓусебно независни. Објективните вредности влијаат врз оформувањето на субјективните. *Субјективните* вредности настануваат со развојот на либидото и со неговото врзување за некои објекти кои овозможуваат намалување на напнатоста и постигнување задоволство. Оттука, изборот на овие вредности е одреден уште од првите години од животот, со самата организација на инстинктите. Вредностите на возрасните се во најголем дел изведени од раните фиксации на либидото, а изборот на нови вредности, во најголема мерка, зависи од способноста на

либидото да се поместува и врзува за нови објекти. *Објективните* вредности Freud ги дели на етички, естетски и религиозни. Тие се составен дел на човековата свесност за вредностите и се лоцирани во супер-егото. Субјективните вредности, под влијание на надворешната средина, можат да се сублимираат. Според тоа, кај здрава, зрела личност единствени регулатори на животот се објективните вредности. Супер-егото, како нивен претставник во личноста, е одговорен за судбината на инстинктивните барања, поради што е јасно дека објективните вредности не се избираат само според слепите барања на инстинктивниот живот (според Николоска, 2004).

Според Freud, чувството на морална должност се развива од врските со родителите. Тие се објекти на љубов. Нудат заштита, сигурност, топлина, поддршка. Но, кога детето ќе направи нешто што тие не го одобруваат, тоа е казнето. Казната, пак, води до фрустрација и бес и тогаш родителот станува објект на омраза. На рана возраст казната влијае како надворешна контрола воспоставена од страна на родителите. Со тек на време таа се интернализира. Кога детето ќе направи нешто лошо, чувствува вина што дејствува како главен механизам на интернализираната самоконтрола. За да ја избегне вината и самоказнувањето тоа е мотивирано да се однесува морално и во согласност со моралните стандарди на родителите. Идентификацијата со родителот кој казнува го наведува детето да ги усвои моралните стандарди и принципи на тој родител, поточно неговото супер-его. Психоаналитичкиот пристап, како и теориите на социјално учење, ја нагласуваат казната како главен мотиватор на моралниот развој. Со воведување на значењето на идентификацијата, теоријата на Freud дозволува да се концептуализира и разбере како различни поединци можат да имаат квалитативно различно влијание врз развојот на детето. Сепак, неговата теорија е честопати критикувана не само поради недостаток на емпириски докази, туку и затоа што многу аспекти во истата не можат да се проверат. Така, на пример, тешко може да се провери дали детето избегнува да се однесува на одреден начин заради чувство на вина или заради страв од казна (според Durkin, 1995).

## А.2. Ново психоаналитичко учење за моралноста -Теорија на Н. Hartmann

Учењето на Hartmann се засновува врз замислата дека во секој систем на моралните вредности постојат елементи кои соодветствуваат на притисоците и целите на супер-егото и на влијанијата на егото. Оттука, произлегува дека речиси секоја дразба може да стане вредност ако со процесите на идентификација се внесе во личноста. Hartmann, на несвесната, инстинктивна мотивација ѝ придава решавачка улога во настанувањето и одржувањето на моралноста. Свесното его е запоставено и доделена му е улогата на „слуга" на слепиот ид, ригидното супер-его и на барањата на надворешната средина. Тој смета дека во текот на внесувањето на различните родителски барања во личноста, по едиповиот конфликт, почнуваат да дејствуваат процесите на генерализација, формализација и интеграција на моралните вредности, кои не можат да се поврзат единствено со дејствување на супер-егото. Супер-егото не е статично, бидејќи по неговото оформување моралниот систем се развива низ меѓусебниот однос на поединецот со општествената средина и со културните вредности. Оваа интеракција ја обезбедува рационалната и свесна инстанца – егото. Егото има за задача да ги преработува различните барања во согласност со културните норми и колку е поуспешно во тоа, толку побргу ќе се обезбеди нормален развој. Во текот на онтогенетскиот развој оваа преработка на нормите создава промени во нивниот состав, така што поединецот учи да ги доведува во согласност своите средства со целите и да ги предвидува исходите од своите постапки. Улога на егото е, во културата која бара конформирање, како посредник да ги потисне личните морални вредности, дури и тогаш кога истите за поединецот имаат интегративно значење. Во тој случај односите со надворешната средина се остваруваат на сметка на „внатрешната реалност" (според Поповиќ, 1973).

Hartmann (според Поповић, 1973), смета дека треба да се прави разлика меѓу експресијата на автентичните квалитети на моралните вредности од лажните. Поавтентични се оние кои во поединецот и културата не се претставени единствено со идејата за етика, туку се препознаваат како динамични чинители на моралниот лик и култура. Интеграцијата, тогаш, ја означува динамичката рамнотежа, а со функцијата на егото како самопроценката се организира дејствувањето на поединецот. Поповић (1973) истакнува дека Hartmann, зборувајќи за идентификацијата, го застапува современото гледиште дека истата може да стекне автономија, т.е. може да стане релативно независна од своите извори со помош на „динамичките значајни објекти" со кои поединецот стапува во одредени односи. Трајната идентификација се воспоставува со важните објекти во раното детство и игра важна улога во изградбата на системите на ид, его и на супер-его. Но, таа не е непроменлива. Нејзините врски со првобитните модели можат да ослабнат и со тек на време може да биде поддржана од мотиви и објекти кои се далеку од првите, инфантилни објекти.

## А.3. Теорија на Erik H. Erikson

Erikson (според Поповић, 1973), настојува да докаже дека постои некаква основа во личноста и општеството од која можат да се развијат заеднички вредности. Тој наоѓа дека егоидеалот се изделува од суперегото, поради тоа што е прв, позрел состав на зрелата личност. Слично како Hartmann, тој основата на моралноста ја бара во силата на егото, а не само во несвесните сфери на инстинктивниот живот и во ригидното суперего. Доколку во текот на развојот на поединецот неговите основни животни потенцијали не се осуетат, може да се очекува дека од основните доблести ќе се развијат во зрели вредности. За него, основни доблести се надеж, волја, целисходност, подготвеност и тие претставуваат рудименти од периодот на детството. За верноста, Erikson смета дека е карактеристична за младоста, а за љубовта, надежта и мудроста дека се доблести на возрасните. Тие зависат една од друга. Прва основа на идната

моралност е *надежта*, која се раѓа во детството. Таа е онтогенетска основа на верувањето во некого или во нешто, која возрасните ја поттикнуваат со довербата што му ја влеваат на детето негувајќи го. Од неа, во зрелите години, доколку ништо не го попречи развојот, се развива *довербата*. *Волјата* е основа за прифаќање на законот и нужноста и е вкоренета во рационалноста и свесното расудување на родителите кое го води „духот на законот". *Целисходноста* се засновува врз инхерентната карактеристика на човечкиот род според која децата се долго време беспомошни суштества. Од тие причини се развиваат фантазијата и играта, а целта во тоа има важна улога давајќи една временска перспектива. *Подготвеноста* се однесува на вежбањето вештини и способности за извршување на задачите кои ги поставува животот. *Верноста* е витална доблест која се јавува во пубертетот кога младите се растргнати под дејството на различни фактори. Тогаш се јавува „идеолошко" барање на внатрешната кохеренција и постојана низа од вредности. Квалитетот кој израснува од егото во текот на адолесценцијата Erikson го нарекува *верност*, бидејќи му помага на поединецот да биде лојален без оглед на притисоците што ги трпи. На ваков начин се доаѓа до етички вредности кои не се присутни на рана возраст во готова форма, туку постојат само како потенцијали. Нив мора да ги обезбедат возрасните. Во спротивно не може да се очекува успешен морален развој (според Поповиħ, 1973).

Основните доблести израснуваат како од основите во личноста, така и од односите меѓу генерациите, т.е. од начинот како едната генерација постапува со другата. Тие взаемни односи се „формализираат" во вид на општествени институции. Доблестите во поединците и во „духот на институциите" се развиваат заедно и заемно се активираат, поради што претставуваат „една иста сила". Поповиħ (1973) истакнува дека за Erikson, *љубовта* е доминантна доблест на универзумот. Таа е најголемата човечка доблест. Зрелата љубов подразбира взаемност и ја сочинува основата на етичките вредности. *Негата*, пак, се надоврзува на љубовта и ја претставува суштината на психосоцијалната еволуција. Сите наведени доблести

имаат еволуциско значење и врз нив се засновуваат „моралната и религиозна надградба".

## Б) Бихејвиористички теории

### Б.1. Теорија на B. Skinner

Според Николоска (2004), карактеристични се следниве претпоставки за бихејвиористичкото гледиште за вредностите: ***а)*** природата на човекот е инертна, односно личноста е празен организам во кој со надворешно дејство може да се внесе сè – било со класично условување, било преку учење со награда и казна; ***б)*** процесите и доживувањата на свеста не се признаваат и се отфрлаат, односно се инсистира, доколку се користат менталистички поими, тие да се преведат во термини кои можат експериментално да се истражуваат и мерат. Поради ова, вредностите за бихејвиористите не се врзани за некои внатрешни состојби или процеси, туку за нив се заклучува врз основа на видливото однесување. Вредностите, пак, кои го карактеризираат зрелиот човек се исход на свесно манифестирање на однесувањето кое било наградувано. Тие се сосема релативни и зависат исклучиво од тоа што родителите и социјалната средина ќе проценат дека е вредно. Освен овие, бихејвиористите дозволуваат постоење на вредности „вкоренети во биологијата", какви што се вредностите храна, одмор и отсуство на болка. Ваквите вредности се карактеристични исклучиво за децата и можат да соодветствуваат на субјективните вредности на Freud, односно физиолошките вредности на Maslow.

Во основата на учењето на Skinner, лежи бихејвиористичката претпоставка за предодреденоста на човековото однесување. Севкупното однесување е одредено од антецедентни причини и настани. За неговото сфаќање за вредностите важно е барањето сите менталистички поими да се дефинираат со термини на функционални врски меѓу надворешните и меѓу внатрешните варијабли, од една страна, и однесувањето кое може да се набљудува и експериментално да се истражува, од друга страна. Кога

станува збор за вредностите, Skinner исклучува постоење на какви било крајни причини и намери. Не постои однесување кое не е под контрола на поттикнувач или на цел што единката веќе не ја постигнала. Од сето наведено ставот на Skinner, како и на останатите бихејвиористи, е јасен: за настанувањето и развојот на вредностите одговорна е исклучиво средината, односно општествената група која е нејзин претставник. Најчести поткрепувачи со кои се формираат вредностите се вербалните дразби „добро”, „правилно”, „лошо”, кои се користат заедно со безусловните поткрепувања – пофалба, благодарност, милување, односно прекори, удирања и слично (според Николоска, 2004).

## В) Хуманистички теории

### В.1. Теорија на А. Maslow

Основна претпоставка на хуманистичката психологија е дека човекот поседува внатрешни вредности кои не се ниту последица на надворешните притисоци, ниту се „стеги на минатото”, туку се усвојуваат во процесот на психолошкото созревање. Овој процес се засновува врз препоставката дека човекот е во постојано настанување, активен, насочен кон иднината и е центар на сопствениот живот. Теоријата на Maslow претставува обид да се воспостави натуралистички вредносен систем во кој етичкото „треба” се изведува од психолошкото „è”. За таа цел, тој тргнува од неколку филозофско-антрополошки претпоставки, според кои: а) секое човечко суштество поседува релативно стабилна, отпорна на промени, генетски заснована внатрешна суштина која со еден дел е заедничка за видот, а со друг е идиосинкретична; б) оваа човечка суштина е добра или неутрална; специфичната човечка инстинктивна природа е слаба и неотпорна на културните и општествените притисоци и често може да биде надвладеана од погубните влијанија на средината; в) оваа човечка природа, иако тешко забележлива, е присутна кај сите луѓе и врши притисок да се реализира (според Николоска, 2004).

Проучувајќи ги самоактуелизираните личности и што тие избираат како вредност, Maslow доаѓа до листа од 15 вредности на битието или B-вредности. Тој ја свртел добро познатата пирамида за хиерархијата на мотивите, во чија основа се наоѓаат базичните, физиолошки потреби, а на врвот е потребата за самоактуелизација. Самоактуелизацијата е конечна и највисока потреба, односно крајна цел во животот. Теоретските и емпириските докази говорат во прилог на сфаќањето дека кај луѓето постои „тенденција кон" или „потреба за" раст и развој во една насока која се нарекува самоактуелизација. Со други зборови, тоа е состојба на психолошко здравје и зрелост (според Мурџева–Шкариќ, 2004). B-вредностите кај самоактуелизираните личности се заемно поврзани и секоја може да се дефинира со сите останати вредности. Тие се длабоко вкоренети во човековата природа и како потенцијали постојат кај секој човек. Не се внесени од надвор, туку се генетски засновани. Еден од предусловите за што поголем број B-вредности е соодветно задоволување на пониските потреби. Последниве Maslow ги нарекува D-вредности. Тие стојат во хиерархија и колку се пониску во неа, толку се поважни за опстанок. За разлика од нив, B-вредностите немаат важност за преживувањето, но имаат за исполнување на животот. Сите се подеднакво силни и за нивна хиерархиска организираност може да се говори само на индивидуално ниво. Кога B-вредностите еднаш ќе се појават, тие се функционално автономни, со што можат да се објаснат случаите на оние поединци кои се посветуваат на реализација на некои повисоки вредности, во услови кога некои од нивните побазични потреби остануваат незадоволени (според Николоска, 2004). Ако B-вредностите не се задоволени се јавуваат патогени лишувања, кои, пак, водат кон специфични метапатологии. Токму самоактуелизацијата на битието, која е долг развоен процес, се засновува врз остварувањето на овие вредности (според Мурџева-Шкариќ, 2004).

## B.2. Радикален хуманизам на E. Fromm

Личноста на човекот не му е дадена со раѓањето. Таа е исход од сопствените хумани потенцијали и од влијанието на другите хумани поединци, било во непосредните односи, било преку општествените институции. Оттаму, Fromm (според Поповиħ, 1973), заклучува дека изворите на етичкото однесување можат да се најдат во самата човекова природа. Моралните норми се темелат врз инхерентните човекови квалитети. Основниот проблем на човекот не се однесува на либидото, туку на дихотомијата која е инхерентна во неговата егзистенција, а тоа се неговата отуѓеност, осаменост, страв од слободата, капацитет да мрази и уништува, како и капацитет да сака. Човекот може да воспостави единство со светот со потполен развој на своите, особено хумани, карактеристики– со љубовта и разумот. Оттука е јасно дека аксиолошката претпоставка на Fromm е дека човековата добробит е врвно добро и изворите на нормите треба да се бараат во него самиот. Тој е смисла и центар на животот, а развојот и остварувањето на индивидуалноста никогаш не смее да се споредува со нешто друго, за кое се верува дека има поголема вредност (Fromm, 1964).

За Fromm (според Поповиħ, 1973), човекот не е празен лист хартија, врз кој културата го испишува текстот, туку е сложена суштина, полна со енергија, составена така што може да се прилагодува на надворешните влијанија. Тој е слободен во одлучувањето и може да донесува морални судови без оглед на надворешните услови, што значи дека е целосно одговорен за сопствените постапки. Свесен е за своите желби, не е беспомошна жртва на околностите, туку е способен да ги менува и да влијае врз нив. Оттука е важно човекот најнапред да се разбере себе си, каков е, за да може да ги разбере и другите околу него. Една од најважните тези во неговата теорија е дека вредностите се вкоренети во условите на човековата егзистенција и дека човековото сознание за тие услови овозможува воспоставување на тие вредности, кои имаат и објективна валидност. Валидноста постои само со оглед на човековата егзистенција. Надвор од неа нема вредности. Услов, пак, за човековата

егзистенција е соединување со другите живи суштества. Тоа е императивна потреба од чие што задоволување зависи здравјето на поединецот. Притоа, само со стекнување чувство на интегрираност може да се задоволи потребата за соединување со светот. Тоа го овозможува љубовта (според From, 1998). Со потребата за создавање, пак, човекот успева да ја надмине пасивната состојба и самиот себе си. Но, за да може да создава, тој мора да биде активен и да го сака тоа што го создава. Од човековата егзистенција произлегува и потребата над корените. По својата природа човекот е врзан за мајката, домот и семејството, при што најосновна е врската меѓу детето и мајката. Да биде сакано, за детето значи да биде живо, да има корени. Доколку нема корени, човекот останува сам. Таквата осаменост тешко се поднесува и води во вистинска болест. Потребата за сопствен идентитет е витална и има карактер на императив, така што човекот не може да остане здрав доколку не ја задоволи. Меѓутоа тој поседува и разум, па се јавува и потребата за интелектуална ориентација во светот. Се работи за потребата светот да се гледа објективно, неискривено од сопствените желби и стравови. Колку е човекот пообјективен, толку е позрел (според Поповић, 1973).

Fromm (според Поповић, 1973), смета дека треба да се прави разлика помеѓу вистински и лажни идеали. Следењето на идеалите кои служат за добробит на луѓето, за слобода, осамостојување, совест и кои му овозможуваат да ги развие сопствените потенцијали, се вистински и одат во прилог на човековиот живот. Според овие идеали сите луѓе се еднакви и нивното следење е пат кон развој и хуманизација, што всушност и ги спојува луѓето. Само следење на лажни вредности и идеали може да доведе до тешки проблеми во општеството. Човековата добробит не е релативна, бидејќи нејзиното кршење создава ментална и морална дезинтеграција (Fromm, 1964). Исто така, важно е да се наведе дека една од карактеристиките на неговата ориентација е гледиштето според кое моралните должности и совеста се вродени (според Поповић, 1973).

## В.3. Моралноста како усовршување – теорија на G. Allport

Allport (според Поповиќ, 1973), не ги изведува вредностите од човековата природа, туку од психолошкото искуство и проактивната рационалност. Сепак, тој човековата личност ја поставува во центарот на вниманието, велејќи дека студиите на истата не можат да се издвојат од истовременото студирање на прашањата како културата влијае врз однесувањето, како одредени услови го оформуваат истото и во каков однос се наоѓаат однесувањето и улогата која поединецот ја игра во дадено поле. Од тие причини, Allport смета дека решенијата на многу од современите проблеми треба да се бараат во човекот. Тој смета дека психологијата е должна да открие дали постојат морални основи врз кои може да се изгради меѓународната соработка, што значи дека треба да ги открие општите интенции и моралната природа на личоста, бидејќи без тоа нема меѓународна солидарност. Изворот на опасност, според него, е во фактот дека човековата смисла за морал не е способна да ја асимилира својата технологија (според Поповиќ, 1973).

Поповиќ (1973), наведува дека за разлика од многу автори кои сметаат дека причината за моралното дело лежи во конфликтот меѓу два или повеќе става или мотиви, Allport смета дека конфликтите меѓу вредностите никогаш не се решаваат со процесот на директно соочување, ниту со помош на компромис, туку со процесот на вклучување и поместување на тежиштето. Според него, многу личносни обрасци го запоставуваат постоењето на одреден отпор и постојаност во човекот, кои се карактеристични за моралното однесување и кои тој ги нарекува *интенција*. Интенцијата е менталистички поим и ги означува оние аспекти на мислењето и мотивацијата кои се пресудни за сложено, афилијативно, морално однесување. Однесувањето не може да се предвиди само врз основа на увид во наградите и казните, како што тврдат бихејвиористите, туку е потребно да се познаваат и основните интенции кои не се копија на претходните очекувања и награди. Станува збор за намери и цели, а не за очекувања врз основа на претходните искуства. Тој вели дека обрасците како што се „филогенетскиот" и „механичкиот" ги изедначуваат мотивите

и желбите на луѓето, како и нивните морални аспирации, со нагоните на роботи или глодари, лишувајќи го на тој начин човекот од тоа што најјасно го издвојува од останатите суштества - неговата морална автономија. Моралноста не мора да биде мотивирана од некој конфликт. Таа подразбира постоење на суштина која без какви било конфликти може да се однесува хумано и морално. Суштината е интенцијата која се толкува како поттикнувач на однесувањето насочен кон иднината. Со овој поим, Allport настојува да ги надополни недостатоците што стојат зад поимите нагон, потреба, инфантилна фиксација и сл.

Според Поповиќ (1973), Allport смета дека луѓето живеат насочени кон иднината и таквата насоченост може да се изедначи со насоченоста кон целите кои треба да се остварат. Освен тоа, временската димензија е тесно поврзана со самите вредности, бидејќи во нив се собрани севкупното човеково искуство и проектирањето на искуството во иднина. Тој се согласува со тоа дека вредностите не се секогаш јасно дефинирани т.е. дека човекот може да поседува некои вредности, а при тоа да нема на ум специфични цели. Суштината на моралноста е во долготрајната ориентација (градењето визии). Децата веќе во пубертетот стекнуваат барем воопштени претстави за тоа што сакаат да станат во животот, дури и пред да осознаат што се конкретни цели, кои водат до некоја конечна посакувана состојба. Претставите и интенциите им претходат на целите и ги одредуваат. Тоа ја дава суштината на моралното однесување кое претпоставува долготрајни и оддалечени цели и целисходност на поведението. Вредностите се когнитивни диспозиции, вели Allport, од причина што се одредени како *уверувања врз основа на кои човекот најмногу сака да постапува*. На ова му се приклучува и изедначувањето на вредностите со погледите кон светот или филозофијата на живеењето, која го сочинува „централниот мотив за живот". Моралната зрелост се развива од рудиментарните етички ставови на детето. Првобитната совест од типот „мораш„ ѝ претходи на совеста од типот „треба", но врз процесот на трансформирање на едната во другата можат да влијаат три важни промени. Прво, надворешните санкции им отстапуваат место на внатрешните, а промените се одвиваат со посредство на механизмите на

идентификација и интроекција. Вториот тип на промени се состои во доживувањето на „прохибицијата" на страв и заповедта во вид на искажаното „мораш". Таквото искуство треба да се замени со слободниот избор, самопочитта и чувството на должност. Овие промени се можни само доколку се обезбеди развој на поимот за сопственото Јас и на вредносниот систем, што ја навестува внатрешната трансформација. Третата група промени ја претставува преминот од навиката за послушност кон слободно одлучување, кое ја дава основната насока на поведението и обезбедува усвојување на широка вредносна шема. Доколку раната идентификација и забрана се единствен извор на вредностите и совеста, тогаш со тек на време ќе дојде до ослабнување на совеста. Само слободното одлучување обезбедува да се одржи во живот свеста за вредностите.

Вистинско барање на хуманата природа на човекот е постоење на автономија. Тоа е донекаде и главната сила со која се објаснува негативизмот во раното детство. Allport (според Поповић, 1973), ја развива идејата дека човековата моралност допира далеку зад границите на домашните правила врз основа на кои е првобитно изградена. Поединецот може да им се покорува на конвенциите, но многу од неговите навики кои се на тој начин создадени, се всушност вистинскиот лик на неговиот дом, класа и култура, кои му се покажуваат во огледало. Притоа, поединецот има во голема мерка можност да избира, менува и надминува. Како дете, човекот најпрво зависи од средината. Задоволувањето на потребите на таа возраст доаѓа однадвор. Родителите ги корегираат децата и ги насочуваат, истовремено усогласувајќи ги. Но, во тоа не успеваат секогаш целосно, бидејќи децата манифестираат одреден капацитет да се опираат на нивните барања. Се чини како детето да забележува еден вид загрозување на личниот интегритет од страна на надворешните влијанија. Оттука произлегува дека детето поседува природен, внатрешен повик за автономија кој, исто така, ја изградува моралноста. Во текот на животот, човекот секогаш настојува да балансира помеѓу тие две сили– надворешноста и внатрешната автономија. Процесот на трансформирање на "средствата во цели" – надворешните во внатрешни вредности – е во

основа „функционалната автономија". Низ овој процес се стекнуваат зрелите мотиви, кои се независни од првобитните тензии и се воспоставуваат трајни, независни вредности и слободно судење. Вредностите, идеалите, филозофијата на животот и значењето се израз на нормалното функционирање на „посебен слој" кој се развива со посредство на личното искуство – мислењето, судењето и општествените односи во дадена култура. Целта на тој „посебен слој" е во иднина да се обезбеди состојба, која не била доживеана и која е подобра од сите претходни.

## Г) Когнитивно – развојни теории

### Г.1. Теорија на J. Piaget

Мириќ (2001) истакнува дека за Piaget, суштината на моралноста го вклучува почитувањето на правилата на општествениот поредок и чувството на правда. Смета дека правилата постојано им наметнуваат на децата одреден степен на принуда, но причините поради кои тие се прифаќаат се менуваат во текот на развојот. Под „чувство за правда" Piaget подразбира *водење сметка за реципроцитет и еднаквост меѓу поединците*. Нормите на правдата не се само работа на логиката – тие се елементи на симпатија, благодарност и одмазда. Во проучувањето на моралниот развој Piaget интересот го насочува кон следните теми: правила на играта „џамлии'; објективна и субјективна одговорност; колективна и пренослива одговорност; казнена правда; „иманентна" правда; дистрибутивна правда; еднаквост и авторитет и правда меѓу децата. Испитувањето на тоа како децата ја сфаќаат одговорноста, во неговата работа е ограничено на две содржински области: кражба и лажење. Проблематиката на сфаќањето на одговорноста зафаќа видно место во истражувањата на теоријата на атрибуција, како и кај теоретичарите на социјалното учење - Bandura i MacDonald.

Според Piaget (1978), детето до својата петта година е потполно асоцијално и аморално, но под влијание на развојот на сознанието и

социјалното искуство тоа влегува во фаза на хетерономна моралност, која трае од шест до деветгодишна возраст. За неа се карактеристични: морален реализам и морален апсолутизам; објективно сфаќање на одговорноста како колективна; сфаќање на правдата како „иманентна"; сфаќање на казнената правда како казнување со страдање; подредување на идејата на правда на авторитетот на возрасниот итн. Со понатамошниот развој се достигнува степен на независно морално судење, односно фаза на автономна моралност, која почнува од десеттата / единаесеттата година. Моралната автономија, се карактеризира со: субјективна одговорност; правда која е одвоена од авторитети; казната се сфаќа како реципрочна итн. Во фазата на хетерономна моралност општествените односи ги карактеризира присила и еднонасочно почитување на возрасните, како и верување дека правилата се свети и непрекршливи. Моралниот реализам се манифестира во детското сфаќање дека моралните закони имаат ист статус како и природните и во сфаќањето на правдата како „иманентна" – самата природа неизбежно му носи казна на престапникот.

Моралниот реализам најлесно се проучува преку сфаќањето за одговорноста, а последица е на два фактора: *а)* основните особености на мислењето на предучилишното дете (овде првенствено се мисли на егоцентризмот) и *б)* ограничувањата или принудата која врз детето ја вршат возрасните. Според Piaget, токму принудата е причина за моралниот реализам и таа го потпомага егоцентризмот, зацврстувајќи го. Моралните заповеди и правила во текот на првите години од животот остануваат надворешни за детето, кое поради егоцентризмот ги поставува како и физичките закони (пр. „Како што каменот тоне, така и јас навечер легнувам да спијам"). Доколку на детето му се даде доволна слобода за акција, тоа спонтано ќе излезе од егоцентризмот и целосно ќе тежнее кон соработка. Со тек на време растат и детските способности за разбирање, при што попушта и принудата од страна на возрасните. Но, тоа не е доволно за да дојде до квалитативна промена во моралното мислење. Затоа, Piaget ги воведува врсниците како нов фактор, со решавачка улога. До развој на моралното мислење водат три фактори: интелектуален напредок во потесна смисла; попуштање на принудата на возрасните и

соработката со врасниците. Последниот е најважен и пресуден не само за моралноста, туку и за интелектуалниот развој во целост. Соработката го потиснува егоцентризмот и слепата верба во авторитет. Послушноста се повлекува пред идејата за правда, а детето е принудено постојано да ги зема во предвид туѓите аспекти и да ги усогласува. Тука најважни се критиката и дискусијата кои се можни само кај меѓусебно еднакви поединци. Принудата се опишува како однос на еднонасочно почитување, а соработката - како однос на заемно почитување (според Мириќ, 2001).

Piaget (1978), издвојува три карактеристики во развојот на моралното судење кои се извршуваат во текот на созревањето, низ процесот на социјализација. Тоа се: *интенционалност*, *релативност* и *независност*. *Интенционалност* во судењето значи дека децата го воочуваат доброто и лошото само врз основа на направеното дело, кога последиците се видливи. Повозрасните ја осудуваат и самата намера, интенција за правење лошо, односно ја прифаќаат тенденцијата за правење добро, дури и тогаш кога тоа не е направено. *Релативност* на судењето значи дека децата ги оценуваат постапките на другите "црно-бело", или како добри или како лоши, додека, пак, повозрасните сфаќаат дека границата меѓу доброто и лошото не е така јасна и остра, поради што кај нив се раѓа свест за релативноста на основните морални појави. *Независноста* од санкции се толкува со тоа што децата гледаат нешто лошо во нечија постапка, доколку по неа следува санкција. Повозрасните, пак, го одделуваат моралното сфаќање од санкциите и лошото го сфаќаат како кршење на моралните норми, без оглед на тоа дали по таквото однесување следува санкција (според Piaget, 1978).

Според Мириќ (2001), Piaget прави разлика меѓу *спонтано* морално мислење, кое се јавува во секојдневни животни ситуации и *теоретско* морално мислење, кое го нарекува уште и „вербално", „свесно". Развојните промени се јавуваат најпрво кај спонтаното морално мислење, па дури потоа кај теоретското. Од крајот на третата година, кога почнува да го поставува прашањето „зошто", детето е во состојба да ја разбере намерата и врз основа на тоа прави разлика меѓу намерно направена грешка и „неволево прекршување на моралниот кодекс". Сепак, таквото

разликување најпрво се јавува при судењето за сопствените постапки, додека во судовите за постапките на врсниците и понатаму се задржува објективното сфаќање на одговорноста. Таквата разлика во судовите не е поради поголемата строгост кон другите, туку затоа што туѓата постапка веднаш се јавува во својот надворешен вид и се гледа дали е во склад со моралните правила или не. За да се согледа намерата што стои позади туѓата постапка потребен е напор. Тоа станува можно дури кога детето ќе почне да соработува со врсниците, преку што успева да ги разбере тие постапки во светлината на нивните вистински мотиви. Piaget го набљудува моралниот развој како исход од еден активен процес кој го опфаќа развојот на одредени когнитивни капацитети, но во истовреме подразбира и изложување на детето на нови форми на општествено искуство кои обезбедуваат основа за нов став кон авторитетот и ја зголемуваат неговата способност за ставање на туѓо место. Без тоа нема ниту зрела моралност, ниту напредок на личноста и општеството (според Поповић, Миочиновић; 1977).

## Г.2. Теорија на L. Kohlberg

Основата за својата теорија Kohlberg ја собира од неколку извори. Од Piaget го усвојува сфаќањето за стадиуми во моралниот и когнитивниот развој, а од Kant ја презема етичката анализа, правејќи нивна синтеза. Својот научен интерес го насочува кон когнитивната страна на моралноста, задржувајќи се во оваа област многу повеќе, за разлика од Piaget. Неговата теорија за морален развој зборува за шест стадиуми организирани на три нивоа:

а) Предконвенционално (преддоговорно);
б) Конвенционално (договорно) и
в) Постконвенционално (автономно).

Основата врз која се засновуваат овие стадиуми е „општествено-моралната перспектива", т.е. „карактеристичен аспект од кој поединецот ги формулира своите морални судови". Секое ниво на моралната перспектива дава општа организација на моралното судење и ги обединува

поединечните морални концепти. На предконвенционалното ниво му соодветствува конкретно-индивидуалната перспектива, во која правилата се доживуваат како надворешни, неповнатрешнети. Општествено–моралната перспектива на конвенционалното ниво е дефинирана како перспектива на член на општеството, каде поединецот е идентификуван со правилата и очекувањата на другите, особено на авторитетите, што значи дека истите ги интернализирал. На третото, постконвенционално ниво, поединецот е дефиниран од правилата и очекувањата на другите, самиот бара принципиелна основа за дефинирање на моралните вредности, што значи дека има надопштествена перспектива. Иако детето на преконвенционално ниво се однесува добро и ги прифаќа културните знаци за добро и лошо, тоа ги толкува според нивните физички последици (казна, награда и сл.) или со помош на физичката моќ на лицето кое ги кажува правилата и одредбите. На конвенционално ниво детето смета дека е самото по себе вредно да ги оправда очекувањата и правилата на своето семејство, група итн. Тоа настојува не само да се конформира со општествениот систем, туку и да го одржи, брани и оправдува. Постконвенционалното ниво се карактеризира со крупен напредок кон автономните морални принципи чија валидност и применливост е независна од авторитетот на групите или поединците и од идентификацијата со тие лица или групи (според Мириħ, 2001).

W. Damon (според Borba, 2001) зборува за постоење на стадиум кој им претходи на познатите шест стадиуми кои Kohlberg ги наведува во својата теорија. Тоа е:

Стадиум 0: *Егоцентрично судење („Би требало да биде по мое")*

Детето е мошне егоцентрично и честопати се обидува да прави по свое, не земајќи ги во предвид чувствата или мислењето на другите. Постапките се проценуваат во врска со физичките последици, а не во врска со психолошките интереси на другите. Се меша перспективата на авторитетното лице со сопствената. Овој стадиум е присутен до четиригодишна возраст.

Во рамки на *претковенционалното* ниво моралните вредности почиваат врз навидум надворешни физички настани, лоши постапки или

во физички потреби, а не во поединците или во стандардите. На ова ниво, контролата на однесувањето е надворешна во две насоки: стандардите се изедначуваат со надворешните барања или притисоци, од една страна, и основен мотив е да се избегне казна, а да се добие награда, од друга страна. Тука припаѓаат првиот и вториот стадиум (според Kurtines & Gewirtz, 1991), опишани подолу.

Стадиум 1: *Хетерономна моралност. Избегнување на казна („Ќе западнам ли во неволја")*

Детето на моралноста гледа или како на награда или како на казна, односно тоа што ќе му донесе задоволство, без оглед на последиците. Постапките се проценуваат како добри или како лоши зависно од нивните материјални последици, без оглед на нивното човечко значење или вредност. Причините да се направи добро дело потекнуваат од повисока сила т.е. од авторитетот и заради одбегнување на казна. Како добро се смета слепото придржување кон правилата т.е. авторитетот.

Стадиум 2: *Фаза на индивидуализам. Ориентација кон лична корист („Што добивам јас од тоа")*

За детето правилна е онаа постапка која служи како средство за задоволување на сопствените, а понекогаш и на туѓите потреби. Меѓучовечките односи се сфаќаат како размена, а не како лојалност, благодарност или привлечност. Правилно и добро е да се придржуваш кон правилата ако тие доведуваат до остварување на нечии непосредни цели. Сопствените интереси и погледи се одделуваат од интересите и сфаќањата на авторитетот и другите луѓе. Поединецот е свесен дека сите имаат свои интереси и дека тие се во конфликт. Конфликтните индивидуални интереси се интегрираат, односно се поврзуваат со помош на инструментална размена на услуги, со помош на инструментална потреба за други и за добра волја на другите и со помош на правичноста, дефинирана како еднаквост на индивидуалните интереси на сите луѓе.

Во рамки на *ковенционалното* ниво припаѓаат третиот и четвртиот стадиум кои се објаснети во текстот што следи.

Стадиум 3: *Фаза на взаемни меѓусебни очекувања и меѓусебно согласување. Ориентација на „добро момче - добро девојче"*

Правилно е да се живее во согласност со тоа што блиските го очекуваат или што луѓето воопшто го очекуваат од некого во одредена општествена улога. Добро однесување е она кое ги прави другите среќни и кое другите го одобруваат. За постапките често се суди врз основа на намерата – „тој сака / мисли добро". Намерата за прв пат станува важна, па дури и претерано се употребува. Постои свест за заеднички чувства, договор и очекувања на кои им се дава предност над индивидуалните интереси. Различните погледи се усогласуваат со помош на ставање на туѓо место.

Стадиум 4: *Фаза на општествен систем и совест. Ориентација кон закон и ред*

Добро однесување е да се исполнуваат обрвските, да се покажува почит кон авторитетите и да се следат правилата со цел да се зачува системот на кој детето му припаѓа: „Морам да ги почитувам правилата и да учам за да го завршам образованието." Треба да се придржуваш кон законот, освен во екстремни случаи кога тие се спротивставени со другите фиксирани општествени должности. Почит заслужува оној кој предадено ја исполнува својата должност. Правилно е да се придонесува за општеството, групата или институцијата. Се разликува општественото гледиште од меѓусебната спогодба или мотив. Се завзема позиција на системот кој дефинира улоги и правила. Индивидуалните односи се разгледуваат врз основа на нивното место во тој систем.

## Преодно ниво

Миочиновиќ наведува постоење на три преодни фази (според Николоска, 1996).

4 (5): *Обврска према сопствената совест.*

Постои свест за релативноста на различните општествени стандарди, затоа поединецот се раководи според личните морални вредности или совест. „Совеста" ја сочинуваат интернализирани општествени стандарди кои му припаѓаат на четвртиот стадиум. Должност на поединецот е да ја следи својата совест. Може да постои објективен надворешен морален закон кој ја изразува суштината на општествената моралност.

4 ½: *Изборот е личен и субјективен.* Заснован е повеќе врз емоции и хедонизам отколку врз совест, затоа што совеста се смета за арбитрарна и релативна, исто како и должноста.

5 (4): *Одлуката е лична и субјективна*, освен ако е во спротивност со правата на другите. Моралноста е арбитрарна и релативна затоа што единката има право на слободен избор. Сепак, правата се ограничени со слични права на другите единки. Поединецот се поставува над сопственото општество и се смета себе си за некој кој донесува одлуки без воопштена обврска или договор со општеството. Човекот може да ги бира обврските кои се дефинирани од страна на општеството, но не поседува начела за таков избор.

Последните два стадиуми му припаѓаат на *постковенционалното* ниво. Тука одлуките настануваат од правото, вредностите или начелата со кои се или можат да бидат согласни сите членови на едно општество и чија примена би била правична и благотворна (според Kurtines & Gewirtz, 1991):

Стадиум 5: *Фаза на општествен договор или индивидуални права. Принципиелна совесност*

Поединецот ја дефинира моралноста како најголема можна почит за индивидуалните права. Должност на совеста на поединецот е да ги следи овие стандарди и да го поддржува системот што ги штити човековите права. Правилното однесување се објаснува со помош на општите правила и норми прифатени од целото општество. Постои јасна свест за релативноста на личните вредности и гледишта, а во склад со тоа и истакнувањето на важноста на процедуралните правила за постигнување на општа согласност. Без устав и демократски договор, правилно и неправилно станува работа на личните вредности и уверувања. Затоа акцентот се става на правниот аспект, но со тоа се истакнува и можноста законот да се менува,врз основа на рационалната проценка на општествената корист.

Стадиум 6: *Универзални етички принципи*

Поединецот се однесува во согласност со својата совест и самостојно избраните етички принципи кои имаат логичка оправданост, општост и постојаност. Посебните закони и општествени договори се добри затоа

што почиваат на такви начела. Кога законот ги крши истите, поединецот дејствува во согласност со начелата. Тоа се апстрактни и етички принципи, а не конкретни морални правила. Тука спаѓаат универзалните принципи за правда, взаемно почитување, почитување на достоинството на луѓето како посебни личности, правото на живот на сѐ што е живо итн.

Kohlberg (според Поповић, 1978), смета дека поединецот може да суди само за еден стадиум повисоко од оној во кој се наоѓа. Напредувањето од еден кон друг стадиум е повеќе од обична тенденција кон раст и развој, бидејќи е најдено дека стадиумите се инваријантни секвенци. Значи, детето мора да се движи од стадиум во стадиум и не може да го достигне повисокиот со прескокнување. Тој премин е резултат на внатрешна, когнитивна реорганизација. Според него, вистинската дефиниција на стадиумите се темели врз 28 основни видови на моралност, а тоа се следните морални поими и вредности: *правилно, да имаш право, должност, одговорност, опомена, казнување, оправдување, вонморална вредност, општествена добробит, љубов, почитување, правда како слобода, правда како еднаквост, правда како возвраќање, општествени норми, лична совест, наклонетост, авторитет, договорна взаемност, вредност на животот, граѓанска слобода, институција на казната, вредност на сопственост, вредност на вистината, сексуална вредност, претпазливост и описни судови.* Видливо е дека Kohlberg ги изедначува моралните поими и вредностите.

Според Мирић (2001), соработниците на Kohlberg сметаат дека ниту еден морален суд не може да биде чисто автономен или хетерономен, но секој суд се доближува, повеќе или помалку, кон едниот или кон другиот тип. Kohlberg типологијата хетерономија – автономија ја гледа како развојна, што значи дека е поврзана со хронолошката возраст. Усвојувањето на автономијата е развојно постигнување, постои тенденција кон еднократна иреверзибилна промена од хетерономија во автономија, но не се исклучени и случаи на пресврт. Како и Piaget и тој ги дефинира општествените фактори кои ја потпомагаат автономијата. Тоа се оние општествени средини и односи кои ја негуваат демократијата, еднаквоста, соработката и взаемноста. Спротивно на ова, автономијата ја кочат

средини кои се авторитарни, каде се почитува цврстата традиционална хиерархија, послушност кон постарите итн. Тој заедно со своите соработници издвојува шест фактори на развојот од морална хетерономија кон морална автономија:

- Можност за ставање на туѓо место;
- Интелектуално поттикнување;
- Одговорност;
- Когнитивно-морален конфликт;
- Изложување на следниот, повисок стадиум;
- Учество во праведна заедница.

За Kohlberg (според Николоска, 1996), средината не е ниту единствен, ниту најважен фактор за развој на моралното мислење. Тука голема улога имаат и внатрешните фактори како што се созревањето, врамнотежувањето и активноста на поединецот. Важен дел во теоријата на Kohlberg е учењето за правдата. Според него, од овој поим се изведува севкупното морално мислење. Моралниот развој тој го разбира како реструктурирање на универзалните тенденции на емпатија и правда (водење сметка за еднаквост и возвратност). Оттука, водењето сметка за правдата е карактеристика на секоја фаза од моралното судење, при што на различни стадиуми различно се толкува. Во првиот стадиум правдата се одредува како моќ да се добие корист и избегне повреда. Во вториот таа се толкува со термините на доброто. Во третиот, кога љубовта и довербата се најважни, правдата се одредува како взаемно очекување меѓу луѓето. Четвртиот стадиум, со оглед на тоа што во него се резонира со термини на општествени очекувања, правдата не ја меша со правилата. Петтиот стадиум, легалниот аспект на правдата се определува од страна на авторитет. Во последниот, правдата се определува како највисоко општествено добро. На највисокото место Kohlberg ја поставува универзалната правда, велејќи дека таа претставува иделна рамнотежа на општествените меѓуодноси, со возвратност и реверзибилност како важен услов за логичка и морална рамнотежа (според Николоска, 1996).

## Г.3. Теорија на домени - Е. Turiel

Теоријата на Turiel е развојна теорија на класификациско, а не на вредносно морално мислење. Во неа зборот *морал* се употребува за да се означи една појава или класа на појави, при што, во првиот случај се мисли на волево-мотивациските својства на луѓето, а во вториот случај на одреден збир вредности, идеали, норми на однесување итн. Класификациското судење за моралот се јавува многу подоцна од вредносното, некаде кон крајот на седумдесеттите години на дваесеттиот век. Самата теорија се пренасочува од социолошкиот релативизам, кон универзализмот, гледајќи во детето субјект и рационално суштество уште од најрана возраст. Најголемиот дел од истражувањата на Turiel и неговите соработници се однесува на разграничување на двете подрачја – морал и конвенции. Подрачјето на моралот се занимава со индивидуалните права и компаративниот третман на поединците. Подрачјето на општествените конвенции се занимава со прашањата на униформностите во однесувањето кои им овозможуваат на поединците да го координираат своето однесување во рамки на општеството. Turiel смета дека и во двата случаи знаењето од овие подрачја е извлечено од социјалното искуство. Сепак, моралното знаење е засновано врз разбирањето на последиците од акцијата на друго лице. Знаењето за општествените конвенции се засновува врз разбирање на карактеристиките на општествениот систем, што вклучува препознавање дека конвенциите не се донесуваат само по пат на консензус, туку и дека на ист начин можат да се променат или да варираат во зависност од условите (според Мириќ, 2001).

Наодите од спроведените истражувања говорат дека децата, почнувајќи од 3 – 4 година прават разлика меѓу моралните правила и конвенциите. Тие првите ги сфаќаат како универзални, обврзувачки, безлични и независни од авторитет или од консензус, додека вторите ги сметаат за релативни и зависни од авторитет или од консензус. Токму врз овие наоди Turiel ја оформува претпоставката дека постојат различни домени, со свои посебни карактеристики, кои условуваат посебна интеракција на субјектите и посебни патишта на сознајниот развој.

Оттука, развојот на моралното мислење се разликува од развојот на сфаќањето на конвенциите. За разлика од Piaget, кој за децата од предучилишна возраст вели дека поради нивниот реализам сите правила ги сфаќаат како непроменливи и апсолутни, создадени од страна на авторитети, Turiel смета дека од видот на правилото зависи како детето ќе го сфати. Конвенциите децата ги сфаќаат како променливи (токму затоа што се зависни од авторитетите), релативни и необврзувачки. Кога се работи за моралните правила, нив децата ги сфаќаат поинаку од она како што тврдел Piaget. Ако ги сфаќаат како надворешни тоа не е затоа што ги поврзуваат на нераскинлив начин со авторитетите, а ако ги сметаат за непроменливи тоа не е затоа што ги „реификуваат" (објективизираат) и не се во состојба да го разликуваат физичкото од психичкото, туку затоа што ја разбираат нивната интринзична природа (Turiel, 1983; според Мирић, 2001).

Turiel (според Мирић, 2001), ги оспорува поставките на Piaget за хетерономија и автономија, велејќи дека хетерономијата не ѝ претходи на автономијата, туку со автономијата започнува и продолжува развојот на моралното мислење. На сличен начин го критикува и Kohlberg, сметајќи дека автономното морално мислење не настанува онака како што тој го опишал. Неговата теорија подразбира дека уште од најрана возраст сите конвенции се сфаќаат како релативни, променливи, зависни од авторитетот или консензусот итн. За него моралот е повеќе описно, отколку нормативно подрачје. Тој ги набројува следниве негови карактеристики:

- **Универзалност:** моралните препораки му се наменети секому во слични услови;
- **Безличност:** моралните препораки не се засновани врз лични склоности или преференции;
- **Задолжителност:** моралот е задолжителен за секого и никој не може да се ослободи од него повикувајќи се на тоа дека тој поинаку мисли или чувствува;
- **Институционален статус:** моралот не зависи од тоа дали во дадено општество постои или не постои согласност околу

тоа; дали навистина во општеството се уважуваат моралните правила или не; дали позади нив стои или не стои општествен авторитет.

Теорија на Turiel дава одговор на аргументот даден од страна на авторите кои ја поддржуваат теоријата на социјално учење дека моралноста е суштински подредена на барањата на средината. Turiel за познатиот експеримент на Milgram вели дека вклучува и морални прашања и општествени конвенции. Истакнува дека проверката на резултатите од неговата студија укажува дека најголемиот број испитаници се соочиле со значаен личен конфликт и дека моралната грижа за добробитта на жртвите била впечатлива. Тој ги анализира одговорите на испитаниците како функција на координацијата меѓу два различни домена (морален и општествено-организациски). Се покажува дека кога организациските барања се пониски (на пример, кога експериментаторот веќе не е присутен во просторијата) давањето на електрошокови било многу поретко, а кога организациските барања биле нарушени (на пример, двајца експериментатори даваат контрадикторни инструкции) давањето на шокови престанало (според Durkin, 1995).

## Г.4. Моралот од женска перспектива – C. Gilligan

Gilligan (според Tostain, 1999), смета дека моралното судење на жените се јавува во „поинаков глас", кој Kohlberg го занемарил во своите истражувања на исклучиво машка популација. Авторката го застапува гледиштето дека постои разлика во моралното судење меѓу мажите и жените, која се должи на разликите во социјализацијата. Притоа, мажите и жените развиваат два различни пристапи: мажите судат од позиција на правда и права, а жените од позиција на грижа и одговорност. Машкиот приод се толкува како манифестација на автономија и на „индивидуално Јас", а вниманието е насочено кон тоа како да се практикуваат сопствените права без да се измешаат со правата на другите. Спротивно на ова, женскиот приод се толкува како развој од чувството на индивидуалност, кон поврзаност со другите. Фокусот овде е ставен врз

како да се води морално правилен живот кој вклучува обврски кон себе си, семејството, и луѓето воопшто. Овој приод е воден од минимизирање на нанесување болка и насоченост кон помагање на другите, алтруизам, сочуство и сл.

Јасно е дека и мажите и жените се способни да ги согледаат етичките и морални прашања од двете перспективи, но тие го избираат аспектот на кој ќе се фокусираат зависно од тоа како се гледаат себе си. Его-психолозите (Horney, Adler, Fromm, Frankl) ја препознаваат улогата на Селфот во определувањето на степенот до кој луѓето ги засновуваат одлуките и судовите на етичките прашања. Gilligan ги проширува овие сфаќања тврдејќи дека сликата за себе определува дали основа на моралното судење ќе биде правдата/ правата или грижата/ сочувството. Тука се поставува прашањето што ја разликува „етиката на правда" од „етиката на грижа". Според авторката, се работи за квантитетот и за квалитетот на врските кои поединците ги градат меѓусебе. Правата на поединецот, еднаквост пред законот, правдата – сето тоа може да се следи без да има потреба од лични врски меѓу луѓето. Правдата е неперсонална. Од друга страна, чувството за другиот, лојалноста, одговорноста, себе - жртвувањето и миротворството – сите тие одразуваат меѓулична вклученост. Со други зборови, грижата потекнува од поврзаноста со другите. Значи, правдата покажува тенденција да биде доминантен „морален компас" за мажите при донесувањето морална одлука, бидејќи тие се поавтономни, независни и ориентирани кон себе си, додека грижата за другите и сочувствувањето се водечкиот морален принцип на жените при донесувањето морална одлука, бидејќи тие покажуваат поголема тенденција да бидат ориентирани кон другите (според Myyry, 2003).

Gilligan (според Myyry, 2003) го отфрла биолошкото објаснување за развој на предодреден „морален глас" кај мажите и жените. Таа смета дека поголемата потреба за поврзаност со другите која е присутна кај жените не се должи на некаква биолошка потреба од „мајчински инстинкт". Поголемата потреба од поврзаност со другите кај жените се развива и моделира низ детството, што води кон развој на етика на грижа. Спротивно на ова, поголемата потреба од автономност и независност од

другите води кон развој на етика на правда и правичност кај мажите. Исто така, женскиот приод кон моралноста е еден од оние во кои луѓето чувствуваат дека имаат обврски и одговорност кон другите. Тоа значи дека моралноста и моралните одлуки создаваат императив на грижа и сочувство за другите, без оглед на културата и општесвените барања. Во машкиот приод, поединците сметаат дека имаат основни права и ги почитуваат правата на другите во граници на правдата и законот. Таквиот приод кон моралноста поставува повеќе забрани за тоа што не може да биде направено надвор од доменот на правдата. Со други зборови, мажите најнапред ги решаваат моралните дилеми во рамки на верувањето во законот (според Мууrу, 2003).

За да го докаже своето тврдење, Gilligan спроведува истражување во кое биле интервјуирани 29 Американки на возраст од 15 до 33 години, кои се соочувале со морална дилема од реалниот живот: да ја продолжат бременоста или да абортираат. Добиените резултати укажуваат на три нивоа на морално судење кои се наведени подолу (според Durkin, 1995)

Ниво 1: *Владеење на личен интерес.* Жените кои судат на ова ниво ги оправдуваат сопствените одлуки со сопствените потреби и опстанок, одговарајќи, на пример, дека добивањето дете може да им ја ограничи слободата или дека тоа би било добар изговор да се омажат и да го напуштат домот. Ова соодветствува на претконвенционалното ниво од теоријата на Kohlberg, каде моралното судење е доминирано од награди и казни.

Ниво 2: *Владеење на себежртвување.* Жените на ова ниво судат првенствено почитувајќи ги потребите на другите, одговарајќи дека би требало да абортираат, бидејќи е тоа желба на партнерот или, пак, би требало да ги ставаат правата на сеуште нероденото дете над своите. Овие аргументи соодветствуваат на конвенционалното ниво од теоријата на Kohlberg, каде поединецот е насочен кон почитување на општествените норми и очекувања.

Ниво 3: *Грижата како универзална обрвска.* На ова ниво жените постигнуваат рамнотежа меѓу грижата за другите и сопствената добробит.

Ова ниво соодветствува на постконвенционалното ниво од теоријата на Kohlberg.

Теоријата на Gilligan привлекла големо внимание во научната јавност и многу автори не се согласуваат со неа. Имено, таа ја прави истата грешка како Kohlberg поради која всушност и го критикува. Главен недостаток на нејзиното истражување е што во него учествуваат само жени и можно е доколку мажите би биле вклучени во донесувањето одлуки за абортус, да се добијат мошне слични одговори. Некои автори сметаат дека нејзините нивоа на морално судење можат да се асимилираат во теоријата на Kohlberg. Други ја критикуваат поради заземање на позиција „ние против нив" при разгледувањето на разликите во моралното судење меѓу мажите и жените итн. (според Durkin, 1995).

## Д) Социјалнокогнитивни теории за моралноста

Една сеопфатна теорија за моралноста се очекува да објасни како моралното судење, заедно со другите психолошки фактори, влијае врз моралното однесување на поединците. Таква е можеби токму социјално–когнитивната теорија која го усвојува когнитивноинтеракционистичкиот приод кон моралноста. Во рамки на ваквиот приод персоналните фактори, во вид на морално мислење и афективни реакции подеднакво како и моралното однесување и срединските фактори, дејствуваат заедно како интерактивни детерминанти кои двонасочно влијаат една врз друга. Моралното мислење е процес во кој при судењето за одредено однесување се користат повеќедимензионални правила или стандарди. Сепак, многу е полесно да се испита како поединците судат за хипотетички морални дилеми, отколку да се испита нивното конкретно морално однесување. Тоа доаѓа оттаму што механизмите кои раководат со саморегулирањето на моралното однесување вклучуваат многу повеќе од морално мислење. Начинот на кој моралните принципи се применуваат при соочување со различни морални дилеми варира зависно од барањата на ситуацијата, доменот на активност и констелацијата на општествените влијанија (според Bandura, 1991).

Човековата моралност е прашање од голема важност, како на индивидуално, така и колективно ниво. Повнатрешнувањето на сет од стандарди е важен дел од постигнувањето на себенасоченост и на чувство на континуитет и цел во животот. Без постоење на лични стандарди луѓето постојано би ја менувале насоката кон нешто што е во даден момент исплатливо и корисно. Моралноста, во основа, е витална за правилното функционирање на поединците и на општеството во целост. Оттука, без постоење на одредени морални кодови, луѓето би ги кршеле правата на другите и би ја запоставиле нивната добросостојба секогаш кога нивните лични желби и преференции би се нашле во конфликт. Затоа се потребни општествени, надворешни санкции за да ги артикулираат колективните морални императиви и за да влијаат врз општественото однесување. Истите се нужни, но не и доволни да го насочуваат моралното однесување на поединиците. Според социјалнокогнитивниот пристап, неопходно е да постои лично, внатрешно санкционирање, кое би требало да игра централна улога во неговото регулирање (според Bandura, 1991). За најзначајни претставници на оваа теорија се сметаат A. Bandura и J. Aronfreed.

## Д.1. Теорија за постепена замена на општественото искуство – J.Aronfreed

Во теоријата на Aronfreed централно место завзема *совеста*, која е одредена како широк, сеопфатен поим. Моралноста не се толкува само со моралното мислење, како што тврдат когнитивистите, ниту само со чувствата, што е карактеристично за психоаналитичарите. Тој смета дека детската совест е одговор на сè она што со детето се прави во раниот период од животот, од каде е јасно дека ја поддржува идејата на Lock- детето се раѓа како „tabula rasa" и доктрината за „првобитниот грев". Потпирањето на моделот на Lock подразбира дека по пат на потиснување на неприфатливите, природни тенденции, како и на имитирање, условување и на други начини на учење, децата се социјализираат, т.е. морализираат. Во своето пошироко значење поимот *совест* се користи и за

вредносните ориентации кои го поддржуваат одрекувањето од пријатност, напорите што се вложуваат при соочување со несреќа итн. За Aronfreed (според Поповиќ, 1973), е важен „општиот третман на вредностите", поточно демонстрирање на корисноста од разделувањето на моралните од вонморалните вредносни системи. Моралното судење е само еден сектор на многучлениот вредносен систем, кој се смета за супстанца на совеста. Совеста може послободно да се опише ако се каже дека ги опфаќа евалуативните стандарди применети на поведението, кое од своја страна, исто така, ги опфаќа диспозициите на однесувањето кои се оформуваат во односот на детето и средината. Однесувањето на родителите и другите агенси на општественото пренесување на вредностите, воспоставува кај децата вредности со различни интензитети во посебни области на нивното поведение (според Поповиќ, 1973).

Aronfreed (според Поповиќ, 1973), смета дека вредностите имаат когнитивна и афективна страна, кои се оформуваат рано, во процесот на социјализација и остануваат релативно постојани. Со тек на време, тие им се потчинуваат на сè поиздиференцирани структури на мислењето и на неговата зголемена моќ. Ваквото разликување на супстанцата и формата овозможува да се разбере влијанието на правилата на одредена култура врз моралниот развој. Според тоа, основната супстанца на димензиите на моралните вредности може да се разликува меѓу општествата, а униформностите се наоѓаат во формите или структурите кои на истата ѝ ги наметнуваат детските „когнитивни оператори". Од сите социјално-когнитивни теоретичари Aronfreed најсилно му се спротивставува на Kohlberg, велејќи дека моралното воспитување не може да се сведе само на поттикнување на моралното мислење, бидејќи на тој начин нема многу да се оформи детското однесување. Напротив, тој акцентот го става врз афективната страна, поради тоа што чистото знаење за нешто не е доволно да се придвижи моралниот акт. Според него, моралното воспитување треба да се гради врз силни афективни диспозиции, кои се стекнати во раното детство. Основните когнитивни и афективни чинители на раното искуство имаат значење само во заедницата, а не изолирано. Со нивната интеракција Aronfreed го објаснува детското интернализирање на

реакциите на возрасните кон неговите престапи. Децата ја разбираат моралноста преку форма на социјално условување. Кога детето се однесува на одреден начин тоа добива повратна информација од значајните други. На рана возраст, тоа се најчесто родителите. Доколку тие го охрабрат таквото однесување, ќе се зголемат шансите детето да го повтори истото подоцна, во слична ситуација. Спротивно на ова, критикувањето или казнувањето ќе ги намали шансите таквото однесување да се повтори во иднина. Овој модел на социјално условување вели дека поткрепувањето на одредени однесувања на детето од страна на возрасните ќе доведе до тоа детето и во иднина да се однесува на таков начин, сметајќи го за морално соодветен, оправдан и обратно. Aronfreed на возрасните гледа како на директен условувач на моралниот развој на детето. За него моралното мислење, всушност е последица на процесот на асоцирање. Детето ги поврзува (асоцира) своето однесување и фидбекот, со мислите што му претходат. Чувството на моралност, пак, тоа го апсорбира од лицата околку него (според Поповић, 1973).

Според Поповић (1973), Aronfreed го објаснува развојот на вредностите на следниот начин. Најнапред детето суди за тежината на престапот врз основа на видливата штета или повреда. Со тек на време ќе почне да ги зема во предвид и намерите на прекршителот. Помладите деца претежно ја забележуваат „иманентната правда", т.е. дека казната е безлична, што значи дека е одредена со извршувањето на престапот. Повозрасните деца повеќе забележуваат дека казната следува од начелото кое ја уважува последицата од престапот врз другите лица. Исто така, помладите судат за соодветноста на казната спрема нејзината острина, а не колку е истата соодветна за престапот. Повозрасните деца ќе препорачаат престапникот да ја надокнади штетата или казната да биде соодветна на престапот. Конечно, детето во почеток ги толкува правилата како да имаат фиксирана или апсолутна легитимност која им ја дава надворешниот авторитет. Постепено, тоа согледува дека примената на правилата релативно зависи од луѓето и околностите и дека тие се воспоставуваат и одржуваат со посредство на реципрочни општествени договори. Кога од помладите деца се бара да проценат одредена постапка,

тие во голем број се определуваат врз основа на нејзините конкретни последици по оној што ја прави, т.е. судат за тоа дали постапката е добра или лоша спрема нејзините последици – награда или казна (според Поповиќ, 1973).

## Д.2. Теорија на A. Bandura

Некои социјални вештини се стекнуваат низ процес на директно подучување или опсервациско учење (викариско условување) за кое зборува Bandura (1991). За овој вид учење е карактеристично тоа што родителите и другите агенси на социјализација релативно јасно покажуваат што сакаат детето да научи и настојуваат да го обликуваат неговото однесување со помош на награди и казни. Bandura (1991), заедно со MacDonald, прави многу истражувања на таа тема во кои наоѓа дека децата кои набљудуваат возрасен модел кој дава морални судови, покажуваат тенденција и самите да даваат позрели одговори. Од друга страна, децата кои не гледале модел, но чии одговори биле поттикнувани секогаш кога манифестирале позрела форма на мислење, не покажале подобрување на резултатите. Според Bandura (1991), важен механизам на моралниот развој на детето е имитирање на однесувањето на возрасниот. Набљудувајќи го, детето го интернализира и повторува моралното судење и однесување манифестирано од страна на возрасниот модел. Како што овие набљудувања се зголемуваат во длабочина и дијапазон детето присвојува некои покомплексни форми на морално мислење. Тој, како и Aronfreed, смета дека детето го апсорбира чувството на моралност од оние околу него. Развојот на детското морално судење го гледа како одделено од непосредните, моментални црти на односот меѓу возрасниот и детето.

Кога станува збор за моралниот развој воопшто, односно развојот на моралното судење специфично, Bandura (1991) смета дека постојат одредени културни универзални карактеристики на развојните промени на стандардите на однесување и локусот на морално дејствување. Тие сличности произлегуваат од основните униформности во поглед на видовите на биопсихосоцијални промени што се јавуваат со поголемата

возраст во сите култури. Порастот на личните компетенции и на автономијата ги менува видовите на морално релевантни ситуации во кои овие трансакции се случуваат. Сè пошироката општествена реалност ја менува природата на моралните прашања, како и на општествените санкции за прекршочното однесување. Проширувањето на моралниот избор бара погенерализирани и покомплексни морални стандарди. Промените во судењето од конкретни кон поапстрактни форми под влијание на процесот на созревање и на искуството е, исто така, природен развоен редослед кој го признаваат сите теории. Друг таков редослед го вклучува проширувањето на перспективите од индивидуалните кон институционалните прописи за унапредување на човековата добросостојба. Менувањето од надворешно регулирање кон зголемување на автономијата и саморегулацијата е уште еден природен развоен ред на нештата. Развојот и вежбањето на моралното себесанкционирање се вкоренети во човековите врски и во начинот на кој се структурирани од страна на поширокото општество. Во почеток, насочувањето на однесувањето е надворешно и физички ориентирано. За да се обесхрабри ризичното однесување кај децата, родителите мора да се потпрат врз физичко насочување. Тие ги структурираат ситуациите за да ја намалат веројатноста од појавување на проблематично однесување. Во најраниот период од развојот од децата се бараат малку нешта и малку од тоа што тие можат да го направат се прекршоци. Нивното однесување е регулирано и канализирано главно преку санкции и вербални забрани. Созревајќи, децата почнуваат да следат активности од кои некои неизбежно доаѓаат во конфликт со другите и со општествените норми. Таквите ситуации предизвикуваат општествени реакции создадени да го го насочат вниманието кон културно вреднуваното однесување. Општествените санкции набргу ги заменуваат физичките како дирекција на однесувањето. Родителите и другите возрасни ги објаснуваат стандардите на однесување и причините за нивното постоење и почитување. Децата за кусо време научуваат да го разликуваат прифатливото од неприфатливото однесување и да ги регулираат нивните активности врз основа на предвидените општествени последици (според Bandura 1991).

Bandura (1991) смета дека родителите не можат постојано да бидат присутни за да го насочуваат однесувањето на децата. Како што моралните стандарди постепено се интернализираат, така почнуваат да служат како насочувачи на однесувањето. Не само што санкциите се менуваат од општествен кон личен фокус, туку со зголемувањето на возраста расте и бројот на морално важните прашања. Како што природата и сериозноста на можните прекршоци се менува со возраста, така родителите и значајните други во животот на детето додаваат нови аспекти во моралното убедување. Оттука не изненадува фактот што адолесцентите многу поверојатно ќе ги земат во предвид законите додека донесуваат морален суд, за разлика од помалите деца. Поединците ги развиваат моралните стандарди под различни видови влијанија. Тие формираат стандарди за судење во врска со сопственото однесување делумно врз основа на тоа како, за нив значајните други, реагираат на тоа. Родителите и другите се начелно задоволни кога децата ги надминуваат вреднуваните стандарди, а се разочарани кога не се однесуваат во склад со нив. Како резултат на ваквите различни реакции на оценување, децата одговараат на сопственото однесување со самопотврдување или со самопрекор, зависно од тоа како го споредуваат со стандардите на оценување поставени од другите. Стандардите може да се усвојат преку директни инструкции во вид на правила на однесување, како и низ реакциите на оценување од страна на другите кон постапките на детето. Во оваа форма на пренесување, моралните стандарди се извлекуваат од лицата кои се грижат за детето и го воспитуваат, а се во неговото општествено опкружување или од оние пропишани во делата на влијателните лица. Моралните стандарди на кои се повикуваат возрасните го насочуваат видот на моралност на која ги учат децата. Како и кај другите форми на влијание, директното подучување е најефикасно во усвојување на развојните стандарди кога тие се засновани врз споделените вредности и се поддржани од општествениот фидбек за однесување. При усвојување на стандардите за морално однесување особено силно влијание има моделирањето, кое е динамичен, конструктивен процес. Луѓето не ги апсорбираат стандардите пасивно под кое било влијание што ќе допре до

нив. Тие конструираат генерички стандарди од многуте правила на оценување што се пропишани, моделирани и научени.

Нивото на морално судење на родителите го предвидува нивото на морално судење на децата. Истражувањата зборуваат дека децата ја моделираат формата на правила која нивните родители ја користат за да ги интегрираат информациите во судењето за моралноста на прекршочното однесување. Така, доколку родителите користат едноставни морални правила тоа го прават и нивните деца и обратно. Родителите не се свесни за когнитивните способности на децата да ги сфатат моралните импликации од нивното однесување. Реагираат различно на лошото однесување на децата на различни возраст. Тие ја зголемуваат комплексноста на моралното судење во детскиот раст и развој. Имено, колку е покомплексно моралното судење на родителите во однос на справување со лошото однесување, толку е поразјаснето моралното судење на децата. Варијациите во општествените влијанија придонесуваат кон тоа кои фактори во развојните промени ќе се сметаат за морално релевантни и за релативната тежина која им е припишана. Јасно е дека родителите не се единствен извор на детските стандарди за морално однесување и судење. Тука се вклучуваат и другите возрасни, врсниците и симболичките модели кои се во секој поглед униформни во нивните морални перспективи. Децата кои се изложени на возрасни и врснички модели кои даваат пример на конфликтни стандарди, усвојуваат различни стандарди на однесување. Спротивен е случајот ако возрасните сами поставуваат стандард или ако возрасните и врсничките модели ги прифатат истите стандарди. Врсниците можат, исто така, да вршат силно влијание врз примената на претходно постоечките морални стандарди преку оценето прифаќање на прекршочното однесување како морално правилно. Дури и кога реакциите на оценување на родителите се со поголема тежина од оние на врсниците, вториве можат да ја однесат победата, бидејќи се присутни во конкретните ситуации за да извршат влијание врз моралниот избор. Вредностите моделирани во печатот и во останатите медиуми можат на сличен начин да соопштуваат морални стандарди за судење на однесувањето. Симболичкото моделирање влијае

врз развојот на моралното судење, така што го отсликува однесувањето како прифатливо или достојно за прекор, како и преку санкционирањето и оправдувањето применето врз соодветното однесување (според Bandura, 1991).

## 1.4. Вредности – општ дел

Прашањето за вредностите и вредносниот систем на поединецот и општеството, начините на неговото формирање и менување, го привлекува вниманието на науката повеќе од четири милениуми, а особено значајно станува денес, кога постмодерното општество во кое живееме се соочува со недостаток на цврста, заедничка вредносна основа. Вредностите како концепт завземаат истакнато место во многу научни дисциплини. Притоа, можат да се разликуваат четири приоди во нивното сфаќање: филозофски, антрополошки, социолошки и психолошки. Историски гледано, корените на денешните западни демократски вредности се наоѓаат во Антиката, во делата на Платон и Аристотел. Платон верува дека луѓето се родени „добри” и издвојува три елементи кои влијаат врз нивните вредности и однесување: „знаење”, „желба” и „волја”. Наспроти ова, Аристотел смета дека луѓето учат да бидат „добри и морални” низ интеракција со другите. Најголемиот број мислители кои подоцна ќе зборуваат на оваа тема ги градат своите теории токму врз оние на Платон и Аристотел.

Интересот за проучување на вредностите во психологијата почнал да расте дури во втората половина на дваесеттиот век. Една од основните причини за тоа бил тогашниот став според кој вредностите не можат да бидат предмет на емпириско истражување, бидејќи се „атеоретски”, „несознајни”, „ирационални”, „априорни” категории. За асоцијационистичката и атомистичката психологија на Вунт и Тиченер истите биле премногу сложени за да бидат „елементи на свеста”. Тие не можат да се набљудуваат непосредно, туку мораат да се изведуваат од однесувањето или од вербализираните форми на изразување. Односот кон вредностите во тој период, ги отсликува сфаќањата на познатиот бихејвиорист Џон

Вотсон, кој се залагал истите да бидат протерани од психологијата и на Скинер кој сметал дека вредностите можат да се користат како „позитивни поткрепувачи" при условувањето и модификацијата на однесувањето. Од друга страна, пак, ставот на хуманистите дека нема вредносно неутрална наука, дека острото разделување на фактите и вредностите е бесплодно и дека и самите вредности можат делумно да се истражуваат како факти, најмногу придонел за нивното вклучување во психологијата (според Николоска, 2004). Со тек на време состојбата продолжила да се менува, а интересот за испитување на вредностите констатно се зголемувал. Тоа се должи на повеќе фактори: ориентирање на психологијата кон изучување на личноста; интерес за социјализацијата на поединецот; изучување на мотивациониот процес, односно на потребите кои се наоѓаат во основа на секое однесување на човекот; развој на социјалната психологија и испитување на социјалните ставови (според Ajduković, 1989).

## 1.4.1. Поим и дефинирање на вредностите

Во литературата се среќаваат бројни определби на поимот *вредност*. Основните потешкотии при неговото дефинирање произлегуваат од две нешта. Првата е поврзана со универзалноста на самиот поим. Втората - со испитувањето на диспозициските карактеристики на однесувањето (ставови, црти на личност, уверувања, интереси и сл.). Тоа води до проблеми при дефинирањето и разграничувањето на вредностите од другите диспозиции и честопати завршува со тавтологии, кружни и меѓусебно слични дефиниции. Еве како различни автори го определуваат поимот *вредност*.

Ж. Требјешанин (2001) во психолошкиот речник ја дава следната дефиниција на вредностите: *„Апстрактна категорија преземена од филозофијата (аксиологијата), во психологијата го означува најопштото верување за тоа што е (колку е) добро, пожелно, корисно и што би требало да биде цел на човековите напори (позитивна вредност), односно за тоа што е непожелно и лошо (негативна вредност).*

*Вредноста е хипотетички конструкт, таа не постои како таква (објективно) во стварноста, туку им се припишува на поединечни објекти или дејствија, на проценувачот, т.е. има субјективен карактер."*

Allport, Vernon и Lindzey (според Rejk и Edkok, 1978) се меѓу првите автори кои на вредностите им придаваат поконкретно значење, поврзувајќи ги со секојдневните активности. Тие дизајнираат типологија на вредности во која се категоризирани стабилните преференции за сите видови приватно и општествено однесување на поединецот. Така, за Allport вредностите имаат централно значење во животот на човекот и ги одразуваат неговите аспирации: "*Вредноста е верување во согласност со кое човекот дејствува по пат на преференции*". (Allport, 1963; според Rejk и Edkok, 1978). Овој пристап, очигледно најмногу му се спротивставува на Skinner, кој вели: *"Она што е добро или лошо не е последица на добар или лош карактер, ниту на знаењето за добро или лошо, туку е резултат на последиците на контингенцијата"* (Skinner, 1972; според Николоска, 2004). Сепак, идејата за типологија со фиксни вредности како одделени и стабилни елементи со тек на време е напуштена, за сметка на верувањето дека секој поединец создава сопствен и флексибилен систем на вредности, хиерархиски организирани и достапни во културата на која ѝ припаѓа. Денес е голем бројот на автори кои на вредностите гледаат како на водечки принципи во животот кои ги трансцендираат специфичните ситуации, кои можат да се менуваат низ времето, кои го насочуваат изборот на однесувањето и настаните и кои се дел од динамичен систем со инхерентни контрадикции. Ваквото поместување во сфаќањата за природата на вредностите е под силно влијание на Milton Rokeach. Неговата дефиниција за вредностите е една од најзначајните и најчесто цитираните, врз која се темелат многу други определби. Тој смета дека вредностите ја оформуваат културата или вредносната шема преку вредносен континуум составен од вредности, ставови и однесувања. Под *вредност* подразбира *"трајно верување дека специфичен начин на однесување или животна цел е лично или општествено попожелен во однос на спротивниот начин на однесување или животна цел"* (според

Rejk и Edkok, 1978). Вредносниот систем, пак, според него е „*долготрајна организација на верувања кои се однесуваат на претпочитаните форми на однесување или животни цели, распоредени врз континуум на значајност*” (според Wiebe, 2000). Rokeach (според Rejk и Edkok, 1978), вредностите ги смета за апстрактни идеали, позитивни или негативни, неповрзани со некаков објект или ситуација. Во споредба со ставовите, вредностите се подинамични, бидејќи имаат когнитивна, афективна, бихјевиорална и јасна мотивациска компонента. Тие се одредувачи и на ставовите и на однесувањето, поекономични се за опишување на сличностите и на разликите помеѓу поединците, групите и културите, бидејќи има помал број вредности од ставови (според Rejk и Edkok, 1978).

Rokeach (според Rejk и Edkok, 1978) вредностите ги дели во две категории: *инструментални* и *терминални*. **Инструменталните** вредности се цели кои можат да се постигнат секојдневно. Тие се краткорочни и преодни, бидејќи можат да се аплицираат на одредена ситуација па, според тоа, не бараат трајна промена. Се однесуваат или на моралност или на меродавност. Овде спаѓаат 18 вредности и тоа: амбициозност, слободоумие, способност, радост, чисто, храброст, помирливост, помагање, чесност, фантазирање, независност, интелектуалност, логичност, со љубов, послушност, љубезност, одговорност, самоконтрола. **Терминалните** вредности се долгорочни цели или нешто што поединецот се стреми да го достигне. Некои од нив се интраперсонални (душевен мир), а други интерперсонални (искрено пријателство). Тука се поместени следниве 18 вредности: удобен живот, возбудлив живот, чувство дека нешто е постигнато, безбедност на семејството, слобода, среќа, внатрешна хармонија, зрела љубов, национална безбедност, мир во светот, свет на убавина, еднаквост, задоволство, спасение на душата, самопочитување, општествено признание, искрено пријателство и мудрост. Инструменталните и терминалните вредности се меѓусебно поврзани. Според Rokeach (според Rejk и Edkok, 1978) постои концепциска придобивка од дефинирањето на сите терминални вредности како идеализирани *животни цели*, а на сите инструментални како идеализирани *форми на однесување*. Со други зборови, терминалните вредности се одговорни за

долгорочните постапки и цели, додека инструменталните се одговорни за краткорочното однесување.

Истиот автор оди понатаму и ги идентификува двете најважни функции на вредностите. Првата е функцијата на *стандарди* кои раководат со однесувањето на поединецот. Втората, која тој ја нарекува *мотивациска*, се однесува на компонентата која ја одразува тенденцијата кај човекот за стекнување на вредности, т.е. градење на вредносен систем (според Rejk и Edkok, 1978). Освен овие, Rokeach ги наведува уште и *адаптивната*, *одбранбената* и *когнитивната*, т.е. *самоактуелизирачка* функција на вредностите. Врз основа на спроведените истражувања Rokeach наведува пет претпоставки за природата на човековите вредности (според Ajduković, 1989):

1. вкупниот број вредности кои поединецот ги поседува е релативно мал;
2. сите луѓе поседуваат исти вредности, но во различен степен;
3. вредностите се организирани во вредносни системи;
4. вредностите што претходат оставаат трага во културата, општеството, неговите институции и во личноста;
5. човековите вредности се манифестираат речиси во сите феномени кои научниците ги истражуваат.

Во својата теорија Рокич зборува и за *систем на верување,* како и за неговата структура, постулирајќи континуум меѓу отворените и затворените системи на верување. Системот на верување го дефинира како „*обем во кој поединецот може да го прими, процени и дејствува врз релевантниот податок што го прифатил, а при тоа врз него да не влијаеле неважни фактори било од надворешната средина, било од него самиот.*" Според него, поединецот може да има многу прогресивни верувања и отворени идеи, но да им приоѓа на затворен или догматски начин. Тоа може да се открие со начинот на кој поединецот прифаќа или отфрла одредени категории. Луѓето со затворен систем се склони кон висока анксиозност и се претпоставува дека затворениот систем претставува мисловна мрежа на одбрани од анксиозност, кои честопати

настануваат како последица од искуства во детството (според Rejk и Edkok, 1978).

Слично на Rokeach, Pitts и Woodside (според Wiebe, 2000) ги дефинираат вредностите како *„айстрактни верувања кои се наоѓаат во центарот на системот на верувања на йоединецот"*. Тројцата автори покажуваат дека вредностите се суштински дел од системот на верувања на секој поединец и тој систем треба да се проучи, за да се осознаат сличностите и разликите меѓу луѓето. На нивната дефиниција може да се надоврзе и онаа на Hofstede, според кој *„вредностите претставуваат тенденција да се преферираат одредени моментални состојби пред некои други"* (според Wiebe, 2000). Според Super (според, Ajduković, 1989) кој ја проучувал мотивацијата како хиерархиски организирана структура, вредностите се *„цели кои поединецот сака да ги оствари, за да задоволи некоја потреба"*. Во својата теорија Schwartz (Schwartz 1992; според Myyry, 2003) ги дефинира вредностите како *„цели или мотивација што служат како водечки принципи во животот на луѓето"*. Тој ги изведува вредностите од три вида универзални човекови потреби (биолошки, потреба за координација на социјалните односи и потреби за одржување и добробит на социјалната група). Моделот на Schwartz содржи 56 вредности (28 терминални и 28 инструментални), во кои се вклучени и 30 вредности што претходно ги испитувал Rokeach. Тие се организирани во 11 вредносни типови: моќ, постигнување, хедонизам, стимулација, насоченост кон себе, универзализам, беневоленција, традиција, конформизам, сигурност и духовност.

Во спроведеното истражување ќе се користи дефиницијата на вредностите на M. Rokeach. Истите ќе се разгледуваат и како животни цели и како начини на однесување, а ќе бидат мерени со модификуваната верзија на неговиот *Прашалник за вредности* (Rokeach Value Survey - RVS).

### 1.4.2. Дефинирање на вредностите во истражувањата на просторите на Југославија

На просторите на Југославија најголем придонес во теоретското изучување на вредностите дал Pantić (според Ajduković, 1989). Тој ги дефинирал на следниот начин: *„вредностите се релативно стабилни, општи и хиерархиски организирани карактеристики на поединецот (диспозиции) и на групите (елементи на општествена свест), формирани со меѓусебно влијание на историски, актуелно- социјални и индивидуални фактори, кои поради таквата припишана пожелност, го насочуваат однесувањето на своите носители кон одредени цели."* Pantić го дообјаснува концептот на пожелност, наведувајќи дека вредностите се такви потреби, ставови, интереси и други диспозиции кои се лично и социјално пожелни. Позади нив стои индивидуална, групна и пошироко културна заинтересираност, а во хиерархијата на структуралните елементи на личноста се наоѓаат на високо место благодарение на својата универзалност и пожелност. Воедно, тој инсистира на разликата меѓу концептот на „пожелно" кое има своја историска, актуелно - социјална и индивидуална етиологија и „посакувано", кое подразбира исклучиво лично придавање значење на некој објект. Критиките кои се упатуваат кон оваа сложена и сеопфатна дефиниција главно се однесуваат на пренагласување на однесувањето како важна функција на вредностите. Вредностите се манифестираат и во мислењето, во уверувањата кои не можат да се опфатат со поимот „однесување" (според Ajduković, 1989).

B. Kuzmanović (1995) во вредностите гледа сфаќања за лично и општествено пожелни начини на однесување, форми на активности и конечни состојби на поединецот и општеството. Со други зборови, вредностите се некои поопшти цели кон кои поединецот свесно тежнее, било да се однесуваат на него (индивидуално ниво), било да опфаќаат пошироки општествени состојби и односи (институционално ниво). Овој автор разликува *вредности-цели* и *вредности-средства*. Првите се класи на објекти и состојби кои сакаме да ги оствариме или одржиме, ако се веќе

остварени. Вторите дозволуват како вредности да се појавуваат и црти на личноста како начини на однесување.

### 1.4.3. Класификација на вредностите

Вредностите можат да се класификуваат според различни критериуми. Една од најчестите поделби е на *културни*, *институционализирани*, *групни* и *лични* вредности. *Културните* се во основа традиционални вредности кои се заеднички за некоја поширока заедница. *Институционализираните* се официјални вредности кои добиле статус на официјални цели и норми. Во традиционалните општества и општества кои бавно се менуваат постои склад меѓу културните и институционализираните вредности. Но, во општествата кои доживеале акутни, особено револуционерни промени, нескладот меѓу нив може да биде голем. *Групните* вредности се карактеристични за одредени општествени категории и групи кои, првенствено поради различниот начин на живот или усвојување на некои основни убедувања, градат повеќе или помалку различен вредносен систем, создавајќи еден вид субкултура во рамки на доминантниот културен систем. Кога, пак, се зборува за *лични* вредности, се мисли на вредносниот систем на поединецот. Тој може да ги споделува вредностите со културната заедница или со групите на кои им припаѓа, но може да изгради и свој вредносен систем. Во овој контекст значајна е поделбата на *вредности на општествениот живот* (од аспект на поединецот) и *вредности на личниот живот*. Тоа значи дека поединецот може да има свои сфаќања и уверувања за тоа кон кои цели едно општество треба да тежнее, но има и вредности кои се однесуваат на неговиот личен живот, односно постојат идеи за приоритетот на животните цели. Токму вредностите на индивидуалниот живот најчесто се претставуваат и испитуваат како преферирани начини на живот (животни стилови). Освен оваа поделба, значајна е и поделбата на вредностите на *вредности-цели* и *вредности-средства*. Целите се категории на објекти и состојби кон кои се тежнее, а средствата се преферирани и свесно одбрани начини на доаѓање до тие цели. Кризата и менувањето на вредносниот

систем понекогаш не се однесуваат толку на целите, колку што се однесуваат на начините за остварување на тие цели – замена на некои од дотогаш општествено прифатливите средства со општествено неприфатливи (на пример, наместо со труд и чесна работа, до материјално богатство се доаѓа со корупција, шверц, измами, кражби и сл.). За *вредностите-средства* се зборува најчесто како за морални вредности. *Моралните* вредности се верувања за тоа што е важно во животот. Тие се рангираат според приоритет, а оние кои постојано се рангираат при врвот се наречени централни вредности. Кризата на *вредностите-средства,* односно на моралните вредности се согледува како морална криза на едно општество (според Kuzmanović, 2001).

### 1.4.4. Формирање и менување на вредностите

Вредностите се организирани во хиерархии, поради што постојат разлики меѓу поединците во овој поглед. Таквите индивидуални разлики се резултат на разликите во културата, општествените влијанија, позицијата на поединецот во општеството, како и во половите улоги, возраста, групната припадност, професионалните интереси, животниот стил и личното искуство. Тие се стандарди кои под влијание на животниот пат на поединецот и тековните општествени промени се различно поттикнувани од општеството, институциите, групите и значајните други. Поради тоа, можат континуирано да се прераспределуваат на континуумот, во зависност од примената врз себе и другите. Со други зборови, многу аспекти од животот влијаат врз вредностите. Од причина што се вградени во хиерархиите, поединецот е присилен постојано да ја споредува релативната значајност на вредностите во неговата сопствена хиерархија. Тоа значи дека постојано ги споредува своите вредности со оние на другите, со цел да провери дали се вклопуваат во вредносната хиерархија. Таквото континуирано споредување на нивното релативно значење ги прави вредностите вулнерабилни и подложни на промена. Вредностите се формираат и усвојуваат низ процесот на социјализација, групирајќи се и градејќи го вредносниот систем на поединецот. Во тој процес главна улога

имаат агенсите на социјализација, меѓу кои најмногу семејството. За тоа зборува Fromm, кога истакнува дека „семејството може да се смета за психолошки агенс на општеството" (Fromm, 1965; според Murphy at al., 1995). Подоцна, Ball-Rokeach, Rokeach и Grube (според Murphy at al., 1995) тврдат дека „вредностите се развиваат и учат, тие се когнитивни репрезентации на општествените барања и на поединечната потреба за компетенција и моралност, а се одржуваат од страна на општеството по пат на позитивно или негативно поткрепување".

Во рамки на семејството, постојат три процеси по пат на кои децата ја градат и развиваат моралноста: формирање емоционални врски, учење на просоцијално однесување и учење да се почитуваат авторитетот и правилата. Учењето да се диференцира добро од лошо започнува низ емоционалното врзување со родителите. Доколку детето нема силна емоционална врска со родителите, нивната ефикасност како морални наставници е намалена. Сепак, самото врзување не е доволен услов за правилен морален развој. Просоцијалното однесување и моралните вредности мора да бидат насочувани, моделирани и засилени од страна на значајните други и затоа позитивните примери мора постојано да се одржуваат. Сигурно врзаните деца ќе го следат примерот на родителите и нивното однесување, дури и кога тоа е лошо и негативно. W. Damon (според Popenoe, 1998) истакнува дека „детското почитување на авторитетот е најзначајното морално наследство што произлегува од врската на детето со родителите". Заедничко за овие три процеси е тоа што секој од нив бара големо количество на контакт меѓу родителите и нивните деца. Родителот мора да биде физички присутен и емоционално, интелектуално и морално ангажиран.

Вредностите стануваат дел од човековите когнитивни и ментални структури преку културната и општествена асимилација, бидејќи веднаш по раѓањето детето влегува во процес на социјализација. Семејството и културата во кои детето живее имаат сопствени вредности, норми и вредносни шеми кои луѓето ги учат рано во животот со помош на родителите. Така, на пример, Weber наоѓа дека почнувајќи од третата година, поединецот учи и се социјализира под влијание на родителите,

пријателите, значајните други, интимните партнери, групите, организациите и општеството (Weber, 1990; според Murphy at al., 1995). Значаен дел од сегашното знаење за вредностите, нормите и моралниот развој воопшто, е поврзан со теориите за моралноста, меѓу кои се издвојува онаа на Kohlberg. Истата ги поддржува наодите на Rokeach за вредносна шема и на Connor и Becker за ставот кон теориите на континуум на однесување, покажувајќи дека вредностите се создадени низ процесот на социјализација и низ интеракциите во кои влегуваат поединците со нивните родители, пријатели итн. Студиите на разлики формирани во текот на овој процес покажуваат дека мажите речиси во сите делови од светот се социјализираат кон формирање на индивидуалистички вредносен систем додека, пак, жените се социјализираат кон формирање на колективистичка вредносен систем (Fromm, 1965; Kohlberg, 1970; Weber, 1990; според Murphy at al., 1995). Ова го потврдуваат и наодите од многу други истражувања (Hofstede 1984; Adler & Izraeli, 1989; Schein & Mueller, 1992; Gibson, 1993; според Murphy at al., 1995). Сепак, поновите истражувања покажуваат дека се случуваат промени во социјализацијата на машките и на женските деца кои водат до усвојување на комбинација од овие две вредносни ориентации, т.е. до развивање на андрогина вредносна ориентација (Bem, 1981; Feather, 1978; според Murphy at al., 1995).

Вредностите манифестираат релативната трајност, но и покрај тоа тие можат да се менуваат според неколку критериуми (според Ajduković, 1989):

а) според *временската димензија*: менување на традиционалните вредности на релицаја *минато – сегашност* и на релација *сегашност – иднина*;
б) според *нивното остварување*: менување поради остварување на одредени вредности или менување поради неостварување на вредностите, при што се зборува за алиенација, аномија, расчекор меѓу идеалите и праксата, дезинтеграција и слично. Неостварувањето на вредностите најнапред доведува до нивно засилување, а потоа до нивно слабеење и конечно до замена со други вредности;

в) според *животните периоди* на поединецот се зборува за промена на вредностите во адолесценцијата, зрелоста и сл.;

г) според *општите фактори* кои придонесуваат вредностите да се променат може да се зборува за културно-историски промени, за општествениот систем и тн.

### 1.4.5. Вредностите денес – постои ли морална криза?

Еден од најголемите проблеми со кои се соочуваат општествата денес е моралната криза. Емпириските докази укажуваат дека детериорацијата на стабилните бракови и семејства е нејзин главен извор, бидејќи децата ги учат моралните вредности главно во рамки на семејството, потпирајќи се врз родителските модели. Кога семејствата се нестабилни, кога родителите се отсутни, емоционално далечни, или преокупирани со проблеми и обврски или, пак, кога самите тие се неморални, учењето на моралните вредности од страна на децата е мошне отежнато (според Popenoe, 1998). Авторите предупредуваат дека моралната структура на модерните општества опаѓа. Егоистични, материјалистички интереси се закануваат да го уништат чувството на солидарност, а плуралитетот на светските гледишта овозможува уверувањата и етичките стандарди да бидат толку релативизирани што се јавува можност од губење на личните вредности во животите на луѓето (Halpern, 1995, според Kaprara, Cervone, 2003). Меѓутоа, тешко може да се утврди степенот до кој егоистичките, материјалистички вредности директно се конфронтираат со алтруистичките. Inglhart (според Kaprara, Cervone, 2003) смета дека вредностите на општеството ја осветлуваат достапноста на изворите за задоволување на човековите потреби. Според него, економските проблеми водат кон изразеност на материјалистичките, додека економската благосостојба води кон јакнење на постматеријалистичките вредности. Сепак, тој не прави јасна разлика меѓу едните и другите, особено што не може соодветно да се опфатат брзите промени во вредностите кои се присутни во многу делови од Блискиот Исток и Азија. Она што е значајно да се има во предвид при разгледувањето на влијанието на социјалните фактори врз

менувањето на личните вредности е фактот дека поединецот не ги восприема пасивно социјалните влијанија, туку делумно ги модификува и активно ги избира социјалните фактори (според Kaprara, Cervone, 2003).

Kuzmanović (2001) смета дека криза на вредностите постои и особено ја има зафатено сферата на *вредностите-средства*, т.е. моралните вредности, па оттаму може да се зборува и за морална криза. Таа всушност настанува последна, откако претходно ќе се случи економска, а потоа и криза на правниот и политичкиот систем. Промена е настаната и во поглед на целите, но највидлива е онаа која се однесува на сфаќањето за тоа кои средства се дозволени на патот кон остарувањето на тие цели. При анализа на фазите во развојот на кризата на вредности тој забележува појава која ја нарекува *суспензија на вредностите*. Тука се мисли на моментот кога поединецот забележува дека многумина не се придржуваат до декларираните вредности и кога почнуваат да сфаќаат дека тоа што им е пренесувано како позитивно од страна на семејството и некои од другите агенси на социјализација, во реалноста веќе не функционира и мора да почнат да се однесуваат на сличен начин за да опстанат. Поединецот се уште верува во сопствениот вредносен систем, смета дека се тоа значајни вредности и дека треба да ги оствари и зачува, но станува свесен дека мора да отстапи од нив, убедувајќи се дека тоа е само привремено, ги остава на страна и почнува да се однесува според некои други принципи – оние на елементарно самоодржување. Оттука, поединецот може негативно да вреднува некои од стредствата, кои во исто време во секојдневниот живот сепак ги применува. Ваквата појава Kuzmanović (2001) ја нарекува општествена „шизофренија" објаснувајќи дека истата е мошне непријатна за самиот поединец и е еден од факторите кои ја поттикнуваат понатамошната промена и трансформација на вредносниот систем (на пример, средствата кои до тогаш се сметале за неприфатливи сега се сметаат за дозволени, па и пожелни, под изговор дека „сите така прават". За овој проблем може да се зборува како за *аномија*. Според Kuzmanović (2001) аномијата е распаѓање на вредностите, правните и моралните норми, а за неа може да се зборува и како за чувство на распаѓање на сите норми, непостоење на морал, хаотичност, бесперспективност, цинизам.

Таквиот тренд е забележан веќе од крајот на осумдесеттите години на минатиот век и бележи континуиран пораст. Се чини дури дека аномичноста, како психичка состојба, е посилна од вистинската аномија. Со други зборови, нештата изгледаат поцрни од што навистина се, нормите се применуваат помалку од што навистина се применуваат итн. Најтешката последица од овој процес е еден вид вредносен вакуум - чувство дека сите вредности се распаднале. Во христијанската традиција, на пример, надежта се смета за врвна доблест. Во тој контекст, неизвесноста, хаосот и збрката се непријатели на надежното мислење. Луѓето кои ја изгубиле работата или немаат можност да напредуваат во професионалната кариера, ја губат смислата за живеење. Во случајот на Р. Македонија ова е особено видливо кај невработените и лицата што живеат во сиромаштија*. Истражувањата спроведени во текот на 2006 година наоѓаат ниски (дури и потпросечни) нивоа на надеж кај невработените лица. Притоа, периодот на средна зрелост, во овој поглед, е особено чувствителен (Арсовски, 2006; според Мурџева-Шкариќ, 2007).

Една од главните причини за ваквата аномична состојба е фактот што од страна на масовните медиуми експлицитно се фаворизираат модели со крајно сомнителна морална порака – поединци кои се збогатиле за кратко време на нечесен начин, а се претставуваат како успешни бизнисмени; агресивни хероi кои убиваат во име на правдата, корумпирани јавни лица; автократи како демократи итн. Сето тоа е проследено со имплицитната порака дека сиромашните се неспособни (според Kuzmanović, 2001). Крајниот епилог има своја добра и лоша страна. Лошата е во тоа што многу луѓе, а особено младите се раскинати меѓу вредностите во кои семејството ги учело да веруваат и оние кои се користат во јавноста со цел - целосна комерцијализација и материјализација на свеста. Добрата страна е во тоа што полека, но сигурно се зголемува бројот на оние кои се свесни дека таквиот начин на живот не води кон развој и дека промени се повеќе од неопходни, вложувајќи ги, при

* Според последните податоци што ги соопштува Државниот завод за статистика, во Р. Македонија во II квартал од 2006 год. 36,1% од активното население се невработени. Овој број во однос на I кврatал од 2006 год. е зголемен за 0,4%,. Што се однесува до сиромаштијата, процентот во 2005 год. изнесува 41,5% за семејства каде двајцата се невработени; 28,2% за семјества со 1 вработен, односно 16,8% за семејства со двајца вработени. Во Скопје вкупниот процент на лица што живеат под линијата на сиромаштија за 2005 год. изнесува 30.9% (www.stat.gov.mk)

тоа, сите свои ментални и личносни сили да најдат излез од ќорсокакот. Впрочем, како што наведува Мурџева–Шкариќ (2007), психологијата на 21 век е насочена кон позитивните сили кои луѓето ги поседуваат, а не кон нивните слабости.

## 1.4.6. Зошто е важно да се истражуваат вредностите

Теоријата и истражувањата на вредностите низ времето засилено напредуваат од сфаќањето дека вредностите се извлечени од човековиот основен вредносен систем, кој му помага да се снаоѓа низ многуте сфери од неговото живеење (семејство, работа, пријатели и сл.) Вредносниот систем, пак, го насочува однесувањето поставувајќи ги критериумите кои поединецот треба да ги користи, за да ги оцени и дефинира акциите и настаните што се случуваат во светот околу него. Тој одредува кои акции и настани ќе се оценат како посакувани или непосакувани. За разлика од целите, вредностите никогаш до крај не се постигнуваат, туку се континуирани насочувачи на искуството. Тие се наоѓаат во срцето на ставовите и однесувањето. Оттука произлегува првата и основна причина за нивно интензивно и континуирано истражување: најпрво мора да се разберат и осознаат вредностите на поединецот и културата, за да може да се размислува за менување на неговите ставови и однесување. Во склад со ова, врз основа на вредностите може да се предвиди како поединецот или групата ќе постапуваат во одредени ситуации. Тие се основата врз која поединецот ги прави личните избори и судови. Авторите кои работат на ова поле потврдуваат дека кога се истражуваат вредностите неизбежно се споредуваат и концептите на ставовите и верувањата. Ова доаѓа оттаму што сите три концепти се меѓусебе тесно поврзани.

Значајноста на истражување на вредностите авторите ја гледаат и во тоа што истите ќе им обезбедат на луѓето подобра меѓусебна комуникација, селекција меѓу алтернативни цели или постапки, похумани односи и поквалитетен живот (Walker & Olson, според Brevik, 2000). За Rokeach и Murphy (според Murphy at al., 1995) вредностите имаат неколку важни функции: служат како стандарди и водачи на перцепцијата,

однесувањето и донесувањето одлуки; им овозможуваат на луѓето да покажат љубов и разбирање; служат како мотиватори кои водат кон исполнетост и задоволство од себе си; служат и како организатори и водачи на активностите и однесувањето во состојба на конфликт итн. Murphy (1995) исто така, наведува дека ако се земе во предвид фактот што вредностите се основната структурна единица во градењето и социјализацијата на ставовите и однесувањето кое од нив произлегува, нивното познавање ќе овозможи подетален увид во почитувањето и практикувањето на истите во многу професии, особено оние кои се фокусирани на работа со луѓе. Конечно, многу истражувања покажуваат дека вредностите се менуваат низ времето и тие промени се јасно видливи кај секоја нова генерација. Денес, во голем степен се напуштени традиционалите вредности и заменети се со нови, каратеристични за современиот начин на живеење. Во таа смисла, Wooldridge и Wester прават споредба и доаѓаат до следнава листа вредности (според Wiebe, 2000):

- **Традиционални вредности**: етика на себеодрекување; повисок животен стандард; традиционални полови улоги; традиционален семеен живот; верба во институциите; се живее за да се работи; обожување на херои; експанзионизам; патриотизам; индустриски развој; рецептивност кон технологијата.
- **Нови вредности**: етика на себеисполнување; подобар квалитет на животот; измешани полови улоги; индивидуална дефиниција на успехот; алтернативи на семејство; потпирање врз самиот себе; работење за да се живее; љубов кон идеите; плурализам; намалување на национализмот; пораст на чувството за ограничувања; пораст на информациските сервиси; технолошка ориентација.

Сето наведено придонесува областа на вредностите да биде една од најинтересните и најпредизвикувачки за истражување.

## 1.4.7. Релевантни истражувања на вредностите

Поврзаноста меѓу вредностите и ставовите се истражувани како фактор за појава на наклонетоста (Newcomb, 1961; Byrne, 1971; според Rot, 1989). Richardson (според Rot, 1989) во своите истражувања наоѓа сличности во вредностите и ставовите кај пријателските групи, што укажува на значајноста на врсниците како агенс на социјализација кој влијае врз усвојувањето на одредени вредности од страна на поединецот и врз завземањето став по одредени теми и прашања. Студијата на Murphy потврдува дека вредностите се во основата на ставовите (како специфична ориентација кон луѓето и нештата) и на когницијата (ум или карактеристика на мислењето) што го условуваат и насочуваат однесувањето (Murphy, 1994; според Wiebe, 2000).

Sabatier & Lannegrand - Willems (2005) во Франција, спровеле истражување во кое биле вклучени 95 тријади на три генерации (баби, мајки и адолесценти). Тие ја мереле семејната солидарност од два аспекти: вредности (во домените индивидуализам, колективизам и семејни вредности) и модели на врзување. Како што наведуваат авторките, за современите француски семејства кај сите генерации е карактеристична одредена комбинација на автономни вредности и солидарност, засновани врз општествениот договор и почитувањето на хиерархија. Резултатите до кои дошле говорат дека адолесцентите покажуваат високо ниво на прифаќање на семејните вредности, но и високо ниво на индивидуализам. Исто така, податоците покажуваат поголема близина меѓу адолесцентите и нивните мајки, отколку со нивните баби и јасна трансмисија на вредностите од мајките на адолесцентите.

Меѓугенерацисоко пренесување на вредностите е истражувано од страна на повеќе автори. Добиените резултати најчесто укажуваат дека истото е селективно и дека не се пренесуваат сите содржини. Тоа зависи од точната перцепција на вредностите и нивното прифаќање, како и од квалитетот на врските меѓу припадниците на различните генерации. Поголемата близина доведува и до поголемо прифаќање на истите (Grusec & Goodnow, 1994; Rohan & Zanna, 1996; Knafo & Schwartz, 2003; според Albert

& Trommsdorff, 2003). Влијанието на семејството е докажано како значајно во однос на начинот на кој адолесцентите размислуваат во врска со одговорноста, должноста, помагањето, великодушноста и сл., како и во однос на нивното однесување (Pancer & Pratt, 1999; според Morrissey & Werner - Wilson, 2005). Исто така, многу автори посочуваат дека поширо-ката општествена средина, низ процесот на социјализација, може да има силно влијание врз начинот на кој адолесцентите ги перципираат своите семејства, што е тесно поврзано со прифаќањето на нивните вредности (Benson, Leffert, Scales & Blyth, 1998; според Morrissey & Werner - Wilson, 2005).

Во истражувањето на Silbereisen (2004) биле вклучени адолесценти на возраст од 11 до 17 години и нивните родители, при што се анализирани 431 дијада мајка - дете и 346 дијади татко - дете. Резултатите покажуваат трансмисија на вредностите поврзани со традиционалниот начин на живот и религиозноста, во традиционални и религиозни семејства, каде се применува натпросечно висок авторитарен родителски стил. Kuczynski & Grusec (според Pinquart, 2004) соопштуваат наоди од истражување според кои родителите потешко ги менуваат вредностите кои им се значајни и во однос на истите не се подготвени да дискутираат со своите адолесценти. Сличното важи и за адолесцентите. Сепак, за вредностите кои се помалку важни, постои подготвеност да се дискутира од страна на двете возрасни групи (Smetana, Yau & Hanson, 1991; според Pinquart, 2004).

Истражувањата покажуваат дека материјалистичките вредности се поизразени кај семејства кои поминуваат низ стрес предизвикан од ниски примања, сиромаштија, невработеност, развод и сл. Ова е особено изразено кај адолесцентите кои потекнуваат од вакви семејства (Roberts, Manolis & Tanner, 2003; Chang & Arkin, 2002; Kasser, 2002; Rindfleisch, Burroughs & Denton, 1997; според Roberts & Tanner, 2005). Авторите наоѓаат дека материјалистичките вредности на адолесцентите корелираат со повисоките преференции на материјалистичите вредности на родителите, како и со општествено ориентираните родителски стилови (Kasser et al., 1995; Flouri, 1999; според Roberts & Tanner, 2005). Ваквите вредности се поизразени кај адолесцентите чии родители не им обезбедуваат во

доволен степен чувство на сигурност (Kasser , 2002; Williams, Cox, Hedberg & Ryan, 2000;Cohen & Cohen, 1996; според Roberts & Tanner, 2005).

Првите поинтензивни истражувања од областа на вредностите на подрачјето на поранешните југословенски простори се изведени во периодот од 1967 до 1975 година и продолжуваат во периодот од 1981 до 1995 година (Joksimović, 1968, 1976; Rot, 1969; Pantić, 1975, 1974, 1977, 1981; Rot i Havelka, 1967, 1973; Tomanović, 1981; Kuzmanović, 1972, 1988, 1994; Popadić, 1988, 1994). Така, на пример, кога се работи за вредностите и вредносните ориентации кои се однесуваат на општествената сфера, емпириските истражувања покажале дека во сеумдесеттите и првата половина на осумдесеттите години од дваесеттиот век, поголемиот дел од граѓаните, особено младите, ги прифаќале просистемските вредности и ставови (Joksimović i dr., 1976; Pantić, 1977, 1981; според Kuzmanović, 2001). Преовладувале арелигиозноста, колективистичката и модернистичка ориентација, отвореност кон светот, ниска етничка дистанца итн. (Rot i Havelka, 1973; според Kuzmanović, 2001).

## 1.4.8. Истражувања на вредностите во Р. Македонија

Во едно од првите истражувања на вредностите во Македонија, во 1988 година, Николоска направила емпириска проверка на теоријата на Маслов за В-вредностите. Испитаници биле студенти од скопскиот универзитет. Истражување на системот на вредности е спроведено и од страна на Стаменкова-Трајкова, Арнаудова и Ачковска-Лешкоска, во 1994 година, а ги опфаќа варијаблите пол, место на растење, етничка и религиозна припадност и степен на религиозност. Испитаниците биле студенти, наставници, невработени и бизнисмени, при што се споредени добиените резултати на сите четири групи. Такашманова-Соколовска (според Бакревска, 2002), во 1994 година ги испитува вредносните ориентации и моделите за идентификација кај адолесцентите на возраст од 10.6 до 17.6 години. Резултатите од нејзиното истражување покажуваат дека адолесцентите ги претпочитаат вредностите кои укажуваат на семејна хармонија, блискост, потреба за слобода и лична сигурност,

потреба за верно и искрено пријателство. Тодорова-Морено во 1996 година ја споредува структурата на вредносниот систем кај наставници и студенти и заклучува дека во поглед на вредностите тие се специфични супгрупи во македонската култура.

Во 2000 година Арнаудова спроведува истражување на вредностите на примерок студенти на Филозофскиот, Педагошкиот, Факултетот за ликовна уметност и Природно-математичкиот факултет. Авторката како водечки принципи во животот на младите ги наведува конформизмот, постигнувањето и насоченоста кон себе, а како најмалку преферирани се стимулацијата, моќта и традицијата. Постојат уште многу истражувања во нашата земја кои овде не се наведени и сите тие главно се фокусираат на претходно споменатите групи испитаници и варијабли. Бакревска (2002), во рамките на својата дипломска работа спровела истражување во кое испитаници се адолесценти на возраст од 14 до 18 години. Резултатите во однос на вредностите говорат дека за четиринаесетгодишниците најпреферирани вредности се среќа, љубов, слобода и верно пријателство. За шеснаесетгодишниците тоа се љубов, слобода, среќа, верно пријателство и самопочитување. Кај осумнаесетгодишниците се слобода, верно пријателство, љубов, среќа и самопочитување. До сега кај нас не е спроведено истражување на вредностите и вредносниот систем во кое би се опфатиле генерации на родители и деца, што е причина повеќе да се изработи овој труд.

## 1.5. Вредносни ориентации – поим и дефиниции

Според Kuzmanović (1995) не постои голема разлика меѓу вредностите и вредносните ориентации и често овие термини се употребуваат како синоними. Евентуалната разлика е во тоа што вредностите се однесуваат на повеќе артикулирана и одредена концепција за пожелното, а вредносните ориентации на поширока, помалку артикулирана концепција за пожелното која има релативно доследна и кохерентна насоченост кон одредна категорија на цели.

Ж. Требјешанин (2001) во психолошкиот речник вредносните ориентации ги определува како: „*карактеристичен животен стил, т.е. начин на перцепирање, мислење и однесување кој е одреден од една централна вредност.*"

Вредносните ориентации се релативно трајна динамичка диспозиција на личноста, што го детерминира начинот на однесување во одредени ситуации, при што тој образец на однесување не мора да биде ниту ценет, ниту свесно протежиран како одраз на некоја вредност. Но, штом почне свесно да се прифаќа, цени и да се поставува како цел, веќе е на пат да се оформи како вредносна ориентација (според Михајловски, 2003). Поширокото одредување на вредносните ориентации по содржина најмногу се приближува на преференциите на животните стилови. Според ова сфаќање, вредносните ориентации се било што, што некоја личност повеќе сака или преферира. Притоа, ваквото преферирање не треба да биде проследено со верувањето дека треба да се тежнее кон таа цел т.е. дека тој избор е вреден за пофалба, а другите се за осуда. Секој избор претставува оформување на сопствениот живот, но некои избори се прават автоматски, а за други се размислува, бидејќи се сметаат за многу значајни. Животот на секој човек се разликува по многу детали од животот на било кој друг човек. Дали тие детали ѝ се бендисуваат помалку или повеќе, дали би ги промениле и на кој начин, тоа не зависи само од вредностите, туку и од сите останати лични карактеристики - цртите на личноста, темпераментот, знаењето, искуството, естетските преференции итн. Доколку се обидеме начините на живот да ги средиме во помал број на категории, вредностите ќе избијат во прв план како критериум за разликување. Ова оттаму што вредносните координати се побазични од другите и претставуваат порелевантен критериум за категоризација. Освен ова, во типизираните „прочистени" начини на живот акцентот е ставен на оние елементи чие остварување е работа на избор и личен напор, а под ова се подразбира дека со изборот на еден елемент и настојувањето таа цел да се оствари, сите останати можности стануваат помалку достапни. Затоа, основното прашање кое произлегува од анализирањето на поединечните начини на живот не е дали некој сака

или не сака да има многу пари, да стане популарен или непопуларен и сл., туку дали е подготвен својот начин на живот да го организира така што останатите активности ќе ги подреди на постигнување на споменатите цели (според Ефремов, 2005).

Во реалниот живот луѓето не мора да изберат само една цел кон која ќе тежнеат, бидејќи многу цели не се меѓусебно исклучиви. Всушност, луѓето настојуваат да ги ускладат вредностите, да ја остварат секоја колку можат и да ги задоволат меѓусебно исклучивите желби преку одреден временски распоред (Popadić, 1995).

Spranger разликува неколку типови на вредности, правејќи нивна класификација заснована на сфаќањето дека секој поединец има некој вид на единствена филозофија на животот (доминантна вредност) која ја структурира севкупната личност (Spranger, 1928; според Hrnjica, 1982; Ефремов, 2005). Според оваа класификација „идеалните" типови на вредности се: *теоретски, економски, естетски, социјални, политички и религиски.* Врз основа на оваа класификација, Popadić ја конструира скалата за мерење на преференциите на животните стилови, која ќе се користи и за потребите на ова истражување.

## 1.5.1. Релевантни истражувања на вредносните ориентации

Kuzmanović (1989) во едно свое истражување кај испитаниците наоѓа изразена конформистичка и авторитарна ориентација. Pantić (1990) испитал 1083 испитаници на возраст од 15 до 27 години и нашол дека значајно опаднале чувствата на колективизам, солидарност, егалитаризам, дури и хуманизам, а се зголемила религиозноста. Исто така, значително опаднале вредносните ориентации кои се однесуваат на акциониот потенцијал на младите и прометејскиот активизам, па дури и амбициозноста која е карактеристична за таа возраст. Највпечатлив бил наодот за значителен пораст на доживувањето на аномичност (според Kuzmanović, 2001). Во истражувањето на Popadić (1990) како најпреферирани вредносни ориентации се покажале семејно-сентименталната, алтруистичката, сознајната и утилитарната ориентација. Најмалку

привлечни се покажале религиозно-традиционалната и ориентацијата на моќ. Истражувањето е направено на примерок ученици од основно и средно училиште. Резултатите покажале дека учениците од основно и средно училиште имаат идентични преференции.

Havelka, Kuzmanović i Popadić (1988-89, 1994) спровеле опширна студија во која испитувале пет сегменти и аспекти на вредностите и вредносните ориентации: вредносни ориентации сфатени како биполарни димензии; вредности како преференции на општествените цели; преферирани животни стилови; вредносни очекувања од идната професија и модели кои младите ѓи избираат. Во студијата биле вклучени ученици од осмо одделение и од четврта година во средно училиште. Основните наоди се дека најголеми промени се настанати во сферата на идеолошките и идеолошки релеватните вредности. Намален е степенот на прифаќање на општествената сопственост, а зголемено е прифаќањето на приватната сопственост. Намалена е егалитаристичката ориентација, а во голема мерка е зголемена религиозноста. Во одреден степен се намалени конформизмот и авторитарноста. Значајно помалку се прифаќа општествениот активизам, најверојатно поради зголемено чувство на апатија и немоќ по настаните во почетокот на 90-те години. Се намалува и бројот на приврзаниците на социјалната еднаквост, а се зголемува бројот на оние кои науката и образованието ги сметаат за едни од приоритетните цели. Младите повеќе се врзуваат за потесни групи, пред се за семејството. Тие прифаќаат стил на живот кој може да се оцени како егоистички, а многу ниско ја избираат алтруистичката ориентација и прометејскиот активизам. Најпопуларен животен стил е семејниот, потоа утилитаристичкиот и сознајниот. Следуваат хедонистичкиот, прометејски активизам, ориентација кон популарност, а најмалку се избираат религиозниот стил и ориентацијата кон моќ. Подоцна Popadić (1995), користејќи го истиот инструмент за претпочитани животни стилови, дошол до слични резулатати. Ориентацијата на моќ останала најнепривлечна ориентација, а семејно-сентименталната најмногу привлечна ориентација.

Истражувањето на Стојановиќ (2001) на осмоодделенци во Тетово ги потврдило резултатите од истражувањето на Popadić. Како прв избор за

најпреферирана ориентација, осмоодделенците убедливо ја избирале семејно-сентименталната ориентација, додека за најмалку преферирана била бирана ориентацијата на моќ. Висок степен на изразена преференција осмооделенците покажале кон семејно-сентименталната, утилитарната, религиозно-традиционалната и сознајната ориентација, а најнизок степен на преференција кон ориентацијата на моќ. Во 2003 година Ефремов, како дел од својата дипломска работа, покрај другите варијабли ги испитува и вредносните ориентации на вкупно 405 студенти на Филозофскиот и Електротехничкиот факултет во Скопје, од прва и четврта година. Добиените резултати говорат дека студентите на овие два факултета за најпреферирани вредносни ориентации ги бираат семејно-сентименталната, сознајната и утилитарната ориентација, а за најмалку преферирани - ориентацијата на популарност и ориентацијата на моќ. Утврдено е и постоење на значајни разлики помеѓу студентите од ЕТФ и Филозофски во однос на алтруистичката, сознајната, ориентацијата на популарност, прометејски активизам и религиозно-традиционалната ориентација, кои се објаснети со природата на студиите и годината на студии (Ефремов, 2005).

## 1.6. Ставови – поим и дефиниции

Интересот за истражувањето на ставовите произлегува од влијанието кое тие го имаат врз однесувањето на поединецот. Врз основа на нивното проучување се прават обиди да се разберат и предвидат постапките на луѓето во однос на општествено значајните појави. Кога станува збор за дефинирањето на ставовите, состојбата е слична како и со вредностите. Речиси секој автор има своја дефиниција. Така, Kretch, Cratchfield и Ballachey (според Rejk и Edkok, 1978) ставовите ги дефинираат на следниот начин: *„ставовите се релативно трајни системи на позитивно или негативно оценување, чувствување и преземање акција за или против, а во однос на различни објекти"*. Овде акцентот е ставен врз сложениот карактер на ставовите. Тие се состојат од три компоненти:

- *Когнитивна* – ја сочинуваат знаењата за објектите кон кои постои став, судовите, вредносните судови итн. Со знаењето се поврзува и вреднување или евалуирање, оценка дека нешто е добро или лошо, односно вредно или невредно;
- *Афективна* – укажува на тоа дека за содржините кои се предмет на ставот секогаш се врзуваат и одредени чувства, што објаснува зошто при помислата на некој објект или појава се чувствуваме пријатно или непријатно;
- *Бихејвиорална* – се состои во тенденцијата да се преземе нешто во врска со објектот кон кој имаме став. Притоа, позитивниот став ќе доведе до акција која ќе го зацврсти или развие објектот на ставот, а негативниот до акција која ќе го спречи неговиот развој.

За Allport, пак, ставот е „*ментална подготвеност, формирана врз основа на искуството која врши динамичко и директивно влијание на реагирањето на поединецот на објектите и ситуациите со кои доаѓа во допир*" (Allport, 1935; според Rot, 1989). Оваа дефиниција укажува на трите најважни карактеристики на ставовите: релативна трајност, се стекнуваат во текот на животот, имаат директивно и динамичко дејство. На овој начин Allport ги нагласува следните нивни својства:

- *диспозициски карактер* – тие претставуваат трајна, неутрална и ментална подготвеност која во одредена ситуација може да се актуелизира. Постојат латентно, со тенденција да се манифестираат во одредена ситуација. Оваа особина на ставовите укажува на нивната улога во релативно доследното однесување на луѓето;
- *наученоста врз основа на искуството* – луѓето не се раѓаат со ставови, туку ги учат од искуството. Живеејќи и дејствувајќи во конкретна средина и под конкретни услови секој поединец оформува специфични ставови и

- *директивно и динамичко дејство* – директивно е бидејќи од нив зависи дали некој објект, лице или појава ќе ги оцениме позитивно или негативно, дали ќе бидеме за или против нив; динамичко е бидејќи од ставот ќе зависи не само нашето мислење, туку и однесување.

Rokeach (според Rejk и Edkok, 1978) ставовите ги дефинира како *„релативно долготрајна организација на верувања во врска со некој објект или ситуација кои го предиспонираат поединецот да реагира на одреден преферирран начин"*. Оттука следува дека ставот е пакет верувања кои се состојат од меѓусебно поврзани тврдења за ефектот според кој одредени нешта во специфични ситуации се вистински или лажни, а други нешта во врска со тоа се посакувани или непосакувани. Ставовите претставуваат интеграција на психичките функции. Тие се стекнати и се резултат на животното искуство. Може да се сметаат за форма на прилагодување на поединецот кон средината. Најчесто се делат на лични и социјални. Личните ставови се карактеристични само за еден поединец. Тие се најчесто поврзани во посложени структури. Ретко постои потполна складност и поврзаност на сите ставови на поединецот. Во неговата структура на личноста постојат т.н. базични (примарни) ставови кои се општи и ја опишуваат општата ориентација кон одредени животни подрачја и секундарни ставови, кои ги има во поголем број. Структурата на ставовите зависи како од цртите на личноста, така и од социјалните и културните фактори. Социјалните ставови се заеднички за поголем број лица, бидејќи се однесуваат на општествено значајни појави и како такви даваат можност за споредба (според Rot, 1989).

За да се предочат квалитативните и квантитативните разлики меѓу ставовите се користи поимот *димензија*. Во литературата најчесто се наведуваат следниве димензии на ставовите: *дирекција, екстремност (или валенција), сложеност, усогласеност, доследност, сила (интензитет), отвореност*. Во многу истражувања на ставовите првенствено се испитува валенцијата. Оваа димензија го одразува вреднувањето на објектите на ставот (според Rot, 1989). Од причина што оценувањето и вреднувањето на објектите е најважна црта на секој став, валенцијата може да се нарече и

вредносна димензија на ставот (Osgood, 1957; според Rot, 1989). Ставовите, исто како и вредностите, се однесуваат на појави кои не можат директно да се набљудуваат, туку за кои може да се заклучува само посредно. Споредени со вредностите, ставовите се поспецифични. Тие се однесуваат на некој конкретен објект, што не важи и за вредностите. Вредностите служат како стандарди и можат да се посматраат како идеали кон кои се тежнее. Од тој аспект, ставовите и однесувањето можат да се сметаат за производи на вредносните ориентации. Вредностите завземаат централна позиција, бидејќи се дел од структурата на личноста. Оттаму, би било потешко да се сменат вредностите, отколку ставовите на поединецот. Ставовите кон одредена група можат да се поврзат со повеќе вредности. Гледано така, вредностите се поапстрактни од ставовите, поради што е тешко да се откријат во шемите на однесувањето. Доколку личноста почитува одредени вредности, тогаш тоа го прави секогаш и секаде. Тоа особено се однесува на моралните вредности (според Rejk & Edkok, 1978).

### 1.6.1. Формирање и менување на ставовите

Процесот на формирање на ставовите е сложен и долготраен. Според Rejk и Edkok (1978) можат да се издвојат четири нивои или фази низ кои се разгледува овој процес и тоа: 1) личноста на поединецот и предиспозициите кои доаѓаат до израз во било која ситуација; 2) интеракцијата на детето со другите членови од општествената средина– процес на социјализација; 3) припадност на групата и начинот на кој таа влијае врз неговите ставови и вредности и 4) поединецот како член на општествената класа. Помеѓу овие нивои постои динамичен процес на интеракција. Процесот на социјализација ќе биде подетално разработен подоцна во трудот. Што се однесува до припадноста на групата и на општествената класа познато е дека секоја група на која поединецот ѝ се приклучува има одредени општествени норми. Општествена норма е исчекување кое го споделуваат припадниците на одредена група и која го специфицира соодветното однесување, мисли, чувства и ставови. Во рамки на која било група постои притисок врз новиот член да се конформира со

овие норми. На тој начин групата може да ги дефинира, модификува и одржува ставовите и вредностите на секој поединец. Истражувањата говорат за очигледно силното влијание на припадноста кон конкретен социоекономски слој. Тој до одредена мерка ја дефинира средината во која поединецот живее, па оттука и вредностите кои се пренесуваат мора да бидат во согласност со неговата структура. Механизмот со кој дејствува групата врз поединецот во поглед на формирањето на ставовите се одвива на три начини:

- преку избор на информации и филтрирање на оние кои ќе допрат до членовите на групата;
- преку нагласување на групните вредности и веродостојноста на комуникаторите на кои групата им е наклонета и
- преку социјална поддршка која групата ја дава за одржување на ставовите во согласност со групните сфаќања.

Osmančević (2003) истакнува дека во основа не постои мислење или став на поединецот кое е сосема автохтоно, карактеристично исклучиво само за него и значително поинакво од сите останати поединечни мислења. Сличноста на индивидуалните наспротив групните ставови е определувачка за поединечно пристапување кон групата, во која врз основа на комуникациска интеракција тие мислења и ставови се потврдуваат, зајакнуваат и стануваат поочигледни. Тоа доаѓа оттаму што во таа интеракција поединецот ги соочува своите ставови со ставовите на групата, својот вредносен систем го споредува со оној на групата, што може да резултира со согласување, за што групата го наградува поединецот или со несогласување, што доведува до различни начини на казнување. Оној што мисли поинаку не е глупав, туку е лош и не треба да биде дел од неа. Сепак, ниту еден поединец не е припадник на само една група, ниту се групите хомогени целини на истомисленици во кои владее хармонија меѓу мислењата и ставовите. Секој поединец е припадник на повеќе различни групи, кои можат да имаат слични или идентични ставови, што се рефлектира врз ставовите на поединецот, зајакнувајќи ги. Но, се случува вредностите и ставовите на групата да бидат спротивни на личните, поради што поединецот се наоѓа во „конфликт на улоги”. Тој не е

одделен од останатите припадници на групата, но и групите не се меѓусебно одделени. Таквата испреплетеност се гледа не само во припадноста на поединецот на примарната група, туку и на повеќе секундарни групи, при што сите тие на свој начин влијаат врз него.

Rot (1989) факторите кои влијаат врз формирањето на ставовите според нивната општост и според тоа дали дејствуваат посредно или непосредно ги дели на три групи: 1) општи, универзални фактори, кои влијаат врз севкупните општествени случувања; 2) поопшти фактори кои понепосредно дејствуваат на однесувањето и 3) фактори кои произлегуваат од спецефичните услови во кои поединецот се наоѓа во покус или во подолг период. Факторите кои влијаат врз формирањето на ставовите се истите кои влијаат и врз нивното менување. Kreč, Kračfild i Balaki (според Rot, 1989) истакнуваат дека треба да се разликуваат различни видови менувања на ставовите. Ставовите можат да се менуваат во поглед на нивниот интензитет и дирекција, при што полесно е да се смени интензитетот отколку дирекцијата. Дали ставовите ќе се менуваат полесно или потешко зависи од нивните карактеристики какви што се екстремноста, сложеноста, усогласеноста, силата и др., како и од одредени особини на личноста. Екстремните ставови, оние со поголем степен на убеденост во нивната точност, се менуваат многу потешко и побавно. Истото важи и за другите карактеристики на ставовите. Така на пример, ставот кој е поврзан со голем број други ставови и е усогласен со нив ќе биде поотпорен на обидите да се промени. Освен од карактеристиките на самиот став, ефектот од дејствување на различни фактори ќе зависи и од многу карактеристики на личноста, а пред сѐ од нејзините мотиви. Доколку одредени мотиви се поинтензивни, а постоечкиот став има инструментална вредност за нивното задоволување, дотолку ставот потешко ќе се менува. Меѓу општите црти на личноста, во литературата се набројуваат интелигенција, персуазибилност (општа карактеристика на луѓето да подлегнуваат под влијание на некоја комуникација без оглед на нејзината содржина, комуникаторот, средствата на комуникација и условите во кои таа се остварува) и потреба за когнитивна јасност. Групата, како што е веќе наведено, е еден од основните фактори кои

влијаат врз формирање на ставовите на поединецот, но и врз нивното менување. Напуштањето на групата која има одредени ставови и верувања и приклучувањето на друга, со поинакви ставови и верувања, често доведува до значајни промени на ставовите. Тоа се случува од причина што групата, како целина, не ги поддржува ставовите кои поединецот дотогаш ги имал и помага во формирањето на нови.

Теориите кои зборуваат за менување на ставовите го идентификуваат прогресот на индивидуализмот како нивен главен предизвикувач. Се работи за доминатна општествена идеологија врз која се потпира поддршката за слобода на избор, толеранција на разликите и еднакви можности за сите. Ваквото влијание е највидливо во ставовите и од нив произлезениот однос, кон бракот и прифаќањето на неговите алтернативни форми, кон предбрачните кохабитации, предбрачните сексуални врски, необврзувачките сексуални врски, хомосексуалните врски и бракови, како и кон вонбрачните деца. Многу автори се согласуваат дека неодамнешните интензивни промени во формирањето на врските имаат корени во демографските промени настанати од општественоекономскиот развој (Lesthaeghe, 1983; van de Kaa, 1987; Cherlin, 1992; според Reynolds & Mansfield, 1999). Почнувајќи од 1960-те многу европски земји бележат пад на бројот на склопени бракови и пораст на бракоразводите. Ваквиот тренд продолжува и денес. Промените најнапред се почувствувани во скандинавските земји, потоа во централна Европа и конечно на Медитеранот и на Балканот. Слична е состојбата и во Р. Македонија[†].

Авторите се поделени во однос на мислењата околу причините за ваквите менувања на ставовите и начините како тие да се објаснат. Додека едни сметаат дека економските теории можат целосно да ги објаснат настанатите промени, други не се согласуваат со тоа велејќи дека треба да се земат во предвид и културните фактори и тоа каков ефект имаат врз донесувањето на економските одлуки, бидејќи одлуките се под влијание на

[†] Во Р. Македонија бракоразводите претставуваат општествена појава и процес чија стапка од година во година е во постојан пораст. Така, во 2003 година биле регистрирани 1405 разведени бракови; во 2004 година – 1645 разведени бракови, а според последните податоци за 2005 година нивниот број изнесува 1552, што е за нијанса помалку од претходната (http://www.mtsp.gov.mk/soczastita/postapka/brakorazvodi.htm).

вредностите и преференциите на поединецот. Западниот свет забележува глобални промени во процесот на индустријализација и модернизација во текот на дваесеттиот век. Една од неговите главни карактеристики е *секуларизацијата* – пад на влијанието на Црквата како институција и пад на бројот на поединци кои ги застапуваат традиционалните Христијански верувања. Тоа доведува до напуштање на конформирањето со старите религиски и општествени прописи и поместување кон индивидуална автономија. Секуларизацијата е забрзана од процесот на *урбанизација*, кој го ослабнува влијанието на локалните заедници и цркви. Во склад со ова, индустријализацијата придонесува за ревизија на улогата на семејството и неговите членови, кое ја губи својата примарна функција – прокреативноста. Сите наведени процеси се дел од поширокиот процес на пад на улогата и значењето на традицијата во внесувањето ред и смисла во секојдневиот живот. Како што пишува Giddens „бракот станува само еден од многуте можни начини на живеење" (Giddens, 1996; според Reynolds & Mansfield, 1999). Традиционалното религиозно значење на бракот и структурата на врската што тој ја дава повеќе не се широко прифатени.

Уште една последица од модернизацијата е порастот на натпреварувачките вредности на слободниот пазар. Овие вредности не се задржуваат само во доменот на економскиот пазар, туку се прошируваат и на другите аспекти од живеењето, како на пример, сексуалното однесување. Растот на „потрошувачката култура" го зајакнува моментот на избор меѓу можностите за врски, продолжувајќи да ја запоставува традицијата заснована врз разбирање на општествено прифатените правила и норми. Трагите од модернизацијата се тие кои водат кон ревизија на врската меѓу општеството и поединецот. Резултат е ново нагласување на индивидуализмот, препознаен од голем број автори како клучна идеолошка промена на дваесеттиот век (Lesthaeghe, 1983; Lesthaeghe & Meekers, 1986; Beck, 1992, 1995; Ester, Halman & de Moor, 1993; Halman & de Moor, 1993; според Reynolds & Mansfield, 1999). Индивидуализмот се карактеризира со зголемено фокусирање на нуклеарното семејство и на намалување на влијанието на црквата. Тој е насочен кон истакнување на сопствениот развој, кон постигнување на индивидуалните цели и еднакви можности за сите.

Истиот може да биде концептуализиран како континуум. На едниот крај се нагласуваат индивидуалните права и обврски, кои се карактеризираат со толерантност кон туѓите гледишта и чувство на лична одговорност – тоа е *морален индивидуализам*. На другиот крај, индивидуализмот ги истакнува личната автономија која е над правата и потребите на другите – високо егоцентрична форма на индивидуализам, т.н. *прагматичен индивидуализам* (Simons, 1995; според Reynolds & Mansfield, 1999). Lesthaeghe и многу други автори (според Reynolds & Mansfield, 1999) сметаат дека е настаната промена од морален кон прагматичен индивидуализам, кој влијае врз ставовите кон интимните врски, сексуалноста и другите аспекти на модерното живеење. Покрај економските промени, нагласувањето на автономијата и слободата на избор придонесуваат да се јави пораст на феминистичките движења и можности за жените повеќе да учествуваат во високото образование, работата и сите структури на државата. Тоа, од друга страна, ја прави неопходна ревизијата на традиционалните економски врски меѓу сопружниците. Некои автори сметаат дека културата на прагматичниот индивидуализам е антиетичка за семејството (Bumpass, 1990; Stone, 1992; Popenoe, 1993; според Reynolds & Mansfield, 1999). Во таа насока други автори сметаат дека вредносниот систем станува неодреден и нејасен, општ. Како резултат на тоа, егоцентричниот, потрошувачки менталитет на необврзување станува широко распространет, дифузен, заменувајќи ги традиционалните вредности со приватизација, субјективизам и конзумеризам. Врската меѓу прагматичниот индивидуализам, порастот на материјалното богатство и конзумеризмот значи дека идикаторите на постматеријализмот поставени од Inglehart често се користат како индикатори на индивидуализмот. Оние кои го застапуваат постматеријализмот сметаат дека кохортите кои живеат во ерата на поствоено збогатување ги преместиле своите вредности од матерјалните прашања на прашањата за индивидуалната слобода. Во сферата на семејството, постматеријалистите го гледаат бракот како можност за себеисполнување. Спротивно на нив, друг автори тврдат дека индивидуализмот води кон поголема грижа за семејните врски и дека семејството е многу попотребен извор на смисла за индивидуалните

животи (Luckmann, 1967; Yankelovich, 1981; според Reynolds & Mansfield, 1999). Тука фокусот е ставен на врската меѓу сопружниците која им овозможува извор на смисла и на идентитет. Какво и да е влијанието на индивидуализмот, сигурно е дека тој ќе води кон сè поголема различност на врските и семејните форми, што ќе резултира со нови видови семеен живот (Lesthaeghe, 1995; според Reynolds & Mansfield, 1999).

### 1.6.2. Релевантни истражувања за менувањето на ставовите

Промените во ставовите т.е. нивната либерализација, се видливи во денешното сè поголемо прифаќање на традиционално неприфатливите форми на однесување, како што се предбрачниот секс, абортусот и хомосексуалноста. Така, на пример, во Велика Британија е забележан пад на неодобрувањето на предбрачниот секс од 40% за жените и 30% за мажите во 1980-те години, на само 18% и за мажите и за жените во 1994 година (Scott, 1997; според Reynolds & Mansfield, 1999). Во Ирска тој процент во 1994 год. изнесува 43%, а во Германија само 3%. Во САД, во 1994 година само 15% од мажите на возраст меѓу 18 и 27 години не го одобруваат сексот надвор од бракот. За жените на истата возраст тој процент изнесува 27%. Слични промени се забележани и во поглед на прифаќањето на абортусот, хомосексуалноста и кохабитациите. Порастот на предбрачните сексуални врски довел до пораст на кохабитациите, особено во последните триесетина години од дваесеттиот век, а тој тренд продолжува и денес. Тие се најчести кај лица на возраст меѓу 20 и 27 години. Многу автори ги сметаат за индикатор на штетното влијание на индивидуализмот, бидејќи го прават бракот непривлечен, истакнувајќи ја предноста на интимност без присила на обврска. Помладите многу повеќе ја прифаќаат ваквата форма на живеење, за разлика од возрасните (Thornton, 1989; Rindfuss & Vandenheuvel, 1990; Scott et al., 1997; според Reynolds & Mansfield, 1999). Резултатите од истражувањата спроведени во САД и Европа покажуваат дека младите и нерелигиозни, помалку традиционални и оние со помалку традиционална сексуална и граѓанска моралност се повеќе наклонети кон живеење во кохабитација, имаат

поретки врски со родителите и склони со кон неконформистички стил на однесување (Wu & Balakrishnan, 1992; Thornton et al., 1992; Axinn & Thornton, 1993; Kiernan & Estaugh, 1993; Clarkberg et al., 1995; Lesthaeghe & Moors, 1995; McRae, 1997; според Reynolds & Mansfield, 1999).

Литературата и искуството говорат дека сè повеќе се сретнуваат долгогодишни врски кои му претходат или се замена за бракот, познати како кохабитации. Почнувајќи од 1960-те години нивниот број континуирано се зголемува. До 1998 година во САД, овој број пораснал на 4.2 милиони. Речиси на половината од браковите денес им претходат кохабитации, но не постојат докази дека искуството од заедничкото живеење придонесува за успешен брак. Многу истражувања го соопштуваат дури и спротивното. Popenoe & Whitehead (според Whitbourne, 2001) тврдат дека оние кои живеат во кохабитација пред да стапат во брак имаат повеќе шанса подоцна да се разведат, отколку оние кои не живеат во ваква врска. Исто така, кај овие поединци е регистрирано пониско чувство на обврска и одговорност, за разлика од оние кои директно стапуваат во брак. Се претпоставува дека четвртина од жените на возраст меѓу 25 и 39 години живеат со партнер и дека речиси половина од нив имале искуство со кохабитација. Кохабитациите се почести кај оние кои се помалку религиозни, чии родители се разведувале, кои живееле без еден родител (најчесто татко) или живееле во услови на семејно насилство. Паралелно со зголемувањето на бројот на лица кои живеат во кохабитација, расте и бројот на возрасни кои живеат во ваква врска во која ги донеле и своите деца од претходните бракови, најчесто на возраст под 15 години. Од 197.000 во 1960 година, во САД овој број пораснал на 1.5 милиони во 1998 година (според Whitbourne, 2001).

Ваквата состојба е резултат на големите социодемографски промени кои се започнати од 1960-те години на минатиот век. Тие доведуваат до менување на општествените и морални норми кои денес, под велот на либерализмот, ги прават прифатливи и не ги осудуваат: сексуалните предбрачни врски, вонбрачните деца, хомосексуалните бракови, разводите итн. Очекувањата од бракот се поместени од истакнување на бракот како институција кон истакнување на бракот како

врска, што подразбира дека истиот може да се напушти ако не ги исполни очекувањата поради кои е формиран. Денес сè почести се алтернативните форми на брак, како што се живеење во кохабитации, необврзувачки сексуални врски, семејства со еден родител, групни бракови и сл. (според Reynolds & Mansfield, 1999).

Ставовите, заедно со вредностите и верувањата го насочуваат, неретко и го детерминираат, однесувањето на луѓето. Тие се меѓусебно тесно поврзани, поради што вистинската слика за вредносниот систем на поединецот се добива само доколку се испитуваат заедно. Резултатите од многу истражувања покажуваат дека помладите имаат полиберали морални ставови од повозрасните лица (Britton, 1990; Wellings, Field, Johnson & Wadsworth, 1999; според Kulik, 2001). Пониското образование, како и полошата финансиска состојба се поврзани со повисок степен на традиционалност, што за последица има поконзервативни сфаќања и ставови во однос на современиот начин на живот и појавите како што се развод, хомосексуалност, кохабитации итн. (Kulik, 2001). Кога станува збор конкретно за ставот кон хомосексуалноста, многу студии го потврдуваат претходно кажаното (Herek & Glunt, 1993; Herek & Capianio, 1995; Klassen et al., 1980; според Kulik, 2001). Колку е поединецот пообразован, толку има и полиберални ставови и сфаќања. Тоа се рефлектира на пример, во сфаќањето на родовите улоги и кај мајките и кај татковците (Togeby, 1995; според Kulik, 2001). Вработените, исто така, имаат полиберални ставови (Hoff-Ginsberg & Tardiff, 1995; Moore, 1995; според Kulik, 2001). Preston и Feinstein (2004), од спроведеното истражување наведуваат резултати според кои со порастот на степенот на образование на возрасните лица, се зголемува и отвореноста на умот за нови искуства и перспективи, што влијае и врз либерализација на ставовите. Притоа, образовниот процес има поголемо влијание врз намалување на расизмот, етноцентризмот, цинизмот и авторитарноста, додека влијанието врз ставовите поврзани со традиционалните семејни вредности е нешто послабо.

Сето ова укажува на слабеење на традиционалните општествени норми, а кога ќе се погледне низ призмата на генерациите станува јасно дека новите кохорти имаат полиберални морални ставови.

## 1.7. Модели за идентификација

Вреднувањето на многу општествени цели (на пример, борба против корупцијата и криминалот и сл.) не значи дека поединецот кој истите ги вреднува и самиот мора активно да учествува во нивното спроведување. Освен ваквите вредности, постојат и вредности кои се однесуваат на однесувањето и на карактеристиките на поединецот. Некои форми на однесување, особини на личност, ставови итн. се сметаат за вредни и општеството настојува поединецот да ги вреднува и почитува не само кај другите, туку и самиот да се управува според нив. Наспроти ова, други форми на однесување се сметаат за негативни или штетни, поради што би требало да се избегнуваат од страна на сите членови на општеството. Вредностите кои се однесуваат на тоа како човекот треба да се однесува, кои се особините што треба да ги развива и како да постапува со другите луѓе, се персонализираат во луѓето кои нив веќе ги поседуваат. Тоа се т.н. модели. Вреднувајќи одредени поединци, општеството ги истакнува вредностите кои тие ги поседуваат и кои сака да ги всади во сите свои членови. Низ конкретните поединци, посакуваните вредности се највидливи и најоддалечени од апстрактните формулации (според Popadić, 1995).

Секоја општествена трансформација со себе носи и нови модели. Тоа е особено присутно во текот на бурни и коренити општествени промени, кога дотогашните херои и идоли се забораваат, па дури и исмеваат, а на нивните места се поставуваат поединци од маргините на општеството. Денес во јавноста често се присутни модели кои промовираат вредности и ставови карактеристични за современиот начин на живеење. Во тој контекст највидливи се материјализмот, индивидуализмот, физичката убавина, богатството и престижот како мерила за успешност. Сето тоа има големо влијание врз животниот стил на децата и младите кои се поприемливи за новите модели, пред сè, поради развојните специфичности на возрасниот период во кој се наоѓаат. Кај возрасните оваа појава е, на прв поглед, помалку забележлива, но никаде на друго место како во нивното однесување не се среќаваат толку разработени и екстремни персонификации на доброто и на лошото, на произведување и на

прифаќање на примери и идоли, за што сведочи преголемото верување и почитување на одредени лидери, религиски култови итн. Според тоа, важноста на моделите со кои поединецот се идентификува не е само во тоа што се преносители на вредности, ставови, верувања и различни однесувања, туку затоа што се водачи на патот кон личното созревање и усовршување, а особено на моралното одлучување (според Popadić, 1995). Оттаму е исклучително важно со кои и со какви модели се идентификуваат децата и младите во процесот на својот раст и развој.

## 1.7.1. Учење по модел

Меѓу различните видови на социјално учење, учењето по модел е едно од најефикасните и најзначајните. Според Bandura (1991), децата ги учат социјалните вештини низ фундаменталниот развоен процес наречен моделирање. Моделирањето подразбира да се внимава, запомнува, имитира и да се биде награден од луѓето, медиумите и сл. Според теоријата на социјално учење детето е популарно не затоа што наследило одреден темперамент, туку затоа што, по пат на моделирање, научило видови однесувања кои му помагаат да гради и задржува пријателства со врсниците. Тоа, исто така, ги учи верувањата за значењето на пријателите, очекувањата дека напорите ќе му бидат наградени и верувањето во сопствената способност да биде прифатен од страна на врсниците. Детето кое не е популарно, најверојатно не било изложено на соодветни модели и не би научило однесувања кои ги одбиваат, наместо да ги привлекуваат другите. Bandura верува дека важни развојни задачи кои детето мора да ги усоврши од детството до адолесценцијата се усвоени низ процесот на социјално учење. Според оваа теорија, набљудувајќи ги моделите од реалниот живот и од медиумите, децата учат како да формираат врски, да комуницираат со другите, усвојуваат соодветни полови улоги и сл. Паралелно со учењето на овие однесувања учат важни идеи, градат внатрешни стандарди и сопствен селфконцепт. Bandura (1991), со своите соработници покажале како децата стануваат, повеќе или помалку, агресивни во зависност од моделот што го набљудуваат. Исто така,

покажале дека стандардите според кои децата судат за ефикасноста на сопствената активност и активноста на другите може да бидат под влијание на процесот на социјално учење. Тука се вклучува и наодот дека степенот до кој поединецот го надгледува своето однесување, се оценува себе си и се наградува може да се менува по пат на набљудување на модели (Glynn & Thomas, 1974; Glynn, Thomas & Shee, 1973; според Bandura. 1991). Bandura (1991) презентира и резултати кои покажуваат дека моделите можат да влијаат врз тоа колку поединецот се доживува себе си како компетентен и способен при извршувањето на задачите со различна тежина.

Учењето по модел е слично на „викарискoто” учење, со таа разлика што моделите не мора да бидат вистински лица. Бројни емпириски наоди покажуваат дека пресудни во идентификацијата се сепак првите модели видени во семејството (родилите) и дека сите накнадни идентификации се надградување на првобитните позитивни ефекти. Карактеристиките на процесот на идентификација укажуваат на важноста на овој вид учење за формирање на зрелата личност. Rot издвојува три каратеристики на овој процес: *а)* во идентификацијата нема ниту посебен тренинг, ниту наградување; *б)* врската со моделот се остварува врз основа на позитивниот емоционален однос со него и *в)* стекнатите облици на однесување се манифестираат доволно долго и претставуваат трајни својства на личноста (Rot, 1973, според Hrnjica, 1982).

Кога станува збор за учење по модел неопходно е подетално да се разгледаат концептите на имитација и идентификација. Мурџева-Шкариќ (2002), *имитацијата* ја определува како „психички процес преку кој се усвојуваат специфични и изолирани форми на поведенија ореку набљудување на модел, без посебно обучување и наградување од моделот или другото лице”. *Идентификацијата*, пак, е „психички процес преку кој се усвојуваат и како свои сложени поведенија што ги поседува определен модел, без посебно обучување и наградување од моделот или некое друго лице, за релативно подолг период”. Таа истакнува дека кога кај детето постои потреба да се идентификува со другите, имитацијата е средство со кое се остварува таа потреба. Оттука, ако имитацијата служи како

средство преку кое се остварува идентификацијата, тогаш од развоен аспект, таа ѝ претходи на идентификацијата. Разлика постои и во развојот на самите процеси на учење по пат на имитација, односно на идентификација. Piaget (според Мурџева-Шкариќ, 2002), јавувањето и развојот на имитацијата го поручува во рамките на развојот на когнитивните процеси и формирањето на симболи, издвојувајќи ја како специфичен когнитивен процес. Тој издвојува шест стадиуми во нејзиниот развој, во првите две години од животот. Првите три стадиуми претставуваат предимитација и се јавуваат на возраст до осмиот месец. Тука спаѓаат рефлексна подготовка, спорадична имитација и систематска имитација на гласовите и на движењата. После четвртиот стадиум станува повидлива тесната поврзаност меѓу имитацијата и интелигенцијата, при што е особено значаен последниот стадиум кога се јавува одложена имитација која е одвоена од моменталната акција и од присуството на моделот, кој е само ментално претставен. Ова се случува некаде околу осумнаесеттиот месец. При крајот на првата година имитацијата кај детето се јавува поради желбата да се привлече внимание и да биде пофалено. Потоа, таа постепено станува основен механизам за усвојување на социјални поведенија во културата во која детето живее. Во текот на втората година детето најнапред ги имитира активностите што најчесто ги набљудува, а веќе кон крајот на оваа возраст „игра улоги" на возрасните, при што ги користи нивните инструменти. Дури кога ќе се создадат предуслови за појава на одложена имитација како вид симболичка способност, се создаваат и предусловите имитацијата да здобие функција на идентификација. Децата почнувајќи од осумнаесеттиот месец го имитираат тоа што барем делумно го разбрале. Имитацијата овозможува подобро разбирање на поведението што се имитира. Така, комбинацијата од мислење и имитација овозможува јавување на нова психичка категорија која Мурџева-Шкариќ (2002) ја нарекува „обмислена имитација". Обмислената имитација е значаен психички процес, бидејќи овозможува обмислено и организирано создавање на услови за менување на старите поведенија и односи.

Во однос на идентификацијата, можат да се издвојат три широки класи на кои овој термин се однесува (Brofenbrenner, 1960; според Мурџева - Шкариќ, 2002):

- идентификацијата сфатена како мотив, при што таа означува обопштена диспозиција да се прави како другиот или да се личи на него;
- идентификацијата сфатена како поведение, каде субјектот се идентификува преку директно набљудување на туѓо поведение; прифаќа поведение на модел што не го видел, но за кого слушал или, пак, се идентификува со идеален модел кој никогаш вистински не постоел;
- идентификацијата сфатена како психички процес, каде се мисли на психички механизам преку кој субјектот се угледува на еден модел и се стреми да биде како него. Притоа, идентификацијата се однесува на моделот кој е претставник на определено општество, социјална категорија и сл.

Идентификацијата не го содржи само стремежот „да се биде како другиот", туку и „да се прави како другиот", што подразбира да се преземат неговите поведенија и улоги. Таа подразбира потрајна фузија меѓу две лица и тоа ја прави различна од емпатијата и земањето улога. Кога поединецот се идентификува со некого, се обидува да дејствува како него, ставајќи се во определна улога, што подразбира во себе да има претстава за улогите на другите со кои е во интеракција. Ова е едновремено и когнитивен и афективен процес (Мурџева-Шкариќ, 2002).

Без оглед дали се работи за специфичен вид однесување или за потрајни и посложени диспозиции, јасно е дека тие во помал степен се усвојуваат апстрактно, а многу повеќе низ прифаќање на лицата кои го манифестираат такво однесување. Усвојувањето на моделираното однесување е поцелосно доколку е поголема емоционалната поврзаност со моделот. Користењето на модели во секојдневниот живот како пат кон стекнување одредени форми на однесување е толку често, што не се ни забележува. Многупати моделите се само симболички, иконички и на нив е прикажано како нешто треба да се направи и слично. Според психоанали-

тичката теорија, идентификацијата со авторитетите, пред сè родителските, е нужна за натамошниот развој на личноста и за усвојувањето на моралните норми. Идентификацијата со одредено лице не значи само прифаќање на неговиот физички изглед и постапки, туку доведува до усвојување на неговиот вредносен систем. Такви примери се најнапред родителите, потоа лица од поширокото семејство, а подоцна модели од општественото окружување на поединецот. Во психологијата се насочува вниманието не само кон проучување на длабоките и значајни врски со друго лице, туку и оние помалку интензивни и помалку трајни, кои сепак можат да влијаат врз развојот на личноста на поединецот. Имено, позитивниот став кон некого не доведува секогаш до идентификација, туку само до имитација на неговото однесување, стил или изглед. Сепак и таквото површинско имитирање ја зголемува веројатноста за усвојување на претпоставените вредности и ставови на тоа лице (според Rot, 1989).

### 1.7.2. Извори на модели за идентификација

На децата и младите денес им се прикажуваат модели на сите страни. Изворите на истите можат да се разделат во неколку групи. Најпрво тоа се родителите и семејството, кои децата ги среќаваат секојдневно и со кои непосредно комуницираат. Lickona ќе рече: „*Еден од најсигурните начини да им помогнеме на нашите деца да го преведат нивното морално судење во позитивно морално однесување е да ги учиме низ примери. Учејќи ги децата на почитување така што ќе ги почитуваме е секако еден начин да ги учиме според пример... Но учењето според пример го надминува начинот како ги третираме нашите деца. Тоа е поврзано со начинот на кој се однесуваме и зборуваме за другите надвор од семејството – роднините, пријателите, странците. Тоа е тесно поврзано со начинот како го живееме животот.*" (Lickona 1983; според Berkowitz, 1998). Децата будно ги набљудуваат своите родители во нивните постапки и интеракции со другите и од тоа градат генерализации, учејќи како и самите да се однесуваат кон луѓето. При тоа, иако може директно да не го имитираат набљудуваното однесување, децата сепак ги

оформуваат своите верувања и ставови за тоа како да постапуваат кон другите во одредени ситуации гледајќи што прават нивните родители. Родителите се однесуваат како модели на моралното однесување и кога ги поврзуваат настаните од нивниот живот со нивните деца. Damon (според Berkowitz, 1998), смета дека за да се социјализираат „морални" деца „родителите треба отворено да ги споделуваат со нив моралните реакции на одредени случувања во нивните животи. Да се споделуваат емоционалните реакции значи да се покажуваат кога тоа е соодветно, јасно да се опишат и да им се одговорат прашањата на децата кои ќе се јават во врска со тоа."

Моделите ги посочува и училиштето по пат на наставните програми и низ ликот на наставникот. Некои од нив им се наметнуваат да ги прифатат како примери и по пат на имитација и идентификација да ги усвојат нивните вредности и ставови. Такви се моделите со кои се среќаваат во наставата (историски личности и сл.). Сепак, тие селективно ги одбираат лицата кои ќе им служат како пример, кои ќе ги почитуваат и сакаат и тоа врз основа на веќе формираните вредности и интересирања. Во таков случај нивниот избор е показател на претходно усвоените вредности. Одредени личности за младите претставуваат персонификација на тие вредности. Токму омилените лица од постерите честопати се најдиректните и највидливи пораки за сопствениот вредносен систем и идеали кои младите им ги упатуваат на возрасните и врсниците. Денес сè поважен извор на модели стануваат медиумите кои прикажуваат лица од најразлични области (според Popadić, 1990).

Колку повеќе поединецот знае за моделот како кој сака да биде, толку полесно ќе може да ја следи неговата активност и да ја моделира сопствената. За да се моделира нечија вештина поединецот мора точно да го познава начинот како таа се практикува. Тоа не вклучува само набљудување на тоа што моделот прави, туку и откривање на неговите ставови, верувања, вредности, размислувања и сл. Моделирањето подразбира детално испитување и избор на информациите со цел да се издвои она што за поединецот е најважно. Изворите на модели се наоѓаат во надворешниот свет, значајните други, во медиумите и содржините

претставени во нив. Многу автори се согласуваат дека континуираната општествена криза доведува до морална конфузија, па дури и ерозија која ги допира особено децата и младите. Тие нагласуваат две главни причини за таквата состојба. Прво, бројот на општествени фактори кои го градат моралното однесување полека се дезинтегрира: супервизијата од страна на возрасните, позитивни модели на морално однесување, богат и здрав духовен живот, врски меѓу возрасните кои имаат смисла и суштина, јасни вредности, поддршка, стабилност, чувство на сигурност и безбедност од секој аспект и родителство во вистинска смисла на зборот. Второ, децата и младите се денес постојано бомбардирани со надворешни пораки кои се спротивни на вредностите кои семејството се уште се обидува да ги вгради во нивните вредносни системи. Предизвикот од справување со зголемениот број модели кои промовираат агресивно и насилно однесување е уште потежок, бидејќи денес тоа е сè поприсутно кај децата. Телевизијата, филмовите, видео-игрите, музиката и рекламите се меѓу најсилните закани за моралот, бидејќи шират цинизам, непочитување, материјализам, вулгарност, случаен секс и глорификација на насилството. Количеството на негативни модели во сајберпросторот е зашеметувачко: порнографија, педофилија, сексуални предатори, сатанизам и многу други web-сајтови полни со омраза кои дури ни најдобрите компјутерски филтери не можат да ги попречат да допрат до корисниците. На сето ова може да се допишат и токсичните влијанија кои некогаш доаѓаат од врсничките групи, возрасните, па дури и од вечерните вести (според Borba, 2001).

За да ги зачуваат внатрешните морални кочници, на децата и младите им е потребна морална сила, која се состои во јасни вредности, ставови и верувања, јасни морални пораки, јасни позитивни модели на морално однесување, способност јасно да се разграничи доброто од лошото. Во денешните турбулентни времиња родителите треба да вложат многу повеќе напори и трпение за да истрајат во усилбите да го изградат моралниот карактер на своето потомство т.е. да им помогнат на своите деца не само да мислат морално, туку и да се однесуваат морално. Доколку децата не знаат според кои правила да се однесуваат, доколку немаат

изградена самоконтрола, нивниот морален развој е загрозен. Оттука, родителите се повикани да бидат најважните модели кои на децата и младите ќе им ја дадат насоката во која треба да се развиваат и тоа особено денес, кога моделите што се нудат во етерот ја праќаат пораката дека сѐ е лесно достапно, дека може да се купи и поседува брзо и по потреба, при што е јасно видлива афективната и морална површност кои се врамени во фаворизираните материјализам и индивидуализам.

### 1.7.3. Релевантни истражувања на моделите за идентификација

Ако се завртиме околу себе, ќе си го поставиме прашањето што гледаат децата и младите денес. Какви модели им се презентираат во семејството и општествената средина? Најпрво, гледаат како нивните родители се разделуваат. Над 50 % од децата и адолесцентите денес, некое време поминуваат во семејство со еден родител додека да наполнат 18 години. Второ, многу од нив го губат контактот со татковците или ги гледаат повремено. Речиси третина од децата се раѓаат надвор од бракот и никогаш не ги запознаваат своите татковци, што значи во животот им недостасува еден родителски модел. Трето, гледаат како родителите трчаат на работа, оставајќи ги на некој друг да се грижи за нив. Од работа се враќаат преморени, нервозни и исплашени поради неизвесната иднина. Некогаш се случува работата да стане нивен дом, а домот – работа (според Popenoe, 1998).

Во слободното време, децата и младите се соочени со локалната средина во која живеат, која е небезбедна, насилна и честопати непријателски расположена. Дома, во отсуство на корективен фактор персонализиран во ликот на родителот се соочуваат со популарната култура продуцирана од забавната индустрија и пренесена од медиумите која изобилува со сексуалност и насилство и е доминирана од материјалистички вредности. Модерните медиуми често нудат измешани пораки што кај младата популација предизвикува конфузија и потешкотија во разграничувањето на површната сексуалност од суштинскиот емоционален однос. Brent Bozell (2005) во статијата со наслов

„MTV нема срам", соопштува загрижувачки резултати од истражувањата на содржините на, дефинитивно, најпопуларниот и најгледаниот музички канал во светот и влијанието што истиот го има врз децата гледачи и врз адолесцентите. Податоците говорат дека овој канал 24 часа пласира содржини со сексуална и насилна содржина во која се фаворизираат материјалните вредности, што силно влијае врз животите и животните стилови на младите фанови. Тоа го гледаат речиси 73% момчиња и 78% девојчиња на возраст од 12 до 19 години. Аналитичарите од Родителскиот телевизиски совет (во САД), во текот на една недела ги анализирале неколкуте најгледани шоуа на MTV. Добиени се следниве податоци: 1) за време од 171 час, на MTV се најдени 1548 сексуални сцени кои содржат 3056 прикази на сексуално играње; 2) различни форми и степени на голотија, како и 2881 вербални сексуални искази. Просечно околу 18 физички и 17 вербални упатувања на секс се случуваат во текот на еден час (http://www.townhall.com).

Lenhart, Rainie и Lewis (2001) велат дека е формирана нова „*инстант порака*" генерација во САД. Според резултатите од спроведеното истражување околу 17 милиони адолесценти, на возраст од 12 до 17 години користат Интернет, што претставува 73% од вкупиот број лица во оваа возрасна група. Сето тоа игра главна улога во врските и односите со нивните пријатели, семејства и училиштето. Иако на можностите што ги нуди Интернетот и младите и нивните родители гледаат како на нешто позитивно од аспект на подобрување на општествениот живот и големиот фонд достапни информации, сепак постојат аспекти кои говорат и во дека оваа технологија не влијае добро врз нивните животи. Истите автори понатаму наведуваат дека речиси 13 милиони адолесценти ги користат брзите пораки (e-mail, chat и сл.) и ваквата технокомуникација завзема клучно место во нивното секојдневие. На тој начин наоѓаат нови пријатели, а неретко и интимни партнери. Ваквиот начин на комуницирање овозможува сокривање на вистинскиот идентитет, соопштување лажни информации; вербалната комуникација и интеракција со другите е ставена во втор план; зголемена е опасноста да се стане жртва на on-line предаторите. Lenhart, Rainie и Lewis (2001) наведуваат дека

речиси 60% од адолесцентите на возраст од 12 до 17 години примиле инстант-порака од непознато лице; 50% се допишуваат со некој кого никогаш порано не го сретнале; 52% воопшто не се загрижени поради тоа што можат да бидат контактирани од непознат по пат на инстант-порака. Сето ова предизвикува висок степен на загриженост за безбедноста на децата и младите, бидејќи ваквиот начин на комуницирање поттикнува неискреност, недоверба и површност во меѓусебните односи.

Природата на новата токсична средина е различна од онаа во минатото. Порано децата биле физички малтретирани, а денес се запоставени; биле гладни, а сега се материјално расипани; живееле во проширени семејства, опкружени дури и со премногу луѓе, а денес понекогаш живеат во виртуелна изолација. Најголемата последица од промените, особено во последните декади, е детериорацијата во врската меѓу родителите и децата. Денес децата не можат повеќе да се надеваат на екслузивното право да го имаат приоритетот во времето со кое располагаат нивните родители и на родители кои се посветени на нивната добросостојба, кои се однесуваат како добри модели и ги заштитуваат од повреди (според Popenoe, 1998).

Истражувањата спроведени на овие простори ги соопштуваат следниве податоци. Според Kuzmanović (2001) во истражувањето на Popadić спроведено во 1988 година, 40% од младите на возраст меѓу 14 и 18 години ги одбираат моделите од шоу-бизнисот (актери, пејачи, манекени и сл.); 26.5% од спортот; 17.7% од политиката, а само 10% од науката и културата. Кога истражувањето е повторено во 1994 година, кај осмоодделенците е забележана апсолутна доминација на модели од шоу-бизнисот (актери, пејачи, манекени) особено странски (нив ги наведуваат 56% од испитаниците); потоа следуваат спортистите со 18%; па политичарите со 9.7%, а од науката и културата се одбираат само 7%. Што се однесува до средношколците состојбата е следна. И кај нив доминираат модели од шоу-бизнисот (32,5%); потоа следуваат модели од науката и културата (23.7%); од политиката (16%); од приватниот живот (14%) и на крај од спортот (8.7%). При анализата на добиените податоци авторот забележал дека се избираат и негативни модели. Во дипломската работа

на Бакревска (2002) се опфатени адолесценти на возраст од 14 до 18 години и се добиени следниве резултати: адолесцентите на возраст од 14 години најмногу ги одбираат моделите од приватниот живот (семејството) со 46.27%; потоа од врсниците (16.42%); па од спортот (11.94%); а потоа следуваат оние од шоу-бизнисот, историјата итн. Шеснаесетгодишните испитаници, исто така, најмногу ги одбираат моделите од приватниот живот (семејството) со 24.05%; потоа од наставниците (20.25%), па од врсниците (17.72%); а потоа следуваат од спортот (11.39%), шоу-бизнисот итн. Кај осумнаесегодишните испитаници состојбата се слична. Најмногу се избираат моделите од семејството (42.39%); потоа следуваат врсниците (34.78%); па партнерот (8.70%); а понатаму се наоѓаат од политиката, спортот итн.

## 1.8. Социјализација – поим, агенси и извори

Dizdarević (2002), истакнува дека суштината на социјализацијата произлегува од нејзината општествена важност, од она што во основа е – услов и причина за опстанок на општественото уредување. Кога се зборува за овој сложен и динамичен процес се мисли на пренесување на општественото наследство од генерација на генерација, на условите и начините на воспитувањето и образованието, на моделите на трансформација на незрелата личност во социјално зрела личност, на процесите на канализирање на биолошките нагони, на динамизмите на усвојување и на интернализација на општествените цели. Постојат две групи дефиниции на социјализацијата како процес. Првата ја одредува во потесна смисла, како *„стекнување вештини, знаења, мотиви и ставови кои се потребни за извршување на сегашните и на идни улоги кои поединецот ги добива како дел од општеството"*. Вакви определби на социјализацијата се среќаваат кај социолозите и кај антрополозите. Во втората група се вбројуваат психолошките дефиниции кои социјализацијата ја определуваат многу пошироко, поточно ја нагласуваат важноста што таа ја има за формирањето на личноста. Havelka (според Dizdarević, 2002) под социјализација подразбира: *„а) формирање на*

*личноста како универзален, карактеристичен за сите луѓе и најопфатен систем на психички појави и б) формирање на личноста како носител на диспозициските својства значајни за одредена општествена заедница и за поединците кои во неа живеат."* Во хуманистичките науки воопшто, таа се смета за општествен процес на моделирање на социјално пожелна или типична личност. Исходите од социјализацијата во која е остварена плодна интеракција меѓу поединецот и неговата општествена средина се повеќекратни. Успешно социјализираните поединци носат во себе особини кои се важен предуслов за стабилноста на секое општество. Тие ги имаат интернализирано општествените морални норми, со своите манифестирани ставови покажуваат респект кон човековите права, алтруистички се насочени, работливи се и одговорни, осетливи на туѓите проблеми и подготвени да помогнат секогаш кога е потребно (според Dizdarević, 2002).

Не постои една целовита теорија на социјализација. Во теориите кои се познати не е доволно разработена улогата на различните варијабли кои влијаат врз овој процес, како што е улогата на агенсите, ефектите на социјализацијата и сл. Овој процес се реализира секогаш по пат на социјално учење, под што се подразбира учење во кое важна улога имаат општествените фактори, пред сè, другите луѓе. Денес има многу теории на социјално учење, но како што велат Bandura и Walters, сите се непотполни (Bandura, Walters, 1963; според Rot, 1989). Вистинската теорија на социјализација која е принципиелно различна од С-Р теоријата ја претставуваат сфаќањата на Piaget и Kohlberg. Тие го истакнуваат значењето на развојот, зборуваат за стадиуми во когнитивниот развој од кој зависи јавувањето на различни форми на однесување. Исто така, ја нагласуваат и важноста на искуството, како и на срединските фактори. Како што ќе рече и самиот Piaget – развојот е функција на внатрешните процеси, искуството и активноста на поединецот. Тој оправдано смета дека социјализацијата не зависи само од тоа дали социјалните агенси дејствуваат и кои содржини преку нив се пренесуваат, туку и од тоа дали поединецот сфаќа што се пренесува и како го сфаќа. За да се разбере овој процес важен е фактот дека когнитивните структури се разликуваат и на

различни возрасти постојат разлики во можностите и начините на сфаќање. Содржината на социјализацијата, како и успешноста во настојувањето да се реализираат одредени општествени барања низ овој процес зависи од когнитивните способности на детето. Доказ за тоа, според Piaget, е развојот на моралното судење и моралната свест кај децата. Со своите теории и Paiget и Kohlberg, придонеле да се надминат едностраностите во пристапот кон изучувањето на социјализацијата кои се карактеристични за сфаќањата на бихејвиористите. Денес е веќе докажано дека луѓето уште од раѓањето се разликуваат според многу тенденции кои можат да влијаат врз процесот на социјализација (според Rot, 1989).

Агенсите на социјализација најчесто ги претставуваат оние лица кои свесно и намерно влијаат врз формирање на однесувањето на детето и со кои тоа е во трајна, афективна врска. Тоа се, родителите, наставниците и врсниците, при што, најдиректно влијание врз однесувањето на детето имаат родителите. Тие се во можност преку контролирање на примарното и секундарното поткрепување, во детето развијат вредности и ставови кои се во согласност со оние што и самите ги имаат. Кога местото на родителите ќе биде заменето од врсниците, процесот на условување продолжува да ги модификува старите и да создава нови ставови. Со тек на времето, надворешното поткрепување ја губи важноста, бидејќи адолесцентот самиот себе си се поткрепува тогаш кога неговото однесување или нов став се во склад со постоечката мрежа од ставови (според Rejk и Edkok, 1978). Освен овие, како агенси на социјализацијата се јавуваат и верските институции, општествените организации, а во поново време сè посилно влијание имаат средствата за масовна комуникација. Факторите кои ја одредуваат содржината на социјализацијата се нарекуваат извори на социјализацијата. Од нив зависи кои норми, стандарди и барања ќе се пренесуваат преку агенсите како форми на однесување кои детето треба да ги усвои. Основен извор на социјализацијата е културата на општеството на кое детето му припаѓа, односно супкултурата во која е вклучено. Важно место во дејствувањето на културата имаат општествениот систем и структура кои се карактеристични за одредена

култура (според Rot, 1989). Со оглед на интересот на овој труд подетално ќе бидат разгледани три агенса на социјализацијата – семејството, електронските медиуми и врсниците.

### 1.8.1. Семејството како примарен социјализаторски агенс

Секаде во стручната литература семејството се наведува како прв и најзначаен агенс на социјализација. Тоа може да се разбере како социјална институција чија функција е репродукција на општеството и унапредување на психосоцијалниот развој во текот на животот (Gecas, 1990; Hess, 1995; според Kaprara, Cervone, 2003). Овие функции ги извршува така што ги пренесува општествените вредности и норми и го поддржува развојот на идните генерации. Според тоа, постојат две основни функции на семејството: *социјална контрола* и *индивидуална промоција*. Тие се меѓусебно поврзани. Членовите на семејството разменуваат обврски и ограничувања во личната слобода за поддршката и грижата што ја добиваат од останатите членови на семејството. Семејната поддршка, од своја страна, придонесува за постигнувањата и на поединците и на општеството во целина. Овие односи на поддршка се засновуваат не само врз емоционални врски, туку и врз вредности и норми кои се пренесуваат од една на друга генерација. Врските меѓу генерациите, особено реципрочните обврски на помладите и повозрасните членови на семејството, го разликуваат од другите форми на општестветни институции. Секое семејство е единствен систем кој на своите членови им дава единствено опкружување. Но, бидејќи семејствата секогаш функционираат во рамки на општествено – културните граници, одредени семејни структури се почести во рамки на дадено општество. Доминантната семејна структура на некое општество неизбежно ги одредува начините на кои тие конкретни семејства го оформуваат развојот на поединецот (според Kaprara, Cervone 2003).

Речиси сите психолози се согласуваат дека условите на семејниот живот, особено во првите години од детството се решавачки за формирањето на личноста. Freud (според Rot, 1989), во својата теорија

посветува големо внимание на влијанието на семејството врз развојот на детето. Тој, како и многу други психоаналитичари, настојува да покаже дека семејството не е само институција преку која се остварува социјализацијата, така што влијае врз усвојувањето на општествените норми, туку дека е фактор од кој зависи во каква личност детето со тек на време ќе се развие. За развојот на личноста на детето најважен момент е чувството на сигурност, како и чувството дека е сакано и дека родителите се грижат за него. Општата атмосфера која владее во семејството е поважна од изолираните постапки на родителите. Децата кои потекнуваат од семејства во кои постои меѓусебна доверба, љубов и разбирање меѓу самите родители и меѓу родителите и децата, имаат повеќе шанси да се развијат во поединици со позитивни особини, чувство на независност, сигурност во себе, врамнотеженост и сл., за разлика од оние кои потекнуваат од семејства во кои конфликтите се секојдневие и во кои нема доволно љубов, почит и грижа.

Постојат многу истражувања кои докажуваат дека топлиот и срдечен однос на родителите кон децата претставува важен услов за успешна социјализација во насока која родителите ја посакуваат. Детето повеќе го имитира однесувањето на моделот кој му дава поддршка, отколку оној кој не му ја дава. Објаснувањето за ова е дека во ситуација во која постои срдечен и топол однос полесно се формира чувството на одговорност и полесно се јавува чувството на вина кога детето ќе ја прекрши поставената норма. Родителските стилови, исто така, имаат големо влијание во процесот на социјализација. Имено, овој процес е отежнат доколку на детето му се дозволува да прави што сака и ништо не му се забранува, како и ако не му се дава доволно љубов и внимание или ако е препуштено само на себе. Голем број истражувања го анализираат односот меѓу родителите како уште еден важен елемент кој влијае врз процесот на социјализација. Резултатите од сите нив укажуваат дека усогласените односи меѓу родителите придонесуваат за правилен развој на детето. Наспроти ова, неусогласениот однос доведува до конфликти и во самото дете, бидејќи разделот меѓу нив го доживува како загрозување на сопствената потреба за сигурност и љубов. Тоа подоцна може да

резултира во антисоцијално однесување и агресивност. Важноста на добрите односи меѓу родителите ја потврдуваат и истражувањата кои покажуваат дека стабилноста на личноста, личната среќа и особено, успешниот брак во голем степен зависат од тоа дали браковите на родителите се среќни или не. Други фактори во врска со семејството кои влијаат врз успешноста на социјализацијата се непотполност на семејството, припадноста на одреден слој и класа, вработеност на мајката, бројот на децата и редот на раѓање итн. Важно е да се нагласи дека влијанието на семејството врз овој процес не завршува во детството, туку продолжува понатаму, што е особено видливо во периодот на адолесценција. Овој период е особено чувствителен дел од развојот, бидејќи тогаш се случува премин од потполна зависност од родителите, кон релативна самостојност. Младите во тој период особено тежнеат кон независност и самостојност, кои се ограничени од сè поголемата економска зависност од родителите, што го продолжува времето на одвојување од семејството и започнување самостоен живот (според Rot, 1989).

### 1.8.2. Семејството денес: помеѓу традицијата и модерноста

Помеѓу сите промени што се случуваат во светот, ниту една не е поважна од онаа на полето на односите во бракот и во семејството. Во тек е глобална револуција во начинот на кој луѓето, особено младите, размислуваат за себе и начинот на кој воспоставуваат врски и односи со другите. Денес има малку земји во светот во кои не се води интензивна дискусија за половата еднаквост, регулацијата на сексуалноста и иднината на семејството. Бројот на разводи во целиот свет рапидно се зголемува, на сметка на стапувањата во брак. Истражувањата спроведени во В. Британија соопштуваат загрижувачки бројки. До 2031 година се очекува 40% од жените и 35% од мажите на возраст меѓу 45 и 54 години да не стапат во брак. Проекцијата за кохабитациите е дека таа до 2031 година ќе порасне од два на 3.8 милиона и ќе вклучува се повозрасни лица. Jill Kirby предупредува дека сериозното намалување на бројот на браковите е

мошне загрижувачки тренд, бидејќи кохабитациите кои ги заменуваат се мошне нестабилни партнерски односи. Статистичките податоци говорат дека децата кои живеат во семејства со венчани родители, подобро се развиваат од они кои живеат со еден родител или во кохабитација (http://www.telegraph.co.uk). Дури и Кина, која се смета за едно од најтрадиционалните општества, регистрира брз пораст на разводи и кохабитации. Слично е состојбата и во Р. Македонија. Оттука, заштитата на семејството подолго време е една од најгоречките теми во многу земји и претставува боиште меѓу традицијата и модерноста. Традиционалното семејство во многу држави е веќе одамна само мит. Некои автори, меѓу кои е и A. Giddens сметаат дека идејата за враќање на традиционалното семејство е неверојатна и безперспективна поради следниве причини (според Гиденс, 2002):

- Носталгијата кон традиционалното семејство го идеализира минатото. Растурените семејства биле чести и порано, иако главна причина за тоа била смртта на едниот партнер, а не разделба или развод. Историските истражувања откриваат сѐ повеќе податоци за темната страна на традиционалното семејство, во кое насилството и сексуалното искористување на децата биле многу чести и прикриени;
- Традиционалното семејство било, пред сѐ, економска и роднинска врска. Брачните врски не биле индивидуализирани, како што се сега, а љубовта и емоционалниот аспект не биле клучна основа за бракот;
- Традиционалниот брак бил заснован по договор, врз нееднаквост на половите и врз правно поседување на сопругите - жените биле мобилен имот, а слично и децата;
- Големите семејства биле или посакувани или прифаќани како нормални. Денес, напротив, се живее во ера на „скапо дете”, во која децата не се повеќе економска бенефиција, туку голем економски трошок. Освен тоа, природата на детството особено се има променето.

Историските промени, особено во западните општества, се однесуваат на исчезнување на мултигенерациското семејство кое во минатото доминирало и јавување на модерно, нуклеарно семејство. Во последно време зголемен е бројот на семејства со еден родител. Се претпоставува дека до 2010 година во САД бројот на ваквите семејства ќе порасне на рекордни 34 милиони (http://www.washtimes.com). Најтемелните истражувања направени на оваа тема во последнава деценија го отфрлаат тврдењето дека „децата одгледани од само еден родител се исти во тој поглед како и децата одгледани од двата родитела". Авторите покажуваат дека разделувањето или разводот ја ослабнува врската меѓу детето и таткото, како и онаа меѓу детето и мрежата на пријателите на таткото (McLanahan, Sandefur, 1994; според Гиденс, 2002). Големи промени се забележани и во однос на зголемување на рамнотежата во моќта меѓу мажот и жената, во новото доживување на сексуалноста, како резултат на промените во вредностите, во зголемување на предизвиците на родителскиот авторитет и поголемо препознавање на детските права, во порамноправен третман на мажите и жените во однос на семејните обврски, емоционалната поддршка и економските и образовни можности, во повисоки стапки на развод, како и во повисоки стапки на вработеност на мајките (Golombok, Fivush, 1994; според Kaprara, Cervone 2003).

Низ историјата се откриени значајни меѓукултурни варијаци во семејниот живот. Индивидуалните улоги во семејството и односите меѓу нуклеарното и проширено семејство варираат во зависност од земјата, економските услови, правниот систем и културните традиции (EUROSTAT, 1997; Hess, 1995; McLanaharn, Casper, 1995; Smith, 1995; според Kaprara, Cervone 2003). Во Северна Европа и во САД, традиционалните брачни односи многу често се заменуваат со кохабитации и речиси половината од децата се раѓа во однос во кој родителите не се венчани. Во Италија и Шпанија младите подолго време живеат со родителите, а бројот на деца родени во однос кој не е официјализиран се уште се движи во граници на умереност (EUROSTAT, 1997; според Kaprara, Cervone 2003). Сличен е случајот и со Р. Македонија. Продолжувањето на заедничкиот живот на младите со своите родители фрла нова светлина на односите меѓу

генерациите. Социоисториските промени доведуваат до појава на нови семејни форми, за што е доказ појавата на хомосексуални и лезбијски семејства (Lamb, 1998; Patterson, 1997; според Kaprara, Cervone 2003).

Промените во семејниот живот треба да се разгледуваат и разберат во врска со социодемографските промени, како што се продолжувањето на животниот век, подоцно стапување во брак и формирање на семејство, подоцно заминување во пензија и продолжување на времето поминато во стекнување образование и кај мажите и кај жените. Поголемата тенденција на сопружниците кон потешко постигнување на семејните и професионални цели, истовремено укажува не само на променетата семејна динамика, туку и на фактот дека се продолжува животниот век што овозможува задоволување и исполнување на поголем број задачи отколку порано (Carstensen at co., 1999, според Kaprara, Cervone, 2003). Поголемото финансиско учество во семејството од страна на жената укажува на специфичните семејни процеси и на активностите на жената кои постоеле и пред оформување на семејството. Денес, за разлика од порано, жените достигнуваат високи степени на образование и професионален напредок. Од друга страна, децата се сè подолго економски зависни од родителите, што наметнува продолжено образование и по завршување на факултетот. Одложувањето на формирање сопствено семејство за последица има намалување на големината на истото. Забележан е пад на наталитетот, а во некои области и присуство на „бела чума". Ова станува мошне важно прашање, особено поради тоа што се случува во комбинација со пониски стапки на стапување во брак или зголемување на бројот на жени кои не сакаат да раѓаат деца, додека бројот на несакани бремености и абортуси на тинејџерска возраст се зголемува и претставува голем проблем. Големината на семејството, предизвикана делумно со одложување на стапување во брак, може да ја промени динамиката на семејните односи. Многу деца денес растат без браќа и сестри, што го доведува во прашање нивниот социјален развој (според Kaprara, Cervone, 2003). Во услови на економска нестабилност и висока стапка на невработеност, можностите за оформување на семејство

и соодветна грижа за потомството стануваат уште помали и потешко остварливи.

Денес се зборува за демократизација во контекст на семејството, која подразбира рамноправност, заемна почит, автономија, одлучување преку комуникација и ненасилство. Овие критериуми важат како за односот меѓу партнерите, така и за односот меѓу родителите и децата. Промени се случуваат и во дефинирање на бракот. Веќе не се зборува за однос меѓу маж и жена, туку за однос меѓу две лица, оставајќи простор за легализирање на хомосексуалните врски, што во некои западни земји е секојдневие. Така, во on-line речникот „Encarta" се среќава следнава дефиниција на бракот: *„легална врска помеѓу сопружници; легална врска воспоставена на граѓанска или религиозна церемонија помеѓу двајца поединци кои сакаат да живеат заедно како сексуални и семејни партнери.*" (http://www.townhall.com).

Сепак, и демократизираното семејство е идеал. Постојат широко распространети барања тоа да обезбедува стабилност во светот што рапидно се менува, но гледајќи реално, поверојатно е истото да ги прикаже останатите карактеристики на овој свет, отколку да ги надмине. Многу внимание се насочува на флексибилноста кон работното место, при што работните обврски одземаат најголем дел од денот и малку време останува да му се посвети на семејството. Односите во демократското семејство имплицираат заеднички обврски во грижата за децата, а особено поголемо заедништво меѓу мажитс и жените. Карактеристиките на демократското семејство можат да се сумираат во следново (според Гиденс, 2002):

- *Емоционална и полова рамноправност;*
- *Заемни права и одговорности во односите;*
- *Заедничко родителствување;*
- *Доживотни родителски договори;*
- *Авторитет по договор над децата;*
- *Должности на децата кон родителите;*
- *Општествено интегрирано семејство,* под што се подразбира дека стабилните семејни врски можат да бидат

голем извор на граѓанска кохезија, само доколку се свртени нанадвор, исто како што се свртени навнатре.

Сепак, бројот на децата родени надвор од брачната заедница во иднина веројатно нема да се намали, а сексуалните врски што траат цел живот, речиси сигурно ќе стануваат сè поретки и поневообичаени. Како што наведува Мурџева–Шкариќ (2004), „денес имаме семејства кои ги обединуваат *моите деца, твоите деца* и *нашите деца*". Ако се земе во предвид сето погоренаведено, структурата на семејството и неговата улога како агенс на социјализацијата денес, во голем степен, е редефинирана. Причина за тоа, меѓу другото, е што еден друг агенс се јавува како сè подоминантен фактор на социјализација – масовните медиуми.

## 1.8.3. Масовните медиуми и нивната улога во процесот на социјализација

Клучна карактеристика на медиумите како агенси на социјализацијата е дека нивното влијание може да биде поврзано со социо–културниот контекст кој ги опкружува поединците. Таквата појава е уште една од последиците на глобализацијата (Giddens, 1990; Halpern, 1995; според Kaprara, Cervone, 2003). Електронските медиуми, особено, придонесуваат за интернационалната хомогенизација на знаењата и на претпочитувањата. Телевизијата и сè повеќе Интернетот ги спојуваат претходно разделените култури, изложувајќи ги луѓето од целиот свет на „странски" модели на мислење и однесување, диктирајќи ги животниот стил и вредностите што ќе се почитуваат. Ефектите од овој агенс на социјализација се големи, од причина што луѓето поминуваат многу долго време користејќи ги. На пример, податоците говорат дека кон крајот на седумдесеттите години на XX век, еден просечен Американец и Европеец гледале телевизија три до четири часа дневно, што го надминува траењето на секоја друга будна активност во текот на денот (Liebert, Sprafkin, 1988; според Kaprara, Cervone, 2003).

## А) Телевизија

Повеќе од кој било друг медиум на масовното комуницирање – со доминантноста во приватниот живот, исполнетоста на голем дел од слободното време со неа, симболичките пораки што ги испраќа, структурата на телевизиските програми, заробеното внимание и изолираноста на поединецот во моментите на рецепција на содржините– телевизијата влијае врз индивидуалниот и социјалниот живот и однесување на луѓето. Тука важи парадигмата: „*масовните медиуми можеби не успеваат да му наредат на поединецот што да мисли, но многу успешно му наложуваат за што да размислува*" (McCombs & Shaw, 1977; според Radojković, Miletić, 2005). Флуидните психички процеси на идентификација со личностите кои парадираат на телевизиските екрани и проекциите на сопствените потреби, желби и надежи во спектакуларната телевизиска реалност ѝ овозможува на телевизијата, луѓето од сите делови на светот, деперсонализираните поединци во масовната телевизиска публика, да ги обликува со вредносни системи кои преовладуваат и да ги врамува во доминантните културни обрасци. Од ден во ден, во еден бескраен континуум, во животите на гледачите се всадуваат настани и личности, норми и цели кои стануваат еталони на однесувањето. Како замена за општествен ангажман, со својата аудиовизуелна сугестивност телевизијата ја имобилизира публиката до состојба на социјална неподвижност, но воедно придвижува цели народи кон различни форми на општествена активност и кои однапред проектирани политички однесувања. Благодарение на глобализацијата на програмите, телевизијата станува не само најмоќен медиум на масовното комуницирање, туку и најзначајно оружје кое го потиснува значењето на војските и води кон добро познатиот нов вид војна – психолошка (според Radojković, Miletić, 2005).

Најголемата промена во последно време е поголемата различност на каналите кои се достапни преку кабловската и сателитската телевизија, DVD итн. Таа различност ја засилува улогата на личниот избор. Но, иако телевизиските програми го формираат мислењето и однесувањето, луѓето играат значајна улога во одбирањето на програмите кои ќе ги гледаат

(Bandura, 1986; според Kaprara, Cervone, 2003). Фактот дека луѓето ги одбираат програмите во склад со нивната личност, може да ја објасни преференцијата на агресивните млади лица кон агресивните содржини на телевизија (Bushman, 1995; според Kaprara, Cervone 2003). Во тој контекст спроведени се голем број истражувања за потенцијалните социјални ефекти од гледањето телевизија врз агресивното однесување, чии резултати говорат дека изложеноста на насилство во медиумите ги зголемува индивидуалните и групни нивои на агресивност (Huesmann & Eron, 1986; Singer & Singer, 1986; Liebert & Sprafkin, 1988; Paik & Comstock, 1994; според Kaprara, Cervone 2003). Помал е бројот на истражувања во врска со потенцијалните влијанија на медиумите врз другите проблеми во однесувањето, како што се самоубиството, пореметувањата во исхраната, сексуално злоставување и злоупотребата на алкохол и дрога, што донекаде се должи и на неможноста, од етички причини, експериментално да се утврди директната врска меѓу наведените аспекти (Strasburger, 1995; Wartella, 1995; според Kaprara, Cervone 2003). Моќта на медиумите се состои, меѓу другото, и во тоа што тие играат клучна улога во задоволувањето на предизвикот наметнат од денешното темпо на живеење – способноста на подинецот да се справува со брзите промени кои се случуваат во светот што го опкружува. Она што навистина загрижува од аспект на социјализацијата и моралноста е насоката во која се случуваат тој свет и промените во него.

Масовното изложување на децата и младите на медиумите ја наметнува потребата да се зголеми бројот на истражувања во врска со влијанието што тие го имаат врз нивниот развој. Тоа е оттаму што веќе не се спорат долготрајните ефекти што содржините и начинот на кој истите се презентирани ги оставаат врз развојот на интересите, когнитивните вештини и однесувањето на популацијата на оваа возраст. Во таа насока, докажано е дека децата до седум години не можат да направат разлика меѓу реалното и измисленото додека гледаат телевизија (Dorr, 1983; според Cole & Cole, 1989). Иако слична конфузија е понекогаш видлива и кај возрасните, проблемот е најакутен за децата од предучилишна возраст, бидејќи тие немаат доволно познавања за вистинскиот свет за да можат да

го споредат тоа што го гледаат на телевизија со реалноста. Телевизијата нуди фабрикуван, алтернативен свет кој бара помал ментален напор за да се осознае.

Од друга страна, во забавните содржини отсликувањето на лица од бизнисот, шоу-бизнисот, политиката и сл. многу пати ја искривува реалноста, вршејќи силно и директно влијание врз ставовите на луѓето. Колкаво ќе биде влијанието на тие содржини зависи од тоа колку поединецот ќе поверува во вистинитоста на тоа што е претставено во нив. Денес постојат бројни докази дека содржините прикажани на телевизија систематски отстапуваат од реалноста во секојдневниот живот на луѓето, формирајќи, најчесто, негативни стереотипи кон различни професии, раси, нации и сл. Кај децата и младите тоа доведува до формирање претпоставки за светот во кој живеат и до лажни верувања и убедувања. Подоцна, кога ќе се најдат во ситуација во која не се сигурни што да мислат и како да постапат, ќе се повикаат на минатото искуство. Ако искуството е составено од лажни слики видени на телевизија, ќе доведе до однесување спротивно на она што е најдобро за детето и општеството. Еден од најдобрите докази дека моделите презентирани на телевизија (и на Интернет) влијаат врз однесувањето во вистинскиот живот се многуте истражувања спроведени на тема „агресивност" и „насилство". Резултатите говорат дека гледањето насилни сцени го зголемува процентот на насилно однесување меѓу многу гледачи, а не само кај оние кои се „предиспонирани" да бидат насилни (Murray, Rubenstein & Comstock, 1972; Pearl, Bouthilet & Lazar, 1982; Phillips, 1982; Potts, Huston & Wright, 1986; Singer & Singer, 1980; според Cole & Cole, 1989).

Голем број истражувања даваат докази дека семејството влијае врз начинот на кој телевизијата влијае врз децата. Така, Singer & Singer (според Cole & Cole, 1989) укажуваат дека во семејствата каде децата од предучилишна возраст се агресивни има релативно малку книги, а родителите им дозволуваат да гледаат што сакаат и до кога сакаат. Спротивно на нив, семејствата во кои е забележан низок степен на агресивно однесување настојуваат да одржуваат построга контрола на тоа како децата го поминуваат слободното време. Овие родители внимаваат на

соржините што нивните деца ги гледаат на телевизија, нивните сознанија ги прошируваат со посета на музеи, настани од културата и уметноста и сл. Забележано е дека децата од овие семејства порано легнуваат да спијат. Кога родителите разговараат со своите деца за она што го гледаат на телевизија, децата учат повеќе од презентираните содржини, бидејќи родителите им ја даваат врската што им недостасува за да ја сфатат смислата на тоа што го гледаат.

## Б) Интернет и виртуелното комуницирање

Интернетот го има најзначајното место меѓу новите медиуми на масовното комуницирање, поради интерактивноста како негова главна карактеристика. Интернетот со своето појавување на светската комуникациска сцена го означува преминот од постиндустрискиот во постинформативниот период. Експанзијата на Интернетот започнува од 1983 година, кога освен академските корисници пристап добиваат сите останати корисници, кои почнуваат да го користат и во комерцијални цели (според Osmančević, 2003). Со појавата и развојот на компјутерската мрежа во тоталитетот на човековата комуникациска пракса се артикулира сосема нов облик на комуницирање, наречен *виртуелно комуницирање.*

Во споредба со традиционалните медиуми, Интернетот има бројни, поинакви можности. Меѓу нив најчесто се наведуваат глобализација, мондијализација, интерактивност, комуникабилност, демократичност, сеопфатност, едноставност, прогресивност, неограниченост, но и контроверзност, злоупотреба, презаситеност и неизвесност. Во овој контекст интерактивноста, како differentia specifica на Интернетот и како клучно обележје на човековата комуникација е предуслов за формирање ставови на јавноста. Јавувањето на Интернетот и неговата експанзија во речиси сите делови од светот, услови јавување на новата *вирутелна јавност.* Мал е бројот на оние кои нема да се согласат дека овој нов медиум станува доминантен медиум на комуникација во дигиталното општество, поради што допрва ќе има силно влијание врз формирањето на ставовите на јавноста. Според резултатите на Gartnerовите истражувања,

до 2010 година поголемиот број жители од развиените земји ќе поминува десет пати повеќе време во меѓусебна електронска комуникација, отколку во директна (според Osmančević, 2003).

Сето погоренаведено го посочува Интернетот како опасна играчка, која обезбедува изобилство информации во секое време, на секое место и за секоја област, но исто така, знае да биде *Пандорина кутија* - извор на злоупотреба, манипулација, негативни модели, лажни и негативни вредности олицетворени во насилство, тероризам, порнографија, педофилија, хомосексуалност и што уште не. Ефектите од таквото негативно влијание се, за жал, јасно видливи, особено кај децата и младите, за што сведочат резултатите од многу истражувања.

Интернетот се покажува како корисна алатка за педофилите и сексуалните предатори кои се вклучуваат во експлицитни сексуални разговори со децата, барајќи потенцијални жртви главно во chat-просториите. Колку повеќе порнографски сајтови децата и адолесцентите посетуваат, толку е поголема веројатноста дека ќе го имитираат тоа што го виделе. Истражувањата укажуваат дека изложувањата на порнографија ги има следниве закани и негативни влијанија врз нормалниот психосексуален развој на децата/ адолесцентите (преземено од http://www.protectkids.com/effects/harms.htm):

- Децата ги прави жртви на сексуално насилство;
- Често резултира во ризично сексуално однесување кое доведува до заразување со сексуално преносливи болести поради честото менување на партнерите, потоа несакана бременост, како и сексуална зависност;
- Може да доведе до сексуални напади врз другите деца/ адолесценти;
- Влијае врз усвојувањето и формирањето на вредностите и ставовите (многу студии говорат за дехуманизација на жените, за неодговорност, силување на кое повеќе не се гледа како на криминален акт, бидејќи се смета дека жената го сакала тоа, за честото и слободно менување на партнерите кое се доживува

како нормално и прифатливо однесување и за нарушување на концептот и сфаќањата за љубовта и бракот) и

- Го нарушува нормалниот развој и формирањето на идентитетот.

Изложеноста на вакви содржини во период кога се оформува концепција за сексуалноста и врските, може да резултира во градење на пермисивен став кон абнормалниот секс, раните сексуални искуства, честата промена на партнери, вклучување во групен секс, воајеризам, егзибиционизам и слични пореметувања. Децата неретко веруваат дека сите врски се сексуални, дека сексот е суштината на личноста и е начин како да се подигне самодовербата. Според едно истражување спроведено во Австралија, сите деца кои станале сексуални предатори на 12 годишна возраст имале искуство со порнографски материјал на Интернет и верувале дека единствената намена на Интернетот е токму гледањето вакви содржини. Честото изложување на порнографија не ги поштедува ниту возрасните. Многу истражувања говорат за развивање вистинска зависност која го пореметува нормалниот живот на поединецот, а неретко се наведува и како причина за развод. Досега **не постои ниту една** студија која зборува за придобивки од порнографијата! (според Layden, 2004).

### 1.8.4. Улога и значење на врсниците како агенс на социјализација

Голем број автори истакнуваат дека врсниците во периодот на детството и младоста имаат големо влијание врз формирањето на личноста, како и врз градењето на вредносниот систем на поединецот. Групата врсници значително влијае врз тоа кои вредности поединецот ќе ги усвои и ќе настојува да ги реализира, врз градењето на неговата независност и самостојност, како и врз формирањето на личните, а особено на социјалните ставови. Според многумина, врсниците се можеби највлијателниот фактор во формирањето на ставовите во детството и младоста. Havighurst (според Rot, 1989) смета дека врсниците имаат неколку функции во развивањето на личноста: овозможуваат детето да се развива како и останатите деца на негова возраст, овозможуваат развој на нови

вредности и стекнување соодветни социјални ставови и улоги, овозможуваат постигнување лична самостојност и независност, како и придонесуваат да се развива социјабилноста, нормалното однесување и да се сфатат и прифатат општествените цели. Piaget, пак, во врсниците го наоѓа изворот на автономната моралност.

Односите со врсниците брзо се развиваат од прилично едноставни до сложени. Hartup (според Kaprara, Cervone, 2003) смета дека тие се менуваат од „слабо координирани размени до координирани интеракции и од примитивна свесност за потребите на другите, до реципроцитет заснован врз комплексни атрибуции и користење на повеќекратни извори на информации". Овие односи даваат не само поддршка, туку и предизвици. Поединците трпат притисок да се конформираат со групните норми и се соочуваат со конфликти кои мора да научат да ги решаваат. Таквите конфликти имаат и позитивно и негативно влијание врз развојот на личноста (според Kaprara, Cervone, 2003).

Влијанието на врсниците не е идентично во сите развојни периоди. Од четиринаесеттата година тинејџерите повеќе ги привлекуваат заедничките активности со врсниците, отколку животот во семејството. Тоа не мора да значи дека автоматски ги напуштаат вредностите што им ги пренеле родителите, иако и тоа се случува. Она што е сигурно е дека во тој период младите стануваат поотворени за нови искуства и покажуваат поголема самостојност. Врсничките групи не ги карактеризира само тоа што имаат заеднички вредности и ставови, туку и покажуваат одредени истоветни начини на однесување и животни стилови кои ги преферираат. Parsons зборува за „култура на врсниците" под што подразбира стандарди на однесување кои ги поставува одредена група млади и таа група врши силен притисок врз нејзините членови да ги прифатат овие стандарди. Истите се најчесто спротивни на сфаќањата и нормите на родителите и останатите возрасни (според Rot, 1989). Многу често кај адолесцентите е поважно одобрувањето или неодобрувањето на врсниците, одошто она на родителите. Влијанието на врсниците е најсилно во периодот на возраст меѓу 13 и 19 години. Истражувањата покажуваат дека во тој период младите најмногу се разликуваат во поглед на ставовите од нивните

родители (Neiman, 1963; според Rot, 1989). Помали спротивставености во сфаќањата меѓу адолесцентите и нивните родители се среќаваат во случите каде постои топол и срдечен однос. Таму, пак, каде нема стабилен семеен живот и каде што во самото семејство постојат спротивставености и амбивалентност на стандардите и нормите, влијанието на врсниците е поизразено, па со тоа и разликата.

Возрасните се особено загрижени дека притисокот на врсниците може да доведе во инволвираност во антисоцијално однесување. Резултатите од истражувањата потврдуваат дека младите се особено осетливи на притисокот од врсниците за време на раната адолесценција, но нивната желба да ја следат групата во голем дел зависи од специфичноста на контекстот во кој тоа се случува. Berndt наоѓа дека децата кои тукушто навлегле во периодот на адолесценција многу повеќе соопштувале дека би ги следеле врсниците за разлика од помалите деца. Во една подоцнежна студија Bradford, Brown, Clasen & Eicher (според Cole & Cole, 1989) наоѓаат дека ваквиот генерален притисок за учествување во врсничките активности е особено силен во периодот на рана и средна адолесценција. Тоа воедно го поддржува тврдењето на Erikson (според Cole & Cole, 1989), дека адолесцентот чувствува потреба да се спои со групата. Mofitt (според Kaprara, Cervone, 2003) наоѓа дека голем процент момчиња го прифаќа овој вид однесување во перидот на адолесценција и го напушта во зрелоста. Повеќето наоди го поддржуваат верувањето дека во адолесценцијата е најприсутно бунтовничкото однесување, во споредба со другите животни периоди (според Cole & Cole, 1989). Сепак, и тука се присутни индивидуални и културни варијации. Така, на пример, Bandura (според Kaprara, Cervone, 2003) покажува дека во индустријализираните нации, многу млади луѓе избегнуваат да влетуваат во бунтовничко однесување за време на адолесценцијата. Многу адолесценти и понатаму го регулираат своето однесување во согласност со семејните вредности и стандарди и развиваат врснички мрежи кои ги засилуваат традиционалните уверувања (според Kaprara, Cervone, 2003). За разлика од притисокот на врсниците во другите домени, Brown, Clasen & Eicher (според Cole & Cole, 1989) наоѓаат дека

ваквиот притисок насочен кон пушењето, консумирањето алкохол и инволвираноста во сексуален однос расте со возраста.

## 1.9. Генерација – поим и дефиниции

Поимот *генерација* се користи на различни начини во секојдневниот говор и во научната литература, при што и во двата случаја тие не се доволно јасни и дефинирани. Bengtson i Black (според Litvinović, 2001), сметаат дека таквата состојба настанува делумно затоа што не е согледано дека генерациите се јавуваат во две издвоени димензии: во доменот на општествената структура и функционирање и во два различни верменски контексти. Според нив постојат две нивоа за разгледување на социјализацијата и меѓугенерациските односи: а) *макрониво*, на кое генерациите се анализираат како „агрегати засновани на возраста" и се преиспитуваат континуитетот и промените на културата во историско време и б) *микрониво*, на кое се набљудуваат членовите на една генеалошка линија, а се преиспитува интерперсоналната интеракција во контекст на идивидуално-развојното време. Овие автори се првенствено заинтересирани за односите на членовите од семејството.

Поимот генерација го дефинираат и други автори, меѓу кои е и Kohn. Тој предупредува дека не смее да се поистоветуваат поимите *генерација* и *возрасна група*, при што генерацијата ја дефинира низ четири основни значења:

- Тоа се современици, луѓе кои се родиле во приближно исто време;
- Степенот на оддалеченост од некој предок (на пр. внукот е од дедото оддалечен две генерации);
- Временскиот период поминат од раѓањето на родителот до раѓањето на детето;
- Симболичката смисла на поимот кој не подразбира толку хронолошко заедништво на современиците колку заедништвото на нивното животно искуство и доживувања.

Говорејќи за историскиот развој на поимот генерација (поколение) Kohn (според Litvinović, 2001) ги издвојува подолунаведените значења и сфаќања. Најстаро е биолошко-генеалошкото значење, во кое се работи за „карика или степен во ланецот на генезата од заедничкиот предок, а односите меѓу поколенијата се односи меѓу родителите и децата, претците и потомството. Подоцна овој поим се користи за означување на современици или врсници, како и на генерациите како општествено-историски појави.

За Mannheim (според Litvinović, 2001) генерацијата има, пред сè, биолошко значење. Сменувањето на генерациите е универзален процес, заснован на биолошкиот ритам на човековиот живот поради што: а) во културниот процес се јавуваат нови учесници, додека б) старите учесници од тој процес постепено ги снемува; в) членовите на секое дадено поколение може да учествуваат само во хронолошки ограничен интервал на историскиот процес и г) поради тоа нужно е секогаш да се пренесува стекнатото културно наследство; а д) преминот од поколение на поколение е континуиран процес. Според тоа, генерацијата не е ништо повеќе од своевиден идентитет на локација која ги опфаќа сродните возрасни групи присутни во историско-општествен процес (Mannheim, според Kohn, 1991; Litvinović, 2001). Разликите во однесувањето меѓу кохортите Mannheim (според Scabini & Marta, 2006) ги припишува на вредностите и ставовите. Според него генерацијата може да се разбере на три начини. Прво, како „*генерациска локација*" под што се подразбира кохорта според раѓање и луѓето кои припаѓаат на иста кохорта се притиснати од исти историски и општествени случувања. Второ, како „*актуелна генерација*" со која се опфатени луѓето кои припаѓаат на иста кохорта според раѓање и кои имаат заедничка судбина која се должи на конкретната поврзаност скована меѓу нив по пат на споделена изложеност на „општествените и интелектуални" услови. Трето, како „*генерациска единица*" во која припаѓаат луѓе кои освен заедничката историска локација ја делат и заедничката судбина, униформно реагирајќи на специфичните општествени феномени. Ваквата униформност подразбира сличност во совеста и во ориентациите кон историските проблеми,

создавајќи дистинктивни вредности и вредносни ориентации, како и културни стилови специфични за одредена генерација. Во неговата теорија, генерација е кохорта според раѓање која е свесна за себе си како различна од другите кохорти поради споделените настани кои се јавиле во текот на нејзиниот формативен период. Така, не секоја кохорта станува генерација. Лицата родени во исто време можат да споделуваат слични формативни искуства кои се вградуваат во „нормалното" перципирање на светот. На тој начин, луѓето остануваат фиксирани во квалитативно различни ери (според Scabini & Marta, 2006).

За Mannheim (според Litvinović, 2001), младите кои доживуваат исти историски проблеми припаѓаат на иста актуелна генерација, додека во рамките на иста актуелна генерација групите, кои на различни специфични начини го обработуваат материјалот на своето заедничко искуство, ги формираат генерациските единици. Во рамки на една генерација може да има повеќе генерациски единици, зависно од моменталните општествени и културни услови. Но, овој вид општествена конфигурација не се повторува од генерација во генерација. Постоењето на секоја генерациска единица посебно, зависи од сплетот на општествените, културните и историските фактори, а тие пак, се преродуваат, се зголемуваат кога минуваат низ заедничко искуство и така стануваат дел од колективните импулси и вредности. Не мора секоја генерација да развие своја посебна поврзаност или самосвест. Тоа ќе зависи од комбинацијата на историските, социјалните, културните и психолошките услови. Воедно и генерациските единици ќе влијаат врз овие услови (Mannheim, според Braungart, 1974; Litvinović, 2001). Mannheim (според Litvinović, 2001) разликува актуелни и потенцијални генерациски единици. За да се конституираат актуелните клучно е активното учество во процесот на „динамична дестабилизација", т.е. во тековите на општествените промени. Затоа, нови биолошки генерации главно нема да се конституираат како генерациски единици во време на бавни, постепени промени, ниту во време на општествена криза, кога хомогенизацијата и солидаризацијата се случуваат по некоја друга основа. Улогата на генерациските единици во културната трансмисија се објаснува со феноме-

нот на „свеж контакт". Традиционалните вредности и принципи на нов начин се доживуваат од страна на новите генерации, кои ги реинтерпертираат и внесуваат нови во културно-историскиот процес (според Scabini & Marta, 2006).

Во поглед на разликата меѓу поимите генерација и возрасна група, Litvinović (2001) ќе забележи дека иако возрасната група, како социјална категорија, не е генерација во потполна смисла, треба да се нагласи дека токму таа, како таква е носител на одреден симболички систем (детска супкултура, супкултура на младите, супкултура на старите итн.). Возрасната група како носител на симболичкиот систем може да се смета за генерација само доколку општеството се набљудува во попречен пресек. Но, она што во реалноста се гледа како возрасна супкултура е резултат на интерсекцијата на симболичкиот систем поврзан за возраста и со симболичкиот систем кој извира од историскиот развој на културата, обележувајќи ја епохата. Овој симболички систем го опфаќа општеството во целост, но во истовреме, се трансформира и се јавува како нов во специфични услови на интеракција во рамки на новата генерација. При тоа се разликуваат четири значења на поимот генерација и тоа:

*а) Биолошка генерација* – е дефинирана со генеалошки атрибути и е дел од концепцијата за смена на биолошкиот материјал кој протекува низ човештвото. Генерациската единица ја сочинуваат сите поединци кои во некој момент од својот живот се наоѓаат во една од улогите дефинирани со секвенцата која се набљудува;

*б) Календарска генерација* – е дефинирана со календарското време на кое му припаѓа. Генерациската единица се состои од оние поединци кои се родени во приближно исто време. Збирот на поединци во секоја генерациска единица е единствен и неменлив;

в) *Возрасна генерација* – е дефинирана со атрибутите на возрасниот интервал, поточно животниот период. Во оваа смисла, генерацијата е одредена со начинот на кој одредена култура, во одредено време го сегментира животниот тек, доделувајќи различни улоги и развојни задачи на поединци кои се наоѓаат во секоја од тие возрасни групи;

г) *Културно-историска генерација* – е дефинирана со атрибу-тите на културната епоха. Овие генерации се сменуваат како фази во развојот на културната историја, при што не мора да зафаќаат правилни временски интервали. Збирот на поединци кои ја сочинуваат културно-историската генерација е релативно константен доколку може да се замисли дека поединецот во текот на својот личен развој премине од една културно-историска генерациска единица во друга. При тоа, припадниците на иста хронолошка генерација можат да припаѓаат на различни културно -историски генерации.

Во конкретните употреби на поимот генерација често постои мешавина на различни перспективи. Така, во класичниот концепт за генерациски јаз постои измешана социјална и биолошка перспектива на гледање на генерациите. Од друга страна, речиси секој генерациски концепт операционално се засновува врз календарската генерација. Bengtson и Black (според Litvinović, 2001)зборуваат за внатре-кохортна солидарност. Генерациската самосвест се развива кога некоја возрасна група чувствува дека споделува некои заеднички услови кои не ги трпат останатите возрасни групи. Ова е најочигледно во време на ненадејни општествени промени и најизразено е врзано за младите. Тоа што тие чувствуваат дека се наоѓаат во единствена положба која за нив е заедничка е функција на нивниот однос кон историското и развојното време. Значајна е и разликата во нивниот однос кон иднината итн. развоен влог – односот кон она што можеме да станеме. Веќе раните адолесценти ја избираат припадноста кон својата генерација како втора најважна социјална припадност, веднаш по припадноста кон семејството.

При проучувањето на генерациите значајна е социјално-психолошката дефиниција на групната кохезивност, затоа што генерацијата се конституира врз основа на реални мали врснички групи. Ако тоа се генерализира на генерациите, како големи општествени групи, тогаш остануваат значајни некои карактеристики на кохезивноста, особено идентификацијата со групата врз основа на заедничките карактеристики. Илустрација на односот меѓу самосвеста, субкултурната припадност и

општествено-историскиот момент дава Joksimović (според Litvinović, 2001) во истражувањето за неформалните групи на млади во Белград. Резулатите покажуваат дека на ограничен географски простор, во ограничено календарско време и во ограничена возрасна група се воспоставуваат културни полиња со различен степен на традиционалност. Ова истражување покажува дека активното учество и идентификација со некој изразен супкултурен систем не зависи само од позитивниот став кон него, туку се работи за активно барање на општествена самодефиниција и решавање на проблемот на снаоѓање во моментално дадената општествена несовршеност.

## 1.9.1. Меѓугенерациска трансмисија на вредностите – континутитет и дисконтинуитет

Генерацијата игра централна улога во разбирањето како општеството ги наследува содржините од минатото, како гледа на сегашноста и како се движи кон иднината. Низ генерациската трансформација и меѓугенерациската трансмисија наследството од претходните генерации се пренесува и повторно се создава во новите генерации. Во овој контекст голем број истражувања се однесуваат на пренесувањето на семејните вредности. Така, на пример, за да го разберат „генерацискиот јаз" Bengston и соработниците (според Scabini & Marta, 2006) ги изучувале компонентите и стабилноста на меѓугенерациската солидарност и социјализацијата на вредностите во семејството. Тие го разделуваат концептот на меѓугенерациска солидарност на шест независни димнезии: афекти, асоцијации, консензус, размена, норми и структура. На тој начин доаѓаат до генерален заклучок дека димензиите на солидарност остануваат стабилни низ времето, дури и во врските баба/ дедо – внуци, каде што најмногу би се очекувале промени. Во однос на некои прашања како што се глобалните вредности, постои меѓугенерациска конгруентност, додека во однос на други, како што се ставовите кон воспитувањето на децата, на пример, се чини дека постојат впечатливи разлики. Овие студии покажале поголема хомогеност меѓу генерациите отколку што претходно се

мислело, иако Bengston посочува дека е можно таквата сличност да е рефлексија на заедничкиот општествен контекст, а не на директна трансмисија на вредностите (според Scabini & Marta, 2006).

Студиите на меѓугенерациската трансмисија на вредности, во однос на тоа *што* се пренесува и *како* се пренесува, од методолошки аспект се тешки за спроведување. Ова од причина што сфатена како процес, меѓугенерациската трансмисија не е ригидна, туку мошне динамична. Генерациите, како динамички ентитети всадени во променливиот социокултурен контекст, се разликуваат во однос на карактеристиките и стиловите на трансмисијата. Оттаму, истата не е никогаш апсолутна, туку варијабилна. Тоа што е пренесено зависи од континуираното менување и редефинирање и секогаш кога не е доволно јасно исчезнува или се заменува со нешто што може да е сосема различно по својата природа. Меѓугенерациската трансмисија на вредностите и традицијата е двонасочна – вертикално и хоризонтално. Имено, претходните генерации ја создаваат матрицата на влијание, но постои и реципрочно влијание меѓу генерациите. Во овој контекст Lawrence и Valsiner (според Scabini & Marta, 2006) прават разлика меѓу *трансмисија* – еднонасочен процес кој не вклучува реорганизирање на тоа што е пренесено и *интернализација*– процес кој се карактеризира со преработување и трансформација на тоа што е пренесено. Притоа, интернализацијата е тесно поврзана со идентификацијата. Родителите несвесно им ги пренесуваат вредностите на децата кои потоа се идентификуваат со нив и со моделите што им ги прикажуваат, интернализирајќи ги пренесените вредности. Grusec, Goodnow и Kuczynski (според Scabini & Marta, 2006) зборуваат за концепт на дејствување кој се однесува на родителите и нивните деца во процесот на трансмисија и интернализирање на вредностите, за да укажат на активната улога која ја имаат родителите во истиот. Овие автори ја подвлекуваат важноста на кохерентноста и константноста на пораките што се пренесуваат од страна на родителите, како и на влијанието на други варијабли - по својата природа најчесто релациски и афективни - кои се поврзани со прифаќањето, односно отфрлањето на тие пораки од страна на децата. Споменатите варијабли главно произлегуваат од семејното

функционирање и динамика. Всушност, постоењето на лојалност, доверба, отворен и искрен однос меѓу родителите и децата помага тие да бидат перципирани од страна на децата како модели кои вреди да се имитираат, што, пак, ја овозможува трансмисијата и интернализацијата на вредностите. Во целиот тој процес од големо значење е родителискиот стил, особено авторитарниот, кој оди рака под рака со присилното прифаќање на родителските вредности од страна на детето. Вистинското прифаќање на вредностите претпоставува детето да ги искуси како свои, а не истите да му бидат наметнати. Тука од голема важност е фактот дека родителскиот стил во себе веќе носи вградена серија вредности кои потоа се применуваат во пошироките и покомплексни релации со семејството и другите луѓе. Меѓугенерациската трансмисија најчесто се мери преку согласување/несогласување, односно сличности/разлики меѓу генерациите. Но, треба да се нагласи дека утврдувањето на сличности меѓу генерациите, исто како и разлики, не значи автоматски дека трансмисијата е (не)успешна. Ова од причина што во реалноста врските меѓу генерациите ги карактеризира дијалектичност меѓу континуитетот и новините, продукцијата и репродукцијата, така што присуството на трансформирачките процеси е неизбежно. Кога две генерации ќе постигнат согласност за важноста на одредена вредност, не значи дека секогаш ќе ја бранат и поддржуваат таа вредност, ниту пак ќе се однесуваат во склад со неа. Тоа зависи од низа фактори меѓу кои конкретната ситуација, поставеноста во хиерархијата на вредносни преференции, конформирањето со групата и слично (според Scabini & Marta, 2006).

Индивидуалистичката концепција на постмодерното општество кое е доминантно насочено кон поединецот, го отежнува сфаќањето на семејството и општеството во генерациска смисла. Во семејствата, денес, децата се сметаат како нешто што е продуцирано и поседувано од страна на пар, со цел да се продолжи видот и да се даде придонес кон општеството, а не како нова генерација. За да се разбере детето како нова генерација потребен е силен семеен идентитет. Губењето на мултигенерациската смисла значи дека семејствата имаат слаби идентитети, што се должи на нивната редефинирана структура и улога. На сличен начин,

општеството се смета за „општество на поединци", а не за општество составено од генерации. Меѓугенерациската димензија не се однесува само на размените меѓу генерациите во рамки на семејството, туку и на оние меѓу семејството и општеството. Во двете инстанци се случуваат генеративни и дегенеративни процеси кои предизвикуваат добросотојба и овозможуваат развој на идентитетот и зацврстување на семејната и на општествена историја, односно водат до детериорација и исчезнување на општествената традиција, па дури и на самата цивилизација. Оттука, генерациите треба да се сфатат како точка во која се вкрстуваат статусната улога на семејството и онаа на општеството. Клучот на таа меѓугенерациска перспектива се генеративноста и идентитетот, за кои зборува Erikson. Грижата за другиот е доблеста која ги поврзува различните генерации, ја обезбедува размената меѓу нив и ги пренесува вредностите од повозрасните на помладите. Тоа значи дека генеративноста подразбира создавање и грижа. Циклусот на генерацијата, за Erikson (според Scabini & Marta, 2006) започнува кога возрасните влегуваат во интеракција со цел формирање на идентитет кај новата генерација млади. Генеративноста, притоа, не подразбира контролирање на новата генерација барајќи слепо прифаќање на вредностите и традицијата од претходната генерација. Напротив, таа ѝ дава поддршка самата да го изгради својот идентитет, ставајќи ѝ го на располагање тоа што е веќе оформено. Така, новата генерација ќе ги усвои или модификува вредностите на претходната, градејќи го на тој начин својот уникатен идентитет. Од досега изнесеното може да се заклучи дека кога се зборува за односот родители – деца се мисли на *семејна генерација*, а кога се зборува за однос возрасни – млади се мисли на *општествена генерација.* Притоа, врската меѓу генерациите секогаш е проследена со амбивалентност. Имено, претходната генерација честопати се плаши, но и се грижи за оние кои доаѓаат по неа. Во минатото стравот бил манифестиран преку покорување на помладите, одбивање на нивните барања да бидат поинакви и потценување на вредноста на нивниот личен раст и развој. Денес, ситуацијата е спротивна: на помладите генерации им е загарантиран широк простор за личен развој и различност, но се појави нов вид амбиваленција во форма на

двосмислена, нејасна меѓугенерациска стабилност, што може да ја загрози родителската и општествена генеративност. Оттука, она на што најмногу треба да се насочи вниманието е токму генеративноста со нејзините аспекти – создавање, грижа и обезбедување доволно простор за непречен развој на младиот човек. Наместо фокусирање на утврдувањето сличности и разлики меѓу генерациите, поважно е да се испита процесот на валоризација и девалоризација на тоа што е разменето меѓу нив и како истото е употребено во конструирањето на генерацискиот идентитет. Притоа, она што особено треба да се вреднува е намерата, желбата и способноста да се пренесат и одржат значајните вредности (според Scabini & Marta, 2006).

## 1.10. Адолесценција – поим и карактеристики

Мурџева-Шкариќ (2004), истакнува дека адолесценцијата е живо-тен период во кој лицето расте и созрева. Називот доаѓа од латинскиот глагол *adolescere* што значи „расте, созрева". Таа наједноставно може да се определи како период на бурни промени, кој е премин од детство во зрелост. Хронолошки, периодот на адолесценција е поделен на три потпериоди:

- Рана адолесценција – од 10 до 14 години;
- Средна адолесценција – од 15 до 19 години;
- Доцна адолесценција – од 20 до 24 години.

Динамичните и развојно ненаклонети општествени промени што се случуваат денес многу од овие развојни задачи ги прават тешко остварливи за голем број адолесценти. На тој начин овој, и онака стресен период, го прави уште потежок и понепривлечен за живеење. Ако на сето тоа се додадат и многуте стигми и предрасуди што ги следат адолесцентите, станува јасно зошто се наоѓаат во најобесправената возрасна категорија. Во овој контекст Szentmártoni (2004) истакнува дека во општата претстава младите се отсликани како бунтовници, неморални, валкани, неодговорни, мрзливи, безволни, хедонисти, „проблематични" и неуспешни. Кон нив возрасните честопати имаат контрадикторни чувства

и знаат да бидат или многу попустливи или драстично строги. Но, како што ќе рече наведениот автор: „Младите најпрво треба да ги разбереме, па дури потоа да ги воспитуваме”.

Верувањето дека штом навлезе во периодот на адолесценција, поединецот неизбежно влетува во период на „бури и стресови” го разнишуваат истражувањата спроведени во последната деценија на дваесеттитот век па наваму. Истите ги преиспитуваат состојбите, расположенијата и однесувањата на адолесцентите и доаѓаат до резултати кои покажуваат дека „бурите и стресовите” не се универзални и неизбежни (Arnett, 1999; Buchanan, Eccles & Becker, 1992; Laurson, Coy & Collins, 1998; според Hines & Paulson, 2006). Наместо тоа, ниски и умерени нивоа на конфликтно и ризично однесување, нерасположеност и негативизам се најдени како нормативни исходи од преминот кон адолесценцијата. Поспецифично, истражувањата на конфликите на релација родители – адолесценти покажуваат дека прогресот кон станување автономна индивидуа не ги вклучува неизбежно стресот и хаосот и секое емоционално оддалечување не подразбира отфрлање на родителските вредности (Montemayor, 1983; Steinberg, 1990; според Hines & Paulson, 2006). Манифестациите на автономија од страна на адолесцентот може да се натпреваруваат со конвенционалните родителски сфаќања и поставени цели во врска со очекувањата, стандардите и дисциплината (Smetana, Yau, Restrpo & Braeges, 1991; според Hines & Paulson, 2006) и да придонссат кон зголемувањето на родителските напори да го одложат барањето награда од страна на адолесцентот за да се конформира на семејните и општествените правила (Montemayor, 1983; според Hines & Paulson, 2006). Семејните конфликти може да се зголемат во периодот на рана адолесценција и нивната фреквентност е најголема во овој период, но ваквите несогласувања се однесуваат на помали прашања и не се долгорочни и првазивни (Holmbeck & Hill, 1988; Laursen et al., 1998; Paikoff & Brooks–Gunn, 1991; според Hines & Paulson, 2006). Најголемиот број конфликти се однесува на извршувањето на домашните обврски, стилот на облекување, видот на музика кој се слуша, времето за враќање од вечерното излегување во град и сл. Истражувањата на незадоволството и

негативизмот, исто така, не го поддржуваат тврдењето дека адолесценцијата е период на „бури и стресови" (Csikszentmihalyi & Larson, 1984; Larson & Richards, 1994; според Hines & Paulson, 2006). Повеќето автори таквата појава ја објаснуваат како рефлексија на нормативните одговори на комбинираните искуства од физичките, когнитивните и социјалните промени (Larson & Ham, 1993; Larson & Richards, 1994; Rutter, Graham, Chadwick & Yule, 1976; според Hines & Paulson, 2006). Што се однесува до ризичното однесување, истражувањата покажуваат дека е присутен одреден степен на безобѕирно однесување кај адолесцентите, но не до точката на одметнување и ризичност, карактеристични за бурите и стресовите (Arnett, 1992; Quadrel, Fischhoff & Davis, 1993; според Hines & Paulson, 2006). Ризичното однесување ја рефлектира потрагата по сензации и импулсивност, како што се деликвенциите, злоупотребата на droги и измешаните сексуални активности. Сепак, и покрај присуството на ваквите форми на однесување, не е потврдено дека мнозинството од адолесцентите е инволвирано во зголемениот број ризични однесувања, поради тоа што истите се условени и од специфични средински влијанија како што се урбаните места, социоекономскиот статус, родителските стилови итн. (Buchanan et al., 1992; McCord, 1990; според Hines & Paulson, 2006). Истражувањата направени во САД покажуваат дека ниският социо-економски статус и пониското образовно ниво се значајни фактори во преовладувањето на проблематичните однесувања (Enright, Levy, Harris & Lapsley, 1987; според Hines & Paulson, 2006). Воедно, изложеноста на поголемиот дел од популацијата на печатените и електронски медиуми резултира во градење и одржување на силни и негативни стереотипи кои адолесцентите ги отсликуваат како неодговорни и бунтовници (Buchanan & Holmbeck, 1998; Gelman, 1990; Ibid според Hines & Paulson, 2006).

Теориите на социјално учење (Bandura, според Opačić, 1995; Todorović, 2005) ја истакнуваат улогата на моделите и нивното влијание врз адолесцентите и нивниот развој. Начинот на комуникација, стратегиите при решавање на проблемите и слично се стекнуваат главно преку учење по модел. Доколку родителите имаат лоши комуникациски навики или воопшто немаат вештини за ненасилна комуникација, истото

ќе им го пренесат и на своите деца. Во адолесценцијата таквиот комуникациски дефицит станува уште поизразен и доведува до размена на негативни емоционални реакции, а негативната слика на едните за другите се зацврстува и постапките на другата страна се перцепираат како негативни и злонамерни (според Todorović, 2005).

### 1.10.1. Карактеристики на моралниот развој во адолесценцијата

Според Мурџева-Шкариќ (2004), адолесцентите се наоѓаат во фаза на автономна моралност, според теоријата на Piaget, односно во петтиот стадиум на морално судење, според теоријата на Kohlberg. Но, постојат адолесценти и возрасни кои мислат според сопствените интереси, кои се својствени за вториот стадиум, иако најголемиот број адолесценти и возрасни расудуваат на ниво на конвенционална моралност. Се соочуваат со општествените конвенции, ги застапуваат такви какви се и постапуваат како што наложуваат законите. Во постконвенционалното ниво на морално судење се повикува на општествените договори и на демократските принципи, но и на основните етички принципи. Одлучувањето е контролирано одвнатре, а не преку конформирање на општествените притисоци и очекувања. Овој стадиум го достигнале оние адолесценти и возрасни кои расудуваат со помош на универзалните човекови права, во контекст кој е релативен и водат сметка за практичните последици. Ако, пак, сметаат дека по демократски пат донесените прописи се неправични, тие треба да се менуваат демократски и уставно, а не со укинување на законот. Во последниот стадиум моралното расудување се одвива според универзалните етички принципи и однесувањето е според нив, бидејќи совеста тоа им го наложува. Адолесцентите и возрасните дејствуваат според апстрактните морални апсолути на правичност, рамноправност и почитување на достоинството и благосостојбата на секој поединец. Докажано е дека нивото на морално судење варира во зависност од ситуацијата. Воздигнувањето, пак, на моралното мислење и поведение на повисоко ниво е можно по пат на дискусии околу различни морални дилеми, преку ставање во односи со

поединци на повисоко ниво и слично. Тоа овозможува да се разјаснат моралните доблести и вредности, да се добијат повеќе информации и да се зголеми свеста за нивниот квалитет при одмерувањето и одлучувањето.

Вредносниот систем кој им се наметнува на адолесцените најчесто е крут, авторитарен и наметнува стриктни ограничувања. Тие тоа можат да го претпочитаат, бидејќи се сигурни што треба и што не треба да прават. Но, со тек на време, низ созревањето и квалитативните промени во мислењето и расудувањето, адолесцентите ги напуштаат ваквите ригидни системи на верување. Тоа се должи на карактеристиките на мислењето на адолесцентите. Имено, тие мислат: а) за алтернативните можности кои не се дадени непосредно и сетилно, б) преку хипотези, в) за иднината, г) за сопствениот мисловен процес и д) отаде конвенционалните ограничувања, т.е. ги ставаат на преиспитување општествените вредности и норми (според Мурџева-Шкариќ, 2004).

### 1.10.2. Односи со родителите и врсниците во периодот на адолесценција

Семејството е првата надворешна реалност на адолесцентот. Тоа е рамка која го одредува неговиот сегашен и иден развоен пат и му ја отвара вратата во светот на возрасните. Во адолесценцијата се одвива еден развојно многу значаен процес - процес на индивидуација. Имено, адолесцентот се ослободува од зависноста од родителите, но врската со нив останува. Овој процес се одвива низ неколку фази. Најнапред има нагласена диференцијација од родителите, што се гледа низ критичкиот став кон нив, одбивање на сè што произлегува од нив и доживување на себе си на начин различен од нив. Потоа следува фазата на вежбање на независноста од родителите, кога адолесцентот ги одбива нивните предупредувања и мисли дека сè може сам да испроба. Следната фаза е повторно зближување со родителите, но сега како самостојна личност, при што се воспоставува соработка и нема апсолутна послушност како порано. На крајот од овој процес се воспоставува независност, чувство на сопствен идентитет т.е. индивидуалност (според Мурџева-Шкариќ, 2004). Адолес-

центот излегува надвор од домот - низ дружењето со врсниците, емоционалните врски, новите ставови и вредносни системи - но и понатаму смета на семејството како на значаен извор на поддршка. Границите во семејството се поместуваат, правилата се редефинираат. Забележлива е поголема флексибилност на ставовите на родителите која е во согласност со развојните промени на адолесцентите, како и поголема толерантност, што овозможува пофункционално родителство. Толерантноста се гледа во настојувањата на родителите да го менуваат само однесувањето на адолесцентите кое се однесува на животно важни прашања, а ги оставаат да ја изразат својата тенденција кон самостојност, оригиналност, автономија. Во спротивно, неселективните забрани доведуваат до неселективно отфрлање на сите семејни норми и вредности, со што ја зголемуваат дистанцата меѓу родителите и адолесцентите (според Lakić, 2005).

Основната задача на адолесценцијата е градењето на сопствениот идентитет, различен од оној на родителите. Во овој период се јавува изразен отпор кон крутиот авторитет и чести конфликти и спротивставени мислења. Сепак, она со што адолесцентите најмногу се разликуваат од своите родители е начинот на облекување, видот на музика што го претпочитаат итн. Она, пак, што е суштинско – сокриеното семејно богатство – останува слично. Тоа се моралните и етички ставови, вредности и комуникациски модели, кои уште од раното детство се вткаени во личноста на адолесцентот. Во односот родител – адолесцент, всушност се работи за двонасочна социјализација: родителите влијаат врз адолесцентите и обратно. Оттука, Мурџева-Шкариќ (2004) ќе рече „јазот меѓу генерациите е повеќе мит отколку реалност." Погоренаведеното тврдење добива поддршка од резултатите на бројни истражувања. Todorović (2005) ги наведува следниве. E pperson (1964), Douvan i Adelson (1966) на огромен примерок американски адолесценти, на возраст од 14 до 16 години, утврдиле дека младите потешко го доживуваат неодобрувањето на нивните родители, отколку на врсниците и дека најмногу го уважуваат токму мислењето на своите родители. Meisner (1965), пак, наоѓа дека американските средношколци се задоволни од своите родители и со

нивните дисциплински постапки. Слични наоди соопштуваат и Offer (1969) и Gustafson (1972) во Шведска. Pip, Jennings, Fischer и Shaver (1985) испитувајќи адолесценти на 19 годишна возраст, утврдиле дека кај нив постои потреба односите со родителите да ги прикажат во поинаква светлина, отколку на порана возраст. Односот со мајката го опишуваат како пријателски и одговорен, а додека таткото го перцепираат како подоминантен, но ги истакнуваат сличностите шти ги имаат со него. Во студијата на Rutter (1976) се вклучени адолесцентите и нивните родители, при што податоците се земани одвоени и едните не знаеле што одговориле другите. Резултатите покажале дека многу мал процент од адолесцентите не ги прифаќа своите родители, а поголемиот број продолжува да излегува со нив и да учествува во семејните активности. Bogenschneider, Raffaelli и Tsay (1998) го проучувале влијанието на родителите и нивниот вредносен систем, од една страна, и на врсниците, од друга страна, врз злоупотребата на дрога кај студенти на прва година студии. Дошле до заклучок дека пермисивните ставови на родителите во поглед на употребата на алкохол се силен предвидувач на злоупотребата на дрога, дури и посилен од употребата на алкохол од страна на самите родители. Високата одговорност и надзор на мајката е поврзана со помала ориентација кон врсниците, а со самото тоа и со помала употреба на наркотици. Истражувањето на Schuster, Uhlendorff и Krappmann (2002) во кое се испитани адолесцените на возраст од 10 до 13 години, соопштува податоци за менување *на асиметричниот однос* кој постои меѓу родителите и децата во детството, во претежно симетричен и партнерски на подоцнежна возраст. Наведените студии потврдуваат дека родителите ја задржуваат примарната улога во развојот на младите, како модел за идентификација, пренесувајќи им ги знаењата, вредностите и насоките - процес што Erikson го нарекува *генеративност*. Родителите му ја даваат на адолесцентот неопходната емоционална и економска потпора, која во времиња на нестабилност и неизвесност од секаков вид им станува уште позначајна и попотребна.

Во односот меѓу родителите и адолесцентот важно е да се истакне дека тој не се бунтува против нив, туку против попречувањето на

слободата, присилата, наметнување начин на однесување за кој родителите мислат дека е добар. Хипотетско-дедуктивното мислење придонесува адолесцентите да имаат поинакви погледи и мислења од родителите и истите да ги аргументираат, што неизбежно води кон расправа. Доколку родителите се свесни дека ваквите противречности се минливи, можат да ги избегнат конфликтите. Адолесценцијата е период на психосоцијално експериментирање и самостојна самоексплорација – активен процес на избор меѓу постоечките алтернативи, неочекуваното искуство и осознавањето на ограничувањата во наоѓањето и перципирањето на надворешната реалност, што би требало да води кон откривање на индивидуалната одговорност за реализација на индивидуалната реалност (според Lakic, 2005). Односите со врсниците во овој период имаат нагласено место. Врсниците го имаат најсилното влијание токму во периодот на адолесценција, што е видливо низ времето кое адолесцентот го минува во разговори со своите пријатели – врсници. Пријателствата стануваат трајни, стабилни и блиски и не се хиерархиски поставени. Нивните основни состојки се интимноста, лојалноста и верноста. Овие компоненти се замена за празнината што се создава поради одвојувањето од родителите. Тие се воедно и најинтимните и најсилните од кога и да било во другите возрасни периоди. Во овој период е најистакната и сличноста меѓу пријателите. Можноста да се создаваат длабоки пријателски врски се засновува на когнитивниот развој. Тоа овозможува да се споделат и изразат порасчленети мислења и доживувања. Групата врсници е средство за преминување кон независноста. Тие си обезбедуваат меѓусебна поддршка и разбирање. Конформираноста со врсниците се зголемува на возраст околу 13–14 година, а потоа се намалува. Идентификацијата и приврзаноста кон врсниците и кон родителите не се исклучуваат една со друга. Тие значат проширување на кругот на значајните лица кон кои се покажува приврзаност (според Мурџева-Шкариќ, 2004).

### 1.10.3. Адолесцентите во денешното општество

Психичкиот и духовен развој на адолесцентите не зависи само од биолошките фактори, туку и од општествениот контекст. Општеството со своите очекувања влијае врз нивниот развој и планови поврзани со иднината. Општествените структури можат да го олеснат процесот на созревање, но можат да бидат и извор на проблеми и тешкотии. Оттука, честопати, неснаоѓањето, чувството на изгубеност, отуѓеноста и слично може да се сфатат како реакција на младите на светот во кој живеат. Денешниот свет, за жал, не ги штеди во ниеден поглед. Го карактеризираат големи и брзи промени. Можеби ниедна претходна генерација не доживеала таква техничко-технолошка револуција како денешнава. Секојдневните научни достигнувања се прифатени како апсолутна вредност, сè му е подредено на „развојот", кој има светла, но и темна страна. Една од непосредните последици на таквите брзи промени се манифестира на психолошки план, така што минатото сè повеќе се оддалечува од сегашноста, губејќи ја својата вредност во очите на младите. Во нивната свест старото се поистоветува со старомодното, заостанатото, непродуктивното. Но и иднината, исто така, го губи своето значење и смисла. Станува сè понесигурна и понеизвесна. Тоа кај младите отвора ново искуство и нова потреба – максимално да се искористи сегашниот момент. Се живее од денес за денес. Понатаму, се стеснува меѓугенерациската комуникација. Младите не наоѓаат заеднички теми со своите родители, или послободно кажно – не зборуваат веќе со ист јазик. Формирана е една нова, компјутерска генерација - „dot-com" генерација. Последиците се чувствуваат и во семејството. Сè полошите економски услови, зголемената невработеност и сиромаштија, новите услови на работа го намалуваат времето што родителите можат да го поминат со своите деца во релаксирана и позитивна атмосфера. Поради големата подвижност емоционалните врски стануваат сè поповршни. Мешањето на различни култури ги прави попристапни новите, непознати вредности, идеи, модели. Сето тоа внесува несигурност во душите на младите. Тие тешко наоѓаат цврсти и општоважечки вредносни системи кои би можеле

да им послужат како сигурен патоказ. Нивните трагања по такви цврсти потпори најчесто завршуваат со релативизирање на вредностите, поради што не можат да се најдат ни себе си, ни својот идентитет. Растргнати се меѓу семејните вредности и модели, од една страна и вредностите и моделите што секојдневно ги промовираат медиумите, од друга страна. Потрошувачкото општество и влијанието на комуникациските средства гради нови ставови кај нив. Тие прераснуваат во бескрајна маса потрошувачи на кои им се наменети бројни реклами и „инстант-вести". Така, сè почесто веруваат во тоа што го гледаат, а на ветувањата и дадениот збор реагираат со циничен потсмев (според Szentmártoni, 2004).

Освен со проблемите кои настануваат поради ненадејните и брзи техничко-технолошки и општествени промени, младите на својот пат кон зрелоста се соочуваат и со хаосот во духовниот свет кој ги опкружува. Се чини дека никогаш порано човекот не бил толку несфатен како денес, ниту бил толку изгубен и осамен. Денешниот човек е „изгубен" токму во основните димензии на своето човештво, како што вели познатиот хуманист R. May (според Szentmártoni, 2004). Духовната криза на нашата епоха можеби најтрагично се манифестира во подрачјето на вреднување на сексуалниот морал и средбата меѓу половите.

Хаосот во кој денес се живее е присутен на повеќе нивои (според Szentmártoni, 2004):

- *Внатрешен хаос* – денешниот човек не е способен да живее во мир со себе си, бидејќи му е пореметена внатрешната хамонија. Чувствата не го следат спознаеното. Недостасува волја да се донесат одлуки и истите да се спроведат. Сè поприсутна е апатијата. Човекот бега од себе си, а доказ за тоа е дека не ја живее својата сегашност;
- *Општествен хаос* – денешниот човек го карактеризира, социјален, интерперсонален хаос. Пореметен е односот меѓу луѓето. Луѓето се плашат едни од други, се затвораат, немаат доверба;

- *Амбиентален хаос* – денешниот човек живее во загадена животна средина. Духот му е заробен од сѐ посилната урбанизација. R. May ќе рече „денешниот човек веќе нема место под небото. Делата на неговите сопствени раце се закануваат да го уништат. Природата веќе не е негов дом. Човекот во светот стана бездомник" (според Szentmártoni, 2004);
- *Метафизички хаос* – денешниот човек има чувство дека никаде не припаѓа. Многумина ја имаат изгубено вербата во подобра иднина, што доведува до губење на темелите на егзистенцијата, на смислата на животот. Оттаму, посегањето по дрога, зголемениот број на самоубиства и сл. се само форми на барање на изгубениот смисол на животот.

На крај, ако се навратиме на едната од основните задачи на адолесценцијата – втемелувањето и градењето на личниот идентитет – станува јасно дека во денешни услови тоа е повеќе од тешка задача за адолесцентите.

## 1.11. Зрелост – теоретски концепции и сфаќања

На прашањето *што всушност го прави човекот зрела и целовита личност* постојат различни одговори и гледишта. Според Јеротиќ (2004), треба да се земе во предвид фактот дека нема потполно зрела, односно потполно интегрирана личност. Постојат само степени на зрелост кои, помалку или повеќе, се доближуваат до замислениот идеал на зрелост. Речиси и нема граници на човековото созревање во текот на целиот негов живот. Иако се смета дека најважните услови во кои личноста созрева се оние кои постојат во семејството, животните ситуации и искуства со кои поединецот ќе се соочи, како и наследените способности за трансформирање имаат значаен удел во созревањето на личноста и можностите за нејзино менување и самостоен развој. Истиот автор ги

наведува следниве критериуми за одредување степенот на зрелост на поединецот:

- Способност да се сакаат и другите, а не само себе си;
- Способност да се контролираат сопствените импулси;
- Способност да се поднесат непријатност, болка и страдање;
- Поседување зрела, а не инфантилна совест;
- Умерена агресивност без реакција на бес или омраза, но и без претерана плашливост;
- Способност да се биде независен.

Повеќе од јасно е дека нема зрело општество, без зрели поединци, а истите не ги создава само општеството, туку и самовоспитувањето. Значи, нема друга одговорност, од самоодговорноста (според Јеротић, 2004).

Според Hrnjica (1982) зрелоста може да се сфати како еден од ефектите на социјализацијата, поради што е подетално разгледувана од страна на теориите на социјално учење. Имено, бихејвиористите сметаат дека совеста се внесува преку надворешно дејствување. Најчестите средства преку кои тоа се остварува се сложените видови инструментално учење, како што се наградата и казната. Сепак, ваквиот концепт не ги издржал емпириските проверки. Развојот на личноста на патот кон зрелоста, во теоријата на Piaget се одвива по пат на процесите на асимилација и акомодација. За разлика од Его-психолозите, тој ја нагласува прогресивната автономија на когнитивните структури од временско-просторните ограничувања кои се карактеристични за рефлексите, сензорната осетливост и сензомоторната шема на координација. Во поединецот гледа активно суштество, кое влегува во динамична интеракција со средината, прилагодувајќи ја на себе си, но во исто време прилагодувајќи се и себе си на неа до степен кој не ја нарушува неговата автономија. Влијанијата на средината не се единствените детерминанти на развојот. Каков ќе биде крајниот ефект зависи и од тоа дали поединецот ја сфаќа ситуацијата во која се наоѓа и како ја сфаќа. Способноста да се оддели од моменталната ситуација и при тоа да го намали до одреден степен влијанието на емоциите, како и способноста да се контролираат личната заинтересираност и субјективност кога се суди за

определен проблем, се важни карактеристики на интелектуалниот аспект на зрелоста. За Kohlberg (според Hrnjica, 1982) степените на моралната зрелост се производ на интеракцијата на детето со другите луѓе. Основен фактор кој го предизвикува структурирањето на моралот е социјалната партиципација и играњето улоги. Играњето морални улоги содржи емоционално-емпатиска компонента, како и когнитивна способност за сфаќање на моралните релации. Суштината на „моралната зрелост" е во способноста на личноста да се однесува во согласност со усвоените морални принципи, дури и тогаш кога се соочува со силен притисок да се однесува поинаку. Морално зрелиот поединец одлучува и расудува на морален начин и се однесува во согласност со донесените судови. Тој, исто така, смета дека авторитарната морална идеологија е рестриктивна, а демократската е интегративна компонента на личноста. Авторитарноста го отежнува успешното комуницирање со средината и усвојување на моралните ставови, како и нивна примена во секојдневното однесување. Gesell (според Hrnjica, 1982) заклучува дека профилите, цртите и трендовите на зрелоста не можат да се набљудуваат како ригидни норми, ниту како модели. Тие само укажуваат на форми на однесување кои тежнеат да се манифестираат на одредена возраст, под влијание на условите во кои поединецот живее. Секое дете има свој специфичен развој, карактеристичен само за него. Цртите и трендовите се означени како општ модел за споредба врз основа на кој се проценува нивото на зрелост. Оттука, произлегува дека профилите на зрелоста се квалитативни категории кои не дозволуваат квантитативни споредби. Клучниот поим во неговата концепција е поимот „развој". Единствената индивидуа е резултат од интеракцијата на развојните процеси и средината, а посредникот меѓу нив е искуството. Тој смета дека созревањето не треба да се сфати само како процес на интеграција, туку и како процес на диференцијација. Сепак, развојните процеси во однос на влијанието на средината имаат пресудна улога. Културата само го оформува и канализира развојот. Успешниот развој и созревање се сведува на усогласување, врамнотежување и успешна контрола врз перципираните

тенденции чии корени се наоѓаат како во културата, така и во самата личност (според Hrnjica, 1982).

### 1.11.1. Аспекти на зрелоста – што е морална зрелост?

Hrnjica (1982), истакнува дека моралното чувство на правилно и неправилно е поврзано со специфичните активности кај децата. Адолесцентите имаат идеалистички и нереални морални поими, бидејќи нивната суштина не е проверена во конкретните човечки односи, пред сè, оние поврзани со работната активност и сопственото семејство. Во периодот на зрелоста, морално зрелиот поединец е во состојба да ги создава моралните вредности и да ги проверува низ анализа на поширокото искуство со општеството во целина. Тој знае што очекува општеството од него, дури и кога не се согласува со поединечните одредби од општесветниот морален кодекс. Доколку не се работи за несогласување околу основните морални вредности кои поединецот ги има прифатено, тогаш најчесто ги следи воспоставените норми свесен дека не постои закон кој сè би задоволил. Моралниот кодекс на зрелиот поединец е стабилен. Тој се однесува во склад со моралните норми не поради страв од казна и санкција, туку затоа што е убеден дека тоа е добро, како за него, така и за другите. Го карактеризира одговорност, за разлика од незрелиот поединец. Интелектуалната зрелост е важен предуслов за формирање на моралната зрелост, бидејќи процесот на усвојување на моралните норми, главно се засновува врз рационални, сознајни процеси. Застапувањето на морален апсолутизам е исто толку неприфатливо од аспект на развојот, како и прифаќањето на моралниот релативизам. Моралните начела треба да се применуваат на конкретната човекова заедница, уважувајќи ги нејзините историски и културни особености. Она што може да се извлече како заклучок е дека зрелоста е психички конструкт, чии што аспекти се неразделни од целоста. Но, иако ваквиот холистички пристап бара сите аспекти на зрелоста да се набљудуваат единствено, тоа не ја исклучува можноста кај различни поединци да бидат поизразени различни аспекти на

зрелоста: социјална, интелектуална, емоционална, психосексуална, морална итн.

## 1.12. Средна зрелост – развоен контекст и карактеристики

Периодот на средна зрелост пред шеесетина години не постоел и не бил предмет на развојните инстражувања. Најчесто се поврзувал со стереотипи и со клишето наречено „криза на четириесеттите”. Денес за него се знае многу повеќе, иако приматот во истражувањата се уште го држат детството и адоелсценцијата. Лонгитудинално гледано, средната зрелост се разликува од претходните стадиуми поради степенот на варирања што постојат меѓу поединците. Карактерот и квалитетот на развојот зависат од припадноста на социјалната класа, полот и од бурноста на општествените промени. Белег на идентитетот е желбата да се остави трага, бидејќи постои свест дека годините одминуваат. Во зрелата доба се јавуваат широки интереси и свртување кон другите. Оние што успеале да го најдат своето место во општеството се насочени кон идните генерации на кои сакаат да им ги пренесат животните лекции научени искуствено– појава која Erikson ја нарекува *генеративност*. Поединците, пак, кои се незадоволни од животот или се доживуваат како неуспешни во професионалната кариера стагнираат. Средната зрелост е период за правење преглед на она што е до тогаш остварено во животот на професионален план. Во овој период многумина себе си се доживуваат како да се во сендвич, меѓу потребите на своите деца и потребите на родителите. Тоа е затоа што во исто време треба да се биде дете на своите родители и родител на своите деца, што не е ни малку лесна задача (според Мурџева-Шкариќ, 2004).

Мурџева-Шкариќ (2004) наведува дека периодот на средна зрелост е резултат на два фактора: а) намалување на наталитетот придонесе родителите порано да ја завршат обврската да ги осамостојат децата и б) подобрувањето на здравствените услуги им го подобри здравјето на луѓето и им го продолжи животот. Карактеристика на овој период е што во него се обмислуваат минатите искуства, особено оние од раната зрелост.

Постојат разлики во обмислувањата меѓу мажот и жената. Оние на мажот се повеќе насочени кон професијата, а оние на жената кон семејството. Во преминот кон средна зрелост половата поделба на социјалните улоги која е видлива во раната зрелост е заменета со андрогинија. Сопружниците наместо на сексуалноста, повеќе значење му придаваат на пријателството. Лицата кои произлегуваат и живееле во повисоки социоекономски слоеви имаат поголема можност преминот од рана кон средна зрелост да го доживеат како позитивен. Средната зрелост за нив е нова шанса за развој. Главен придонес за ова има професијата и работното место. Можноста за професионално усовршување придонесува за појава на пософистицирана интелектуалност, поголема самодоверба, повисоко себевреднување, градење на вредносен систем од повисок квалитет и чувство дека на другите им се потребни и дека треба да им го пренесат нивното позитивно искуство. Сето ова прави поединецот да биде поотпорен на општествените и економски кризи, а исто така и да одржува постабилни семејни врски.

Фокусот на развојот во средната зрелост е поврзан со базичната промена на ставот од индентитет на Јас, кон идентитет на Јаство, би рекол Jung (според Stein, 2005). Доколку тој процес не се одвива оптимално, последицата е незадоволство и огорченост, придружени со недостаток на внатрешна смисла. Позитивниот исход во средната зрелост навестува зголемување на творештвото, мудроста и увидот во трансцедентните аспекти на свеста и староста. Овој период е исто толку развоен како и детството и младоста. Уште многу нешта треба да се направат. Впрочем, психолошкиот развој е процес кој се одвива во текот на целиот живот. Во секоја развојна фаза, целта на преобразувањето е понатамошно отворање на потенцијалната индивидуалност на поединецот. Индивидуацијата е поим кој укажува на развој во текот на целиот живот, кој се движи нанапред и во кој поединецот претставува потенцијал за целовито изразување во рамки на семејниот и културален контекст во кој живее. Во средната зрелост доаѓа до премин од еден психолошки идентитет во друг. Тоа е период кога поединецот поминува низ суштински пресврт во своето усогласување со животот и светот и таквиот престврт има психолошко значење надвор од интерперсоналните и социјални димензии. Средната

зрелост претставува криза на духот, во која старото доживување на себе си се губи, а новото почнува да се раѓа (според Stein, 2005).

Според теоријата на Peck, во средната зрелост доаѓа до промени во четири развојни аспекти. Прво, мудроста треба да се прифати како вредност, а таа подразбира спретност да се направи најдобриот избор во животот. Заснована е на животното искуство и големата разновидност на преживеани минати односки и случувања. Второ, односките со другите треба повторно да се воспоставуваат засновувајќи се сега врз нивните својства како индивидуи и содружници. Трето, потребно е флексибилно емоционално врзување т.е. способост афективното вложување да може да се преместува на други лица и активности. Конечно, менталната ригидност треба да се замени со ментална флексибилност. Според теоријата на Erikson, пак, задача на средната зрелост е да се донесе одлука меѓу два противречни избора – да се биде генеративен или да се стагнира. Генеративноста е потешкиот пат, но и оној кој овозможува трансцедентност на сопствената смртност. Стагнирањето значи запирање во место и затворање на можностите за натамошен развој (според Мурџева-Шкариќ, 2004).

Кога се зборува за „криза на средните години" многумина мислат на онаа неочекувана и незавидна психолошка состојба која ја поматува гордоста и сигурноста во себе и во поединецот буди сомнеж во сопствената емоционална рамнотежа и ментално здравје. Сепак, на кризата треба да се гледа проактивно, како на шанса за менување и развој, а тоа може да се рече за средната зрелост многу повеќе одошто за било која друга фаза од животот (според Stein, 2005). Развојот во средната зрелост понекогаш е постепен и умерен, но честопати е и бурен, поврзан со многубројни животни пресврти и кризи. Долго време развојните психолози не можеле да го најдат одговорот на прашањето за факторите кои го придвижуваат развојот по младоста, за да подоцна ги најдат во динамичката спрега меѓу човекот и средината, во менувањето на социјалните улоги во текот на овој животен период, односно, во животните кризи. Соочувањето со ненадејни и неочекувани животни настани може од корен да ја промени сликата на возрасниот за себе си,

светот и другите луѓе, да го разниша вредносниот систем врз кој неговиот живот до тогаш се засновувал. Но, развојот може да биде поттикнат и од свесноста за сопственото биолошко стареење и опаѓање на физичката и социјална моќ, односно од периоди на развојни кризи низ кои поединецот минува во текот на средната зрелост (според Vlajković, 2005).

Секој поединец кој чита весници или гледа телевизија е свесен дека карактеристиките на бракот и семејниот живот, од година во година, се менуваат. Сè помал број луѓе стапува во брак, а оние кои го прават тоа чекаат многу подолго за да се решат на таков чекор од претходните генерации. Семејствата, исто така, се менуваат и се избираат алтернативни форми во кои се вклучени кохабитациите, семејствата со еден родител, семејствата со деца од претходни бракови и сл. Брачните врски во денешното општество се предмет на интензивно истражување. Сè поразширени се податоците за умирањето на бракот како институција; за неговото редефинирање, што како тема се обработува во медиумите и во стручната литература. Високите бракоразводни стапки говорат за тоа дека многумина не успеваат да ги одржат ветувањата дадени пред матичарот, пред Бог, а најмногу пред себе (според Whitbourne, 2001). Она што станува сè поактуелно е зголемениот број на бракоразводи кои се случуваат по 20 и повеќе години поминати заедно.[‡]

Можни причини за ваквата состојба лежат во фактот што кога младите ќе го напуштат домот, сопружниците влегуваат во нова фаза од нивниот брачен живот. Можат да си посветат повеќе внимание и да ја отстранат создадената меѓусебна оддалеченост, доживувајќи на тој начин втор меден месец. Но, доколку бракот ја изгубил својата страст, интимност и живост или доколку изобилува со конфликти и напнатост неретко се случува да заврши со развод. Тоа станува повидливо токму кога младите ќе го напуштат домот, бидејќи се отвара многу повеќе простор и слободно време за нив двајца, кое тие веќе немаат со што да го исполнат.

[‡] Статистиката за Р. Македонија говори дека најголем број бракоразводи се случува во период меѓу 5 и 9 години брак; потоа во период меѓу 10 и 14 години брак, а од 2004 година наваму третото место го превземаат оние кои биле во брак 20 и повеќе години. Во 2005 година соопштени се следниве бројки: вкупно разведени бракови 1552, од кои 345 во период меѓу 5 и 9 години брак; 214 во период меѓу 10 и 14 години брак и 206 кои биле во брак 20 и повеќе години.

Чести причини за бракоразводи се и неверството, семејното насилство, или пак, недостаток на љубов, споделување на интересите и различниот развој на сопружниците. Во периодот на средна зрелост денес, исто така, има многу немажени, односно неженети поединци (според Мурџева-Шкариќ, 2004).

## 2.0. Проблем, задачи и цел на истражувањето

Проблемот со кој ќе се занимава ова истражување е ***дали постојат разлики во вредностите, вредносните ориентации, моралните ставови, областите на избор на моделите за идентификација и преференцијата на особините на моделите за идентификација меѓу лица во различни возрасни периоди.*** Со истражувањето ќе бидат опфатени лица од рана, средна и доцна адолесценција, од една страна, и лица од средна зрелост (родители на адолесцентите, од двата пола), од друга страна.

Од основното проблемско прашање произлегуваат ***четири посебни задачи*** на истражувањето насочени кон утврдување на: а) ***вредностите што ги преферираат адолесцентите во споредба со оние што ги преферираат нивните родители***; б) ***вредносните ориентации што ги преферираат адолесцентите во споредба со оние на нивните родители***; в) ***моралните ставови на адолесцентите во споредба со оние на нивните родители***; г) ***моделите што ги избираат адолесцентите во споредба со моделите што ги избираат нивните родителите, како и причините поради кои ги избираат.***

***Главна цел*** е да се направи едно развојно-трансферзално истражување со кое ќе се дојде до емпириски проверени сознанија за преференциите на вредностите, вредносните ориентации, моралните ставови и моделите од страна на лицата од различни возрасни периоди. Врз основна на добиените резултати ќе се обидеме да претпоставиме во која насока се менува вредносниот систем на поединците. Во таа смисла, очекувањата се дека овие сознанија ќе го најдат своето место и улога во развивање едукација, тренинг и можни интервенции во доменот на моралните вредности и ставови, кои ќе бидат насочени кон избор на повисок квалитет. Тоа е особено значајно за помладата генерација која допрва треба да ги реализира општествените улоги што ќе им бидат доделени – улоги на модели кои ќе треба поколенијата да ги повлечат во зоната на наредниот развој.

## 2.1. Истражувачки хипотези

А хипотези: се однесуваат на разлики во вредностите кај лица од различни возрасни периоди.

### А1: Адолесцентите се разликуваат од нивните родители во поглед на преферираните вредности.

А1.1 Четиринаесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на претпочитаните вредности од нивните мајки.

А1.2 Четиринаесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на претпочитаните вредности од нивните татковци.

А1.3 Седумнаесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на претпочитаните вредности од нивните мајки.

А1.4 Седумнаесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на претпочитаните вредности од нивните татковци.

А1.5 Дваесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на претпочитаните вредности од нивните мајки.

А1.6 Дваесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на претпочитаните вредности од нивните татковци.

### А2: Лицата од различни возрасни периоди меѓусебно се разликуваат во поглед на преферираните вредности.

Б хипотези: се однесуваат на разлики во вредносните ориентации кај лица од различни возрасни периоди.

### Б1: Адолесцентите се разликуваат од нивните родители во поглед на претпочитаните вредносни ориентации

Б1.1 Четиринаесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на претпочитаните вредносни ориентации од нивните мајки.

Б1.2 Четиринаесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на претпочитаните вредносни ориентации од нивните татковци.

Б1.3 Седумнаесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на претпочитаните вредносни ориентации од нивните мајки.

Б1.4 Седумнаесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на претпочитаните вредносни ориентации од нивните татковци.

Б1.5 Дваесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на претпочитаните вредносни ориентации од нивните мајки.

Б1.6 Дваесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на претпочитаните вредносни ориентации од нивните татковци.

## Б2: Лицата од различни возрасни периоди меѓусебно се разликуваат во поглед на претпочитаните вредносни ориентации.

В хипотези: се однесуваат на разлики во моралните ставови кај лица од различни возрасни периоди.

## В1: Адолесцентите имаат полиберални морални ставови од нивните родители.

В1.1 Четиринаесетгодишните адолесценти се полиберални во поглед на моралните ставови од нивните мајки.

В1.2 Четиринаесетгодишните адолесценти се полиберални во поглед на моралните ставови од нивните татковци.

В1.3 Седумнаесетгодишните адолесценти се полиберални во поглед на моралните ставови од нивните мајки.

В1.4 Седумнаесетгодишните адолесценти се полиберални во поглед на моралните ставови од нивните татковци.

В1.5 Дваесетгодишните адолесценти се полиберални во поглед на моралните ставови од нивните мајки.

В1.6 Дваесетгодишните адолесценти се полиберални во поглед на моралните ставови од нивните татковци.

В2: Лицата од различни возрасни периоди се разликуваат во поглед на моралните ставови. Помладите имаат полиберални морални ставови од повозрасните.

В3: Лицата во средна зрелост се разликуваат во поглед на моралните ставови според степенот на образование. Лицата со завршено средно образование се потрадиционални во поглед на моралните ставови од лицата со завршено вишо или високо образование.

Г хипотези: се однесуваат на разлики во областа на изборот на модели за идентификација кај лица од различни возрасни периоди.

Г1: Адолесцентите се разликуваат од нивните родители во поглед на областа од која избираат модели за идентификација.

Г1.1 Четиринаесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на областа од која избираат модели за идентификација од нивните мајки.
Г1.2 Четиринаесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на областа од која избираат модели за идентификација од нивните татковци.
Г1.3 Седумнаесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на областа од која избираат модели за идентификација од нивните мајки.
Г1.4 Седумнаесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на областа од која избираат модели за идентификација од нивните татковци.
Г1.5 Дваесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на областа од која избираат модели за идентификација од нивните мајки.

Г1.6 Дваесетгодишните адолесценти се разликуваат во поглед на областа од која избираат модели за идентификација од нивните татковци.

## Г2: Лицата од различни возрасни периоди се разликуваат во поглед на областа од која избираат модели за идентификација.

**Д хипотези:** се однесуваат на разлики во претпочитаните особини на моделите за идентификација кај испитаниците од различни возрасни периоди.

## Д1: Адолесцентите се разликуваат од нивните родители во претпочитаните особини на моделите за идентификација.

Д1.1 Четиринаесетгодишните адолесценти се разликуваат во претпочитаните особини на моделите за идентификација од нивните мајки.

Д1.2 Четиринаесетгодишните адолесценти се разликуваат во претпочитаните особини на моделите за идентификација од нивните татковци.

Д1.3 Седумнаесетгодишните адолесценти се разликуваат во претпочитаните особини на моделите за идентификација од нивните мајки.

Д1.4 Седумнаесетгодишните адолесценти се разликуваат во претпочитаните особини на моделите за идентификација од нивните татковци.

Д1.5 Дваесетгодишните адолесценти се разликуваат во претпочитаните особини на моделите за идентификација од нивните мајки.

Д1.6 Дваесетгодишните адолесценти се разликуваат во претпочитаните особини на моделите за идентификација од нивните татковци.

Д2: Лицата од различни возрасни периоди се разликуваат во претпочитаните особини на моделите за идентификација.

## 2.2. Варијабли и индикатори

Истражувачкиот нацрт во овој труд во голема мерка ја релативизира категоризацијата на варијаблите на зависни и независни, но заради поголема прегледност истите ќе се групираат на таков начин.

### Независна варијабла:

1.**Возраст** (квантитативна организмена варијабла). Во ова истражување ќе бидат опфатени испитаници од следниве развојни периоди: ***адолесценција*** (рана, средна и доцна) и ***средна*** *зрелост.*

**Степен на образование** (квантитативна варијабла). Оваа варијабла ќе се смета за независна само кај најстарата возрасна група (средна зрелост) и во истражувањето ќе се вклучат лица со завршено средно и завршено високо образование.

### Зависни варијабли:

1. ***Вредности*** (квантитативна варијабла). Во ова истражување под поимот „вредност" ќе се подразбира „релативно трајно верување дека одреден начин на однесување или животна цел е лично или општествено попреферириан во однос на спротивниот начин на однесување или животна цел". Оваа дефиниција ја дава M. Rokeach (1973) кој вредностите понатаму ги дели на инструментални и терминални. Инструменталните ги операционализира како начини на однесување, а терминалните како животни цели. Инструменталните можат да бидат: морални вредности и вредности на компетенција, додека пак, терминалните можат да бидат: лични и општествени вредности. Во ***инструментални вредности*** се вбројуваат: амбициозност, соработка, самоконтрола, независност, чесност, решителност, снаодливост, способност, помагање, чисто, великодушност, логичност, совесност, учтивост, натпреварување и тактичност. Во

***терминални вредности*** спаѓаат: општествен углед, возбудлив живот, вистинско пријателство, мир во светот, себепочитување, хармоничен семеен живот, душевен мир, рамноправност, мудрост, економска благосостојба, вистинска љубов, подобрување на самиот себеси, сигурност за саканите лица, задоволство, социјална правда, свет на убавина. Важно е да се напомене дека Рокич акцентот го става врз вредностите кои ги имаат луѓето, а не објектите. Тие најчесто се интегрирани во вредносни системи кои се хиерархиски организирани. Имаат траен квалитет, што го ограничува нивниот број, бидејќи релативно трајни може да бидат само неколку вредности – оние најважните.

2. ***Вредносни ориентации*** (квантитативна варијабла). Под вредносна ориентација се подразбира општ принцип на однесување во врска со определени цели кои се сметаат за пожелни и кон чие остварување се тежнее. Одредувањето на вредносните ориентации по содржина најмногу се приближува на преференциите на животните стилови. Според ова сфаќање вредносните ориентации се начини на живот кои што некоја личност повеќе ги сака или преферира (според Popadić, 1990). Вредносните ориентации се операционализирани преку десет кратки описи дадени од D. Popadić (1990) и тоа: семејно - сентиментална, алтруистичка, сознајна, утилитарна, егоистичка, хедонистичка, религиозно - традиционална, ориентација на популарност, прометејски активизам и ориентација на моќ.

3. ***Морални ставови*** (квантитативна варијабла). Под поимот морален став во ова истражување се подразбира индивидуалниот скор добиен на Скала на морални ставови, која испитаниците ги дели на лица со потрадиционални и лица со полиберални ставови. Со неа се испитуваат ставовите кон начинот на облекување, пирсови и тетоважи, медиумите и негативните модели на однесување, хомосексуалност, живот во вонбрачна заедница, развод, слобода на говор, интимност со повеќе лица истовремено, врски помеѓу лица со голема возрасна разлика, прељуба, легализација на „лесни дроги", порнографија, одвоено живеење на

младите од родителите, кохабитација и самохран родител. Повисок скор укажува на потрадиционални ставови. Моралните ставови даваат основа на севкупниот морален живот. Ставовите секогаш се однесуваат на специфични лица и објекти. Тесно се поврзани со вредностите, но меѓу нив постојат и важни разлики. Вредностите заземаат поцентрална позиција и како такви можат да бидат извор на ставовите. Ставовите се релативно трајни, поспецифични од вредностите, производ се на вредносната ориентација и различни по интензитет. Вредностите, пак, се потешко менливи, поопшти, служат како стандарди за проценка, идеали се кон кои поединецот тежнее, подразбираат потполно држење до нив. Ваквата констелација на односи помеѓу вредностите и ставовите наложува нивно континуирано, заедничко испитување.

4. ***Области од кои се избираат модели за идентификација*** (квалитативна варијабла). Областите од кои се избираат моделите за идентификација се операционализираат преку осум општи категории и тоа: спорт, шоу-бизнис (кој ги опфаќа категориите филмски и музички ѕвезди), политика, култура (која ги опфаќа науката и уметноста), историски личности, семејство (родители и роднини), врсници (пријатели) и никој.

5. ***Особини на моделите*** поради кои тие се избираат за идентификација (квалитативна варијабла). Особините поради кои се избираат моделите за идентификација се операционализираат преку седум општи категории и тоа: интелектуални особини, физички изглед, хуманост, комуникативност, силна личност, добар спортист (музичар, глумец) и престиж.

Земајќи ги во предвид сознанијата од претходно спроведени истражувања во областа која е предмет на интерес на ова истражување, се издвојуваат следниве релевантни варијабли (РВ):

1. ***Пол.*** Контрола на оваа РВ ќе се обезбеди со вклучување подеднаков број испитаници од двата пола.

2. ***Место на живеење.*** Оваа РВ ќе се држи под контрола со обезбедување хомоген примерок испитаници (лица што живеат во голем град најмалку 10 години).
3. ***Степен на образование.*** Контрола на оваа РВ ќе се изврши само за групата адолесценти преку обезбедување хомогени примероци.
4. ***Етничка припадност.*** Контрола на оваа РВ ќе се обезбеди преку хомоген примерок испитаници (сите испитаници ќе бидат Македонци).
5. ***Религиозна припадност.*** Контрола на оваа РВ ќе се обезбеди преку хомоген примерок испитаници (сите испитаници ќе бидат од православна вероисповест).
6. ***Брачен статус.*** Контрола на оваа РВ ќе се обезбеди преку хомоген примерок испитаници (во истражувањето ќе бидат вклучени само испитаници што се наоѓаат во брак).
7. ***Вработеност / невработеност.*** Конт рола на оваа РВ ќе се обезбеди преку хомоген примерок испитаници (во истражувањето ќе бидат вклучени само испитаници што се вработени).

## 2.3. Мерни инструменти

Испитувањето на *вредностите* се изврши со скратена и делумно модифицирана верзија на „Прашалник за вредности" на Rokeach, според Поповски (2000). Со прашалникот (наместо оригиналните 18) се испитуваат 16 терминални и 16 инструментални вредности кои испитаниците треба да ги рангираат според значајноста која тие ја имаат како водечки принципи во нивниот живот. Притоа, со ранг 1 ја означуваат онаа вредност која за нив е најзначајна, а со ранг 16 онаа која за нив е најмалку значајна. Рангирањето се врши за секоја листа посебно. Потоа според добиените рангови се делат на вредности со висок ранг, вредности со среден ранг и вредности со низок ранг.

Во истражувањето се користи и отворен прашалник кој се однесува на генерациски разлики во поглед на вредностите. Од возрасните испитаници се бара да ги наведат разликите помеѓу: сопствените морални вредности и вредностите што ги имале нивните баби и дедовци; сопствените морални вредности и вредностите што ги имале нивните родители; сопствените морални вредности и вредностите кои сега ги имаат нивните деца. Исто така, ќе треба да наведат кои морални вредности се преферирале пред 10 години, кои се преферираат сега и кои претпоставуваат дека ќе се преферираат во блиска иднина (за 10 години).

Испитувањето на *вредносните ориентации* се прави со скала за мерење на претпочитаните животни стилови на D. Popadić (1990). Инструментот се состои од петтостепена скала на проценка. Искажаните претпочитувања се толкуваат како показатели на вредносните ориентации на испитаникот. Скалата содржи десет животни стилови и тоа: семејно-сентиментален; алтруистичка ориентација; сознаен; утилитарен; популарност; егоистичка ориентација; прометејски активизам; хедонистичка ориентација; религиско-традиционален стил и ориентација на моќ. Секој испитаник треба да се изјасни до кој степен преферира одреден животен стил, при што најниската фреквенција се искажува со избор на степенот „воопшто не би сакал", а највисоката со степенот „многу би сакал". Преостанатите степени се градуирани според интензитетот: „не би сакал", „не можам да одлучам" и „би сакал". На крајот испитаникот треба да одбере еден од десетте понудени животни стилови што најмногу му се бендисува и еден што најмалку му се бендисува.

*Моралните ставови* се мерат со *скала на морални ставови* конструирана за потребите на ова истажување врз основа на сличен инструмент добиен од Интернет. Инструментот се состои од 15 ајтеми, шест се превземени од оригиналната скала, а останатите девет се накнадно конструирани. Со него се мерат ставовите кон новите вредности што се пропагираат од западните општества и кон кои лицата можат да имаат традиционален или либерален став. Испитаниците одговараат на петтостепена скала („воопшто не", „помалку", „и да и не", „прилично",

„потполно”). Одговорите на ајтемите се бодираат од 1 до 5 или од 5 до 1, зависно од тоа дали станува збор за ајтем со позитивен или со негативен предзнак. Повисок скор укажува на потрадиционални ставови. Минималниот можен скор изнесува 15, а максималниот 75. Коефициентот на внатрешна релијабилност (Cronabach $\alpha$ ) на оваа скала изнесува 0.72.

Испитувањето на *моделите за идентификација* ќе се изврши со отворен прашалник, конструиран врз основа на прашалникот користен во истражувањата на D. Popadić (1988, 1994). Со истиот се испитуваат модели и идоли кои ги одбираат лицата на различна возраст и причините зошто токму нив ги одбираат. Од испитаниците се бара да наведат лице (живо или починато, реално или измислено) кое особено го почитуваат, областа од која го одбираат и особините заради кои го одбираат. Можат да наведат повеќе такви лица.

## 2.4. Испитаници

Во истражувањето се опфатени вкупно 120 ученици, од машки и женски пол, на возраст од 14г. (+/- 6 мес.); 17г. (+/- 6 мес.); 20г. (+/- 6 мес.) и нивните родители (вкупно 240) на возраст од 40 до 60 години. Испитаниците од рана адолесценција (вкупно 40) се ученици во VIII одделение, од две основни училишта – „Лазо Трповски” и „Вера Циривири – Трена”. Средната адолесценција ја сочинуваат ученици (вкупно 40) во III година од гимназијата „Ѓорги Димитров”, а оние од доцна адолесценција (вкупно 40) се студенти на II година на Филозофскиот факултет во Скопје (наставно-научни студиски групи: психологија, социологија и социјална работа и социјална политика). Испитаниците од средна зрелост се двата родитела на адолесцентите вклучени во ова истражување. Во ова истражување се контролирани варијаблите кои би можеле да влијаат врз валидноста на добиените резултати. Оттаму, се земени во предвид и се анализирани податоците добиени од адолесценти и нивните родители кои се во брак, кои се вработени, со средно, односно високо образование, кои живеат во Скопје најмалку 10 години и Македонци, со православна

вероисповест. Релевантните обележја на примерокот се презентирани во табелите подолу.

**Табела 1:** Полова структура адолесценти од различни возрасни групи

| пол / возраст | женски | машки | вкупно |
|---|---|---|---|
| 14 годишни | 20 | 20 | 40 |
| 17 годишни | 20 | 20 | 40 |
| 20 годишни | 20 | 20 | 40 |
| вкупно | 60 | 60 | 120 |

**Табела 2.** Полова структура и степен на образование на родителите на адолесцентите од различни возрасни групи

| | женски | | машки | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | ССС | ВСС | ССС | ВСС | |
| 14 годишни | 20 | 20 | 20 | 20 | 80 |
| 17 годишни | 20 | 20 | 20 | 20 | 80 |
| 20 годишни | 20 | 20 | 20 | 20 | 80 |
| Вкупно | 60 | 60 | 60 | 60 | 240 |

Забелешка: ССС - Средна Стручна Спрема; ВСС - Висока Стручна Спрема

## 2.5. Тек на истражувањето

Теренскиот дел од истражувањето е реализиран во периодот од мај до јули 2006 година. Во училиштата, по претходно добиената согласност за спроведување на истражувањето од директорите, со помош на психологот се тестирани ученици од $VIII^а$ и $VIII^б$; а во средното училиште „Ѓорги Димитров" учениците од $III^1$ и $III^6$, за време на класните часови. Паралелките броеја просечно околу 30 ученици. Студентите се тестирани

на часовите предвидени за вежби. Испитани се околу 90 студенти, а при селекцијата, во конечниот примерок за анализа влезени се одговорите на 40. Одговорите од родителите, пак, се добиени така што на учениците и студентите им се дадени запечатени пликоа со тестовниот материјал. На истиот начин, во договорено време, тие му се враќани на испитувачот. Анонимноста беше загарантирана, така што родителите не знаеја како одговорале нивните деца на инструментите. Во конечниот примерок се вклучени само инструментите на оние лица од средна зрелост кои ги исполнуваат критериумите со кои се почитуваат предвидените релевантни варијабли.

Самата постапка на задавање на тестовите се одвиваше во согласност со пропишаните правила и утврдените стандарди (задолжително прочитано упатство и водење сметка за неопходните технички услови во просторијата). Мотивираноста на учениците, во целост, беше на задоволително ниво.

## 2.6. Обработка на податоците

Во статистичката обработка на податоците се применети стандардни постапки како:

- Пресметување на фреквенции, проценти и рангови;
- аритметички средини и стандардни отстапувања;
- едноставна еднонасочна АНОВА, т.е F-тест на значајност на разлики меѓу аритметички средини за големи примероци;
- од непараметриските тестови пресметани се Kruskal – Wallis и Sheffe.

Сите статистички анализи се компјутерски обработени во софтверскиот пакетот SPSS 11.0.

# 3.0 Резултати од истражувањето

## 3.1. Резултати за разликите во претпочитаните вредности меѓу лица од различни возрасни периоди

Претпочитаните вредности во ова истражување се мерени со помош на делумно модифицираната верзија на „Прашалник за вредности" („Rokeach Value Survey") на Rokeach, конструирана од Поповски (2000) и употребена во неговата докторска дисертација. Со цел да се добие поцелосна слика за менувањето на вредностите зададен е дополнителен, отворен прашалник составен за потребите на ова истражување, на кој одговараа само испитаниците од средна зрелост. Во табелите што следуваат се поместени преферираните вредности на адолесцентите и нивните родители. Со добиените резултати се проверува вистинитоста на поставените А - хипотези. Вредностите се поделени на терминални (животни цели) и инструментални (начини на однесување). Истите се рангираат така што најважната носи ранг 1, а најмалку важната ранг 16. Постоењето на статистичка значајност е утврдено со Kruskall-Wallis тест, кој е замена за Анализа на варијанса кога се работи со податоци добиени на ординално ниво.

Табелата бр.3 ги прикажува вредностите кои ги претпочитаат четиринаесетгодишните испитаници и нивните мајки, додека табелата бр.4 вредностите кои ги претпочитаат четиринаесетгодишните испитаници и нивните татковци. Од табелите се гледа дека постојат статистички значајни разлики на двете нивоа на значајност ($p < 0.05$; $p < 0.01$) и во однос на терминалните и во однос на инструменталните вредности.

**Табела бр.3** Претпочитани терминални и инструментални вредности на четиринаесетгодишните испитаници и нивните мајки

| | 14 год. | | мајки | | стат. зн. | | 14 год. | | мајки | | стат. зн |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ерминални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | | Инструментални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | |
| пштествен углед | 8.38 | 7 | 9.00 | 11 | .985 | Амбициозност | 9.00 | 10 | 5.88 | 3 | .039* |
| озбудлив живот | 5.29 | 2 | 14.00 | 15 | .000** | Соработка | 7.17 | 3 | 6.75 | 6 | .609 |
| истинско ријателство | 4.75 | 1 | 7.75 | 7 | .009** | Самоконтрола | 7.86 | 6 | 5.80 | 2 | .050* |
| ир во светот | 8.00 | 6 | 7.50 | 6 | .434 | Независност | 6.33 | 2 | 7.57 | 7 | .633 |
| ебепочитување | 8.78 | 10 | 5.17 | 4 | .012* | Чесност | 7.50 | 4 | 1.96 | 1 | .000** |
| армоничен семеен ивот | 5.71 | 4 | 1.69 | 1 | .000** | Решителност | 7.71 | 5 | 6.13 | 4 | .093 |
| ушевен мир | 10.79 | 14 | 4.83 | 3 | .000** | Снаодливост | 5.14 | 1 | 7.67 | 8 | .014* |
| амноправност | 9.71 | 12 | 9.25 | 12 | 1.000 | Способност | 8.00 | 7 | 6.33 | 5 | .035* |
| удрост | 8.67 | 8 | 8.14 | 9 | .300 | Помагање | 10.00 | 14 | 9.00 | 10 | .636 |
| кономска лагосостојба | 10.00 | 13 | 7.68 | 8 | .415 | Чисто | 9.60 | 12 | 11.60 | 13 | .156 |
| истинска љубов | 5.33 | 3 | 5.90 | 5 | .346 | Великодушност | 10.33 | 15 | 10.38 | 11 | .692 |
| одобрување на ебе си | 9.33 | 11 | 8.78 | 10 | .661 | Логичност | 8.50 | 8 | 11.69 | 14 | .015* |
| игурност за сака-ите лица | 7.00 | 5 | 4.63 | 2 | .006** | Совесност | 8.91 | 9 | 8.67 | 8 | .409 |
| адоволство | 8.68 | 9 | 14.07 | 16 | .000** | Учтивост | 9.80 | 13 | 11.60 | 12 | .847 |
| оцијална правда | 11.50 | 15 | 12.13 | 13 | .321 | Натпреварување | 13.25 | 16 | 15.52 | 16 | .200 |
| вет на убавина | 12.00 | 16 | 13.70 | 14 | .191 | Тактичност | 9.00 | 11 | 13.13 | 15 | .031* |

Забелешка: * $p< 0.05$; ** $p < 0.01$; Мед. - Медијана; стат. зн. - статистичка значајност

Во однос на **терминалните** вредности, четиринаесегодишните испитаници највисоко ги рангираат *вистинско пријателство, возбудлив живот, вистинска љубов, хармоничен семеен живот, сигурност за саканите лица* и *мир во светот*. Ова се првите шест најпретпочитани вредности. Најниско рангирани се вредностите: *душевен мир, социјална правда* и *свет на убавина*. Нивните мајки највисоко ги рангираат вредностите *хармоничен семеен живот, сигурност за саканите лица, душевен мир, себепочитување, вистинска љубов* и *мир во светот*. За нив,

ова се првите шест најпретпочитани вредности. Најниско рангирани се вредностите *свет на убавина, возбудлив живот* и *задоволство*. Статистички значајни разлики на ниво 0.01 ($p<0.01$) се регистрирани за следниве вредности: *возбудлив живот, вистинско пријателство, хармоничен семеен живот, душевен мир, сигурност за саканите лица* и *задоволство*. Статистичка значајност на ниво 0.05 ($p<0.05$) е најдена за вредноста *себепочитување*. Може да се заклучи дека четиринаесетгодишните испитаници значително повисоко ги рангираат вредностите *возбудлив живот, вистинско пријателство* и *задоволство*, во споредба со нивните мајки, што всушност значи дека истите им се многу поважни како животни цели. Од друга страна, пак, истите испитаници значително пониско ги рангираат вредностите *хармоничен семеен живот, сигурност за саканите лица, душевен мир* и *себепочитување*, за разлика од нивните мајки на кои токму овие вредности им се многу поважни како животни цели.

Во однос на **инструменталните** вредности четиринаесегодишните испитаници највисоко ги рангираат *снаодливост, независност, соработка, чесност, решителност* и *самоконтрола*. Ова се првите шест најпретпочитани вредности. Најниско, пак, ги рангираат вредностите *помагање, великодушност* и *натпреварување*. Нивните мајки највисоко ги рангираат вредностите *чесност, самоконтрола, амбициозност, решителност, способност* и *соработка*. За нив, ова се првите шест најпретпочитани вредности. Најниско рангирани се вредностите *логичност, тактичност* и *натпреварување*. Статистички значајна разлика на ниво 0.01 ($p<0.01$) е регистрирана за вредноста *чесност*, што покажува дека мајките значително повисоко ја рангираат и истата им е најважна, за разлика од нивните деца. Статистички значајни разлики на ниво 0.05 ($p<0.05$) се регистрирани за следниве вредности *амбициозност, самоконтрола, снаодливост, способност, логичност* и *тактичност*. Четиринаесетгодишните испитаници, во споредба со нивните мајки, значително повисоко ги рангираат *снаодливоста, логичноста* и *тактичноста*, а значително пониско *чесноста*, *амбициозноста, самоконтролата* и *способноста*, што упатува на заклучок дека на нив, за разлика

од нивните мајки, во животот им е многу поважно да бидат снаодливи и логични, отколку чесни, амбициозни, способни и подготвени за самоконтрола.

**Табела бр.4** Претпочитани терминални и инструментални вредности на четиринаесетгодишните испитаници и нивните татковци

| | 14 год. | | татковци | | стат. зн. | | 14 год. | | татковци | | стат. зн. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Терминални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | | Инструментални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | |
| Општествен углед | 8.38 | 7 | 10.71 | 12 | .218 | Амбициозност | 9.00 | 10 | 7.00 | 7 | .831 |
| Возбудлив живот | 5.29 | 2 | 14.18 | 16 | .000** | Соработка | 7.17 | 3 | 6.75 | 5 | .606 |
| Вистинско пријателство | 4.75 | 1 | 6.25 | 6 | .584 | Самоконтрола | 7.86 | 6 | 6.56 | 4 | .300 |
| Мир во светот | 8.00 | 6 | 4.90 | 3 | .078 | Независност | 6.33 | 2 | 5.60 | 2 | .546 |
| Себепочитување | 8.78 | 10 | 6.25 | 7 | .031* | Чесност | 7.50 | 4 | 1.88 | 1 | .000** |
| Хармоничен семеен живот | 5.71 | 4 | 2.26 | 1 | .002** | Решителност | 7.71 | 5 | 6.91 | 6 | .543 |
| Душевен мир | 10.79 | 14 | 5.71 | 5 | .000** | Снаодливост | 5.14 | 1 | 7.38 | 8 | .049* |
| Рамноправност | 9.71 | 12 | 10.38 | 11 | .589 | Способност | 8.00 | 7 | 7.89 | 10 | .678 |
| Мудрост | 8.67 | 8 | 9.00 | 9 | .904 | Помагање | 10.00 | 14 | 7.80 | 9 | .347 |
| Економска благосостојба | 10.00 | 13 | 7.50 | 8 | .140 | Чисто | 9.60 | 12 | 11.60 | 13 | .092 |
| Вистинска љубов | 5.33 | 3 | 4.90 | 2 | .938 | Великодушност | 10.33 | 15 | 11.14 | 12 | .753 |
| Подобрување на себе си | 9.33 | 11 | 10.00 | 10 | .654 | Логичност | 8.50 | 8 | 11.63 | 14 | .034* |
| Сигурност за саканите лица | 7.00 | 5 | 5.14 | 4 | .135 | Совесност | 8.91 | 9 | 5.83 | 3 | .014* |
| Задоволство | 8.68 | 9 | 13.67 | 15 | .000** | Учтивост | 9.80 | 13 | 10.57 | 11 | .650 |
| Социјална правда | 11.50 | 15 | 11.58 | 13 | .639 | Натпреварување | 13.25 | 16 | 14.47 | 16 | .243 |
| Свет на убавина | 12.00 | 16 | 13.56 | 14 | .134 | Тактичност | 9.00 | 11 | 12.20 | 15 | .043* |

Забелешка: * p< 0.05; ** p < 0.01; Мед. - Медијана; стат. зн. - статистичка значајност

Кога станува збор за споредбата меѓу четиринаесегодишните испитаници и нивните татковци, состојбата е следна. Во однос на **терминалните** вредности татковците највисоко ги рангираат *хармоничен семеен живот, вистинска љубов, мир во светот, сигурност за саканите*

*лица, душевен мир* и *вистинско пријателство*. За нив, ова се првите шест најпретпочитани вредности. Најниско рангирани се вредностите *свет на убавина, задоволство* и *возбудлив живот*. Статистички значајни разлики на ниво 0.01 ($p<0.01$) се регистрирани за вредностите *возбудлив живот, хармоничен семеен живот, душевен мир* и *задоволство*. Статистичка значајност на ниво 0.05 ($p<0.05$) е најдена за вредноста *себепочитување*. Може да се заклучи дека четиринаесетгодишните испитаници значително повисоко ги рангираат вредностите *возбудлив живот* и *задоволство*, а значително пониско *хармоничен семеен живот, душевен мир* и *себепочитување*. Тоа значи дека на татковците последниве им се значително поважни животни цели.

Во однос на **инструменталните** вредности татковците највисоко ги рангираат вредностите *чесност, независност, совесност, самоконтрола, соработка* и *решителност*. За нив ова се првите шест најпретпочитани вредности. Најниско се рангирани *логичност, тактичност* и *натпреварување*. Статистички значајна разлика на ниво 0.01 ($p<0.01$) е регистрирана за вредноста *чесност*, што покажува дека татковците значително повисоко ја рангираат и истата им е најважна, за разлика од нивните деца. Статистички значајни разлики на ниво 0.05 ($p<0.05$) се регистрирани за следниве вредности *снаодливост, логичност, совесност* и *тактичност*. Четиринаесетгодишните испитаници, во споредба со нивните татковци, значително повисоко ги рангираат *снаодливоста*, *логичноста* и *тактичноста*, а значително пониско *чесноста* и *совесноста*, што упатува на заклучок дека ним во животот им е многу поважно да бидат снаодливи, логични и тактични, отколку чесни и совесни.

Во табелите бр. 5 и 6 се прикажани вредностите кои ги претпочитаат седумнаесетгодишните испитаници, нивните мајки и татковци. Од табелите се гледа дека постојат статистички значајни разлики на двете нивоа на значајност ($p <0.05$; $p <0.01$) и во однос на терминалните и во однос на инструменталните вредности добиени при споредбите и со едниот и со другиот родител.

**Табела бр.5** Претпочитани терминални и инструментални вредности на седумнаесетгодишните испитаници и нивните мајки

| | 17 год. | | мајки | | стат. зн. | | 17 год. | | мајки | | стат. зн. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ерминални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | | Инструментални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | |
| пштествен углед | 9.80 | 13 | 11.60 | 13 | .265 | Амбициозност | 4.44 | 1 | 5.88 | 4 | .050* |
| озбудлив живот | 6.80 | 5 | 14.00 | 16 | .000** | Соработка | 8.17 | 8 | 8.80 | 11 | .689 |
| истинско ријателство | 4.33 | 1 | 7.73 | 7 | .000** | Самоконтрола | 7.57 | 7 | 5.71 | 3 | .211 |
| ир во светот | 9.50 | 10 | 6.43 | 6 | .116 | Независност | 5.33 | 2 | 7.20 | 5 | .484 |
| ебепочитување | 6.00 | 4 | 5.88 | 4 | .768 | Чесност | 5.75 | 3 | 2.50 | 1 | .001** |
| армоничен семеен ивот | 5.29 | 2 | 1.78 | 1 | .000** | Решителност | 7.56 | 6 | 8.00 | 6 | .493 |
| ушевен мир | 9.67 | 11 | 5.50 | 3 | .006** | Снаодливост | 6.17 | 5 | 8.71 | 10 | .073 |
| амноправност | 11.50 | 14 | 9.43 | 11 | .019* | Способност | 5.73 | 4 | 5.33 | 2 | .869 |
| удрост | 8.17 | 7 | 8.75 | 10 | .721 | Помагање | 9.80 | 12 | 8.33 | 8 | .445 |
| кономска лагосостојба | 7.14 | 6 | 7.75 | 8 | .566 | Чисто | 11.30 | 14 | 9.71 | 12 | .218 |
| истинска љубов | 5.60 | 3 | 6.20 | 5 | .495 | Великодушност | 11.40 | 15 | 8.57 | 9 | .031* |
| одобрување на ебе си | 8.29 | 9 | 8.00 | 9 | .873 | Логичност | 9.14 | 10 | 11.13 | 15 | .049* |
| игурност за сака- ите лица | 8.25 | 8 | 4.64 | 2 | .000** | Совесност | 9.71 | 11 | 8.33 | 7 | .295 |
| адоволство | 9.71 | 12 | 13.17 | 15 | .003** | Учтивост | 10.60 | 13 | 10.00 | 13 | .559 |
| оцијална правда | 13.75 | 15 | 10.63 | 12 | .001** | Натпреварување | 14.50 | 16 | 15.00 | 16 | .254 |
| вет на убавина | 13.77 | 16 | 13.00 | 14 | .321 | Тактичност | 8.67 | 9 | 11.00 | 14 | .050* |

Забелешка: * p< 0.05; ** p < 0.01; Мед. - Медијана; стат. зн. - статистичка значајност

Во однос на **терминалните** вредности, седумнаесегодишните испитаници највисоко ги рангираат *вистинско пријателство, хармоничен семеен живот, вистинска љубов, себепочитување, возбудлив живот* и *економска благосостојба*. Ова се првите шест најпретпочитани вредности. Најниско се рангирани *рамноправност, социјална правда* и *свет на убавина*. Нивните мајки највисоко ги рангираат вредностите *хармоничен семеен живот, сигурност за саканите лица, душевен мир, себепочитување, вистинска љубов* и *мир во светот*. За нив ова се првите шест

најпретпочитани вредности. Најниско рангирани се *свеш на убавина, возбудлив живош* и *задоволсшво*. Статистички значајни разлики на ниво 0.01 ($p<0.01$) се регистрирани за следниве вредности *возбудлив живош, висшинско пријашелсшво, хармоничен семеен живош, душевен мир, сигурносш за саканиie лица, задоволсшво* и *с оцијална йравда*. Статистичка значајност на ниво 0.05 ($p<0.05$) е најдена за вредноста *рамноправносш*. Може да се заклучи дека седумнаесетгодишните испитаници значително повисоко ги рангираат вредностите *возбудлив живош, висшинско пријашелсшво* и *задоволсшво*, во споредба со нивните мајки, што укажува дека истите им се многу поважни животни цели. Од друга страна, значително пониско ги рангираат вредностите *хармоничен семеен живош, сигурносш за саканиie лица, душевен мир, социјална правда* и *рамноправносш*. На нивните мајки токму овие вредности им се многу поважни како животни цели.

Во однос на **инструменталните** вредности седумнаесегодишните испитаници највисоко ги рангираат *амбициозносш, независносш, чесносш, способносш, снаодливосш* и *решишелносш*. Ова се првите шест најпретпочитани вредности. Најниско ги рангираат вредностите *чисшо, великодушносш* и *наширеварување*. Нивните мајки највисоко ги рангираат вредностите *чесносш, способносш, самоконшрола, амбициозносш, независносш* и *решишелносш*. За нив ова се првите шест најпретпочитани вредности. Најниско се рангирани *шакшичносш, логичносш* и *наширеварување*. Статистички значајна разлика на ниво 0.01 ($p<0.01$) е регистрирана за вредноста *чесносш*, што покажува дека мајките значително повисоко ја рангираат и истата им е најважна, за разлика од нивните деца. Статистички значајни разлики на ниво 0.05 ($p<0.05$) се регистрирани за *амбициозносш, великодушносш, логичносш* и *шакшичносш*. Седумнаесетгодишните испитаници, во споредба со нивните мајки, значително повисоко ги рангираат *амбициозносша*, *логичносша и шакшичносша*, а значително пониско *великодушносша* и *чесносша*, што упатува на заклучок дека ним им е многу поважно во животот да бидат амбициозни, логични и тактични, отколку чесни и великодушни.

**Табела бр.6** Претпочитани терминални и инструментални вредности на седумнаесетгодишните испитаници и нивните татковци

| | 17 год. | | татковци | | стат. зн. | | 17 год. | | татковци | | стат. зн. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Терминални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | | Инструментални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | |
| Општествен углед | 9.80 | 13 | 10.43 | 12 | .622 | Амбициозност | 4.44 | 1 | 7.57 | 7 | .024 |
| Возбудлив живот | 6.80 | 5 | 13.15 | 16 | .000** | Соработка | 8.17 | 8 | 8.50 | 9 | .589 |
| Вистинско пријателство | 4.33 | 1 | 6.29 | 4 | .026* | Самоконтрола | 7.57 | 7 | 9.29 | 11 | .211 |
| Мир во светот | 9.50 | 10 | 9.50 | 10 | .671 | Независност | 5.33 | 2 | 7.50 | 6 | .385 |
| Себепочитување | 6.00 | 4 | 7.78 | 7 | .068 | Чесност | 5.75 | 3 | 3.00 | 1 | .014 |
| Хармоничен семеен живот | 5.29 | 2 | 2.38 | 1 | .001** | Решителност | 7.56 | 6 | 5.89 | 3 | .178 |
| Душевен мир | 9.67 | 11 | 4.91 | 3 | .002** | Снаодливост | 6.17 | 5 | 7.25 | 5 | .357 |
| Рамноправност | 11.50 | 14 | 9.17 | 9 | .050* | Способност | 5.73 | 4 | 5.00 | 2 | .671 |
| Мудрост | 8.17 | 7 | 8.50 | 8 | .824 | Помагање | 9.80 | 12 | 8.00 | 8 | .530 |
| Економска благосостојба | 7.14 | 6 | 7.56 | 6 | .954 | Чисто | 11.30 | 14 | 10.75 | 14 | .469 |
| Вистинска љубов | 5.60 | 3 | 6.50 | 5 | .317 | Великодушност | 11.40 | 15 | 11.75 | 15 | .873 |
| Подобрување на себе си | 8.29 | 9 | 10.17 | 11 | .068 | Логичност | 9.14 | 10 | 8.70 | 10 | .985 |
| Сигурност за саканите лица | 8.25 | 8 | 4.75 | 2 | .007** | Совесност | 9.71 | 11 | 6.80 | 4 | .045 |
| Задоволство | 9.71 | 12 | 12.30 | 14 | .008** | Учтивост | 10.60 | 13 | 10.50 | 13 | .664 |
| Социјална правда | 13.75 | 15 | 11.67 | 13 | .031* | Натпреварување | 14.50 | 16 | 14.00 | 16 | .929 |
| Свет на убавина | 13.77 | 16 | 12.33 | 15 | .167 | Тактичност | 8.67 | 9 | 10.27 | 12 | .646 |

Забелешка: * $p < 0.05$; ** $p < 0.01$; Мед. - Медијана; стат. зн. - статистичка значајност

Во однос на **терминалните** вредности, татковците на седумнаесетгодишниците највисоко ги рангираат следниве *хармоничен семеен живот, сигурност за саканите лица, душевен мир, вистинско пријателство, вистинска љубов* и *економска благосостојба*. За нив ова се првите шест најпретпочитани вредности. Најниско се рангирани *задоволство, свет на убавина* и *возбудлив живот*. Статистички значајни разлики на ниво 0.01 ($p<0.01$) се регистрирани за следниве вредности *возбудлив живот, хармоничен семеен живот, душевен мир, сигурност за*

*саканиѿе лица* и *задоволсѿво*. Статистичка значајност на ниво 0.05 (p<0.05) е најдена за вредностите *висѿинско ѿријаѿелсѿво, рамноѿравносѿ* и *социјална ѿравда*. Може да се заклучи дека седумнаесетгодишните испитаници значително повисоко ги рангираат вредностите *возбудлив живоѿ, висѿинско ѿријаѿелсѿво* и *задоволсѿво*, а значително пониско *хармоничен семеен живоѿ, душевен мир, сиїурносѿ за саканиѿе лица, рамноѿравносѿ* и *социјална ѿравда*. Последниве им се многу поважни животни цели на нивните татковци.

Во однос на **инструменталните** вредности татковците највисоко ги рангираат вредностите *чесносѿ, сѿособносѿ, решиѿелносѿ, совесносѿ, снаодливосѿ* и *независносѿ*. За нив ова се првите шест најпретпочитани вредности. Најниско рангирани се вредностите *чисѿо, великодушносѿ* и *наѿѿреварување*. Статистички значајни разлики на ниво 0.05 (p<0.05) се регистрирани за *чесносѿ, амбициозносѿ* и *совесносѿ*. Седумнаесетгодишните испитаници, во споредба со нивните татковци, значително повисоко ја рангираат *амбициозносѿа*, а значително пониско *чесносѿа* и *совесносѿа*, што упатува на заклучок дека ним, за разлика од нивните татковци, во животот им е многу поважно да бидат амбициозни, отколку чесни и совесни.

Табелите бр. 7 и 8 ги прикажуваат терминалните и инструменталните вредностите кои ги претпочитаат дваесетгодишните испитаници, нивните мајки и татковци. Од табелите се гледа дека постојат статистички значајни разлики на двете нивоа на значајност (p < 0.05; p < 0.01) и во однос на вредностите кои се добиени при споредбите и со едниот и со другиот родител. Во однос на **терминалните** вредности, дваесегодишните испитаници највисоко ги рангираат *висѿинска љубов, хармоничен семеен живоѿ, висѿинско ѿријаѿелсѿво, себеѿочиѿување, душевен мир*, и *сиїурносѿ за саканиѿе лица*. Најниско се рангирани вредностите *задоволсѿво, социјална ѿравда* и *свеѿ на убавина*. Нивните мајки највисоко ги рангираат вредностите *хармоничен семеен живоѿ, сиїурносѿ за саканиѿе лица, душевен мир, мир во свеѿоѿ, висѿинско ѿријаѿелсѿво* и *себеѿочиѿување*. Најниско се рангирани вредностите *свеѿ на убавина, возбудлив живоѿ* и *задоволсѿво*. Статистички значајни разлики на ниво

0.01 ($p<0.01$) се регистрирани за вредностите *возбудлив живот, хармоничен семеен живот* и *вистинска љубов*. Статистичка значајност на ниво 0.05 ($p<0.05$) е најдена за вредностите *економска благосостојба, подобрување на себе си, задоволство и социјална правда*. Може да се заклучи дека дваесетгодишните испитаници значително повисоко ги рангираат вредностите *возбудлив живот, вистинска љубов, подобрување на себе си* и *задоволство*, што значи дека истите им се многу поважни како животни цели. Од друга страна, тие значително пониско ги рангираат вредностите *хармоничен семеен живот, економска благосостојба* и *социјална правда*. За нивните мајки токму овие вредности се многу поважни животни цели.

Во однос на **инструменталните** вредности дваесегодишните испитаници највисоко ги рангираат *чесност, амбициозност, самоконтрола, независност, решителност* и *снаодливост*. Најниско ги рангираат *чисто, тактичност* и *натпреварување*. Нивните мајки највисоко ги рангираат вредностите *чесност, амбициозност, решителност, самоконтрола, снаодливост* и *независност*. Најниско се рангирани *логичност, тактичност* и *натпреварување*. Статистички значајна разлика на ниво 0.05 ($p<0.05$) се регистрира само за вредноста *совесност*, која дваесетгодишните испитаници ја рангираат значително пониско. Тоа упатува на заклучок дека ним во животот им е помалку важно да бидат совесни, отколку на нивните мајки.

**Табела бр.7** Претпочитани терминални и инструментални вредности на дваесетгодишните испитаници и нивните мајки

| | 20 год. | | мајки | | стат. зн. | | 20 год. | | мајки | | стат. зн |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ерминални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | | Инструментални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | |
| пштествен углед | 10.14 | 11 | 8.33 | 8 | .304 | Амбициозност | 3.87 | 2 | 4.86 | 2 | .268 |
| озбудлив живот | 8.33 | 10 | 13.78 | 15 | .000** | Соработка | 7.88 | 8 | 8.75 | 8 | .946 |
| истинско ријателство | 4.75 | 3 | 6.09 | 5 | .064 | Самоконтрола | 5.00 | 3 | 5.43 | 4 | .706 |
| ир во светот | 7.67 | 9 | 5.57 | 4 | .080 | Независност | 6.80 | 4 | 7.17 | 6 | .417 |
| ебепочитување | 4.91 | 4 | 6.30 | 6 | .301 | Чесност | 3.50 | 1 | 3.44 | 1 | .490 |
| армоничен семеен ивот | 4.43 | 2 | 1.68 | 1 | .000** | Решителност | 6.83 | 5 | 5.33 | 3 | .336 |
| ушевен мир | 5.67 | 5 | 4.43 | 3 | .334 | Снаодливост | 6.89 | 6 | 6.75 | 5 | .866 |
| амноправност | 11.33 | 13 | 9.38 | 11 | .121 | Способност | 7.75 | 7 | 7.20 | 7 | .988 |
| удрост | 7.40 | 8 | 9.00 | 10 | .204 | Помагање | 9.50 | 9 | 8.89 | 9 | .908 |
| кономска лагосостојба | 10.70 | 12 | 8.38 | 9 | .050* | Чисто | 11.20 | 14 | 10.38 | 12 | .426 |
| истинска љубов | 3.29 | 1 | 6.67 | 7 | .005** | Великодушност | 10.67 | 12 | 10.43 | 13 | .511 |
| одобрување на ебе си | 7.25 | 7 | 10.09 | 12 | .022* | Логичност | 10.40 | 11 | 10.75 | 14 | .474 |
| игурност за аканите лица | 7.17 | 6 | 3.82 | 2 | .060 | Совесност | 11.00 | 13 | 9.11 | 10 | .026* |
| адоволство | 12.43 | 14 | 13.80 | 16 | .035* | Учтивост | 10.25 | 10 | 9.50 | 11 | .437 |
| оцијална правда | 13.56 | 15 | 12.09 | 13 | .032* | Натпреварување | 15.24 | 16 | 15.69 | 16 | .055 |
| вет на убавина | 13.78 | 16 | 13.57 | 14 | .800 | Тактичност | 12.57 | 15 | 12.89 | 15 | .861 |

Забелешка: * $p< 0.05$; ** $p < 0.01$; Мед. - Медијана; стат. зн. - статистичка значајност

Кога се споредуваат дваесегодишните испитаници со нивните татковци се регистрира следнава состојба. Во однос на **терминалните** вредности татковците највисоко ги рангираат *хармоничен семеен живош, душевен мир, сиīурносш за сакан иш е лица, мир во свеш ош, себеойчиш ување* и *висшинско йријашелсшво.* За нив ова се првите шест најпретпочитани вредности. Најниско се рангирани *социјална йравда, возбудлив живош* и *свеш на убавина.* Статистички значајни разлики на ниво 0.01 ($p<0.01$) се регистрирани за вредностите *возбудлив живош,*

*хармоничен семеен живот,* и *подобрување на себе си.* Статистичка значајност на ниво 0.05 ($p<0.05$) е најдена за вредностите *економска благосостојба* и *вистинска љубов.* Може да се заклучи дека дваесетгодишните испитаници значително повисоко ги рангираат вредностите *возбудлив живот, вистинска љубов* и *подобрување на себе си,* а значително пониско *хармоничен семеен живот* и *економска благосостојба.* Последниве се многу поважни животни цели на нивните татковци.

**Табела бр.8** Претпочитани терминални и инструментални вредности на дваесетгодишните испитаници и нивните татковци

| | 20 год. | | татковци | | стат. зн. | | 20 год. | | татковци | | стат. з |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Терминални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | | Инструментални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | |
| Општествен углед | 10.14 | 11 | 9.83 | 11 | .832 | Амбициозност | 3.87 | 2 | 7.01 | 7 | .039* |
| Возбудлив живот | 8.33 | 10 | 13.22 | 15 | .000** | Соработка | 7.88 | 8 | 6.27 | 3 | .050* |
| Вистинско пријателство | 4.75 | 3 | 6.38 | 6 | .158 | Самоконтрола | 5.00 | 3 | 6.25 | 2 | .188 |
| Мир во светот | 7.67 | 9 | 5.50 | 4 | .141 | Независност | 6.80 | 4 | 6.78 | 5 | .553 |
| Себепочитување | 4.91 | 4 | 6.00 | 5 | .212 | Чесност | 3.50 | 1 | 1.95 | 1 | .122 |
| Хармоничен семеен живот | 4.43 | 2 | 1.86 | 1 | .000** | Решителност | 6.83 | 5 | 7.00 | 6 | .843 |
| Душевен мир | 5.67 | 5 | 5.13 | 2 | .460 | Снаодливост | 6.89 | 6 | 7.25 | 8 | .460 |
| Рамноправност | 11.33 | 13 | 9.22 | 10 | .127 | Способност | 7.75 | 7 | 8.20 | 9 | .881 |
| Мудрост | 7.40 | 8 | 7.58 | 8 | .915 | Помагање | 9.50 | 9 | 8.44 | 10 | .746 |
| Економска благосостојба | 10.70 | 12 | 8.67 | 9 | .051* | Чисто | 11.20 | 14 | 10.71 | 12 | .828 |
| Вистинска љубов | 3.29 | 1 | 7.40 | 7 | .014* | Великодушност | 10.67 | 12 | 10.60 | 11 | .746 |
| Подобрување на себе си | 7.25 | 7 | 10.29 | 12 | .008** | Логичност | 10.40 | 11 | 12.22 | 14 | .233 |
| Сигурност за сака-ните лица | 7.17 | 6 | 5.17 | 3 | .125 | Совесност | 11.00 | 13 | 6.50 | 4 | .023 |
| Задоволство | 12.43 | 14 | 12.60 | 13 | .228 | Учтивост | 10.25 | 10 | 11.00 | 13 | .850 |
| Социјална правда | 13.56 | 15 | 12.88 | 14 | .307 | Натпреварување | 15.24 | 16 | 15.40 | 16 | .708 |
| Свет на убавина | 13.78 | 16 | 14.00 | 16 | .740 | Тактичност | 12.57 | 15 | 12.25 | 15 | .805 |

Забелешка: * $p< 0.05$; ** $p < 0.01$; Мед. - Медијана; стат. зн. - статистичка значајност

Во однос на **инструменталните** вредности татковците највисоко ги рангираат *чесносӣ, самоконӣрола, соработка, совесносӣ, независносӣ* и *решителносӣ.* Најниско се рангирани вредностите *логичносӣ, ӣакӣичносӣ* и *наӣӣреварување.* Статистички значајни разлики на ниво 0.05 ($p<0.05$) се регистрирани за вредностите *амбициозносӣ, соработка* и *совесносӣ.* Дваесетгодишните испитаници, во споредба со нивните татковци, значително повисоко ја рангираат *амбициозносӣа*, а значително пониско *соработкаӣа* и *совесносӣа,* што упатува на заклучок дека ним им е многу поважно во животот да бидат амбициозни, отколку совесни и подготвени за соработка.

Кога се споредуваат различните возрасни групи во однос на терминалните и инструменталните вредности, се регистрираат статистички значајности на двете нивоа на значајност ($p < 0.05$; $p < 0.01$). Добиените резултати се прикажани во табелите што следуваат. Табелата бр. 9 ги содржи резултатите за преферираните вредности на четиринаесет и седуманаесетгодишните испитаници. Се забележува дека во однос на **терминалните** вредности, статистички значајна разлика на ниво 0.01 ($p<0.01$) е регистрирана само за вредноста *себеӣочиӣување,* која значително повисоко ја рангираат седумнаесетгодишните испитаници. Тоа упатува на заклучокот дека истата им е многу поважна животна цел, отколку на четиринаесетгодишниците. Кај **инструменталните** вредности статистичка значајност на ниво 0.05 ($p<0.05$) се јавува за вредностите *амбициозносӣ и сӣособносӣ.* Седумнаесетгодишните испитаници нив ги рангираат значително повисоко, што укажува дека во животот им е поважно да се амбициозни и способни, отколку на четиринаесетгодишниците.

**Табела бр.9** Претпочитани терминални и инструментални вредности на четиринаесетгодишните и седумнаесетгодишните испитаници

| | 14 год. | | 17 год. | | стат. зн. | | 14 год. | | 17 год. | | стат. з |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ерминални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | | Инструментални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | |
| пштествен углед | 8.38 | 7 | 9.80 | 13 | .682 | Амбициозност | 9.00 | 10 | 4.44 | 1 | .047 |
| озбудлив живот | 5.29 | 2 | 6.80 | 5 | .346 | Соработка | 7.17 | 3 | 8.17 | 8 | .388 |
| истинско ›ријателство | 4.75 | 1 | 4.33 | 1 | .206 | Самоконтрола | 7.86 | 6 | 7.57 | 7 | .824 |
| [ир во светот | 8.00 | 6 | 9.50 | 10 | .255 | Независност | 6.33 | 2 | 5.33 | 2 | .361 |
| ебепочитување | 8.78 | 10 | 6.00 | 4 | .009** | Чесност | 7.50 | 4 | 5.75 | 3 | .508 |
| армоничен семеен ивот | 5.71 | 4 | 5.29 | 2 | .832 | Решителност | 7.71 | 5 | 7.56 | 6 | .524 |
| ушевен мир | 10.79 | 14 | 9.67 | 11 | .390 | Снаодливост | 5.14 | 1 | 6.17 | 5 | .324 |
| ıмноправност | 9.71 | 12 | 11.50 | 14 | .089 | Способност | 8.00 | 7 | 5.73 | 4 | .039 |
| [удрост | 8.67 | 8 | 8.17 | 7 | .403 | Помагање | 10.00 | 14 | 9.80 | 12 | .768 |
| кономска ıагосостојба | 10.00 | 13 | 7.14 | 6 | .233 | Чисто | 9.60 | 12 | 11.30 | 14 | .128 |
| истинска љубов | 5.33 | 3 | 5.60 | 3 | .854 | Великодушност | 10.33 | 15 | 11.40 | 15 | .237 |
| одобрување на бе си | 9.33 | 11 | 8.29 | 9 | .423 | Логичност | 8.50 | 8 | 9.14 | 10 | .954 |
| игурност за сака- ıте лица | 7.00 | 5 | 8.25 | 8 | .322 | Совесност | 8.91 | 9 | 9.71 | 11 | 1.00( |
| адоволство | 8.68 | 9 | 9.71 | 12 | .622 | Учтивост | 9.80 | 13 | 10.60 | 13 | .508 |
| оцијална правда | 11.50 | 15 | 13.75 | 15 | .300 | Натпреварување | 13.25 | 16 | 14.50 | 16 | .466 |
| вет на убавина | 12.00 | 16 | 13.77 | 16 | .141 | Тактичност | 9.00 | 11 | 8.67 | 9 | .946 |

Забелешка: * p< 0.05; ** p < 0.01; Мед. - Медијана; стат. зн. - статистичка значајност

Табелата бр. 10 ги прикажава резултатите за претпочитаните вредности на четиринаесет и дваесетгодишните испитаници. Се забележува дека во однос на **терминалните** вредности, статистички значајна разлика на ниво 0.01 ($p<0.01$) е регистрирана за *возбудлив живот, себепочитување* и *душевен мир*, а на ниво 0.05 ($p<0.05$) за вредноста *задоволство. Возбудлив живот* и *задоволство* како животни цели значително повисоко ги рангираат четиринаесетгодишниците додека *себепочитувањето* и *душевниот мир* им се поважни животни цели на

дваесетгодишните испитаници. Кај **инструменталните** вредности статистичка значајност на ниво 0.01 ($p<0.01$) е регистрирана за вредноста *самоконтрола,* а на ниво 0.05 ($p<0.05$) се јавува за вредностите *амбициозност, чесност, снаодливост* и *тактичност.* Четиринаесетгодишните испитаници ги рангираат значително повисоко *снаодливоста* и *тактичноста*, а значително пониско *амбициозноста, самоконтролата* и *чесноста.* Тоа укажува дека на четиринаесетгодишните, за разлика од дваесетгодишните испитаници, во животот им е поважно да се снаодливи и тактични, отколку да се амбициозни, чесни и да се контролираат себе си.

**Табела бр.10** Претпочитани терминални и инструментални вредности на четиринаесетгодишните и дваесетгодишните испитаници

| | 14 год. | | 20 год. | | стат. зн. | | 14 год. | | 20 год. | | стат. зн. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Терминални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | | Инструментални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | |
| Општествен углед | 8.38 | 7 | 10.14 | 11 | .304 | Амбициозност | 9.00 | 10 | 3.87 | 2 | .041* |
| Возбудлив живот | 5.29 | 2 | 8.33 | 10 | .008** | Соработка | 7.17 | 3 | 7.88 | 8 | .304 |
| Вистинско пријателство | 4.75 | 1 | 4.75 | 3 | .571 | Самоконтрола | 7.86 | 6 | 5.00 | 3 | .007** |
| Мир во светот | 8.00 | 6 | 7.67 | 9 | .866 | Независност | 6.33 | 2 | 6.80 | 4 | .619 |
| Себепочитување | 8.78 | 10 | 4.91 | 4 | .002** | Чесност | 7.50 | 4 | 3.50 | 1 | .022* |
| Хармоничен семеен живот | 5.71 | 4 | 4.43 | 2 | .653 | Решителност | 7.71 | 5 | 6.83 | 5 | .229 |
| Душевен мир | 10.79 | 14 | 5.67 | 5 | .003** | Снаодливост | 5.14 | 1 | 6.89 | 6 | .029* |
| Рамноправност | 9.71 | 12 | 11.33 | 13 | .144 | Способност | 8.00 | 7 | 7.75 | 7 | .633 |
| Мудрост | 8.67 | 8 | 7.40 | 8 | .351 | Помагање | 10.00 | 14 | 9.50 | 9 | .562 |
| Економска благосостојба | 10.00 | 13 | 10.70 | 12 | .240 | Чисто | 9.60 | 12 | 11.20 | 14 | .440 |
| Вистинска љубов | 5.33 | 3 | 3.29 | 1 | .090 | Великодушност | 10.33 | 15 | 10.67 | 12 | .761 |
| Подобрување на себе си | 9.33 | 11 | 7.25 | 7 | .111 | Логичност | 8.50 | 8 | 10.40 | 11 | .194 |
| Сигурност за саканите лица | 7.00 | 5 | 7.17 | 6 | .809 | Совесност | 8.91 | 9 | 11.00 | 13 | .313 |
| Задоволство | 8.68 | 9 | 12.43 | 14 | .048* | Учтивост | 9.80 | 13 | 10.25 | 10 | .870 |
| Социјална правда | 11.50 | 15 | 13.56 | 15 | .070 | Натпреварување | 13.25 | 16 | 15.24 | 16 | .170 |
| Свет на убавина | 12.00 | 16 | 13.78 | 16 | .212 | Тактичност | 9.00 | 11 | 12.57 | 15 | .049 |

Забелешка: * $p< 0.05$; ** $p < 0.01$; Мед. - Медијана; стат. зн. - статистичка значајност

Резултатите за претпочитаните вредности на седумнаесет и дваесетгодишните испитаници се поместени во Табелата 11. Тие покажуваат дека, во однос на **терминалните** вредности, статистички значајна разлика на ниво 0.05 ($p<0.05$) е регистрирана за *душевен мир, економска благосостојба* и *вистинска љубов. Душевен мир* е вредност која дваесетгодишните испитаници ја рангираат значително повисоко од седумнаесетгодишниците, за кои, пак, значително поважни животни цели се *економска благосостојба* и *вистинска љубов.* Кај **инструменталните** вредности статистичка значајност на ниво 0.05 ($p<0.05$) се јавува за вредностите *самоконтрола, чесност* и *тактичност.* Седумнаесетгодишните испитаници ја рангираат значително повисоко *тактичноста*, а значително пониско *самоконтролата* и *чесноста*. Тоа укажува дека ним, за разлика од дваесетгодишните испитаници, во животот им е поважно да се тактични, отколку чесни и подготвени за самоконтрола.

**Табела бр.11** Претпочитани терминални и инструментални вредности на седумнаесетгодишните и дваесетгодишните испитаници

| | 17 год. | | 20 год. | | стат. зн. | | 17 год. | | 20 год. | | стат. зн |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Герминални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | | Инструментални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | |
| )пштествен углед | 9.80 | 13 | 10.14 | 11 | .674 | Амбициозност | 4.44 | 1 | 3.87 | 2 | .888 |
| ;озбудлив живот | 6.80 | 5 | 8.33 | 10 | .076 | Соработка | 8.17 | 8 | 7.88 | 8 | .839 |
| ;истинско :пријателство | 4.33 | 1 | 4.75 | 3 | .422 | Самоконтрола | 7.57 | 7 | 5.00 | 3 | .035* |
| /Іир во светот | 9.50 | 10 | 7.67 | 9 | .306 | Независност | 5.33 | 2 | 6.80 | 4 | .689 |
| ;ебепочитување | 6.00 | 4 | 4.91 | 4 | .881 | Чесност | 5.75 | 3 | 3.50 | 1 | .044* |
| ;армоничен семеен ;кивот | 5.29 | 2 | 4.43 | 2 | .713 | Решителност | 7.56 | 6 | 6.83 | 5 | .633 |
| ;|ушевен мир | 9.67 | 11 | 5.67 | 5 | .041* | Снаодливост | 6.17 | 5 | 6.89 | 6 | .746 |
| 'амноправност | 11.50 | 14 | 11.33 | 13 | .775 | Способност | 5.73 | 4 | 7.75 | 7 | .108 |
| /Іудрост | 8.17 | 7 | 7.40 | 8 | .950 | Помагање | 9.80 | 12 | 9.50 | 9 | .428 |
| ;кономска ;лагосостојба | 7.14 | 6 | 10.70 | 12 | .026* | Чисто | 11.30 | 14 | 11.20 | 14 | .543 |
| ;истинска љубов | 5.60 | 3 | 3.29 | 1 | .022* | Великодушност | 11.40 | 15 | 10.67 | 12 | .363 |
| Iодобрување на ;ебе си | 8.29 | 9 | 7.25 | 7 | .364 | Логичност | 9.14 | 10 | 10.40 | 11 | .149 |
| ;игурност за сака-;ите лица | 8.25 | 8 | 7.17 | 6 | .619 | Совесност | 9.71 | 11 | 11.00 | 13 | .417 |
| ;адоволство | 9.71 | 12 | 12.43 | 14 | .111 | Учтивост | 10.60 | 13 | 10.25 | 10 | .514 |
| ;оцијална правда | 13.75 | 15 | 13.56 | 15 | .644 | Натпреварување | 14.50 | 16 | 15.24 | 16 | .108 |
| ;вет на убавина | 13.77 | 16 | 13.78 | 16 | .903 | Тактичност | 8.67 | 9 | 12.57 | 15 | .029* |

Забелешка: * $p< 0.05$; Мед. - Медијана; стат. зн. - статистичка значајност

Споредбите на претпочитаните терминални и инструментални вредности меѓу адолесцентите и испитаниците од средна зрелост се презентирани во табелите бр. 12, 13 и 14. Најдени се статистички значајни разлики на двете нивоа на значајност ($p<0.05$; $p<0.01$).

**Табела бр.12** Претпочитани терминални и инструментални вредности на четиринаесетгодишните испитаници и испитаниците од средна зрелост

| | 14 год. | | 40-60 год. | | стат. зн. | | 14 год. | | 40-60 год. | | стат. зн. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ерминални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | | Инструментални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | |
| пштествен углед | 8.38 | 7 | 10.00 | 12 | .301 | Амбициозност | 9.00 | 10 | 6.27 | 2 | .047* |
| озбудлив живот | 5.29 | 2 | 13.65 | 16 | .000** | Соработка | 7.17 | 3 | 7.41 | 7 | .697 |
| истинско ријателство | 4.75 | 1 | 6.68 | 7 | .049* | Самоконтрола | 7.86 | 6 | 6.42 | 3 | .122 |
| ир во светот | 8.00 | 6 | 6.40 | 6 | .263 | Независност | 6.33 | 2 | 7.03 | 6 | .976 |
| ебепочитување | 8.78 | 10 | 6.17 | 5 | .005** | Чесност | 7.50 | 4 | 2.83 | 1 | .000** |
| армоничен семеен ивот | 5.71 | 4 | 1.92 | 1 | .000** | Решителност | 7.71 | 5 | 6.52 | 4 | .111 |
| ушевен мир | 10.79 | 14 | 5.10 | 3 | .000** | Снаодливост | 5.14 | 1 | 7.48 | 8 | .006** |
| амноправност | 9.71 | 12 | 9.45 | 11 | .985 | Способност | 8.00 | 7 | 6.76 | 5 | .065 |
| удрост | 8.67 | 8 | 8.46 | 9 | .423 | Помагање | 10.00 | 14 | 8.54 | 10 | .574 |
| кономска лагосостојба | 10.00 | 13 | 7.93 | 8 | .184 | Чисто | 9.60 | 12 | 10.76 | 13 | .218 |
| истинска љубов | 5.33 | 3 | 6.15 | 4 | .323 | Великодушност | 10.33 | 15 | 10.49 | 12 | .808 |
| одобрување на ебе си | 9.33 | 11 | 9.52 | 10 | .887 | Логичност | 8.50 | 8 | 11.09 | 14 | .025* |
| игурност за сака-ите лица | 7.00 | 5 | 4.67 | 2 | .005** | Совесност | 8.91 | 9 | 7.79 | 9 | .061 |
| адоволство | 8.68 | 9 | 13.33 | 14 | .000** | Учтивост | 9.80 | 13 | 10.44 | 11 | .924 |
| оцијална правда | 11.50 | 15 | 11.82 | 13 | .361 | Натпреварување | 13.25 | 16 | 15.23 | 16 | .300 |
| вет на убавина | 12.00 | 16 | 13.36 | 15 | .120 | Тактичност | 9.00 | 11 | 11.83 | 15 | .050* |

Забелешка: * p< 0.05; ** p < 0.01; Мед. - Медијана; стат. зн. - статистичка значајност

Четиринаесетгодишните испитаници значително се разликуваат од испитаниците од средна зрелост во однос на претпочитаните **терминални** вредности. Тоа се гледа во статистички значајната разлика на ниво 0.01 (p<0.01) која е регистрирана за вредностите *возбудлив живот, себепочитување, хармоничен семеен живот, душевен мир, сигурност за саканите лица* и *задоволство.* За вредноста *вистинско пријателство* се добива статистички значајна разлика на ниво 0.05 (p<0.05). Помладите испитаници значително повисоко ги рангираат вредностите *возбудлив*

*живот, вистинско пријателство* и *задоволство,* што упатува на заклучокот дека истите им се многу поважни животни цели, отколку на испитаниците од средна зрелост. Вториве за поважни животни цели ги имаат: *себепочитувањето, хармоничниот семеен живот, душевниот мир* и *сигурноста за саканите лица.* Во поглед на **инструменталните** вредности статистичка значајност на ниво 0.01 ($p<0.01$) се јавува кај *чесност* и *снаодливост,* а на ниво 0.05 ($p<0.05$) кај *амбициозност, логичност* и *тактичност.* Четиринаесетгодишните испитаници ги рангираат значително повисоко *снаодливоста, логичноста* и *тактичноста,* а значително пониско *амбициозноста* и *чесноста,* што укажува на тоа дека во животот им е поважно да се снаодливи, логични и тактични, отколку амбициозни и чесни.

Најголем број статистички значајни разлики се јавува во споредбите меѓу седумнаесетгодишните испитаници и испитаниците од средна зрелост. Вредностите што тие ги претпочитаат се прикажани во Табела бр. 13. Статистички значајна разлика на ниво 0.01 ($p<0.01$) во однос на **терминалните** вредности е регистрирана за *возбудлив живот, вистинско пријателство, мир во светот, хармоничен семеен живот, душевен мир, сигурност за саканите лица* и *задоволство.* За вредностите *рамноправност* и *социјална правда* се добива статистички значајна разлика на ниво 0.05 ($p<0.05$). Помладите испитаници значително повисоко ги рангираат вредностите *возбудлив живот, вистинско пријателство* и *задоволство,* што упатува на заклучокот дека истите им се многу поважни животни цели, отколку на испитаниците од средна зрелост. Вториве за поважни животни цели ги имаат *мир во светот, хармоничен семеен живот, душевен мир, сигурност за саканите лица, рамноправност* и *социјална правда.* Во поглед на **инструменталните** вредности статистичка значајност на ниво 0.01 ($p<0.01$) се јавува кај вредноста *чесност,* а на ниво 0.05 ($p<0.05$) кај *амбициозност, логичност, совесност* и *тактичност.* Седумнаесетгодишните испитаници ги рангираат значително повисоко *амбициозноста, логичноста* и *тактичноста,* а значително пониско *чесноста* и *совесноста,* што укажува на тоа дека во животот им е поважно да се амбициозни, логични и тактични, отколку чесни и совесни.

**Табела бр.13** Претпочитани терминални и инструментални вредности на седумнаесетгодишните испитаници и испитаниците од средна зрелост

| | 17 год. | | 40-60 год. | | стат. зн. | | 17 год. | | 40-60 год. | | стат. з |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Терминални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | | Инструментални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | |
| Општествен углед | 9.80 | 13 | 10.00 | 12 | .723 | Амбициозност | 4.44 | 1 | 6.27 | 2 | .031* |
| Возбудлив живот | 6.80 | 5 | 13.65 | 16 | .000** | Соработка | 8.17 | 8 | 7.41 | 7 | .386 |
| Вистинско пријателство | 4.33 | 1 | 6.68 | 7 | .000** | Самоконтрола | 7.57 | 7 | 6.42 | 3 | .288 |
| Мир во светот | 9.50 | 10 | 6.40 | 6 | .009** | Независност | 5.33 | 2 | 7.03 | 6 | .235 |
| Себепочитување | 6.00 | 4 | 6.17 | 5 | .263 | Чесност | 5.75 | 3 | 2.83 | 1 | .000* |
| Хармоничен семеен живот | 5.29 | 2 | 1.92 | 1 | .000** | Решителност | 7.56 | 6 | 6.52 | 4 | .446 |
| Душевен мир | 9.67 | 11 | 5.10 | 3 | .000** | Снаодливост | 6.17 | 5 | 7.48 | 8 | .122 |
| Рамноправност | 11.50 | 14 | 9.45 | 11 | .018* | Способност | 5.73 | 4 | 6.76 | 5 | .404 |
| Мудрост | 8.17 | 7 | 8.46 | 9 | .749 | Помагање | 9.80 | 12 | 8.54 | 10 | .259 |
| Економска благосостојба | 7.14 | 6 | 7.93 | 8 | .522 | Чисто | 11.30 | 14 | 10.76 | 13 | .429 |
| Вистинска љубов | 5.60 | 3 | 6.15 | 4 | .339 | Великодушност | 11.40 | 15 | 10.49 | 12 | .135 |
| Подобрување на себе си | 8.29 | 9 | 9.52 | 10 | .127 | Логичност | 9.14 | 10 | 11.09 | 14 | .019 |
| Сигурност за саканите лица | 8.25 | 8 | 4.67 | 2 | .001** | Совесност | 9.71 | 11 | 7.79 | 9 | .050 |
| Задоволство | 9.71 | 12 | 13.33 | 14 | .000** | Учтивост | 10.60 | 13 | 10.44 | 11 | .316 |
| Социјална правда | 13.75 | 15 | 11.82 | 13 | .020* | Натпреварување | 14.50 | 16 | 15.23 | 16 | .069 |
| Свет на убавина | 13.77 | 16 | 13.36 | 15 | .479 | Тактичност | 8.67 | 9 | 11.83 | 15 | .037 |

Забелешка: * $p < 0.05$; ** $p < 0.01$; Мед. - Медијана; стат. зн. - статистичка значајност

**Табела бр.14** Претпочитани терминални и инструментални вредности на дваесетгодишните испитаници и испитаниците од средна зрелост

| | 20 год. | | 40-60 год. | | стат. зн. | | 20 год. | | 40-60 год. | | стат. з |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Терминални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | | Инструментални | Мед. | Ранг | Мед. | Ранг | |
| Општествен углед | 10.14 | 11 | 10.00 | 12 | .831 | Амбициозност | 3.87 | 2 | 6.27 | 2 | .014 |
| Возбудлив живот | 8.33 | 10 | 13.65 | 16 | .000** | Соработка | 7.88 | 8 | 7.41 | 7 | .283 |
| Вистинско пријателство | 4.75 | 3 | 6.68 | 7 | .018* | Самоконтрола | 5.00 | 3 | 6.42 | 3 | .078 |
| Мир во светот | 7.67 | 9 | 6.40 | 6 | .173 | Независност | 6.80 | 4 | 7.03 | 6 | .385 |
| Себепочитување | 4.91 | 4 | 6.17 | 5 | .233 | Чесност | 3.50 | 1 | 2.83 | 1 | .090 |
| Хармоничен семеен живот | 4.43 | 2 | 1.92 | 1 | .000** | Решителност | 6.83 | 5 | 6.52 | 4 | .905 |
| Душевен мир | 5.67 | 5 | 5.10 | 3 | .447 | Снаодливост | 6.89 | 6 | 7.48 | 8 | .204 |
| Рамноправност | 11.33 | 13 | 9.45 | 11 | .030* | Способност | 7.75 | 7 | 6.76 | 5 | .258 |
| Мудрост | 7.40 | 8 | 8.46 | 9 | .601 | Помагање | 9.50 | 9 | 8.54 | 10 | .871 |
| Економска благосостојба | 10.70 | 12 | 7.93 | 8 | .004** | Чисто | 11.20 | 14 | 10.76 | 13 | .977 |
| Вистинска љубов | 3.29 | 1 | 6.15 | 4 | .001** | Великодушност | 10.67 | 12 | 10.49 | 12 | .866 |
| Подобрување на себе си | 7.25 | 7 | 9.52 | 10 | .006** | Логичност | 10.40 | 11 | 11.09 | 14 | .509 |
| Сигурност за саканите лица | 7.17 | 6 | 4.67 | 2 | .006** | Совесност | 11.00 | 13 | 7.79 | 9 | .002* |
| Задоволство | 12.43 | 14 | 13.33 | 14 | .061 | Учтивост | 10.25 | 10 | 10.44 | 11 | .917 |
| Социјална правда | 13.56 | 15 | 11.82 | 13 | .006** | Натпреварување | 15.24 | 16 | 15.23 | 16 | .789 |
| Свет на убавина | 13.78 | 16 | 13.36 | 15 | .820 | Тактичност | 12.57 | 15 | 11.83 | 15 | .408 |

Забелешка: * $p< 0.05$; ** $p < 0.01$; Мед. - Медијана; стат. зн. - статистичка значајност

Дваесетгодишните испитаници значително се разликуваат од испитаниците од средна зрелост во однос на претпочитаните **терминални** вредности, што е видливо низ статистички значајната разлика на ниво 0.01 ($p<0.01$) која е регистрирана за вредностите *возбудлив живот*, *хармоничен семеен живот*, *економска благосостојба*, *вистинска љубов*, *подобрување на себе си*, *сигурност за саканите лица* и *социјална правда*. За вредностите *вистинско пријателство* и *рамноправност* се добива статистички значајна разлика на ниво 0.05 ($p<0.05$). Притоа, помладите

испитаници значително повисоко ги рангираат вредностите *возбудлив живот, вистинско пријателство, вистинска љубов* и *подобрување на себе си,* што упатува на заклучокот дека истите им се многу поважни животни цели, отколку на испитаниците од средна зрелост. Второве, за поважни животни цели ги имаат *хармоничен семеен живот, рамноправност, економска благосостојба, сигурност за саканите лица* и *социјална правда.* Во поглед на **инструменталните** вредности статистичка значајност на ниво 0.01 ($p<0.01$) се јавува кај вредноста *совесност,* а на ниво 0.05 ($p<0.05$) кај вредноста *амбициозност.* Дваесетгодишните испитаници ја рангираат значително повисоко *амбициозноста,* а значително пониско *совесноста,* што укажува на тоа дека во животот им е поважно да се амбициозни, отколку совесни.

Менувањето на вредностите е набљудувано низ призмата на генерациите и со помош на отворен прашалник, на кој одговараа само испитаниците од средна зрелост. Целта беше да се повлече една мемориска линија низ времето. Затоа, од нив се бараше да се присетат на моралните вредности на нивните баби и дедовци, на нивните родители, нивните сопствени, вредностите на нивните деца и на вредностите кои ги имале кога биле на возраст на која што се сега нивните деца. Потоа требаа да ги издвојат вредностите што биле присутни во нашето општество пред десет години, вредностите што се сега присутни и оние што ќе бидат присутни за десет години од сега. Добиените одговори се претворени во фреквенции и прикажани во табелите што следуваат подолу.

Во Табела 15 се поместени одговорите на првите две прашања од прашалникот: „Има ли разлики помеѓу Вашите морални вредности и вредностите на Вашите баби и дедовци? Кои разлики би ги издвоиле?" и „Има ли разлики помеѓу Вашите морални вредности и вредностите на Вашите родители? Кои разлики би ги издвоиле?". Наведените проценти се пресметувани во однос на вкупниот број наведени вредности. Тие означуваат дека од сите наведени вредности, толкав број припаѓа во соодветната излистана вредности. Тоа не значи дека толкав процент испитаници навел само по една вредност. Испитаниците најмногу соопштуваат дека нема разлики кога станува збор за споредбата со

родителите. Што се однесува до генерацијата на баби и дедовци, во одговорите на испитаниците најфреквентно се појавуваат почитување, конформизам, нема разлики, трудољубивост, чесност, морално однесување, совесност, искреност, покорност, скромност и доверба. Генерацијата на родителите најфреквентно ја опишуваат преку вредностите совесност, чесност, приврзаност кон семејството, одговорност, помагање, почитување, дружељубивост, правда, искреност и конзервативност.

**Табела бр.15** Резултати од одговорите на првите две прашања*

| Р.бр. | Прашање бр. 1 | f | % | Прашање бр. 2 | f | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Почитување | 42 | 8.75 | Нема разлики | 59 | 18.44 |
| 2 | Конформизам | 38 | 7.92 | Совесност | 29 | 9.06 |
| 3 | Нема разлики | 36 | 7.5 | Чесност | 29 | 9.06 |
| 4 | Трудољубивост | 35 | 7.29 | Приврзаност кон сем. | 27 | 8.44 |
| 5 | Чесност | 32 | 6.67 | Одговорност | 23 | 7.19 |
| 6 | Морално однесување | 31 | 6.46 | Помагање | 17 | 5.31 |
| 7 | Патријархалност | 30 | 6.25 | Почитување | 16 | 5 |
| 8 | Совесност | 29 | 6.04 | Дружељубивост | 16 | 5 |
| 9 | Искреност | 25 | 5.21 | Правда | 15 | 4.69 |
| 10 | Покорност | 19 | 3.96 | Искреност | 12 | 3.75 |
| 11 | Скромност | 18 | 3.75 | Конзервативност | 12 | 3.75 |
| 12 | Доверба | 18 | 3.75 | Принципиелност | 10 | 3.13 |
| 13 | Ограничен избор | 16 | 3.33 | Трпеливост | 10 | 3.13 |
| 14 | Нерамноправност | 15 | 3.13 | Доверба | 9 | 2.81 |
| 15 | Авторитарност | 14 | 2.92 | Скромност | 8 | 2.5 |
| 16 | Трпеливост | 14 | 2.92 | Учтивост | 7 | 2.19 |
| 17 | Великодушност | 12 | 2.5 | Трудољубивост | 7 | 2.19 |
| 18 | Толерантност | 11 | 2.29 | Великодушност | 5 | 1.56 |
| 19 | Сиромаштија | 11 | 2.29 | Морално однесување | 5 | 1.56 |
| 20 | Религиозност | 9 | 1.87 | Храброст | 4 | 1.25 |
| 21 | Едноставност | 8 | 1.67 | | | |
| 22 | Смиреност | 8 | 1.67 | | | |
| 23 | Ниска самодоверба | 7 | 1.46 | | | |
| 24 | Верност | 2 | .42 | | | |
| | Вкупно | 480 | 100 | Вкупно | 320 | 100 |

* Прашање бр.1: „Има ли разлики помеѓу Вашите морални вредности и вредностите на Вашите баби и дедовци? Кои разлики би ги издвоиле?”;

Прашање бр.2: „Има ли разлики помеѓу Вашите морални вредности и вредностите на Вашите родители? Кои разлики би ги издвоиле?”.

Наредната табела ги содржи одговорите на третото и четвртото прашање од прашалникот: „Има ли разлики помеѓу Вашите морални вредности и вредностите на Вашите деца? Кои разлики би ги издвоиле?” и

„Можете ли да направите разлика меѓу моралните вредности што сте ги имале кога сте биле на возраст на која се сега Вашите деца и вредностите што тие ги имаа денес? Кои разлики би ги издвоиле?”.

**Табела бр.16** Резултати од одговорите на третото и четвртото прашање*

| Р.бр. | Прашање бр. 3 | f | % | Прашање бр. 4 | f | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Непочитување | 58 | 14.5 | Почитување | 47 | 11.75 |
| 2 | Либерално однесување | 49 | 12.25 | Нема разлики | 42 | 10.5 |
| 3 | Нема разлики | 42 | 10.5 | Совесност | 38 | 9.5 |
| 4 | Неодговорни | 38 | 9.5 | Самоконтрола | 31 | 7.75 |
| 5 | Несовесни | 33 | 8.25 | Чесност | 29 | 7.25 |
| 6 | Материјалисти | 29 | 7.25 | Помагање | 29 | 7.25 |
| 7 | Непослушни | 21 | 5.25 | Скромност | 24 | 6 |
| 8 | Индивидуалисти | 16 | 4 | Приврзаност кон род. | 21 | 5.25 |
| 9 | Амбициозни | 15 | 3.75 | Вистинско пријателст. | 21 | 5.25 |
| 10 | Понапредни размислув. | 14 | 3.5 | Одговорност | 20 | 5 |
| 11 | Повисока самодоверба | 13 | 3.25 | Искреност | 20 | 5 |
| 12 | Независни | 13 | 3.25 | Доверба | 18 | 4.5 |
| 13 | Ниска самоконтрола | 12 | 3 | Послушност | 15 | 3.75 |
| 14 | Ниска доверба во др. | 10 | 2.5 | Љубезност | 11 | 2.75 |
| 15 | Немаат работни навики | 10 | 2.5 | Трудољубивост | 8 | 2 |
| 16 | Невнимателни | 7 | 1.75 | Исполнителност | 6 | 1.5 |
| 17 | Неучтиви | 6 | 1.5 | Патриотизам | 6 | 1.5 |
| 18 | Поитри | 5 | 1.25 | Учтивост | 5 | 1.25 |
| 19 | Арогантни | 5 | 1.25 | Поизвесна иднина | 5 | 1.25 |
| 20 | Егоистични | 4 | 1 | Сериозност | 4 | 1 |
| | Вкупно | 400 | 100 | Вкупно | 400 | 100 |

* Прашање бр.3: „Има ли разлики помеѓу Вашите морални вредности и вредностите на Вашите деца? Кои разлики би ги издвоиле?”;

Прашање бр.4: „Можете ли да направите разлика меѓу моралните вредности што сте ги имале кога сте биле на возраст на која се сега Вашите деца и вредностите што тие ги имаа денес? Кои разлики би ги издвоиле?”.

Одговорот “нема разлики” е повторно високо поместен во табелата. Но, родителите соопштуваат и постоење на многубројни разлики меѓу нив и нивните деца. Во одговорите на третото прашање родителите ги опишуваат децата преку следниве својства: непочитување, либерално однесување, неодговорност, несовесност, материјализам, непослушност, индивидуализам, амбициозност, понапредни размислувања, повисока самодоверба, независност. За себе кога биле на нивна возраст, испитаниците од средна зрелост најчесто ги наведуваат следните својства: почитување, совесност, самоконтрола, чесност, помагање, скромност,

приврзаност кон родителите, одговорност, искреност, доверба, послушност. Забележливи се спротивности во вредностите кои родителите соопштуваат дека ги имале кога биле на возраст на која се сега нивните деца и оние што нивните деца денес ги имаат. Еден од испитаниците, меѓу другото, наведува: "Навистина не можам да ги разберам денешниве деца!".

Во Табела 17 се поместени одговорите на петтото и шестото прашање од отворениот прашалник. Прашањата гласат: „Кои морални вредности биле присутни кај луѓето во нашето општество пред 10 години? Набројте ги." и „Кои морални вредности се сега најприсутни кај луѓето во нашето општество? Набројте ги.". Веднаш се забележува дека повеќе позитивни вредности се издвојуваат во одговорите на петтото прашање, отколку во оние на шестото прашање. Испитаниците сметаат дека пред десет години во нашето општество најприсутни биле овие вредности: *почитување, чесност, вистинско пријателство, искреност, помагање, приврзаност кон семејството, хуманост, доверба, совесност, трудољубивост, надеж, солидарност*. Вредностите кои денес се најчесто присутни меѓу луѓето во нашето општество се: *материјализам, егоизам, нема морални вредности, неискреност, индивидуализам, образованост, бескрупулозност, полтронство, непочитување, сиромаштија, завист, самоволие, суровост.*

Последното прашање гласи: „Имајќи го во предвид денешниот начин на живеење, кои вредности мислите дека ќе бидат присутни кај луѓето во блиска иднина (за 10 години). Наведете ги." Одговорите на ова прашање се дадени во Табела 18. Како најфреквентни се издвојуваат овие вредности: *ќе нема морални вредности, материјализам, егоизам, професионализам, отуѓеност, амбициозност, изолираност, образованост, завист, неморал, либерализам, индивидуализам.* Забележливо е дека изостануваат многу од вредностите кои биле присутни во минатото. Нив испитаниците не можат да ги препознаат во денешниот начин на живеење.

**Табела бр.17** Резултати од одговорите на петтото и шестото прашање*

| Р.бр. | Прашање бр. 5 | f | % | Прашање бр. 6 | f | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Почитување | 57 | 12.95 | Материјализам | 44 | 8.46 |
| 2 | Чесност | 48 | 10.91 | Егоизам | 38 | 7.31 |
| 3 | Вистинско пријателс. | 36 | 8.18 | Нема морални вредн. | 36 | 6.92 |
| 4 | Искреност | 32 | 7.27 | Неискреност | 24 | 4.61 |
| 5 | Помагање | 23 | 5.23 | Индивидуализам | 22 | 4.23 |
| 6 | Приврзаност кон сем. | 22 | 5 | Образованост | 20 | 3.85 |
| 7 | Хуманост | 22 | 5 | Бескрупулозност | 19 | 3.65 |
| 8 | Доверба | 16 | 3.64 | Полтронство | 19 | 3.65 |
| 9 | Совесност | 16 | 3.64 | Непочитување | 18 | 3.46 |
| 10 | Трудољубивост | 16 | 3.64 | Сиромаштија | 18 | 3.46 |
| 11 | Надеж | 16 | 3.64 | Завист | 17 | 3.27 |
| 12 | Солидарност | 15 | 3.41 | Самоволие | 16 | 3.08 |
| 13 | Љубезност | 14 | 3.18 | Суровост | 16 | 3.08 |
| 14 | Верност | 12 | 2.73 | Амбициозност | 14 | 2.69 |
| 15 | Рамноправност | 12 | 2.73 | Моќ | 14 | 2.69 |
| 16 | Алчност | 11 | 2.5 | Недоверба | 13 | 2.5 |
| 17 | Правда | 11 | 2.5 | Нечесност | 12 | 2.31 |
| 18 | Патриотизам | 10 | 2.27 | Личен интерес | 12 | 2.31 |
| 19 | Материјализам | 10 | 2.27 | Снаодливост | 12 | 2.31 |
| 20 | Одговорност | 9 | 2.04 | Снобизам | 10 | 1.92 |
| 21 | Сигурност | 8 | 1.82 | Алчност | 10 | 1.92 |
| 22 | Толерантност | 7 | 1.59 | Либерализам | 10 | 1.92 |
| 23 | Скромност | 6 | 1.36 | Лажна среќа | 9 | 1.73 |
| 24 | Снаодливост | 6 | 1.36 | Натпреварување | 9 | 1.73 |
| 25 | Осаменост | 5 | 1.14 | Отуѓеност | 8 | 1.54 |
| 26 | | | | Неморал | 8 | 1.54 |
| 27 | | | | Корумпираност | 6 | 1.15 |
| 28 | | | | Конфузија | 6 | 1.15 |
| 29 | | | | Апатија | 6 | 1.15 |
| 30 | | | | Злоба | 6 | 1.15 |
| 31 | | | | Престиж | 6 | 1.15 |
| 32 | | | | Општествен углед | 5 | .96 |
| 33 | | | | Самопочит | 5 | .96 |
| 34 | | | | Песимизам | 5 | .96 |
| 35 | | | | Лицемерие | 5 | .96 |
| 36 | | | | Неверност | 5 | .96 |
| 37 | | | | Зависности | 4 | .77 |
| 38 | | | | Логичност | 4 | .77 |
| 39 | | | | Нетолерантност | 4 | .77 |
| 40 | | | | Успешност | 3 | .58 |
| 41 | | | | Демократија | 2 | .38 |
| | Вкупно | 440 | 100 | Вкупно | 520 | 100 |

* Прашање бр.5: „Кои морални вредности биле присутни кај луѓето во нашето општество пред 10 години? Набројте ги";

Прашање бр.6: „Кои морални вредности се сега најприсутни кај луѓето во нашето општество? Набројте ги".

**Табела бр.18** Резултати од одговорите на седмото прашање*

| Р.бр. | Прашање бр. 7 | f | % |
|---|---|---|---|
| 1 | Ќе нема морални вредности | 32 | 7.62 |
| 2 | Материјализам | 28 | 6.67 |
| 3 | Егоизам | 25 | 5.95 |
| 4 | Не знам | 24 | 5.71 |
| 5 | Професионализам | 24 | 5.71 |
| 6 | Отуѓеност | 21 | 5 |
| 7 | Амбициозност | 20 | 4.76 |
| 8 | Изолираност | 18 | 4.29 |
| 9 | Образованост | 18 | 4.29 |
| 10 | Завист | 18 | 4.29 |
| 11 | Неморал | 17 | 4.05 |
| 12 | Либерализам | 17 | 4.05 |
| 13 | Индивидуализам | 15 | 3.57 |
| 14 | Моќ | 14 | 3.33 |
| 15 | Бескрупулозност | 14 | 3.33 |
| 16 | Ќе биде исто како сега | 14 | 3.33 |
| 17 | Независност | 11 | 2.62 |
| 18 | Флексибилност | 10 | 2.38 |
| 19 | Зависности | 10 | 2.38 |
| 20 | Престиж | 8 | 1.9 |
| 21 | Алчност | 8 | 1.9 |
| 22 | Сиромаштија | 8 | 1.9 |
| 23 | Нетолерантност | 6 | 1.43 |
| 24 | Кариеризам | 6 | 1.43 |
| 25 | Хедонизам | 6 | 1.43 |
| 26 | Неискреност | 6 | 1.43 |
| 27 | Нечесност | 5 | 1.19 |
| 28 | Лицемерие | 5 | 1.19 |
| 29 | Хуманост | 5 | 1.19 |
| 30 | Трудољубивост | 4 | .95 |
| 31 | Бесмисленост | 3 | .71 |
| | Вкупно | 420 | 100 |

* Прашање бр.7: „Имајќи го во предвид денешниот на-чин на живеење, кои вредности мислите дека ќе бидат присутни кај луѓето во блиска иднина (за 10 години). Наведете ги."

## 3.2. Резултати за разликите во претпочитаните вредносни ориентации меѓу лица од различни возрасни периоди

Претпочитаните вредносни ориентации, т.е. животните стилови, се прикажани во вид на аритметички средини и стандардни отстапувања во табелите што следуваат. Врз основа на добиените аритметичките средини извршено е рангирање на секој од животните стилови, така што оној кој има најголема вредност на аритметичката средина носи и највисок ранг. Застапени се следниве животни стилови: *семејно-сентиментален, алтруистички животен стил, сознаен, утилитарен, ориентација на популарност, егоистичко-индивидуалистички, прометејски активизам, хедонистички стил, религиозно-традиционален стил* и *ориентација на моќ*. Како најпретпочитани животни стилови ќе се сметаат оние чија аритметичка средина изнесува 4.4 и повеќе. За најмалку претпочитани животни стилови ќе се сметаат оние чија аритметичка средина изнесува 3.8 и помалку. На крајот е пресметана значајност на разлики меѓу аритметички средини и се добиени статистички значајности на ниво 0.05 ($p<0.05$). Со добиените резултати се проверува вистинитоста на поставените Б– хипотези.

Во Табела 19 се презентирани претпочитаните животни стилови на четиринаесетгодишните испитаници и нивните родители. Направените споредби покажуваат статистички значајни разлики на ниво 0.05 ($p<0.05$) при изборот на некои од стиловите. Од добиените резултати се гледа дека четиринаесетгодишните испитаници најмногу ги претпочитаат: *семејно-сентименталниот, утилитарниот, хедонистичкиот* и *егоистичко-индивидуалистичкиот* животен стил. Од друга страна, пак, најмалку ги претпочитаат: *популарност, сознајниот стил* и *ориентацијата на моќ*. Нивните мајки најмногу ги претпочитаат: *семејно-сентименталниот, прометејски активизам, утилитарниот, алтруистички* и *сознаен* животен стил. Најмалку препочитани животни стилови за нив се: *хедонистички, ориентацијата на моќ* и *популарност*. Татковците на четиринаесетгодишните испитаници животните стилови ги избираат на следниов начин. Најпретпочитани стилови се *семејно-сентиментален,*

*утилитарен, сознаен, прометејски активизам* и *алтруистички*. Животни стилови кои најмалку ги претпочитаат се: *ориентацијата на моќ* и *популарност*. При споредбите на четиринаесетгодишните испитаници со нивните мајки се добиваат статистички значајни разлики на ниво 0.05 (p<0.05) за стиловите *прометејски активизам* и *популарност*. Прометејскиот активизам помладите го претпочитаат значително помалку од нивните мајки, додека популарноста им е значително поважна. Во однос на татковците, регистрирана е статистичка значајност на ниво 0.05 (p<0.05) само за *сознајниот* стил, кого татковците значително повеќе го претпочитаат, во споредба со четиринаесетгодишниците.

**Табела бр. 19** Претпочитани животни стилови на четиринаесетгодишните испитаници и нивните родители

| Р.бр | Животни стилови | 14 год. | | мајки | | стат.зн. | 14 год. | | татковци | | стат.зн |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М | Р | М | Р | | М | Р | М | Р | |
| 1 | Семеен | 5.88 | 1 | 6.60 | 1 | .428 | 5.88 | 1 | 6.83 | 1 | .089 |
| 2 | Алтруистички | 4.33 | 5 | 5.14 | 4 | .776 | 4.33 | 5 | 5.00 | 5 | .904 |
| 3 | Сознаен | 3.80 | 9 | 5.13 | 5 | .237 | 3.80 | 9 | 5.53 | 3 | .026* |
| 4 | Утилитарен | 5.85 | 2 | 5.20 | 3 | .912 | 5.85 | 2 | 5.95 | 2 | 1.000 |
| 5 | Популарност | 4.00 | 8 | 1.58 | 10 | .000* | 4.00 | 8 | 2.65 | 10 | .191 |
| 6 | Индивидуалистички | 4.68 | 4 | 3.98 | 7 | .970 | 4.68 | 4 | 4.28 | 6 | .999 |
| 7 | Прометејски активизам | 4.10 | 7 | 5.63 | 2 | .049* | 4.10 | 7 | 5.10 | 4 | .561 |
| 8 | Хедонистички | 5.13 | 3 | 3.75 | 8 | .213 | 5.13 | 3 | 4.18 | 7 | .736 |
| 9 | Религиозно-традицион. | 4.20 | 6 | 4.30 | 6 | 1.000 | 4.20 | 6 | 3.85 | 8 | 1.000 |
| 10 | Моќ | 3.55 | 10 | 2.50 | 9 | .713 | 3.55 | 10 | 3.25 | 9 | 1.000 |

Забелешка: * p < 0.05; М - аритметичка средина; Р - ранг; стат. зн.- статистичка значајност

Во Табела 20 се презентирани претпочитаните животни стилови на седумнаесетгодишните испитаници и нивните родители. Направените споредби и во овој случај покажуваат статистички значајни разлики на ниво 0.05 (p<0.05) при изборот на некои од стиловите. Од добиените резултати се гледа дека седумнаесетгодишниците најмногу ги претпочитаат: *утилитарниот, хедонистичкиот, семејно-сентименталниот* и *егоистичко-индивидуалистичкиот* животен стил. Од друга страна најмалку ги претпочитаат: *популарноста* и *религиозно-традиционалниот* животен стил. Нивните мајки најмногу ги претпочитаат: *семејно – сентименталниот, утилитарен, прометејски активизам, алтруистички*

и *сознаен* животен стил. Најмалку претпочитани животни стилови за нив се *ориентацијата на моќ* и *популарност.* Татковците на седумнаесетгодишните испитаници животните стилови ги избираат на следниов начин. Најпретпочитани стилови се: *семејно-сентиментален, утилитарен, алтруистички; прометејски активизам* и *егоистичко– индивидуалистички.* Животни стилови кои најмалку ги претпочитаат се *ориентацијата на моќ* и *популарност.* При споредбите на седумнаесетгодишните испитаници со нивните мајки се добиваат статистички значајни разлики на ниво 0.05 (p<0.05) за стиловите: *семејно-сентиментален, хедонистички* и *популарност.* Помладите испитаници значително помалку го претпочитаат семејно-сентименталниот животен стил, во споредба со нивните мајки, додека хедонистичкиот стил и популарноста им се значително поважни. Со татковците, тие статистички значајно се разликуваат само во однос на *хедонистичкиот* животен стил и тоа на ниво 0.05 (p<0.05). Овој стил го претпочитаат значително повеќе, во споредба со нивните татковци.

**Табела бр. 20** Претпочитани животни стилови на седумнаесетгодишните испитаници и нивните родители

| Р.бр | Животни стилови | 17 год. | | мајки | | стат.зн | 17 год. | | татковци | | стат.зн |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М | Р | М | Р | | М | Р | М | Р | |
| 1 | Семеен | 5.60 | 3 | 6.73 | 1 | .014* | 5.60 | 3 | 6.28 | 1 | .537 |
| 2 | Алтруистички | 3.98 | 8 | 4.97 | 4 | .483 | 3.98 | 8 | 4.88 | 3 | .637 |
| 3 | Сознаен | 4.29 | 5 | 4.88 | 5 | .976 | 4.29 | 5 | 3.88 | 8 | .998 |
| 4 | Утилитарен | 6.15 | 1 | 5.58 | 2 | .957 | 6.15 | 1 | 5.25 | 2 | .609 |
| 5 | Популарност | 3.53 | 9 | 1.93 | 10 | .048* | 3.53 | 9 | 2.13 | 10 | .150 |
| 6 | Индивидуалистички | 4.40 | 4 | 4.05 | 7 | 1.000 | 4.40 | 4 | 4.47 | 5 | 1.000 |
| 7 | Прометејски активизам | 4.28 | 6 | 5.10 | 3 | .797 | 4.28 | 6 | 4.80 | 4 | .984 |
| 8 | Хедонистички | 5.63 | 2 | 4.06 | 6 | .050* | 5.63 | 2 | 3.98 | 6 | .047* |
| 9 | Религиозно-традицион. | 2.78 | 10 | 3.95 | 8 | .598 | 2.78 | 10 | 3.95 | 7 | .598 |
| 10 | Моќ | 4.08 | 7 | 2.90 | 9 | .563 | 4.08 | 7 | 3.00 | 9 | .684 |

Забелешка: * p < 0.05; М - аритметичка средина; Р - ранг; стат. зн.- статистичка значајност

Претпочитаните животни стилови на дваесетгодишните испитаници и нивните родители се презентирани во Табела 21. Поради повисоките аритметички средини добиени кај овие испитаници и нивните родители, а со цел да се направи прецизна дистинкција, за најпретпочитани ќе се

сметаат оние чија аритметичка средина изнесува 4.9 и повеќе. За најмалку претпочитани животни стилови, ќе се сметаат оние чија аритметичка средина изнесува 4.3 и помалку. Направените споредби покажуваат статистички значајни разлики на ниво 0.05 (p<0.05) во изборот на еден од стиловите и тоа само во однос на мајките.

**Табела бр. 21** Претпочитани животни стилови на дваесетгодишните испитаници и нивните родители

| Р.бр | Животни стилови | 20 год. | | мајки | | знач. | 20 год. | | татковци | | знач. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | M | R | M | R | | M | R | M | R | |
| 1 | Семеен | 6.23 | 1 | 6.78 | 1 | .793 | 6.23 | 1 | 6.63 | 1 | .963 |
| 2 | Алтруистички | 4.95 | 4 | 5.03 | 4 | 1.000 | 4.95 | 4 | 4.93 | 4 | 1.000 |
| 3 | Сознаен | 4.45 | 7 | 4.90 | 5 | .996 | 4.45 | 7 | 4.75 | 6 | 1.000 |
| 4 | Утилитарен | 5.85 | 2 | 5.65 | 2 | 1.000 | 5.85 | 2 | 5.83 | 2 | 1.000 |
| 5 | Популарност | 3.95 | 10 | 2.35 | 10 | .048* | 3.95 | 10 | 2.58 | 10 | .170 |
| 6 | Индивидуалистички | 4.22 | 8 | 4.38 | 8 | 1.000 | 4.22 | 8 | 4.60 | 7 | 1.000 |
| 7 | Прометејски активизам | 4.83 | 5 | 4.63 | 7 | 1.000 | 4.83 | 5 | 4.83 | 5 | 1.000 |
| 8 | Хедонистички | 5.50 | 3 | 4.80 | 6 | .944 | 5.50 | 3 | 4.95 | 3 | .988 |
| 9 | Религиозно-традицион. | 4.75 | 6 | 5.08 | 3 | 1.000 | 4.75 | 6 | 4.53 | 8 | 1.000 |
| 10 | Моќ | 4.05 | 9 | 2.58 | 9 | .226 | 4.05 | 9 | 2.80 | 9 | .469 |

Забелешка: * p < 0.05

Од добиените резултати се гледа дека дваесетгодишните испитаници најмногу ги претпочитаат: *семејно-сентименталниот*, *утилитарниот*, *хедонистичкиот* и *алтруистичкиот* животен стил. Најмалку ги претпочитаат: *егоистичко-индивидуалистичкиот* животен стил, *ориентацијата на моќ* и *популарноста*. Нивните мајки најмногу претпочитаат: *семејно-сентиментален*, *утилитарен*, *религиозно-традиционален*, *алтруистички* и *сознаен* животен стил. Најмалку претпочитани животни стилови за нив се *ориентацијата на моќ* и *популарност*. За татковците на дваесетгодишните испитаници најпретпочитани стилови се *семејно-сентиментален*, *утилитарен*, *хедонистички* и *алтруистички* животен стил. Најмалку ги претпочитаат: *ориентацијата на моќ* и *популарност*. При споредбите на дваесетгодишните испитаници со нивните мајки се добива статистички значајна разлика на ниво 0.05 (p<0.05) само за стилот *популарност*. Овој стил кај двете групи испитаници се јавува како последен - десети, но помладите му припишуваат нешто

поголемо значење, за разлика од нивните мајки, што се гледа и од висината на соодветните аритметички средини. Со татковците дваесетгодишните испитаници не се разликуваат статистички значајно во ниту еден од преферираните животни стилови.

Во табелите што следуваат се поместени преферираните животни стилови на испитаниците од различни возрасни групи. Направените споредби покажуваат статистички значајни разлики во изборот на некои од стиловите, на двете нивоа на значајност ($p<0.05$; $p<0.01$).

Добиените резултати прикажани во Табелата 22 се однесуваат на споредбата меѓу испитаниците од сите возрасни групи. Тие покажуваат дека постојат статистички значајни разлики на ниво 0.01 ($p<0.01$) за осум од вкупно десетте понудени животни стилови. Двата животни стила за кои не е регистрирана статистички значајна разлика се *йойуларносй* и *еїоисйичко – индивидуалисйичкиой* стил. Се забележува дека испитаниците од средна зрелост најмногу ги претпочитааат: *семејно-сенйименйалниой, уйилийарниой, йромейејскиой акйивизам, алйруисйичкиой* и *сознајниой* животен стил. Од друга страна најмалку ги претпочитаат *ориенйацијайа на моќ* и *йойуларносйа*.

Поединечните споредби меѓу групите се прикажани во табелите бр. 23 и 24. Резултатите покажуваат статистички значајни разлики во изборот на одредени животни стилови на ниво 0.05 ($p<0.05$), освен при споредбата меѓу четиринаесетгодишните и дваесетгодишните испитаници, каде не е регистрирана никаква значајност. Забележливо е дека четиринаесетгодишните испитаници статистички значајно (на ниво 0.05) се разликуваат од седумнаесетгодишните само во однос на *релиїиозно-йрадиционалниой* животен стил. Четиринаесетгодишните овој стил го претпочитаат значително повеќе за разлика од седумнаесетгодишните. Седумнаесетгодишниците статистички значајно (на ниво 0.05) се разликуваат од дваесетгодишните испитаници во *алйруисйичкиой* и *релиїиозно–йрадиционалниой* животен стил. Во двата случаи дваесетгодишниците повеќе ги претпочитаат овие животни стилови, за разлика од седумнаесетгодишниците.

Кога се споредувани групите адолесценти со испитаниците од средна зрелост добиени се следниве резултати. Четиринаесетгодишните испитаници статистички значајно (на ниво 0.05) се разликуваат од испитаниците од средна зрелост во однос на *семејно-сентиментален, сознаен, популарност, прометејски активизам* и *хедонистички* животен стил. Помладите значително повеќе ги претпочитаат *популарноста* и *хедонизмот*, додека повозрасните значително повеќе ги претпочитаат *сознајниот* стил и *прометејскиот активизам*. Што се однесува до *семејно-сентименталниот* животен стил двете возрасни групи го сметаат за најважен, но сепак, испитаниците од средна зрелост му припишуваат значително поголема важност. Седумнаесетгодишните испитаници, во споредба со испитаниците од средна зрелост, статистички значајно (на ниво 0.05) се разликуваат во претпочитањето на *семејно-сентиментален, алтруистички, популарност, прометејски активизам, хедонистички, религиозно-традиционален* стил и *ориентација на моќ*. Помладите значително повеќе ги претпочитаат *популарноста, хедонизмот и ориетнацијата на моќ*. Повозрасните значително повеќе ги претпочитаат *семејно-сентименталниот, алтруистичкиот, прометејскиот активизам* и *религиозно-традиционалниот* животен стил. Конечно, дваесетгодишните испитаници се разликуваат од испитаниците од средна зрелост според тоа што различно (значајно на ниво 0.05) ги претпочитаат следниве животни стилови *популарност, хедонизам* и *ориентација на моќ*. Се забележува дека и двете возрасни групи *популарноста* и *ориентацијата на моќ* ги ставаат на иста позиција, но помладите сепак им припишуваат поголема важност, на што укажуваат и разликите во висината на соодветните аритметички средини. Во однос на *хедонистичкиот* животен стил постои значајна разлика која покажува дека истиот значително повеќе го претпочитаат дваесетгодишните испитаници.

**Табела бр. 22** Претпочитани животни стилови на испитаниците од различни возрасти

| Р.бр | Животни стилови | 14 год. | | | 17 год. | | | 20 год. | | | 40-60год. | | | знач. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | M | SD | R | M | SD | R | M | SD | R | M | SD | R | |
| 1 | Семеен | 5.88 | 1.26 | 1 | 5.60 | 1.71 | 3 | 6.23 | 1.23 | 1 | 6.64 | .98 | 1 | .000** |
| 2 | Алтруистички | 4.33 | 1.53 | 5 | 3.98 | 1.48 | 8 | 4.95 | 1.32 | 4 | 4.99 | 1.70 | 4 | .001** |
| 3 | Сознаен | 3.80 | 1.64 | 9 | 4.29 | 1.87 | 5 | 4.45 | 1.92 | 7 | 4.84 | 1.89 | 5 | .005** |
| 4 | Утилитарен | 5.85 | 1.42 | 2 | 6.15 | 1.42 | 1 | 5.85 | 1.53 | 2 | 5.58 | 1.67 | 2 | .152 |
| 5 | Популарност | 4.00 | 2.15 | 8 | 3.53 | 2.32 | 9 | 3.95 | 2.20 | 10 | 2.20 | 1.57 | 10 | .000** |
| 6 | Индивидуалистички | 4.68 | 1.91 | 4 | 4.40 | 1.85 | 4 | 4.22 | 1.85 | 8 | 4.29 | 2.15 | 6 | .718 |
| 7 | Прометејски активизам | 4.10 | 1.72 | 7 | 4.28 | 1.65 | 6 | 4.83 | 1.57 | 5 | 5.01 | 1.76 | 3 | .003** |
| 8 | Хедонистички | 5.13 | 1.81 | 3 | 5.63 | 1.58 | 2 | 5.50 | 1.60 | 3 | 4.28 | 1.98 | 7 | .000** |
| 9 | Религиозно-традицион. | 4.20 | 2.00 | 6 | 2.78 | 2.17 | 10 | 4.75 | 2.00 | 6 | 4.27 | 2.10 | 8 | .000** |
| 10 | Моќ | 3.55 | 2.24 | 10 | 4.08 | 2.15 | 7 | 4.05 | 2.12 | 9 | 2.84 | 1.93 | 9 | .000** |

Забелешка: ** $p < 0.01$

**Табела бр. 23** Претпочитани животни стилови на испитаниците од адолесценција

| Р.бр | Животни стилови | 14 год. | | 17 год. | | Sig. | 14 год. | | 20 год. | | Sig. | 17 год. | | 20 год. | | знач. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | M | R | M | R | | M | R | M | R | | M | R | M | R | |
| 1 | Семеен | 5.88 | 1 | 5.60 | 3 | .763 | 5.88 | 1 | 6.23 | 1 | .599 | 5.60 | 3 | 6.23 | 1 | .114 |
| 2 | Алтруистички | 4.33 | 5 | 3.98 | 8 | .817 | 4.33 | 5 | 4.95 | 4 | .397 | 3.98 | 8 | 4.95 | 4 | .050* |
| 3 | Сознаен | 3.80 | 9 | 4.29 | 5 | .729 | 3.80 | 9 | 4.45 | 7 | .488 | 4.29 | 5 | 4.45 | 7 | .981 |
| 4 | Утилитарен | 5.85 | 2 | 6.15 | 1 | .873 | 5.85 | 2 | 5.85 | 2 | 1.000 | 6.15 | 1 | 5.85 | 2 | .873 |
| 5 | Популарност | 4.00 | 8 | 3.53 | 9 | .712 | 4.00 | 8 | 3.95 | 10 | 1.000 | 3.53 | 9 | 3.95 | 10 | .777 |
| 6 | Индивидуалистички | 4.68 | 4 | 4.40 | 4 | .949 | 4.68 | 4 | 4.22 | 8 | .812 | 4.40 | 4 | 4.22 | 8 | .986 |
| 7 | Прометејски активизам | 4.10 | 7 | 4.28 | 6 | .977 | 4.10 | 7 | 4.83 | 5 | .319 | 4.28 | 6 | 4.83 | 5 | .567 |
| 8 | Хедонистички | 5.13 | 3 | 5.63 | 2 | .704 | 5.13 | 3 | 5.50 | 3 | .852 | 5.63 | 2 | 5.50 | 3 | .993 |
| 9 | Религиозно-традицион. | 4.20 | 6 | 2.78 | 10 | .026* | 4.20 | 6 | 4.75 | 6 | .707 | 2.78 | 10 | 4.75 | 6 | .001* |
| 10 | Моќ | 3.55 | 10 | 4.08 | 7 | .716 | 3.55 | 10 | 4.05 | 9 | .746 | 4.08 | 7 | 4.05 | 9 | 1.000 |

Забелешка: * $p < 0.05$

**Табела бр. 24** Претпочитани животни стилови на испитаниците од адолесценција и средна зрелост

| Р.бр | Животни стилови | 14 год. | | 40-60год | | Sig. | 17 год. | | 40-60год | | Sig. | 20 год. | | 40-60год | | знач. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | M | R | M | R | | M | R | M | R | | M | R | M | R | |
| 1 | Семеен | 5.88 | 1 | 6.64 | 1 | .002* | 5.60 | 3 | 6.64 | 1 | .000* | 6.23 | 1 | 6.64 | 1 | .217 |
| 2 | Алтруистички | 4.33 | 5 | 4.99 | 4 | .127 | 3.98 | 8 | 4.99 | 4 | .004* | 4.95 | 4 | 4.99 | 4 | .999 |
| 3 | Сознаен | 3.80 | 9 | 4.84 | 5 | .014* | 4.29 | 5 | 4.84 | 5 | .367 | 4.45 | 7 | 4.84 | 5 | .679 |
| 4 | Утилитарен | 5.85 | 2 | 5.58 | 2 | .799 | 6.15 | 1 | 5.58 | 2 | .222 | 5.85 | 2 | 5.58 | 2 | .799 |
| 5 | Популарност | 4.00 | 8 | 2.20 | 10 | .000* | 3.53 | 9 | 2.20 | 10 | .000* | 3.95 | 10 | 2.20 | 10 | .000* |
| 6 | Индивидуалистички | 4.68 | 4 | 4.29 | 6 | .756 | 4.40 | 4 | 4.29 | 6 | .992 | 4.22 | 8 | 4.29 | 6 | .998 |
| 7 | Прометејски активизам | 4.10 | 7 | 5.01 | 3 | .024* | 4.28 | 6 | 5.01 | 3 | .050* | 4.83 | 5 | 5.01 | 3 | .939 |
| 8 | Хедонистички | 5.13 | 3 | 4.28 | 7 | .050* | 5.63 | 2 | 4.28 | 7 | .001* | 5.50 | 3 | 4.28 | 7 | .003* |
| 9 | Религиозно-традицион. | 4.20 | 6 | 4.27 | 8 | .998 | 2.78 | 10 | 4.27 | 8 | .001* | 4.75 | 6 | 4.27 | 8 | .620 |
| 10 | Моќ | 3.55 | 10 | 2.84 | 9 | .235 | 4.08 | 7 | 2.84 | 9 | .005* | 4.05 | 9 | 2.84 | 9 | .007* |

Забелешка: * $p < 0.05$

## 3.3. Резултати за разликите во моралните ставови меѓу лица од различни возрасни периоди

Разликите во однос на моралните ставови се презентирани во вид на аритметички средини и стандардни отстапувања во табелите што следуваат. Повисоката аритметичка средина укажува на потрадиционални морални ставови и обратно. Пресметана е и едноставна еднонасочна АНОВА (F-тест) и со помош на дополнителниот непараметриски Sheffe - тест се добиени статистички значајности на двете нивоа ($p<0.05$; $p<0.01$). Со овие резултати се проверува вистинитоста на поставените В – хипотези.

Во Табела 25 се презентирани моралните ставови на адолесцентите и нивните родители. Направените споредби покажуваат статистички значајни разлики на ниво 0.01 ($p<0.01$). Забележливо е дека испитаниците на седумнаесетгодишна возраст имаат најниска вредност на аритметичката средина, што укажува дека тие имаат најлиберални морални ставови меѓу споредуваните групи.

**Табела бр. 25** Аритметички средини за моралните ставови на адолесцентите и нивните родители

| Возраст | N | M | SD | F | p |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 години | 40 | 50.60 | 5.83 | 5.929 | .000** |
| 17 години | 40 | 47.08 | 7.32 | | |
| 20 години | 40 | 48.78 | 7.70 | | |
| мајки- 14 год. | 40 | 54.05 | 7.86 | | |
| татковци- 14 год. | 40 | 55.23 | 6.95 | | |
| мајки- 17 год. | 40 | 54.15 | 7.54 | | |
| татковци- 17 год. | 40 | 54.28 | 8.31 | | |
| мајки- 20 год. | 40 | 53.93 | 8.13 | | |
| татковци- 20 год. | 40 | 54.70 | 8.59 | | |
| Вкупно | 360 | 52.53 | 8.06 | | |

Забелешка: ** $p < 0.01$

Табелата бр. 26 ги прикажува статистичките значајности во однос на моралните ставови добиени при парцијалните споредби на секоја група адолесценти со нивните родители. Може да се заклучи дека, иако височините на аритметичките средини јасно говорат за полибералните морални ставо-

ви на адолесцентите, статистички значајно (на ниво 0.05) се разликуваат единствено испитаниците на седумнаесетгодишна возраст, во споредба со нивните родители.

**Табела бр. 26** Аритметички средини за моралните ставови на адолесцентите и нивните родители

| | 14год | мајки | 14год | татк. | 17год | мајки | 17год | татк. | 20год | мајки | 20год | татк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| M | 50.60 | 54.05 | 50.60 | 55.23 | 47.08 | 54.15 | 47.08 | 54.28 | 48.78 | 53.93 | 48.78 | 54.70 |
| SD | 5.86 | 7.86 | 5.86 | 6.95 | 7.32 | 7.54 | 7.32 | 8.31 | 7.70 | 8.13 | 7.70 | 8.59 |
| Sig. | .850 | | .506 | | .032* | | .026* | | .341 | | .157 | |

Забелешка: * $p < 0.05$;

При меѓусебните споредби на групите адолесценти, кои се прикажани во Табела 27 не се најдени статистички значајни разлики во во однос на моралните ставови. Аритметичките средини укажуваат дека најлиберални морални ставови меѓу адолесцентите имаат седумнаесетгодишниците, потоа следуваат дваесетгодишниците и на крај-четиринаесетгодишните испитаници. Сепак, разликите во висината на аритметичките средини не се доволно големи, за да бидат регистирани како статистички значајни.

**Табела бр. 27** Аритметички средини за моралните ставови на испитаниците од рана, средна и доцна адолесценција

| | 14 | 17 | Sig. | 14 | 20 | Sig. | 17 | 20 | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| M | 50.60 | 47.08 | .234 | 50.60 | 48.78 | .765 | 47.08 | 48.78 | .802 |
| SD | 5.86 | 7.32 | | 5.86 | 7.70 | | 7.32 | 7.70 | |

Во табела бр. 28 се презентирани моралните ставови на испитаниците од различни возрасни групи. Направените споредби покажуваат статистички значајни разлики на ниво 0.01 ($p<0.01$). Оттука, може да се заклучи дека помладите испитаници имаат полиберални морални ставови, за разлика од испитаниците од средна зрелост.

**Табела бр. 28** Аритметички средини и стандардни отстапувања за моралните ставови на адолесцентите и испитаниците од средна зрелост

| Возраст | N | M | SD | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 години | 40 | 50.60 | 5.83 | 15.723 | .000** |
| 17 години | 40 | 47.08 | 7.32 | | |
| 20 години | 40 | 48.78 | 7.70 | | |
| 40-60 год. | 240 | 54.39 | 7.89 | | |
| Вкупно | 360 | 52.53 | 8.06 | | |

Забелешка: ** $p < 0.01$

Парцијалните споредби меѓу возрасните групи се прикажани во Табела 29 и при тоа се најдени статистички значајни ралики во однос на моралните ставови. Четиринаесетгодишните испитаници имаат полиберални морални ставови од испитаниците од средна зрелост и таа разлика се регистрира како статистички значајна на ниво 0.05 ($p<0.05$). Седумнаесет и дваесетгодишните испитаници статистички значајно се разликуваат (на ниво 0.01) од испитаниците од средна зрелост. Притоа, според очекувањата, повозрасните имаат потрадиционални морални ставови од помладите.

**Табела бр. 29** Парцијални споредби на моралните ставови на адолесцентите и испитаниците од средна зрелост

| | 14 | 40-60 | Sig. | 17 | 40-60 | Sig. | 20 | 40-60 | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| M | 50.60 | 54.39 | .038* | 47.08 | 54.39 | .000** | 48.78 | 54.39 | .000** |
| SD | 5.86 | 7.89 | | 7.32 | 7.89 | | 7.70 | 7.89 | |

Забелешка: * $p < 0.05$, ** $p < 0.01$

Статистички значајна разлика на ниво 0.05 ($p<0.05$) е најдена и при споредбата на моралните ставови меѓу испитаниците од средна зрелост со различен степен на образование. Добиените резултати, кои се прикажани во Табела 30 укажуваат на тоа дека лицата со понизок степен на образование имаат и потрадиционални морални ставови.

**Табела бр. 30** Аритметички средини и стандардни отстапувања за моралните ставови на испитаниците со ССС и ВСС

| Степен на образование | N | M | SD | Sig. |
|---|---|---|---|---|
| ССС | 120 | 56.78 | 7.33 | .000* |
| ВСС | 120 | 52.00 | 8.06 | |
| Вкупно | 240 | | | |

Забелешка: *p < 0.05

## 3.4. Резултати за разликите во областите од кои се избират моделите за идентификација меѓу лица од различни возрасни периоди

Областите од кои се избираат моделите за идентификација, при анализата се групирани во следниве категории: семејство, политика, историски личности, култура (наука и уметност), пријатели, шоу-бизнис (пејачи, актери, фото-модели и сл.), спорт и никој. Преференциите на областите од кои се избираат моделите за идентификација се претставени преку фреквенции и проценти во табелите што следуваат. Врз основа на висината на добиените проценти направено е рангирање, така што онаа област која има највисок процент носи ранг 1. Потоа е пресметана значајност на разлики меѓу проценти. За да добиениот резултат биде статистички значаен треба да ја надминува вредноста 1.96 за ниво 0.05, односно 2.58 за ниво 0.01. Со добиените резултати се проверува вистинитоста на поставените Г– хипотези.

Споредбите меѓу адолесцентите и нивните родители во однос на областите од кои се избираат моделите за идентификација се прикажани во табелите бр. 31, 32 и 33. Добиените резултати покажуваат статистички значајни разлики на двете нивоа ($p<0.05$; $p<0.01$). Од Табела 31 се забележува дека четиринаесетгодишните испитаници од нивните мајки се разликуваат статистички значајно (на нвио 0.05) во однос на областите *семејство, политика* и *спорт*. Тие значително повеќе ги избираат лицата

кои им служат за пример од семејството и спортот. Кога, пак, станува збор за избор на лица кои служат за пример од областа на политиката, процентот на избор е значително поголем кај мајките, одошто кај четиринаесетгодишните испитаници. Мајките, лицата кои им служат за пример најмногу ги избираат од областа *семејство* (но значително помалку во споредба со нивните деца), а потоа следуваат *политика, историски личности, култура, пријатели, шоу-бизнис*. Примерите најмалку ги избираат од областите *никој* и *спорт*. Споредени со татковците, четиринаесетгодишниците статистички значајно (на ниво 0.05) се разликуваат само во областа *семејство*. Тие значително повеќе ги избираат лицата кои им служат за пример од оваа област, за разлика од нивните татковци. Татковците, пак, лицата кои им служат за пример најмногу ги избираат од областа *семејство* (но значително помалку во споредба со нивните деца), а потоа следуваат *историски личности, политика, култура, пријатели, никој*. Примерите најмалку ги избираат од областа *спорт* и *шоу-бизнис*.

**Табела бр.31** Статистички значајности на проценти за областите од кои произлегуваат моделите за идентификација меѓу четиринаесетгодишните испитаници и нивните родители

| | | 14 год. | | | мајки | | | | татковци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. бр | Категории | ф | % | Р | ф | % | Р | стат.зн | ф | % | Р | с |
| 1 | Семејство | 57 | 76 | 1 | 43 | 50.59 | 1 | 2.36* | 41 | 56.94 | 1 | |
| 2 | Политика | 1 | 1.33 | 6 | 11 | 12.94 | 2 | 2.02* | 8 | 11.11 | 3 | |
| 3 | Историски личности | 5 | 6.67 | 3 | 10 | 11.76 | 3 | .79 | 10 | 13.89 | 2 | |
| 4 | Култура | 3 | 4 | 4 | 8 | 9.41 | 4 | .97 | 7 | 9.72 | 4 | |
| 5 | Пријатели | 0 | 0 | 7 | 6 | 7.06 | 5 | 1.71 | 3 | 4.17 | 5 | |
| 6 | Шоу - бизнис | 2 | 2.67 | 5 | 4 | 4.71 | 6 | .48 | 0 | 0 | 8 | |
| 7 | Спорт | 7 | 9.33 | 2 | 0 | 0 | 8 | 1.98* | 1 | 1.39 | 7 | |
| 8 | Никој | 0 | 0 | 8 | 3 | 3.53 | 7 | 1.20 | 2 | 2.78 | 6 | |
| Вк. | | 75 | 100 | | 85 | 100 | | | 72 | 100 | | |

Забелешка: * $p < 0.05$; ф - фревенции; Р - ранг; стат. зн.-статистичка значајност

Во табела 32 се забележува дека седумнаесетгодишните испитаници од нивните мајки се разликуваат статистички значајно (на ниво 0.05) само во однос на областа *политика*. Тие значително помалку ги избираат лицата кои им служат за пример од оваа област. Мајките на

седумнаесетгодишниците, лицата кои им служат за пример најмногу ги избираат од областа *семејство,* а потоа од: *политика, историски личности, култура, пријатели и шоу-бизнис.* Примерите најмалку ги избираат од областите *никој* и *спорт.* Споредени со татковците, седумнаесетгодишниците статистички значајно (на ниво 0.05) се разликуваат во областите *семејство* и *историски личности,* а на ниво 0.01 ($p<0.01$) во областа *политика.* Тие значително повеќе ги избираат лицата кои им служат за пример од *семејството,* за разлика од нивните татковци. Татковците значително повеќе ги избираат лицата кои им служат за пример од областите *политика* и *историски личности.* Воедно, најмогу избори на примери татковците прават од областа *семејство* (но значително помалку во споредба со нивните деца), а потоа следуваат *политика, историски личности, култура, пријатели, шоу-бизнис.* Примерите најмалку ги избираат од областите *спорт* и *никој.*

**Табела бр.32** Статистички значајности на процети во однос на областите од кои произлегуваат моделите за идентификација меѓу седумнаесетгодишните испитаници и нивните родители

| | | 17 год. | | | мајки | | | | татковци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. бр | Категории | ф | % | Р | ф | % | Р | стат.зн | ф | % | Р | ст |
| 1 | Семејство | 53 | 67.95 | 1 | 38 | 49.35 | 1 | 1.69 | 33 | 44 | 1 | 2 |
| 2 | Политика | 0 | 0 | 7 | 11 | 14.28 | 2 | 1.97* | 17 | 22.67 | 2 | 3 |
| 3 | Историски личности | 3 | 3.85 | 6 | 10 | 12.99 | 3 | 1.47 | 13 | 17.33 | 3 | 1 |
| 4 | Култура | 5 | 6.41 | 4 | 9 | 11.69 | 4 | .82 | 5 | 6.67 | 4 | |
| 5 | Пријатели | 4 | 5.13 | 5 | 5 | 6.49 | 5 | .26 | 4 | 5.33 | 5 | |
| 6 | Шоу - бизнис | 7 | 8.97 | 2 | 3 | 3.9 | 6 | .93 | 2 | 2.67 | 6 | |
| 7 | Спорт | 6 | 7.69 | 3 | 1 | 1.3 | 7 | 1.38 | 1 | 1.33 | 7 | |
| 8 | Никој | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 | 8 | / | 0 | 0 | 8 | |
| Вк. | | 78 | 100 | | 77 | 100 | | | 75 | 100 | | |

Забелешка:* $p < 0.05$; **$p<0.01$; ф - фревенции; Р - ранг; стат. зн.- статистичка значајност

Областите од кои се избираат моделите за идентификација (примери) од страна на двесетгодишните испитаници и нивните родители се презентирани во Табела 33. Од неа се забележува дека дваесетгодишните испитаници се разликуваат од мајките статистички значајно (на ниво 0.05) само во однос на областа *пријатели.* Тие значително повеќе ги

избираат лицата кои им служат за пример од оваа област. Мајките лицата кои им служат за пример најмногу ги избираат од областа *семејство*, а потоа од *историски личности, политика, култура, шоу-бизнис* и *спорт*. Примерите најмалку ги избираат од областа *никој* и *пријатели*. Споредени со татковците, дваесетгодишниците статистички значајно (на ниво 0.05) се разликуваат само во областа *политика*. Тие значително помалку ги избираат лицата кои им служат за пример од оваа област. Татковците примерите најмогу ги избираат од областа *семејство* (но помалку во споредба со нивните деца), а потоа од *политика, историски личности, култура, шоу-бизнис, пријатели*. Примерите најмалку ги избираат од областите *спорт* и *никој*.

**Табела бр.33** Статистички значајности на проценти во однос на областите од кои произлегуваат моделите за идентификација меѓу дваесетгодишните испитаници и нивните родители

| | | 20 год. | | | мајки | | | | татковци | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. бр | Категории | ф | % | Р | ф | % | Р | стат.зн | ф | % | Р |
| 1 | Семејство | 43 | 54.43 | 1 | 40 | 54.79 | 1 | .03 | 36 | 52.94 | 1 |
| 2 | Политика | 3 | 3.8 | 7 | 9 | 12.33 | 3 | 1.40 | 11 | 16.18 | 2 |
| 3 | Историски личности | 5 | 6.33 | 5 | 12 | 16.44 | 2 | 1.42 | 8 | 11.76 | 3 |
| 4 | Култура | 9 | 11.39 | 2 | 7 | 9.59 | 4 | .26 | 5 | 7.35 | 4 |
| 5 | Пријатели | 8 | 10.13 | 3 | 0 | 0 | 7 | 2.06* | 3 | 4.41 | 6 |
| 6 | Шоу - бизнис | 4 | 5.06 | 6 | 3 | 4.11 | 5 | .20 | 4 | 5.88 | 5 |
| 7 | Спорт | 7 | 8.86 | 4 | 2 | 2.74 | 6 | 1.17 | 1 | 1.47 | 7 |
| 8 | Никој | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 | 8 | / | 0 | 0 | 8 |
| Вк. | | 79 | 100 | | 73 | 100 | | | 68 | 100 | |

Забелешка: * $p < 0.05$; ф - фревенции; Р - ранг; стат. зн.-статистичка значајност

Во Табелите 34 и 35 се презентирани областите од кои се избираат моделите за идентификација кај различните групи адолесценти. Направените споредби покажуваат статистички значајни разлики на ниво 0.05 ($p<0.05$) само меѓу четиринаесетгодишниците и дваесетгодишниците во однос на областите *с емејство* и *пријатели*. Четиринаесетгодишните испитаници значително повеќе ги избираат лицата кои им служат за пример од семејството, за разлика од дваесетгодишните испитаници. Кога станува збор за избор на лица кои служат за пример од областа на

пријателите, процентот на избор е значително поголем кај дваесетгодишниците. Четиринаесетгодишните испитаници, лицата кои им служат за пример, по семејството, ги избираат од областите *спорт, историски личности, култура, шоу-бизнис, политика.* Примерите најмалку ги бараат меѓу *пријателите*, а опцијата *никој* немаше ниту еден избор. Седумнаесетгодишните испитаници, исто така, примерите најмногу ги избираат од семејството, а потоа следуваат *шоу-бизнис, спорт, култура, пријатели* и *историски личности.* Примерите најмалку ги бараат меѓу *политичарите*, а опцијата *никој* и во оваа група никој не ја избира. Дваесетгодишните испитаници, по семејството - кое е област од која го прават најголемиот број избори на лица кои им служат како примери – ги избираат примерите од *култура, пријатели, спорт, историски личности* и *шоу-бизнис. Политичарите* се најмалку популарни во изборот за примери, а опцијата *никој* не ја избра ниту еден испитаник.

**Табела бр.34** Статистички значајности на проценти во однос на областите од кои произлегуваат моделите за идентификација меѓу четиринаесетгодишните и седумнаесет и дваесетгодишните испитаници

| | | 14 год. | | | 17 год. | | | | 20 год. | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. бр | Категории | ф | % | Р | ф | % | Р | стат.зн | ф | % | Р | с |
| 1 | Семејство | 57 | 76 | 1 | 53 | 67.95 | 1 | .80 | 43 | 54.43 | 1 | |
| 2 | Политика | 1 | 1.33 | 6 | 0 | 0 | 7 | .73 | 3 | 3.8 | 7 | |
| 3 | Историски личности | 5 | 6.67 | 3 | 3 | 3.85 | 6 | .57 | 5 | 6.33 | 5 | |
| 4 | Култура | 3 | 4 | 4 | 5 | 6.41 | 4 | .48 | 9 | 11.39 | 2 | |
| 5 | Пријатели | 0 | 0 | 7 | 4 | 5.13 | 5 | 1.45 | 8 | 10.13 | 3 | |
| 6 | Шоу - бизнис | 2 | 2.67 | 5 | 7 | 8.97 | 2 | 1.21 | 4 | 5.06 | 6 | |
| 7 | Спорт | 7 | 9.33 | 2 | 6 | 7.69 | 3 | .26 | 7 | 8.86 | 4 | |
| 8 | Никој | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 | 8 | / | 0 | 0 | 8 | |
| Вк. | | 75 | 100 | | 78 | 100 | | | 79 | 100 | | |

Забелешка: * $p < 0.05$; ф - фревенции; Р - ранг; стат. зн.-статистичка значајност

**Табела бр.35** Статистички значајности на проценти во однос на областите од кои произлегуваат моделите за идентификација меѓу седумнаесетгодишните и дваесетгодишните испитаници

| | | 17 год. | | | 20 год. | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. бр | Категории | ф | % | Р | ф | % | Р | стат. зн. |
| 1 | Семејство | 53 | 67.95 | 1 | 43 | 54.43 | 1 | 1.24 |
| 2 | Политика | 0 | 0 | 7 | 3 | 3.8 | 7 | 1.25 |
| 3 | Историски личности | 3 | 3.85 | 6 | 5 | 6.33 | 5 | .51 |
| 4 | Култура | 5 | 6.41 | 4 | 9 | 11.39 | 2 | .78 |
| 5 | Пријатели | 4 | 5.13 | 5 | 8 | 10.13 | 3 | .84 |
| 6 | Шоу - бизнис | 7 | 8.97 | 2 | 4 | 5.06 | 6 | .68 |
| 7 | Спорт | 6 | 7.69 | 3 | 7 | 8.86 | 4 | .19 |
| 8 | Никој | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 | 8 | / |
| Вк. | | 78 | 100 | | 79 | 100 | | |

Забелешка: ф - фревенции; Р - ранг; стат. зн.-статистичка значајност

Споредбите меѓу адолесцентите и испитаниците од средна зрелост во однос на областите од кои се избираат моделите за идентификација се прикажани во табелите бр. 36, 37 и 38. Добиените резултати покажуваат статистички значајни разлики на двете нивоа ($p<0.05$; $p<0.01$).

Од Табела 36 се забележува дека четиринаесетгодишните испитаници од испитаниците од средна зрелост се разликуваат статистички значајно (на ниво 0.01) во однос на областите *семејство* и *спорт*, а на ниво 0.05 ($p<0.05$) во областа *политика*. Тие значително повеќе ги избираат лицата кои им служат за пример од *семејството* и *спортот*, за разлика од повозрасните. Процентот на избор на лица кои служат за пример од областа на *политиката* е значително поголем кај испитаниците од средна зрелост, одошто кај помладите испитаници. Испитаниците од средна зрелост, лицата кои им служат за пример најмногу ги избираат од областа *семејство* (но значително помалку во споредба со помладите), а потоа следуваат *политика, историски личности, култура, пријатели, шоу-бизнис*. Примерите најмалку ги избираат од областите *спорт* и *никој*.

**Табела бр.36** Статистички значајности на проценти во однос на областите од кои се избираат моделите за идентификација меѓу четиринаесетгодишните испитаници и испитаниците од средна зрелост

| | | 14 год. | | | 40 - 60 год. | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. бр | Категории | ф | % | Р | ф | % | Р | стат. зн. |
| 1 | Семејство | 57 | 76 | 1 | 251 | 53.4 | 1 | 2.63** |
| 2 | Политика | 1 | 1.33 | 6 | 66 | 14.04 | 2 | 2.24* |
| 3 | Историски личности | 5 | 6.67 | 3 | 62 | 13.19 | 3 | 1.15 |
| 4 | Култура | 3 | 4 | 4 | 44 | 9.36 | 4 | 1.11 |
| 5 | Пријатели | 0 | 0 | 7 | 19 | 4.04 | 5 | 1.27 |
| 6 | Шоу - бизнис | 2 | 2.67 | 5 | 15 | 3.19 | 6 | .17 |
| 7 | Спорт | 7 | 9.33 | 2 | 7 | 1.49 | 7 | 2.84** |
| 8 | Никој | 0 | 0 | 8 | 6 | 1.28 | 8 | .71 |
| Вк. | | 75 | 100 | | 470 | 100 | | |

Забелешка:* $p < 0.05$; ** $p < 0.01$; ф - фреvenции; Р - ранг; стат. зн.- статистичка значајност

Од табела 37 се забележува дека седумнаесетгодишните испитаници од испитаниците од средна зрелост се разликуваат статистички значајно (на ниво 0.05) во однос на областите *политика* и *спорт*. Тие значително повеќе ги избираат лицата кои им служат за пример од *спортот*, за разлика од повозрасните. Кога, пак, станува збор за избор на лица кои служат за пример од областа на *политиката*, процентот на избор е значително поголем кај испитаниците од средна зрелост, одошто кај помладите испитаници.

**Табела бр.37** Статистички значајности на проценти во однос на областите од кои се избираат моделите за идентификација меѓу седумнаесетгодишните испитаници и испитаниците од средна зрелост

| | | 17 год. | | | 40 - 60 год. | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. бр | Категории | ф | % | Р | ф | % | Р | стат. зн. |
| 1 | Семејство | 53 | 67.95 | 1 | 251 | 53.4 | 1 | 1.69 |
| 2 | Политика | 0 | 0 | 7 | 66 | 14.04 | 2 | 2.49* |
| 3 | Историски личности | 3 | 3.85 | 6 | 62 | 13.19 | 3 | 1.67 |
| 4 | Култура | 5 | 6.41 | 4 | 44 | 9.36 | 4 | .60 |
| 5 | Пријатели | 4 | 5.13 | 5 | 19 | 4.04 | 5 | .31 |
| 6 | Шоу - бизнис | 7 | 8.97 | 2 | 15 | 3.19 | 6 | 1.7 |
| 7 | Спорт | 6 | 7.69 | 3 | 7 | 1.49 | 7 | 2.36* |
| 8 | Никој | 0 | 0 | 8 | 6 | 1.28 | 8 | .71 |
| Вк. | | 78 | 100 | | 470 | 100 | | |

Забелешка:* $p < 0.05$; ф - фревенции; Р - ранг; стат. зн.- статистичка значајност

Од Табела 38 се забележува дека дваесетгодишните испитаници од испитаниците од средна зрелост се разликуваат статистички значајно (на ниво 0.01) само во однос на областа *сӣорӣ*. Тие значително повеќе ги избираат лицата кои им служат за пример од *сӣорӣоӣ*, за разлика од повозрасните.

**Табела бр.38** Статистички значајности на проценти во однос на областите од кои произлегуваат моделите за идентификација меѓу дваесетгодишните испитаници и испитаниците од средна зрелост

| | | 20 год. | | | 40 - 60 год. | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р. бр | Категории | ф | % | Р | ф | % | Р | стат. зн. |
| 1 | Семејство | 43 | 54.43 | 1 | 251 | 53.4 | 1 | .12 |
| 2 | Политика | 3 | 3.8 | 7 | 66 | 14.04 | 2 | 1.78 |
| 3 | Историски личности | 5 | 6.33 | 5 | 62 | 13.19 | 3 | 1.21 |
| 4 | Култура | 9 | 11.39 | 2 | 44 | 9.36 | 4 | .40 |
| 5 | Пријатели | 8 | 10.13 | 3 | 19 | 4.04 | 5 | 1.63 |
| 6 | Шоу - бизнис | 4 | 5.06 | 6 | 15 | 3.19 | 6 | .59 |
| 7 | Спорт | 7 | 8.86 | 4 | 7 | 1.49 | 7 | 2.7** |
| 8 | Никој | 0 | 0 | 8 | 6 | 1.28 | 8 | .71 |
| Вк. | | 79 | 100 | | 470 | 100 | | |

Забелешка:** $p < 0.01$; ф - фревенции; Р - ранг; стат. зн.- статистичка значајност

## 3.5. Резултати за разликите во особините поради кои се избират моделите за идентификација меѓу лица од различни возрасни периоди

Особините поради кои се избираат моделите за идентификација при анализата се групирани во следниве категории: *инӣелекӣуални, силна личносӣ, хуманосӣ, комуникаӣивносӣ, ӣресӣиж, физички изглед, друго.* Претпочитаните особини поради кои се избираат моделите за идентификација се претставени преку фреквенции и проценти во табелите што следуваат. Врз основа на висината на добиените проценти направено е рангирање, така што онаа група особини која има највисок процент носи ранг 1. Потоа е пресметана значајност на разлики меѓу проценти. За да биде добиениот резултат статистички значаен треба да ја надминува вредноста 1.96 за ниво 0.05, односно 2.58 за ниво 0.01. Наведените проценти

се пресметувани во однос на вкупниот број наведени имиња (исти или различни). Тие означуваат дека од сите наведени имиња, толкав број припаѓа во наведената категорија. Тоа не значи дека толкав процент на испитаници навел барем по една личност од соодветната категорија како модел. Со добиените резултати се проверува вистинитоста на поставените Д – хипотези.

Споредбите меѓу адолесцентите и нивните родители во однос на особините поради кои се избираат моделите за идентификација се прикажани во табелите кои следуваат. Добиените резултати не покажуваат статистички значајни разлики. Од табелите бр. 39 и 40 се забележува дека четиринаесетгодишните испитаници не се разликуваат статистички значајно во однос на особините поради кои ги избираат моделите за идентификација ниту од нивните мајки, ниту од нивните татковци. Тие, моделите за идентификација најмногу ги избираат поради особините кои влегуваат во групата *хуманост.* Потоа следуваат особините: *силна личност, интелектуалните особини, комуникатив-ност, престиж, физички изглед* и *друго.* Нивните мајките моделите за идентификација, исто така, најмногу ги избираат поради особините кои влегуваат во групата *хуманост,* а потоа поради *силна личност, интелектуални особини, комуникативност, престиж, физички изглед* и *друго.* Кај татковците состојбата е слична. Тие ги претпочитаат особините *хуманост, силна личност, интелектуални особини, комуникативност, физички изгле, престиж* и *друго.*

**Табела бр.39** Претпочитани особини кај моделите за идентификација на возраст од 14 години и нивните мајки

| Р.бр | Претпочитани особини на возраст од 14 години | ф | % | Р | Претпочитани особини на мајките на 14 год. | ф | % | Р |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 17 | 12.59 | 3 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 17 | 9.66 | 3 |
| 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 37 | 27.41 | 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 42 | 23.86 | 2 |
| 3 | ХУМАНОСТ | 76 | 56.3 | 1 | ХУМАНОСТ | 107 | 60.79 | 1 |
| 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 3 | 2.22 | 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 9 | 5.11 | 4 |
| 5 | ПРЕСТИЖ | 2 | 1.48 | 5 | ПРЕСТИЖ | 1 | .57 | 5 |
| 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 0 | 0 | 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 0 | 0 | 6 |
| 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 |
| Вк. | | 135 | 100 | | | 176 | 100 | |

Забелешка: ф - фревенции; Р - ранг; зн.- статистичка значајност

**Табела бр.40** Претпочитани особини кај моделите за идентификација на возраст од 14 години и нивните татковци

| Р.бр | Претпочитани особини на возраст од 14 години | ф | % | Р | Претпочитани особини на татковците на 14 год. | ф | % | Р |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 17 | 12.59 | 3 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 7 | 6.03 | 3 |
| 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 37 | 27.41 | 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 41 | 36.34 | 2 |
| 3 | ХУМАНОСТ | 76 | 56.3 | 1 | ХУМАНОСТ | 63 | 54.31 | 1 |
| 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 3 | 2.22 | 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 4 | 3.45 | 4 |
| 5 | ПРЕСТИЖ | 2 | 1.48 | 5 | ПРЕСТИЖ | 0 | 0 | 6 |
| 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 0 | 0 | 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 1 | .86 | 5 |
| 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 |
| Вк. | | 135 | 100 | | | 116 | 100 | |

Забелешка: ф - фревенции; Р - ранг; зн.- статистичка значајност

Во Табелите 41 и 42 се прикажани резултатите за седумнаесетгодишните испитаници и нивните родители. Споредбите не покажуваат статистички значајни разлики во однос на особините поради кои ги избираат моделите за идентификација. Седумнаесетгодишните испитаници моделите за идентификација најмногу ги избираат поради особините кои влегуваат во групата *хуманост*. Потоа следуваат *силна личност, комуникативност, интелектуалните особини, физички изглед, престиж* и *друго*. Нивните мајки моделите за идентификација, исто така, најмногу ги избираат поради особините кои влегуваат во групата *хуманост,* а потоа поради *силна личност, интелектуални особини, комуникативност, престиж, физички изглед* и *друго*. Татковците ги претпочитаат особините *хуманост, силна личност, интелектуални особини, комуникативност, престиж, физички изглед* и *друго*.

**Табела бр.41** Претпочитани особини кај моделите за идентификација на возраст од 17 години и нивните мајки

| Р.бр | Претпочитани особини на возраст од 17 години | ф | % | Р | Претпочитани особини на мајките на 17 год. | ф | % | Р |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 23 | 10.7 | 4 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 23 | 15.86 | 3 |
| 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 63 | 29.3 | 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 32 | 22.07 | 2 |
| 3 | ХУМАНОСТ | 104 | 48.37 | 1 | ХУМАНОСТ | 81 | 55.86 | 1 |
| 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 24 | 11.16 | 3 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 8 | 5.52 | 4 |
| 5 | ПРЕСТИЖ | 0 | 0 | 6 | ПРЕСТИЖ | 1 | .69 | 5 |
| 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 1 | .46 | 5 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 0 | 0 | 6 |
| 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 |
| Вк. | | 215 | 100 | | | 145 | 100 | |

Забелешка: ф - фревенции; Р - ранг; зн.- статистичка значајност

**Табела бр.42** Претпочитани особини кај моделите за идентификација на возраст од 17 години и нивните татковци

| Р.бр | Претпочитани особини на возраст од 17 години | ф | % | Р | Претпочитани особини на татковците на 17 год. | ф | % | Р |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 23 | 10.7 | 4 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 15 | 10.79 | 3 |
| 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 63 | 29.3 | 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 35 | 25.18 | 2 |
| 3 | ХУМАНОСТ | 104 | 48.37 | 1 | ХУМАНОСТ | 78 | 56.11 | 1 |
| 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 24 | 11.16 | 3 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 8 | 5.75 | 4 |
| 5 | ПРЕСТИЖ | 0 | 0 | 6 | ПРЕСТИЖ | 3 | 2.16 | 5 |
| 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 1 | .46 | 5 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 0 | 0 | 6 |
| 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 |
| Вк. | | 215 | 100 | | | 139 | 100 | |

Забелешка: ф - фревенции; Р - ранг; зн.- статистичка значајност

Во Табелите 43 и 44 се прикажани резултатите за дваесетгодишните испитаници и нивните родители. Споредбите не покажуваат статистички значајни разлики во однос на особините поради кои ги избираат моделите за идентификација. Дваесетгодишните испитаници моделите за идентификација најмногу ги избираат поради особините кои влегуваат во групата *хуманост*. Потоа следуваат *силна личност, комуникативност, интелектуалните особини, физички изглед, престиж* и *друго*. Нивните мајки, исто така, моделите за идентификација најмногу ги избираат поради *хуманоста*, а потоа поради *силна личност, интелектуални особини, комуникативност, престиж, физички изглед* и *друго*. Татковците ги претпочитаат особините *хуманост, силна личност, интелектуални особини, комуникативност, престиж, физички изглед* и *друго*.

**Табела бр.43** Претпочитани особини кај моделите за идентификација на возраст од 20 години и нивните мајки

| Р.бр | Преферирани особини на возраст од 20 години | ф | % | Р | Преферирани особини на мајките на 20 год. | ф | % | Р |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 8 | 3.9 | 4 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 12 | 8.89 | 3 |
| 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 51 | 24.9 | 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 30 | 22.22 | 2 |
| 3 | ХУМАНОСТ | 118 | 57.56 | 1 | ХУМАНОСТ | 85 | 62.96 | 1 |
| 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 22 | 10.73 | 3 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 7 | 5.2 | 4 |
| 5 | ПРЕСТИЖ | 0 | 0 | 6 | ПРЕСТИЖ | 1 | .74 | 5 |
| 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 6 | 2.93 | 5 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 0 | 0 | 6 |
| 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 |
| Вк. | | 205 | 100 | | | 135 | 100 | |

Забелешка: ф - фревенции; Р - ранг; зн.- статистичка значајност

**Табела бр.44** Претпочитани особини кај моделите за идентификација на возраст од 20 години и нивните татковци

| Р.бр | Преферирани особини на возраст од 20 години | ф | % | Р | Преферирани особини на татковците на 20 год. | ф | % | Р |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 8 | 3.9 | 4 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 15 | 13.04 | 3 |
| 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 51 | 24.9 | 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 29 | 25.22 | 2 |
| 3 | ХУМАНОСТ | 118 | 57.56 | 1 | ХУМАНОСТ | 68 | 59.13 | 1 |
| 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 22 | 10.73 | 3 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 2 | 1.74 | 4 |
| 5 | ПРЕСТИЖ | 0 | 0 | 6 | ПРЕСТИЖ | 1 | .87 | 5 |
| 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 6 | 2.93 | 5 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 0 | 0 | 6 |
| 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 |
| Вк. | | 205 | 100 | | | 115 | 100 | |

Забелешка: ф - фревенции; Р - ранг; зн.- статистичка значајност

Споредбите меѓу групите од различни возрасти во однос на особините поради кои се избираат моделите за идентификација се

прикажани во наредните неколку табели. Добиените резултати покажуваат статистички значајни разлики на ниво 0.05 (p<0.05).

Во Табелата 45 се презентирани особините поради кои се избираат моделите за идентификација кај различните групи адолесценти. Направените споредби меѓу четиринаесетгодишниците и седумнаесетгодишниците покажуваат статистички значајни разлики на ниво 0.05 (p<0.05) само во поглед на особините од групата *комуникативност*. Се забележува дека тие значително помалку ги избираат лицата кои им служат за пример поради овие особини, за разлика од седумнаесетгодишните испитаници.

**Табела бр.45** Претпочитани особини кај моделите за идентификација на возраст од 14 и 17 години

| Р.бр | Претпочитани особини на возраст од 14 години | ф | % | Р | Претпочитани особини на возраст од 17 години | ф | % | Р |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 17 | 12.59 | 3 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 23 | 10.7 | 4 |
| 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 37 | 27.41 | 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 63 | 29.3 | 2 |
| 3 | ХУМАНОСТ | 76 | 56.3 | 1 | ХУМАНОСТ | 104 | 48.37 | 1 |
| 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 3 | 2.22 | 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 24 | 11.16 | 3 |
| 5 | ПРЕСТИЖ | 2 | 1.48 | 5 | ПРЕСТИЖ | 0 | 0 | 6 |
| 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 0 | 0 | 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 1 | .46 | 5 |
| 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 |
| Вк. | | 135 | 100 | | | 215 | 100 | |

Забелешка: * $p < 0.05$; ф - фревенции; Р - ранг; зн.- статистичка значајност

Табелата бр. 46 ги презентира резултатите во однос на особините поради кои се избираат моделите за идентификација кај четиринаесетгодишните и дваесетгодишните испитаници. Направените споредби не покажуваат статистички значајни разлики помеѓу овие две групи. Статистички значајни разлики во однос на особините поради кои се избираат моделите за идентификација не се најдени ниту меѓу седумнаесетгодишните и дваесетгодишните испитаници, што се гледа од табелата бр. 47.

**Табела бр.46** Претпочитани особини кај моделите за идентификација на возраст од 14 и 20 години

| Р.бр | Претпочитани особини на возраст од 14 години | f | % | R | Претпочитани особини на возраст од 20 години | f | % | R |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 17 | 12.59 | 3 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 8 | 3.9 | 4 |
| 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 37 | 27.41 | 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 51 | 24.9 | 2 |
| 3 | ХУМАНОСТ | 76 | 56.3 | 1 | ХУМАНОСТ | 118 | 57.56 | 1 |
| 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 3 | 2.22 | 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 22 | 10.73 | 3 |
| 5 | ПРЕСТИЖ | 2 | 1.48 | 5 | ПРЕСТИЖ | 0 | 0 | 6 |
| 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 0 | 0 | 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 6 | 2.93 | 5 |
| 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 |
| Вк. | | 135 | 100 | | | 205 | 100 | |

Забелешка: ф - фревенции; Р - ранг; зн.- статистичка значајност

**Табела бр.47** Претпочитани особини кај моделите за идентификација на возраст од 17 и 20 години

| Р.бр | Претпочитани особини на возраст од 17 години | f | % | R | Претпочитани особини на возраст од 20 години | f | % | R |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 23 | 10.7 | 4 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 8 | 3.9 | 4 |
| 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 63 | 29.3 | 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 51 | 24.9 | 2 |
| 3 | ХУМАНОСТ | 104 | 48.37 | 1 | ХУМАНОСТ | 118 | 57.56 | 1 |
| 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 24 | 11.16 | 3 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 22 | 10.73 | 3 |
| 5 | ПРЕСТИЖ | 0 | 0 | 6 | ПРЕСТИЖ | 0 | 0 | 6 |
| 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 1 | .46 | 5 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 6 | 2.93 | 5 |
| 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 |
| Вк. | | 215 | 100 | | | 205 | 100 | |

Забелешка: ф - фревенции; Р - ранг; зн.- статистичка значајност

Во табелите бр. 48, 49 и 50 се прикажани резултатите од споредбите на особините поради кои се избираат моделите за идентификација меѓу адолесцентите и испитаниците од средна зрелост. Статистичка значајна разлика на ниво 0.05 ($p<0.05$) е најдена само меѓу дваесетгодишните испитаници и испитаниците од средна зрелост во однос на *физичкиот изглед*. Тоа укажува дека дваесетгодишниците значително повеќе ги избираат моделите врз основа на нивниот физички изглед, за разлика од повозрасните испитаници.

**Табела бр.48** Претпочитани особини кај моделите за идентификација на возраст од 14 години и средна зрелост (40 – 60 години)

| Р.бр | Претпочитани особини на возраст од 14 години | ф | % | Р | Претпочитани особини на средна зрелост и 14 год. | ф | % | Р |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 17 | 12.59 | 3 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 89 | 10.77 | 3 |
| 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 37 | 27.41 | 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 209 | 25.3 | 2 |
| 3 | ХУМАНОСТ | 76 | 56.3 | 1 | ХУМАНОСТ | 482 | 58.35 | 1 |
| 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 3 | 2.22 | 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 38 | 4.6 | 4 |
| 5 | ПРЕСТИЖ | 2 | 1.48 | 5 | ПРЕСТИЖ | 7 | .85 | 5 |
| 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 0 | 0 | 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 1 | .12 | 6 |
| 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 |
| Вк. | | 135 | 100 | | | 826 | 100 | |

Забелешка: ф - фревенции; Р - ранг; зн.- статистичка значајност

**Табела бр.49** Претпочитани особини кај моделите за идентификација на возраст од 17 години испитаниците од средна зрелост (40 – 60 години)

| Р.бр | Претпочитани особини на возраст од 17 години | ф | % | Р | Претпочитани особини на средна зрелост и 17 год. | ф | % | Р |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 23 | 10.7 | 4 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 89 | 10.77 | 3 |
| 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 63 | 29.3 | 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 209 | 25.3 | 2 |
| 3 | ХУМАНОСТ | 104 | 48.37 | 1 | ХУМАНОСТ | 482 | 58.35 | 1 |
| 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 24 | 11.16 | 3 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 38 | 4.6 | 4 |
| 5 | ПРЕСТИЖ | 0 | 0 | 6 | ПРЕСТИЖ | 7 | .85 | 5 |
| 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 1 | .46 | 5 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 1 | .12 | 6 |
| 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 |
| Вк. | | 215 | 100 | | | 826 | 100 | |

Забелешка: ф - фревенции; Р - ранг; зн.- статистичка значајност

**Табела бр.50** Претпочитани особини кај моделите за идентификација на возраст од 20 години и испитаниците од средна зрелост (40 – 60 години)

| Р.бр | Претпочитани особини на возраст од 17 години | ф | % | Р | Претпочитани особини на средна зрелост и 20 год. | ф | % | Р |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 8 | 3.9 | 4 | ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ОСОБИНИ | 89 | 10.77 | 3 |
| 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 51 | 24.9 | 2 | СИЛНА ЛИЧНОСТ | 209 | 25.3 | 2 |
| 3 | ХУМАНОСТ | 118 | 57.56 | 1 | ХУМАНОСТ | 482 | 58.35 | 1 |
| 4 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 22 | 10.73 | 3 | КОМУНИКАТИВНОСТ | 38 | 4.6 | 4 |
| 5 | ПРЕСТИЖ | 0 | 0 | 6 | ПРЕСТИЖ | 7 | .85 | 5 |
| 6 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 6 | 2.93 | 5 | ФИЗИЧКИ ИЗГЛЕД | 1 | .12 | 6 |
| 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 | ДРУГО: добар спортист, добар актер, добар музичар ит н. | 0 | 0 | 7 |
| Вк. | | 205 | 100 | | | 826 | 100 | |

Забелешка: * $p < 0.05$; ф - фревенции; Р - ранг; зн.- статистичка значајност

# 4.0. Дискусија на резултатите од истражувањето

## 4.1. Дискусија на резултатите за разликите во вредностите кои ги претпочитаат лица од различни возрасни периоди

Во овој дел ќе бидат анализирани и протолкувани наодите за разликите во однос на вредностите кои ги претпочитаат лица од различни возрасни периоди. Ќе се разгледаат и споредбите на адолесцентите со нивните родители.

Добиените резултати од спроведеното истражување ја потврдуваат општата А – хипотеза, што значи дека *постојат разлики во однос на претпочитаните вредности кај лица од различни возрасни периоди*. Парцијалните споредби на секоја од групите адолесценти со нивните мајки и татковци укажува на постоење статистички значајни разлики во преферираните вредности. Тоа овозможува да се прифати А1 – хипотезата, во која се тврди дека *адолесцентите се разликуваат од нивните родители во однос на претпочитаните вредности*.

За лицата од рана адолесцентна возраст најважни животни цели кои настојуваат да ги остварат се *вистинско пријателство, возбудлив живот, вистинска љубов, хармоничен семеен живот, сигурност за саканите лица* и *мир во светот*. Првите две се карактеристични за развојниот период во кој актуелно се наоѓаат овие испитаници. Имањето искрени и верни пријатели, живот исполнет со многу нови искуства, предизвици и возбудувања, се нешта кои на возраст од 10 до 14 години се особено важни. Односите со врсниците се хоризонтални и во овој период имаат нагласено место, бидејќи тие сега стануваат позначајни отколку во детството. Основните компоненти на пријателството се верноста, интимноста и лојалноста. Затоа се смета дека пријателствата од времето на адолесценцијата се најчесто најинтимните и најсилните од кога и да било во другите возрасни периоди (според Мурџева-Шкариќ, 2004). Вистинската љубов определена како „искрена и трајна љубовна врска со длабока емоционална и духовна интимност” е, исто така, високо посакувана

животна цел од страна на оваа група испитаници. Од литературата е познато дека хетеросексуалните врски во адолесценцијата се подготовка за воспоставување на сексуалниот идентитет на возрасниот. Притоа, изборот на првиот хетеросексуален партнер честопати е проблематичен од причина што во процесот на индивидуација адолесцентот се ослободува од родителската зависност. Карактеристично е експериментирање на ова поле преку стапување во сексуални односи и врски кои траат кратко време. Оттука, не може да се очекува дека лицата од рана адолесценција ќе достигнат длабока емоционална и духовна интимност, која е карактеристична за зрелата љубов. Но, романтична и верна љубов е нешто што се посакува на секоја возраст. Високото преферирање на оваа вредност кај четиринаесетгодишниците може да е резултат и на влијанието на ТВ-новелите кои фреквентно се прикажуваат на телевизиските канали и во кои лајт-мотивот е секогаш борба за вистинска љубов.

Лицата од рана адолесценција се сè уште приврзани за родителите. Тоа го засилува и влијанието на кризата која го има зафатено денешното општество. Таа се препознава во нивниот избор на хармоничен семеен живот, сигурност за саканите лица и мир во светот меѓу првите шест најважни животни цели. Тие ја чувствуваат неизвесноста и несигурноста, за што придонесуваат и разговорите меѓу нивните родители, вестите од електронските и печатените медиуми, личните искуства и оние споделени со врсниците, материјалната состојба, социоекономскиот статус итн. Познато е дека сигурноста е една од основните потреби на човекот, која во хиерархијата на Maslow се наоѓа веднаш над биолошките и континуирано го мотивира поединецот за однесување кое истата ќе му ја обезбеди. Во небезбеден контекст, каков што е денешниот, сигурноста може да се бара единствено уште во семејството. Таму, родителите се обидуваат да ги поштедат своите деца од непријатните искуства и да им го направат животот што е можно поудобен и понормален. Оттука е јасно зошто овие *вредности-цели* се толку високо рангирани од страна на четиринаесетгодишните испитаници. Ваквиот впечаток го дополнува рангирањето на социјалната правда и светот на убавина како најмалку преферирани цели. Истите се ниско рангирани и од страна на нивните

родители. Тоа упатува на заклучок дека корегирањето на социјалната неправда, грижата за слабите и немоќните, во услови кога секој се бори за сопствената егзистенција е далечна и не толку значајна цел. На ова се надоврзува и убавината на природата, творештвото и уметноста. Денешното темпо на живеење сè помалку дозволува да се оддели време и внимание за наведените нешта. Кога родителите нема да ја поттикнат таквата потреба кај своите деца, тогаш не се очекува ни тие да ја посакуваат како важна во животот. Душевниот мир е, исто така, една од најмалку преферираните животни цели на четиринаесетгодишните испитаници. Ова затоа што во периодот на рана адолесценција тие сè уште не се соочуваат со прашањата за идната професија и вработување, изборот на брачен другар, формирање сопствено семејство и ред други развојни задачи карактеристични за лицата од доцна адолесценција и рана зрелост. Основна преокупација им се врсниците и вежбањето независност од авторитетите.

Кога станува збор за *вредностите-средства* или *начините на однесување*, лицата од рана адолесценција ги сметаат за најзначајни *снаодливоста, независноста, соработката, чесноста, решителноста* и *самоконтролата*. Желбата за самостојно одлучување и дејствување е дел од развојниот процес карактеристичен за адолесценцијата, кој започнува на возраст меѓу 10 и 14 години. Таа, меѓу другото, се манифестира и во смелото донесување одлуки и цврстото стоење позади нив т.е. во решителноста. Независноста од родителите во голем дел се остварува преку поддршката која ја даваат врсниците, па затоа настојувањето да се соработува и заеднички да се работи со другите се високо преферирани начини на однесување. Впрочем и самиот наставен процес ја стимулира соработката, преку работа на одредени задачи во мали групи и тимови. Но, се поставува прашањето дали таа се практикува во секој аспект од животот или само во одреден контекст, кога од тоа поединецот има лична корист. Поинаку кажано, дали овие адолесценти се подготвени да се однесуваат алтруистички и просоцијално? Сомнежот го поттикнува начинот на кој овие испитаници рангираат неколку од вредностите. Имено, вештото изнаоѓање начини за постигнување на поставените цели

или пократко кажано *снаодливоста* е најпретпочитан начин на однесување за четиринаесетгодишниците. Од друга страна, *чесноста* ја рангираат на четвртото место, а меѓу најмалку преферираните вредности, ги сместуваат *помагањето* и *великодушноста*. Тоа значи дека ниско го вреднуваат помагањето на другите и споделувањето на она што се има со нив. Снаодливоста, честопати, во комбинација со висок степен на соработка може да се искористи за реализирање на негативни цели. Дополнително загрижува пониското рангирање на самоконтролата, која се однесува на способноста за воздржување и самодисциплина. Недоволното контролирање на себе си може да доведе до попуштање на цензурата и вклучување во морално неправилни постапки. Така, на пример, многу истражувања во кои учениците биле прашани дали би препишувале на час доколку за тоа им се укаже можност, посочуваат дека голем процент од испитаниците одговарале потврдно, иако знаеле дека препишувањето е нечесно и подложно на санкции и морална осуда (според Borba, 2001). Посочените ниско преферирани вредности укажуваат на пониска просоцијална ориентација кај лицата од рана адолесценција, што е во согласност со наодите до кои дошле Popadić (1995), Kuzmanović (2001) и многу други автори.

Лицата од рана адолесценција значајно се разликуваат од своите родители во преферирањето на одредени вредности. Во споредба со мајките, значително повеќе ги претпочитаат *возбудливиот живот, вистинското пријателство* и *задоволството* како животни цели што сакаат да ги постигнат. Значително помалку ги претпочитаат *хармоничен семеен живот, сигурност за саканите лица, душевен мир* и *себепочитување*. Слични резултати се добиваат и при споредбите со нивните татковци. За разлика од татковците, лицата од рана адолесценција значително повеќе ги претпочитаат *возбудливиот живот* и *задоволството*, а значително помалку *хармоничен семеен живот, душевен мир* и *себепочитување*. Ваквите разлики се должат во голем степен на разликата во годините и различните потреби во животот, кои се развојно условени. Помладите се во период кога им се многу поважни веќе дискутираните животни цели - *возбудливиот живот, вистинското пријателсто и*

*задоволството*. Нивните родители се многу позагрижени за семејството и сигурноста на саканите лица, како и за сопствениот душевен мир кој денес сè помалку го имаат. Луѓето веќе не живеат во хармонија со себе си и своите потреби, бидејќи многу тешко доаѓаат до нивна реализација и задоволување. Повисокото рангирање на овие вредности, особено на душевниот мир од страна на возрасните се рефлексија на хаосот во кој денес се живее и за кој зборува Szentmàrtoni (2004). Тоа директно им го загрозува себепочитувањето, па затоа и повисоко го рангираат. Себепочитувањето станува позначајно со зголемување на возраста, па ваквиот наод е резултат и на возрасната разлика меѓу четиринаесетгодишниците и нивните родители.

Разлики меѓу четиринаесетгодишните испитаници и нивните родители се регистрирани и во однос на начините на однесување. Тие, во споредба со мајките, значително повеќе ги претпочитаат *снаодливоста, логичноста* и *тактичноста*, а значително помалку *чесноста, амбициозноста, самоконтролата* и *способноста*. Споредени со татковците, попреферираните начини на однесување остануваат исти, додека значително помалку ги претпочитаат *чесноста* и *совесноста*. Ваквите разлики го отсликуваат влијанието на општествените фактори и долготрајното структурно насилство. Денешните општествени услови бараат снаодливост за да се опстане. Главна причина за тоа се изменетите начини на кои во минатото се реализирале целите. На пример, наместо со чесна работа, до материјално богатство се доаѓа по низа заобиколни патишта. Медиумите посочуваат многу примери на поединци кои постигнале успех за кратко време и на сомнителен начин. Практичното искуство потврдува дека чесноста и совесноста веќе не овозможуваат да се дојде до она што е посакувано и потребно. Тоа се пресликува и во вредносниот систем. Адолесцентите гледаат дека вредностите кои им ги пренесувало семејството како позитивни, во реалноста се неприменливи и тешко се бранат. Така, тие дури може и негативно да вреднуваат некои средства, па сепак во секојдневниот живот да ги применат, за да реализираат одредена цел. Од друга страна, логичноста, односно рационалното и доследно однесување четиринаесетгодишниците го преферираат многу

повеќе. Гледано низ призмата на когнитивниот развој, тие само што навлегле во формалните операции. Тоа подразбира реорганизирање на дотогаш постоечките ментални структури и матрици и развој на нови, повисоки форми на мислење. Тие ги преиспитуваат општествените правила и норми, обидувајќи се да го изградат сопствениот вредносен систем. Во тој сложен процес логиката е таа која им помага да не заталкаат. За адолесцентите е карактеристично очекувањето на логичен и точен одговор на секое прашање и доследност во секоја ситуација. Дури подоцна во развојот, факторот искуство ќе ги соочи со сознанието дека нема само една вистина и дека таа многупати нема ништо заедничко со логиката, а уште помалку со доследноста. Тоа е својствено за постформалните операции во кои се очекува дека се наоѓаат нивните родители. Тоа што родителите ја претпочитаат тактичноста значително помалку од нивните деца, може да се објасни со фактот дека со тек на времето помалку се внимава на однесувањето со цел да не се навредат другите. Ова е особено изразено кога се изменети начините на доаѓање до целите и кога многу од возрасните лично ги искусиле навредите и неправдата кои им го загрозуваат себепочитувањето. Тактичноста се покажува како неефикасна, бидејќи не носи резултат во справувањето со повеќето конфликти со кои тие секојдневно се соочуваат.

Амбициозноста и способноста испитаниците од рана адолесценција ги преферираат значително помалку од нивните мајки. Тоа повторно се должи на развојните каратеристики на возраста, но и на фактот што денес во професионалниот развој се бараат и стимулираат токму овие вредности. Тие се мерило за успех. Во услови на висок процент на невработеност, отпуштања и девалвирања во позициите, само оние кои вложуваат напори за постигнување повисоки и потешко остварливи цели и кои способно и компетентно ги извршуваат обврските можат да опстанат или барем да се задржат подолго време на работа. Освен тоа, жените сѐ уште мораат да се докажуваат во светот на мажите, особено во „машките" професии, што значи да вложуваат двојно повеќе напор за да напредуваат во професијата со исто темпо како и тие. Оттука, не зачудува што мајките високо ги преферираат овие вредности. Кога се работи за самоконтрола-

та, забележливо е дека таа е многу пониско рангирана кај четиринаесетгодишниците, отколку кај нивните родители. Од аспект на разликата во години ваквиот резултат не зачудува. Повозрасните, развојно гледано, би требало да се поспособни да се воздржуваат и контролираат себе си. Но, самоконтролата и самодисциплината се способности кои треба да се развиваат кај децата уште на рана возраст, за да се намалат несаканите последици од неконтролираното и агресивно однесување. Исто така, овие вредности се тесно поврзани со други вредности и доблести кои го градат моралниот карактер на поединецот и без кои се зголемува ризикот од неморално и антисоцијално однесување (според Lickona, 1992). Примери за тоа во реалноста има многу, особено под влијание на нараснатата моќ на медиумите. Кон ова се придружува и значително пониското преферирање на чесноста и совесноста од страна на лицата од рана адолесценција, што укажува на веќе споменатото намалување на просоцијалната ориентација и упатува на заклучок дека кај нив постои суспензија на вредностите, регистрирана од страна на Kuzmanović (2001). Погоре изнесените резултати **ги потврдуваат** хипотезите **А1.1** и **А1.2** кои тврдат дека *четиринаесетгодишниците се разликуваат од нивните мајки, односно татковци, во однос на претпочитаните вредности.*

Најважни животни цели за лицата од средна адолесценција се *вистинско пријателство, хармоничен семеен живот, вистинска љубов, себепочитување, возбудлив живот* и *економска благосостојба*. Сите овие високо претпочитани вредности, освен хармоничен семеен живот, се насочени кон личната добросостојба. Тоа го потврдува и фактот што најниско рангирани се *рамноправност* т.е. еднакви можности за сите, *социјална правда*, односно корегирање на социјалната неправда, грижа за слабите и немоќните и *свет на убавина* т.е. убавината на природата, творештвото и уметноста. Меѓу првите шест изостануваат вредностите сигурност за саканите лица и мир во светот, кои се насочени кон другите луѓе. Од развоен аспект, седумнаесетгодишниците се навлезени во процесот на индивидуација, кој ги оддалечува од родителите и ги насочува кон врсниците. Ги привлекува живот исполнет со многу нови искуства, предизвици и возбудувања. Веруваат во себе и во своите потенцијали.

Посакуваат богатство, материјални добра и пари. Сонуваат за вистинска љубов, но сé уште се далеку од тоа да ја реализираат, бидејќи истата е карактеристична за периодот на рана зрелост. Чувството на несигурност и неизвесност прави да се насочат кон примарните групи, од кои очекуваат поддршка. Во добиените наоди видливо се испреплетени развојните карактеристики, влијанието на медиумите со фаворизираните материјални вредности и севкупната клима во општеството. Поголемото преферирање на животни цели насочени кон личната добросостојба се последица и на негативните општествени влијанија. Хедонизмот и материјализмот многу често се јавуваат во услови кога се загрозени основните потреби и кога човекот е сведен на ниво на елементарно преживување. Тога го покажуваат низа истражувања (Roberts, Manolis & Tanner, 2003; Chang & Arkin, 2002; Kasser, 2002; Rindfleisch, Burroughs & Denton, 1997; според Roberts & Tanner, 2005). Неретко, овие вредности се одбрамбени механизми кои се користат за бегање од реалноста и се пресликани во преферираните животни стилови (според Popadić, 1995).

Адолесцентите се растргнати меѓу сликата што ја негуваат нивните родители, пренесувајќи им ги сопствените вредности и онаа составена од новите вредности што доаѓаат од другите култури. Тоа се гледа во преферираните начини на однесување. За нив најважни се *амбициозноста, независноста, чесноста, способноста, снаодливоста* и *решителноста*. Меѓу најниско претпочитаните се учтивост, чисто, великодушност и натпреварување. Забележливи се вредности карактеристични за развојниот период во кој се наоѓаат испитаниците, но кои се воедно и типични за западниот начин на живеење и работење. Тоа е доказ за расчекорот меѓу влијанијата на семејството и традицијата и современите, прозападни начини на однесување. Највисоко рангираните вредности даваат профил на поединец кој вложува напори за постигнување повисоки и потешко остварливи цели, потпирајќи се врз себе си, кој способно и компетентно дејствува во кој било домен од животот, вешто изнаоѓајќи начини за постигнување на поставените цели и притоа смело донесува одлуки и цврсто стои позади нив. Ако се земат во предвид најниско рангираните вредности, се забележува дека е отсликан профил на лице во кој

изостанува просоцијалната ориентација, бидејќи нема внимателно постапување кон другите и имање добри намери, односно споделување на она што се има со другите. Ваквата состојба е директен ефект од продирањето на новите вредности, како и од негативните влијанија на севкупната општествена состојба. Заклучокот го поткрепува тоа што и за родителите на овие испитаници *учтивоста* е меѓу помалку претпочитаните вредности. Таа денес веќе не се смета за функционална, што е повторно доказ за суспензија на вредностите за која зборува Kuzmanović (2001).

Лицата од средна адолесценција значајно се разликуваат од своите родители како во однос на преферираните животни цели, така и во однос на начините на однесување. Споредени со мајките, седумнаесетгодишните испитаници значително повеќе ги претпочитаат *вистинското пријателство, возбудливиот живот* и *задоволството*. Значително помалку, пак, ги претпочитаат *хармоничниот семеен живот, душевниот мир, рамноправноста, сигурноста за саканите лица* и *социјалната правда*. Во однос на истите вредности значајно се разликуваат и од татковците. Ваквите разлики се должат на веќе дискутираните карактеристики на развојниот период во кој се наоѓаат испитаниците, како и на поширокота средина. Изменетите услови за живот, нееднаквите можности за сите и изразената социјална неправда кај родителите ја зголемуваат неизвесноста дали ќе можат континуирано да им ја обезбедуваат на своите деца неопходната сигурност. Освен тоа, рамноправноста и социјалната правда се вредности кои особено се почитувале во времето кога родителите биле во формативниот период, во кој се сега нивните деца. Така, овие вредности станале дел од нивниот вредносен систем и денес, кога општествената ситуација е битно изменета, сѐ уште покажуваат тенденција да се одржат како позначајни. Оттаму, не изненадува зошто токму нив родителите повеќе ги претпочитаат. Во однос на начините на однесување, седумнаесетгодишниците, споредени со нивните мајки, значително повеќе ги претпочитаат *амбициозноста, логичноста* и *тактичноста*, а значително помалку чесноста и великодушноста. За разлика од татковците повеќе ја претпочитаат *амбициозноста*, а помалку *чесноста* и *совесноста*.

Значењето на амбициозноста и логичноста во животот на лицата од средна адолесценција е во согласност со возраста и развојните задачи. Тие се пред избор на својата идна професија и се подготвуваат за неа. Од когнитивен аспект, динамично го развиваат апстрактно-логичкото мислење, размислувајќи отаде конвенционалните ограничувања и преиспитувајќи ги општествените вредности и норми. Во поглед на моралното судење најголемиот број е на второто, конвенционално ниво од моралното судење, поточно во преоден стадиум. Таму, меѓу другото, изборот е личен, заснован на емоции и хедонизам повеќе отколку на совест, затоа што совеста се смета за арбитрарна и релативна исто како и должноста (според Николоска, 1996). Тоа може да е едно од објаснувањата зошто овие испитаници значително пониско ја вреднуваат совесноста, за разлика од нивните татковци. Тие, како и четиринаесетгодишниците, чесноста ја преферираат значително помалку од родителите, што уште еднаш го потврдува фактот дека оваа вредност денес полека се напушта. Слична е состојбата и со великодушноста. Тоа се вредности кои мајките, односно татковците повеќе ги преферираат и кои се остатоци од систем што е, за жал, веќе напуштен. Се забележува дека во однос на великодушноста адолесцентите значително се разликуваат од нивните мајки, но не и од татковците (и едните и другите оваа вредност ја рангираат исто). Оттука, би можело да се заклучи дека споделувањето на она што се има со другите е многу покарактеристично за однесувањето на жените, отколку за мажите. Совесноста, пак, е вредност во однос на која се разликуваат значително од нивните татковци, но не и од мајките. Совесното и одговорно делување е повисоко вреднувано од мажите, бидејќи тие се социјализираат да се однесуваат совесно и да го издржуваат семејството. Помалото претпочитање на тактичноста од страна на родителите може да се објасни на ист начин како и кај родителите на четиринаесетгодишните испитаници. Таа ја има изгубено важноста во контекст во кој веќе не се цени внимателниот однос кон другите и во кој трпеливоста е сериозно намалена. Погоре изнесените резултати **ги потврдуваат** хипотезите **А1.3** и **А1.4** кои тврдат дека *седумнаесет-*

*годишниците се разликуваат од нивните мајки, односно татковци, во однос на претпочитаните вредности.*

За лицата од доцна адолесценција најважни животни цели се *вистинска љубов, хармоничен семеен живот, вистинско пријателство, себепочитување, душевен мир* и *сигурност за саканите лица.* Најмалку претпочитани се *задоволство, социјална правда* и *свет на убавина.* Овиа јасно ги отсликува развојните задачи карактеристични за периодот во кој се наоѓаат. Тоа е оттаму што оваа група испитаници, според возраста, веќе е во премин кон раната зрелост. Тие бараат вистинска љубов, односно партнер со кого ќе изградат искрена и трајна љубовна врска со длабока емоционална и духовна интимност, што е една од трите кариери на зрелоста. Оттаму ќе се создаде основа за формирање на семејство и реализирање на кариерата родителство. Ваквиот податок потврдува дека, иако е денес многу тешко да се реализира оваа развојна задача, младите се уште не се откажале од желбата да имаат длабока интимна врска која ќе им обезбеди емотивна стабилност и сигурност. Нејзиното постигнување е значајно и заради наоѓањето одговори за својот идентитет, бидејќи интимноста значи дека постои подеднаков интерес за другиот како и за себе си. Таа е во суштина фузија на идентитети. На ова се надоврзуваат хармоничниот семеен живот и сигурноста за саканите лица кои се однесуваат на најблиските лица. Грижата за нивната добросостојба е една од најважните животни цели на дваесетгодишниците. Добиените резултати се должат и на фактот што овие испитаници живеат во интактни семејства, значи родителите им се во брак, па според тоа се очекува високо да ги вреднуваат токму наведените вредности. Воедно, со тоа се потврдува важната улога на семејството во социјализацијата на децата и младите.  За дваесетгодишниците е значајно да имаат блиски, искрени и верни пријатели со кои ќе го споделуваат она што им е заедничко и во кои ќе имаат доверба. Со зголемувањето на возраста расте и потребата за себепочитување што го објаснува високото преферирање на оваа животна цел. Интересно е што душевниот мир, исто така, се наоѓа меѓу високо преферираните животни цели на оваа група адолесценти. Тоа укажува на неизвесноста со која секојдневно се соочуваат и која е

присутна во, за нив, најважните развојни домени – избор на интимен партнер, конечен исход од студирањето, можности за вработување, економска независност од родителите итн. Во денешни услови можностите за планирање на иднината и градењето визии се сериозно ограничени. Токму барањето душевен мир е најголемиот апел и доказ за внатрешната растргнатост и страв со кој се соочуваат овие млади луѓе. Сето тоа ја прави борбата за зачувување на интегритетот на личноста уште потешка, а го нарушува и нормалниот развој на идентитетот. Социјалната правда и светот на убавина повторно се избираат како најмалку значајни. Воедно, живот исполнет со разновидни уживања, лежерност и забава со зголемување на возраста веќе не е меѓу најприоритетните цели, што го објаснува ниското претпочитање на задоволството од страна на овие испитаници.

Кога станува збор за начините на однесување, за дваесетгодишниците најважни се *чесност, амбициозност, самоконтрола, независност, решителност* и *снаодливост*. Овие вредности укажуваат на развојно повисок стил на однесување во кој се внимава на чесниот однос кон другите луѓе, како и на воздржување на себе си и самодисциплина, што не беше толку присутно кај помладите адолесценти. Амбициозноста и независноста се карактеристични за периодот на адолесценција, кога поединецот тежнее кон независност од родителите и поставува повисоки и потешко остварливи цели вложувајќи напор да ги оствари. Притоа, некои настојуваат да вложат напор изградената визија да ја претворат во реалност, додека другите остануваат само на дневно мечтаење. Успешното, односно неуспешното реализирање на поставените цели директно влијае врз сликата за себе. Оттаму, тешко се прифаќаат неуспесите во професионалниот развој, а неможноста да се најде соодветно вработување уште повеќе го нарушува селфконцептот. Сепак, постои желба за борба на што упатува високото вреднување на решителноста. Најмалку преферирани начини на однесување се: *чисто, тактичност* и *натпреварување*. Тоа укажува дека на дваесетгодишните испитаници, исто како и на седумнаесетгодишните, не им се особено важни уредноста и педантноста во секојдневното живеење. Тие, исто така, не настојуваат да постигнат или

направат нешто подобро од другите, ниту пак им е значајно внимателното дејствување во чувствителни ситуации без да ги навредат другите. Ваквите резултати се јасни, ако се земе во предвид дека зголеменото ниво на страв и чувство на загрозеност ја намалува потребата за внимателен однос, особено тогаш кога ниту кон нив не се однесуваат со почит и внимание. Натпреварувањето како начин на однесување не е карактеристичен за нашето поднебје, што се гледа од континуираното ниско преферирање на оваа вредност од страна на сите возрасни групи.

Во однос на животните цели, дваесетгодишниците, за разлика од нивните мајки, значително повеќе ги претпочитаат *возбудливиот живот, вистинската љубов, подобрување на себе си* и *задоволство*, а значително помалку *економската благосостојба, хармоничниот семеен живот* и *социјалната правда*. При споредбата со татковците, од погоренаведените цели значајни разлики не се регистрирани за *задоволство* и *социјална правда*. Ваквите резултати главно се должат на различните развојни периоди во кои се наоѓаат родителите и адолесцентите. За родителите е многу поважно да имаат хармоничен семеен живот и да им дадат на своите деца топлина, љубов и разбирање, како и економска безбедност. Социјалната правда адолесцентите денес помалку ја претпочитаат, но се чини дека и нивните татковци полека се откажуваат од неа. Грижата за слабите и немоќните во денешни услови станува помалку значајна од причина што повеќето се и самите слаби и немоќни да обезбедат пристоен живот за себе и своето семејство. Повисокото претпочитање на наведените животни цели, од страна на родителите, укажува на нивната свесност дека истите стануваат потешко одржливи и сè помалку достапни. Во однос на начините на однесување дваесетгодишните испитаници, за разлика од мајките значително помалку ја претпочитаат совесноста, што е случај и при споредбата со татковците. Од татковците, значително се разликуваат уште и во однос на *амбициозноста* и *соработката*. Амбициозноста помладите ја претпочитаат значително повеќе, а соработката значително помалку. Повторно, загрижува фактот што совесното и одговорно однесување станува помалку претпочитан начин на однесување, што е резултат на влијанијата од општеството и моделите кои адолесцентите ги

среќаваат на медиумите и во непосредното опкружување. Се добива впечаток дека дваесетгодишните испитаници се послични во претпочитањето на начините на однесување со своите мајки, отколку со татковците. Тоа упатува на заклучок дека се поблиски со мајките и повеќе ги преземаат нивните вредности во однос на начините на однесување. Погоре изнесените резултати **ги потврдуваат** хипотезите **А1.5.** и **А1.6.** кои тврдат дека *дваесетгодишниците се разликуваат од нивните мајки, односно татковци, во однос на претпочитаните вредности.*

Кога се споредуваат различните возрасни групи во однос на терминалните и инструменталните вредности, се забележуваат статистички значајни разлики ($p<0.05$; $p<0.01$). Така, лицата од рана адолесценција значително помалку го преферираат себепочитувањето како животна цел, за разлика од лицата од средна и доцна адолесценција. Овој наод е веќе коментиран и се должи на сѐ поголемата важност што оваа вредност ја добива како што се зголемува возраста на поединецот. Во однос на животните цели, лицата од рана адолесценција значително помалку го преферираат душевниот мир во споредба со оние од доцна адолесценција. Тоа се должи на предизвиците кои стојат пред постарите адолесценти. Тие се соочуваат со неизвесност во однос на исходот од студирањето, можноста за вработување, економската зависност од семејството, оформување стабилна интимна врска и реализирање на многу други развојни задачи. Сето тоа им ја нарушува внатрешната хармонија и ги наведува да бараат душевсн мир. За разлика од нив, лицата од периодот на рана адолесценција значително повеќе ги преферираат возбудливиот живот и задоволството. Ним им е приоритетно да имаат живот исполнет со многу нови искуства, предизвици, возбудувања, лежерност и забава. Сѐ уште се на почетокот од барањето одговори на прашањата кои ќе им го оформат идентитетот.

Од начините на однесување, лицата од рана адолесценција значително помалку ги претпочитаат *амбициозноста* и *способноста*, за разлика од лицата од средна адолесценција. Во пониското претпочитање на амбициозноста значително се разликуваат и од лицата од доцна адолес-

ценција. Овој наод, исто така, се должи на разликите во возраста. Иако амбициозноста е карактеристична за адолесцентите и младите, сепак, седумнаесет и дваесетгодишните испитаници неа многу повеќе ја вреднуваат поради новите и потешки цели кои се пред нив. Доколку сакаат успешно да ги реализираат, мора да вложат повеќе напор. Тоа е особено присутно кај студентите, бидејќи во процесот на високо образование секој настапува индивидуално, обидувајќи се да постигне што подобар резултат. Во таков контекст доаѓаат до израз способностите на секого одделно, при што поединецот посамостојно вложува во своето знаење и професионална иднина, отколку во текот на средното образование. Новиот начин на студирање уште повеќе ја потенцира и поттикнува амбициозноста. Освен оваа вредност, четиринаесетгодишниците значително помалку ги преферираат и самоконтролата и чесноста, за разлика од дваесетгодишните испитаници. Наодот во однос на самоконтролата, освен што е последица на развојот и созревањето, може да се објасни и со влијанието на новите модели што секојдневно се прикажуваат на медиумите, особено во доменот на музиката и филмовите. Нивното однесување во голем дел е нецензурирано, со малку или воопшто воздржување и самодисциплина. Недостатокот на самоконтрола доведува до неприфатливо и неморално однесување. Што се однесува до чесноста, разликите јасно говорат дека оваа вредност веќе не е најприоритетна за помладите. Таа полека се напушта, веројатно под влијание на секојдневните примери кои директно ја девалвираат, поттикнувајќи други стилови на однесување, кои на побрз и полесен начин водат до посакуваниот исход. Ваквиот наод загрижува уште повеќе ако се знае дека децата во голем степен ги преземаат вредностите на своите родители, бидејќи денешниве адолесценти се идни родители. Гледано во перспектива се поставува прашањето што ќе вреднуваат идните генерации. На ова се надоврзуваат снаодливоста и тактичноста кои четиринаесетгодишните испитаници ги преферираат значително повеќе од дваесетгодишните. Тие се насочени кон вешто изнаоѓање начини за постигнување на поставените цели. Повисокото преферирање на тактичноста се чини дека е последица од новиот стил на живеење што доаѓа од западните земји кои ги застапуваат демократските

вредности на толеранција, внимателен однос кон другите, соживот итн. Парадоксално е што истите тие вредности самите многупати ги злоупотребуваат.

При споредба на лицата од средна и доцна адолесценција се забележува дека првите како животни цели значително повеќе ги претпочитаат *вистинската љубов* и *економската благосостојба*, а значително помалку *душевниот мир*. Ваквите разлики се должат на тоа што седумнаесетгодишниците сѐ уште не се соочени со развојни задачи со кои се соочуваат дваесетгодишниците. Основна преокупација им е уживањето во животот, кое го гледаат во имањето пари и во романтичната љубов. Тоа може да е последица и од влијанието на медиумските содржини, каде се прикажани модели кои високо го вреднуваат богатството. Потребата за душевно спокојство и отсуство на какви било внатрешни конфликти кај лицата од доцна адолесценција се должи на неизвесноста во однос на можностите за личен и професионален успех. Во однос на начините на однесување, седумнаесетгодишниците значително повеќе ја преферираат тактичноста, а значително помалку самоконтролата и чесноста, за разлика од дваесетгодишните испитаници. Разликите можат да ѝ се припишат на возраста, но ако се погледнат сите групи адолесценти видливо е сѐ поголемото отсуство на овие вредности, што упатува на заклучокот дека ваквата состојба ја имаат предизвикано и фактори кои потекнуваат од општествените структури и содржини. Овој впечаток станува особено силен кога ќе се погледнат резултатите од споредбите со испитаниците од средна зрелост. Сите досега споменати разлики во вредносните преференции ги отсликуваат промените што се должат на когнитивниот и на моралниот развој, кој се одвива во процесот на социјализација и е неразделно поврзан со општествените услови во кои адолесцентите живеат.

Четиринаесетгодишниците, за разлика од лицата од средна зрелост, значително повеќе ги претпочитаат животните цели како што се *возбудлив живот, вистинско пријателство* и *задоволство*, а значително помалку *хармоничен семеен живот, сигурност за саканите лица,*

*себепочитување* и *душевен мир*. Ова директно ги потврдува претходно дискутираните наоди дека со возраста се менуваат приоритетите и потребите, што е определено од различните развојни задачи. Во однос на начините, лицата од рана адолесценција значително повеќе ги претпочитаат: *снаодливоста, логичноста* и *тактичноста*, а значително помалку *амбициозноста* и *чесноста*. Ова укажува дека е настаната промена во начинот на кој се доаѓа до животните цели, која е веќе дискутирана. Седумнаесетгодишниците, за разлика од испитаниците од средна зрелост, како животни цели значително повеќе ги преферираат возбудливиот живот, вистинското пријателство и задоволството, а значително помалку: мир во светот, хармоничен семеен живот, сигурност за саканите лица, душевен мир, рамноправност и социјална правда. Забележливо е дека помладите се насочени кон личната добросостојба. Седумнаесетгодишниците значително повеќе ги вреднуваат *амбициозноста, логичноста* и *тактичноста*, за разлика од лицата од средна зрелост, што е во склад со развојните промени карактеристични за нивната возраст. Значително пониско, пак, ги претпочитаат *чесноста* и *совесноста*. За нив овие начини на однесување ја немаат вредноста и значењето што го имаат за возрасните. Кон ова се надоврзуваат и резултатите од споредбите меѓу дваесетгодишните испитаници и лицата од средна зрелост. Првите како животни цели значително повеќе ги претпочитаат *возбудливиот живот, вистинското пријателство, вистинската љубов* и *подобрување на себе си*, а значително помалку *хармоничен семеен живот, рамноправност, економска благосостојба, сигурност за сканите лица* и *социјална правда*. Ова ги отсликува развојно важните моменти во животите на двете групи испитаници. Поголемото прифаќање на социјалната правда од страна на возрасните може да се должи на усвоените вредности во формативниот период, што за последица има нивно потешко напуштање подоцна во животот, дури и во изменети општествени услови. Во однос на начините на однесување помладите повисоко ја вреднуваат амбициозноста, а пониско совесноста. Првиот наод се вклопува во описот на развојниот период во кој се наоѓаат дваесетгодишните испитаници и истиот не изненадува. Значително пониското вреднување на совесноста кое е забележливо како

тренд и кај помладите адолесценти, заедно со чесноста, сведочи за суспензијата на вредностите. На крај може да се каже дека овие наоди ја потврдуваат А2 – хипотезата според која *лицата од различни возрасни периоди меѓусебно се разликуваат во поглед на преферираните вредности.*

Кога сумарно ќе се погледнат добиените резултати може да се заклучи дека регистрираните разлики се должат на развојноста, но и на нестабилните и радикални општествени промени. Периодот на адолесценција е развоен период во кој вредностите се формираат и усвојуваат, но честопати и критички се преиспитуваат, трансформираат, некои се отфрлаат и заменуваат со нови. Вредносните преференции кои кај помладите се повеќе насочени кон врсниците, добрината, убавината и успешноста, со тек на време се дополнуваат со самопочитување, желба за подобрување на себе си, лична исполнителност, мудрост, внатрешна хармонија итн. Ова е резултат на когнитивниот, моралниот и социјалниот развој. Со зголемувањето на возраста и животното искуство, се менуваат и вредносните приоритети и преференции кои од надворешни (физички) и материјални се поместуваат кон внатрешни, личносни карактеристики. Морално зрелиот поединец е во состојба да ги создава моралните вредности и да ги проверува низ анализа на поширокото искуство со општеството во целина. Тој знае што очекува општеството од него, дури и кога не се согласува со поединечните одредби од општесветниот морален кодекс. Доколку не се работи за несогласување околу основните морални вредности кои поединецот ги има прифатено, тогаш најчесто ги следи воспоставените норми свесен дека не постои закон кој сè би задоволил. Моралниот кодекс на зрелиот поединец е стабилен. Тој се однесува во склад со моралните норми не поради страв од казна и санкција, туку затоа што е убеден дека тоа е добро, како за него, така и за другите. Добиените наоди се слични со оние од истражувањето на Такашманова-Соколовска во кое учествувале адолесценти од сите три групи и според кое тие главно преферираат вредности како што се семејна хармонија, блискост, потреба од независност и лична сигурност, како и потреба од искрено и верно пријателство (Такашманова-Слоколовска, 1995; според Бакревска, 2002).

Сепак, ненадејните промени во општествените услови доведуваат до тоа одредени општествени цели да се доживуваат како повеќе или помалку привлечни, како и до менување на веќе воспоставените вредносни структури, во кои продираат нови вредности, од други култури. Тоа го потврдува кажаното на почетокот, дека во современите услови на живеење, кога интегративните процеси во светски рамки стануваат интензивни, стануваат силни и надворешните влијанија врз моралот, при што, по правило, преовладуваат елементи на моралот на поразвиените народи и култури. Притоа, радикалното менување на моралните норми, под надворешен притисок, го нарушува човековиот интегритет и навлегува длабоко во неговото лично и човечко достоинство, што се доживува мошне драматично (според Danilović, 2003).

Суспензијата на вредностите, за која зборува Kuzmanović (2001), се потврдува и во одговорите на поставениот прашалник, од страна на лицата од средна зрелост. Забележливо е дека низ времето се напуштаат традиционалните, патријархални вредности и истите се заменуваат со нови. За тоа сведочат описите на вредностите на две генерации пред лицата од средна зрелост, односно нивните баби и дедовци, татковци и мајки. Иако тие во голем степен изјавуваат дека нема разлики меѓу нивните вредности и оние на нивните родители и претци, сепак, наведените одговори укажуваат дека се настанати промени. Имено, бабите и дедовците најчесто ги опишуваат како луѓе кои ги почитувале повозрасните и авторитетите, кај кои преовладувал конформизмот, ја вреднувале трудољубивоста, чесноста, совесноста, искреноста, живееле патријархално и скромно, жените биле покорни, постоела доверба итн. Своите родители ги опишуваат како совесни, чесни, приврзани кон семејството, одговорни, подготвени да помогнат, ги почитуваат повозрасните и авторитетите, кај нив постоело вистинско пријателство и дружење, биле правични, искрени, конзервативни, принципиелни, трпеливи, имале доверба итн. Сопствените деца ги опишуваат како лица кои не ги почитуваат возрасните и авторитетите, се однесуваат либерално, неодговорно и несовесно, материјалисти се, непослушни, индивидуалисти, но и амбициозни, понапредни, со повисока самодоверба, независни, со

ниска самоконтрола и доверба во другите. Перцепцијата на родителите се совпаѓа со реалната состојба, бидејќи голем дел од наведените вредности се веќе регистрирани при рангирањето на животните цели и начините на однесување од страна на самите адолесценти. Тие се сведоштво за периодот на адолесценција во која се карактеристични амбициозноста, независноста, непослушноста, непочитувањето на авторитетите, либералниот поглед на живот, отвореноста кон светот. Лицата од средна зрелост кога биле на возраст на која што се денес нивните деца, за себе велат дека ги почитувале возрасните и авторитетите, биле совесни, со самоконтрола, чесни, подготвени да помогнат, скромни, приврзани кон родителите, го вреднувале вистинското пријателство, одговорни, искрени, со поголема доверба во другите, послушни, љубезни итн. Се забележуваат сличности, како што се вреднувањето на вистинското пријателство, но и разлики, кои се должат на живеење во два сосема различни системи, отсликувајќи ги новите вредности кои денес се сѐ поприсутни. Гледано низ призмата на четири генерации може да се заклучи дека лицата од средна зрелост имаат многу послични вредности со своите родители, отколку што сега имаат нивните деца со нив. Ако се земе во предвид експанзијата на медиумите и брзиот техничко-технолошки развој, добиените резултати не зачудуваат. Адолесцентите го градат сопствениот вредносен систем во време кога многу од вредностите што го сочинуваат се релативизирани и нејасни. Родителите се свесни дека вредностите се променети во негативна насока која го урива вредносниот систем. Тие настојуваат да го изградат моралниот карактер на своето потомство, пренесувајќи им ги сопствените вредности и вредностите на генерациите пред нив. Во тој процес се соочуваат со многу нови вредности од понизок квалитет што им ги осуетува вложените напори. Причините за тоа се отсликани во податоците што следуваат подолу.

Лицата од средна зрелост идентификуваат промена во моралните вредности во рамки на нашето општество. Тие наведуваат дека пред десет години меѓу луѓето поприсутни биле почитувањето, чесноста, вистинското пријателство, искреноста, помагањето, приврзаноста кон семејството, хуманоста, довербата, совесноста, трудољубивоста, надежта,

солидарноста, љубезноста, верноста, рамноправноста итн. Денес овие вредности сè помалку ги препознаваат, па дури сметаат и дека нема морални вредности. Притоа, ги наведуваат материјализмот, егоизмот, неискреноста, индивидуализмот, образованоста, бескрупулозноста, полтронството, непочитувањето, сиромаштијата, зависта, самоволието, суровоста, амбициозноста, моќта, недовербата, нечесноста, личниот интерес, снаодливоста, снобизмот, алчноста, либерализмот, лажната среќа итн. Добиените резултати при проекција за десет години од сега се особено загрижувачки. Најголем број испитаници од средна зрелост изјавува дека воопшто нема да постојат морални вредности. Исто така, ги наведуваат материјализмот, егоизмот, професионализмот, отуѓеноста, амбициозноста, изолираноста, образованоста, зависта, неморалот, либерализмот, индивидуализмот, моќта, бескрупулозноста, статускво, независност, флексибилност, зависности, борба за престиж, алчност, сиромаштија, нетолерантност итн. Овие резултати го поткрепуваат тврдењето на Kuzmanović (2001) дека во општеството се случува аномија, која тој ја дефинира како распаѓање на вредностите, правните и морални норми. Возрасните лица веќе западнале во состојба на аномичност, која како психичка состојба е дури и посилна од самата аномија, бидејќи со себе носи чувство дека се распаднале сите норми, се изгубиле сите вредности и се живее во состојба на хаотичност, дезориентираност, безнадежност, бесперспективност. На многумина нештата им изгледаат поцрни одошто се, а најтешката последица е јавување на еден вид вредносен вакуум-доживување дека повеќе нема морални вредности. Најголема промена се забележува во девалвирањето на чесноста, совесноста, почитувањето, довербата, помагањето, како и во зголемувањето на материјализмот, либерализмот, индивидуализмот, самодовербата итн. Со еден збор, намалена е просоцијалната ориентација во однесувањето.

Сите досега изнесени резултати ја даваат сликата на реалноста која ја живее денешниот човек. Структурното насилство сериозно ја има нарушено духовната и психичка стабилност на луѓето. Кон тоа придонесува и неизвесноста во однос на задржување на работното место и можноста да се обезбеди пристоен живот за потомството, што е особено

нагласено во услови на растечка сиромаштија и невработеност. Како што впрочем наведува Мурџева-Шкариќ (2007), најновите истражувања покажуваат дека вработените во неизвесни и лоши услови и незадоволните од работното место доживуваат, исто толку, погубни ефекти од работењето по психофизичкото здравје, како и подолго невработените лица. Додатен неповолен фактор е нивната возраст (период на средна зрелост). Вработените стравуваат дека секој миг можат да бидат отпуштени. Така, наместо да продолжат со развојот, возрасните стагнираат, па дури одат и во регресија. Неможноста да ги задоволат D-потребите, кои се поврзани со преживувањето, го отежнува достигнувањето на повисоките B-вредности. Што се однесува до адолесцентите, кон неповолните општествени услови се надоврзуваат и медиумите кои ја оштетуваат нивната кревка личност. Под влијание на нецензурираните содржини станува сè потешко да се канализира неприфатливото и честопати неморално однесување. Развојниот период во кој се наоѓаат овие поединци и промените карактеристични за него ги засилуваат ваквите ефекти. Сето тоа придонесува за нивната голема растргнатост, бидејќи веќе не знаат во што да веруваат. Борејќи се да ја зачуваат нарушената сигурност и да ги надминат стравот од неизвесноста, адолесцентите се насочуваат кон личната добросостојба, свесни дека некои од вредностите кои им ги пренесуваат родителите, во реалноста повеќе не функционираат. Затоа, како што вели Hartmann (според Поповић, 1973), во услови на интензивно продирање на новите вредности кои му се наметнуваат на поединецот, егото како посредник ќе ги потисне личните морални вредности, дури и тогаш кога истите за него имаат интегративно значење. Ваквата состојба на дезинтеграција ќе трае сè додека не се излезе од транзицијата на вредности и не се воспостави стабилен и целовит вредносен систем.

## 4.2. Дискусија на резултатите за разликите во вредносните ориентации кои ги претпочитаат лица од различни возрасни периоди

Во овој дел ќе бидат анализирани и протолкувани наодите за разликите во однос на вредносните ориентации, операционализирани преку десет животни стилови, кои ги преферираат лицата од различни возрасни периоди. Ќе се разгледаат и споредбите на адолесцентите со нивните родители.

Добиените резултати од спроведеното истражување ја потврдуваат општата Б – хипотеза, што значи дека *постојат разлики во однос на претпочитаните вредносни ориентации кај лица од различни возрасни периоди*. Парцијалните споредби на секоја од групите адолесценти со нивните мајки и татковци укажува на постоење статистички значајни разлики во претпочитаните вредносни ориентации. Тоа овозможува да се прифати Б1 – хипотезата, во која се тврди дека *адолесцентите се разликуваат од нивните родители во однос на претпочитаните вредносни ориентации*,

Претпочитаните животни стилови се тесно врзани со претпочитањето на вредностите, за кои стана збор претходно. Секој избор на одреден стил или стилови претставува оформување на сопствениот живот. Некои избори се прават автоматски, а други се обмислуваат, бидејќи се сметаат за мошне важни. Ова е особено карактеристично за адолесцентите на кои животот им е низа од отворени патишта на чиј почеток се наоѓаат и им претстои задача да изберат по кој од нив ќе тргнат. Некои потполно ќе ги отфрлат, а за други ќе мечтаат и ќе градат визии размислувајќи за сопствената иднина и споредувајќи се со останатите. Во овој контекст значајна улога има возраста и соодветните развојни карактеристики, но и поширокаta општествена средина. Лицата од рана адолесценција најмногу ги претпочитаат *семејно-сентименталниот, утилитарен, хедонистички* и *егоистичко-индивидуалистички* животен стил. Најмалку ги

претпочитаат *сознајниот* животен стил и *ориентација на моќ*. Овие резултати ќе бидат протолкувани со помош на класификацијата до која дошол Popadić (1995) по пат на факторска анализа, издвојувајќи три групи на ориентации. Првата е насочена кон личната добросостојба и во неа спаѓаат ориентација на моќ, утилитарна, ориентација на популарност и хедонистичка ориентација. Честопати на оваа група се надоврзува и егоистичко-индивидуалистичката ориентација која се покажала како најнестабилна. Во втората група спаѓаат семејно-сентименталната и религиско-традиционалната ориентација и означува ориетираност кон примарната група или кон интересите на поширокатa заедница. Третата група ја сочинуваат сознајната ориентација и прометејскиот активизам, при што насоченоста е кон општочовечките вредности, посветеност на принципи и идеали. Оттука, може да се забележи дека кај испитаниците од рана адолесценција преовладуваат животни стилови насочени кон личната добросостојба. Исклучок претставува семејно-сентименталниот стил кој укажува на нивната насоченост кон семејството како примарна група. Овој резултат се совпаѓа со најпретпочитаните вредности на оваа група испитаници, меѓу кои беа хармоничен семеен живот и сигурност за саканите лица, како и со истажувањата на Popadić (1988; 1994), во кои четиринаесетгодишниците најмногу го избираат токму овој животен стил, а веднаш по него утилитарниот (материјалистички) стил. Во неговото истражување од 1994 година четиринаесетгодишните испитаници како трет животен стил го избираат сознајниот, а како четврт алтруистичкиот. Нивните врсници вклучени во ова истражување како трет го избираат хедонистичкиот (кај испитаниците на Popadić овој стил е избиран како петти), а како четврт егоистичко-индивидуалистичкиот животен стил (кај испитаниците на Popadić овој стил е избиран како шести). Од причина што општествените услови во нашата држава и Р. Србија се донекаде слични, може да се рече дека во периодот од 13 години се настанати промени кон уште поголемо преферирање на стилови насочени кон личната добросостојба. Сепак, овој заклучок се однесува пред сè на испитаниците од актуелново истражување, бидејќи нема резултати од понови

истражувања на оваа тема во соседна Србија, во однос на кои би можела да се направи подиректна споредба.

Доказ дека промените во вредносните ориентации се насочени кон избирање на стилови кои обезбедуваат лична добросостојба, се и разликите меѓу четиринаесетгодишниците од ова истражување и нивните врсници од истражувањето на Бакревска (2002), направено за целите на нејзината дипломска работа. Таа наоѓа дека најпретпочитани животни стилови се алтруистичкиот и прометејскиот активизам, кои денешниве испитаници ги избираат како петти, односно седми стил. Резултатите се совпаѓаат во однос на најмалку претпочитаните стилови. Во двете истражувања тоа се сознајниот животен стил и ориентација на моќ. Ова укажува дека тие не се мотивирани да раководат со другите, ниту да осознаваат нови нешта за светот, природата и човекот, што е карактеристично за нивна возраст. Повеќе сакаат да уживаат, а помалку се заинтересирани за учење. Ваквите наоди го наметнуваат прашањето на што се должи оваа егоцентрична насоченост на лицата од рана адолесценција. Би се рекло, делумно на влијанието на развојниот период во кој се наоѓаат, но во голем степен и на случувањата во нашето општество и во светот воопшто. Структурното насилство прави овие лица да живеат од денес до утре, свесно одбивајќи да размислуваат за неизвесната иднина која им влева страв и несигурност. Загрозеноста на основните потреби за кои зборува Maslow уште повеќе ја потенцира ваквата ориентација. Пораката што тие ја праќаат е дека им е потребна материјална сигурност, безбедно семејство, удобен и безгрижен живот исполнет со уживање, независност и грижа за сопствена благосостојба. Многу од овие нешта родителите денес сè помалку можат да им ги обезбедат. Од друга страна, ваквите вредносни ориентации се директна последица и од влијанијата на моделите кои промовираат нов начин на живот – материјалистички вредности, безгрижност, егоцентричност, задоволување на личните потреби, успех на поснаодливиот и посилниот на сметка на другите итн. Кога овие испитаници ќе се споредат со нивните родители, разликата станува уште повпечатлива. Имено, мајките на четиринаесегодишниците најмногу ги претпочитаат *семејно–сентименталниот* животен стил,

*прометејскиот активизам*, *утилитарниот*, *алтруистичкиот* и *сознајниот* стил, а најмалку *ориентација на моќ* и *популарност*. Нивните татковци најмногу ги претпочитаат *семејно-сентименталниот* животен стил, *утилитарниот*, *сознаен*, *прометејски активизам* и *алтруистичкиот* стил, додека најмалку се претпочитани *ориентација на моќ* и *популарност*. Високото претпочитање на утилитарниот (материјалистички) стил од страна на родителите воопшто не изненадува, ако се земе во предвид високата стапка на невработеност во државата, како и неизвесната иднина на работните места. Сите родители вклучени во ова истражување се вработени, што значи дека повеќето од нив стравуваат дали ќе останат на работа и до кога. Останатите преференции се насочени кон примарната група и општочовечките вредности. Родителите најмалку ги преферираат стиловите од групата за лична добросостојба.

Четиринаесетгодишниците статистички значајно ($p<0.05$) се разликуваат од нивните мајки во однос на *ориентација кон популарност* и *прометејскиот активизам*. Тие првата ја претпочитаат значително повеќе, а втората значително помалку. Поголемото претпочитање на популарноста може да се објасни со разликите во возраста. Желбата да се стане популарен и познат во спортот или шоу-бизнисот е карактеристична за помладите и со тек на време се напушта, што е директна последица од развојните промени и созревањето. Од друга страна, упорното залагање за подобри и поправични односи во општеството, борбата за подолгорочни цели и идеи дури и кога се наидува на отпор од средината е посвојствена за повозрасните лица. Се чини дека еднаш оформените претпочитани вредности кај возрасните не се менуваат во услови на променети општествени состојби. Ваквите претпочитања се резултат на моралната зрелост, чија суштина, според Kohlberg (Hrnjica, 1982), е во способноста на личноста да се однесува со склад со усвоените морални принципи, дури и тогаш кога се соочува со силен притисок да се однесува поинаку. Морално зрелиот поединец одлучува и расудува на морален начин и се однесува во согласност со донесените судови. Четиринаесетгодишниците не планираат долгорочно, што на оваа возраст и не се очекува. Во споредба со нивните татковци, значително помалку ($p<0.05$) го претпочитаат *сознајниот*

животен стил. Тие сè уште имаат време да ја изберат својата професија и не се доминантно насочени кон лично усовршување и вложување во нови знаења кои би биле општествено корисни. За разлика од нив, нивните татковци овој стил го вреднуваат многу повисоко, особено што во денешни услови тоа е еден од главните критериуми што треба да се задоволат, за да се постигне професионален успех, но и за да се задржи работното место. Воедно тоа е една од развојните карактеристики на средната зрелост – континуирано, самостојно учење и усовршување. Погоре изнесените резултати **ги потврдуваат** хипотезите **Б1.1** и **Б1.2** кои тврдат дека *четиринаесетгодишниците се разликуваат од нивните мајки, односно татковци, во однос на претпочитаните вредносни ориентации.*

Лицата од средна адолесценција најмногу ги претпочитаат *утилитарниот, хедонистички, семејно-сентиментален* и *егоистичко-индивидуалистички* животен стил. Најмалку ги претпочитаат *ориентацијата кон популарност* и *религиозно-традиционалниот* стил. Слично како и лицата од рана адолесценција, испитаниците од оваа група најмногу ги претпочитаат стиловите насочени кон личната добросостојба. Припадноста кон примарната група е треторангирана, што соодветствува и на изборот на најпреферираните вредности. Колку за потсетување, седумнаесетгодишниците најмногу ги избираат вистинско пријателство, хармоничен семеен живот, вистинска љубов, себепочитување, возбудлив живот и економска благосостојба. Овие вредности се вклопуваат во посочените животни стилови, во кои преовладуваат материјалното богатство, безгрижен и удобен живот, исполнет со забава и нови предизвици, безбедно семејство оформено од љубов, имање искрени пријатели, независност и грижа за сопствената благосостојба. Вредностите и вредносните ориентации насочени кон општочовечките вредности многу помалку се претпочитаат. Такви се, на пример, *вредностите-цели* како што се рамноправност, социјална правда, свет на убавина, мир во светот, сигурност за саканите лица, односно *вредностите-средства* како што се учтивост, великодушност, помагање, совесност, соработка. Оттаму, не зачудува што животните стилови како што се алтруизмот, прометејскиот

активизам и сознајниот стил се меѓу помалку избираните од страна на седумнаесетгодишните испитаници. Споредени со средношколците од истражувањата на Popadić (1988; 1994) кои како најпретпочитани животни стилови ги одбираат *семејно-сентименталниот, утилитарниот, сознаен, хедонистички* и *егоистичко-индивидуалистички* стил, седумнаесет-годишниците од ова истражување се разликуваат од своите врсници испитани пред тринаесет години, по тоа што семејно-сентименталниот го избираат како трет, а сознајниот дури како петти стил на живеење. Лицата од средна адолесценција се разликуваат и од нивните врсници вклучени во споменатото истражување на Бакревска (2002). Таа наоѓа дека најпреферирани животни стилови се алтруистичкиот и прометејскиот активизам, кои денешниве испитаници ги избираат како осми, односно шести стил.

Ваквите резултати ги објаснува, пред сѐ, процесот на индивидуација. Тие покажуваат независност и желба за самостојно одлучување. Во такви услови најважниот елемент кој ја обезбедува изгубената поддршка и сигурност се врсниците, чие влијание во одредени ситуации знае да биде посилно од она на семејството. На тој начин материјалистичките вредности што ги промовираат пораките кои адолесцентите ги среќаваат буквално насекаде – во музиката, филмовите, спотовите, рекламите, реалните шоуа, модните трендови, списанијата, вестите, местата на излегување итн. – многу полесно продираат во нивните вредносни системи и убедувања. Всушност, се потврдува стравувањето на многу автори дека новите генерации се конзумеристички и дека се формира егоцентрична или „прво јас" генерација. Во услови кога материјалните средства ги нема во доволен степен за да се обезбеди барем нормален живот, истите стануваат уште попосакувани. Тоа се потенцира денес многу повеќе, бидејќи новите генерации пред себе имаат разновидни избори како никогаш порано. Парадоксално, многу од нив воопшто не можат да ги одберат, оти им се реално недостапни. Поради тоа растат гневот и незадоволството предизвикани од тоа што се чини дека можностите да ги задоволат потребите им се на дофат на рака, а сепак се толку далечни. Оттаму, фрустрираноста ја манифестираат низ арогантен, циничен, потценувачки,

неретко и насилен однос кон сите инстанци во светот што ги опкружува. Главен виновник за ваквата состојба не е семејството, туку општеството и континуираната изложеност на структурно насилство. Што се однесува до ниското претпочитање на религиозно-традиционалниот животен стил истата е добивана во многу истражувања спроведувани уште во 70-те години на двесеттиот век (Bahtijarević, 1969; Radin, 1986; според Popadić, 1995). Тоа се совпаѓа со изборот на овој стил како последен од страна на лицата од средна адолесценција вклучени во ова истражување, укажувајќи на поголемата отвореност кон светот кај оваа возрасна група. На ваков заклучок упатува и пониското претпочитање на алтрустичката и ореинтацијата кон популарност. Имено, во истражувањата е утврдена значителна поврзаност меѓу поголемата затвореност кон светот, висок конформизам и авторитарност со поголемиот избор на религиозно - традиционалниот, семејно-сентименталниот стил, алтруистичката и ориентацијата кон популарност т.е. кон ориентации кои укажуваат на насоченост кон колективот на кој се припаѓа (според Popadić, 1995). Отвореноста кон светот во голем степен се должи на љубопитноста и желбата да се стекнат нови искуства, како и на широките можности што ги нудат електронските медиуми за поврзување со која било точка на планетава, во секој момент и на секое место.

Споредени со нивните родители, седумнаесетгодишниците повеќе се разликуваат од мајките, отколку од татковците. Нивните мајки најмногу ги претпочитаат: *семејно-сентименталниот, утилитарниот* животен стил, *прометејскиот активизам, алтруистичкиот* и *сознаен* стил. Најмалку ги претпочитаат: *ориентација на моќ* и *ориентација кон популарност.* Татковците најмногу ги претпочитаат *семејно-сентименталниот, утилитарниот, алтруистичкиот* животен стил, *прометејскиот активизам* и *егоистичко-индивидуалистички* стил. Освен утилитарниот стил, кој е веќе дискутиран во делот за родителите на лицата од рана адолесценција, се забележува дека мајките ги претпочитаат стиловите насочени кон примарната група и кон општочовечките вредности. За разлика од нив, тактковците како петти по ред избираат нестабилен стил, кој некогаш се приклонува кон ориентациите на лична

добросостојба, а некогаш кон ориентацијата на примарната група. Видливо е дека жените во периодот на средна зрелост повеќе се грижат за другите лица и за општественото добро, што е во согласност со постоечките сознанија од развојната психологија дека тие се повеќе насочени кон семејството, имаат поизразена емпатиска и емоционална димензија, за разлика од мажите. Нивните адолесценти значително повеќе ($p<0.05$) ги претпочитаат хедонистичкиот животен стил и ориентацијата кон популарност, а значително помалку семејно-сентименталниот стил. Причините за ваквите разлики се содржат во претходно издискутираните развојни карактеристики и општествени промени. Споредени со татковците, седумнаесетгодишниците значително се разликуваат само во однос на хедонистичкиот стил ($p<0.05$) и истиот повеќе го преферираат. Во овој случај резултатите **ги потврдуваат** хипотезите **Б1.3.** и **Б1.4.** кои тврдат дека *седумнаесетгодишниците се разликуваат од нивните мајки, односно татковци, во однос на претпочитаните вредносни ориентации.*

Дваесетгодишните испитаници како најпретпочитани животни стилови ги наведуваат *семејно-сентименталниот, утилитарен, хедонистички* и *алтруистички* животен стил. Најмалку, пак, ги претпочитаат *ориентацијата кон моќ* и кон *популарност*. Кај оваа група адолесценти се забележува испреплетеност на стилови насочени кон лична добросостојба, кон примарната група и кон општочовечките вредности. Тие се отворени кон светот, но имаат најмногу задржано од просоцијалната ориентација која е карактеристична за стиловите што ги избираат лицата од средна зрелост. Оваа група е всушност и најслична со родителите. Најпретпочитаните животни стилови на нивните мајки се *семејно-сентименталниот, утилитарен, религиозно-традиционален, алтруистички* и *сознаен* стил. Татковците најмногу ги претпочитаат *семејно-сентименталниот, утилитарен, хедонистички* и *алтруистички* животен стил. Статистички значајна разлика ($p<0.05$) е регистрирана само за *ориентација кон популарност*, кога се споредени со нивните мајки. Притоа и едните и другите ја избираат како последна, но аритметичката средина на помладите е повисока, поради што разликата се регистрира како статистички значајна. Кога се споредуваат со татковците не се

најдени значајни разлики кај ниту еден животен стил. Ваквата состојба е последица на развојните промени кои се карактеристични за лицата во премин кон млад возрасен, бидејќи тие се веќе навлезени во процесот на високо образование и ја оформуваат својата вокација, насочувајќи се кон изборот на работно место, но и кон другите развојни задачи. Од друга страна, на оваа возраст адолесцентите им се враќаат на своите родители, но во квалитативно изменета релација. Веќе не станува збор за слепа послушност, туку за партнерски однос во кој има многу интеракција и размена, така што едните учат од другите и обратно. Сличноста е особено забележлива во најмалку преферираните животни стилови. Тука е регистрирано потполно совпаѓање на адолесцентите и нивните родители. Со овие резултати се **потврдува** хипотезата **Б1.5.** која тврди дека *дваесетгодишниците се разликуваат од нивните мајки во однос на претпочитаните вредносни ориентации*, но не и хипотезата **Б1.6.** што значи дека *дваесетгодишниците не се разликуваат од нивните татковци во однос на претпочитаните вредносни ориентации.*

Споредбите на различните возрасни групи укажуваат дека постојат значајни разлики во претпочитањето на вредносните ориентации, особено меѓу адолесцентите и возрасните лица. Статистичките анализи посочуваат значајна разлика ($p<0.05$) меѓу четиринаесет и седумнаесетгодишниците само во однос на религиозно-традиционалниот животен стил, кого лицата од рана адолесценција го претпочитаат значително повеќе од лицата од средна адолесценција. При споредбите на четиринаесет со дваесет-годишниците не се најдени значајни разлики. Тоа го потврдува сознанието дека овие две групи се послични со родителите во однос на претпочитање-то животни стилови, што придонесува и нивните аритметички средини да имаат поблиски вредности. Ова од причина што првите се на почеток од процесот на индивидуација, а вторите веќе им се вратиле на родителите и со нив градат партнерски однос. Исто така, се чини дека лицата од средна адолесценција се најоддалечени од родителите. Меѓу нив и дваесетгодиш-ните испитаници се регистрирани значајни разлики ($p<0.05$) во префери-рањето на алтруистичкиот и религиозно-традиционалниот животен стил. Имено, овие два стила тие ги претпочитаат значително помалку од лицата

од доцна адолесценција, што говори дека седумнаесетгодишниците се помалку насочени кон општочовечките вредности и традицијата, за разлика од четиринаесет, односно дваесетгодишните испитаници. Токму на оваа возраст влијанието на семејството се покажува како најслабо, за сметка на врсниците и другите агенси на социјализација. Новите, индивидуалистички животни стилови прикажани кај моделите од медиумите полесно се прифаќаат, бидејќи се одобрени и практикувани од врсничките групи. Така, се добива уште една цврста потврда за намалувањe на просоцијалната ориентација во однесувањето на адолесцентите.

При споредбите на групите адолесценти и лицата од средна зрелост, F-тестот јавува статистички значајни разлики ($p<0.01$) во однос на осум од десет животни стилови, со што се **потврдува** хипотезата **Б2** која тврди дека *лицата од различни возрасни периоди меѓусебно се разликуваат во однос на претпочитаните вредносни ориентации.* Двата стила за кои не се регистрира значајност се *утилитарниот* и *егоистичко-индивидуалистичкиот.* Особено интересно е што утилитарниот животен стил е многу високо рангиран кај сите возрасни групи. Значи дека на сите им е важно да се занимаваат со добро платена работа која ќе им носи многу пари и потполна материјална сигурност. Ваквото претпочитање потполно ја опишува состојбата во која денес живеат генерациите – сиромаштија и материјална несигурност. Загрозено е задоволувањето на основните потреби и најголемиот страв на многумина е дека нема да бидат во можност да си го прехранат семејството во блиска иднина. Споредено со испитувањата на Popadić (1995), овој животен стил не бележи разлика кај адолесцентите – се преферира како втор и тогаш и сега. Слични резултати се регистрирани и во други истражувања (Vasović, 1988; Joksimović, 1992; според Popadić, 1995). Но, споредени со резултатите кои ги добиле Rot i Havelka (1973), се забележува разлика – тогашните испитаници го избирале како последен меѓу понудените стилови (според Popadić, 1995). Со ова се потврдува негативното влијание на нестабилноста и несигурноста произлезени од структурното насилство што започнува да се чувствува кон крајот на осумдесеттите години од минатиот век, а кое денес, на овие простори, е уште поизразено.

Парцијалните споредби покажуваат дека лицата од рана адолесценција значително повеќе ги претпочитаат *ориентацијата кон популарност* и *хедонистичкиот* животен стил, за разлика од лицата од средна зрелост. Значително помалку, пак, ги претпочитаат *семејно-сентименталниот, сознајниот* животен стил и *прометејскиот активизам*. Видливо е претпочитање на стилови кои се насочени кон личната добросостојба, на сметка на оние насочени кон општочовечките вредности и примарните групи. Ваквиот наод во голем степен се должи на разликите во возраста, но и на веќе споменатите негативни општествени промени, а е во склад и со преферираните вредности на испитаниците. Лицата од средна адолесценција се разликуваат од оние од средна зрелост по тоа што значително повеќе ги претпочитаат *ориентацијата кон популарност, ориентацијата кон моќ* и *хедонистичкиот* животен стил, а значително помалку *семејно-сентименталниот, алтруистичкиот, религиозно-традиционалниот* животен стил и *прометејскиот активизам*. Лицата од доцна адолесценција тие значително повеќе ги претпочитаат *ориентацијата кон популарност, ориентацијата кон моќ* и *хедонистичкиот* животен стил, за разлика од лицата од средна зрелост. Сепак, вистинска разлика постои само во поглед на хедонистичкиот стил кого адолесцените од оваа група го рангираат како трет, а возрасните како седми. Ориентациите кон популарност и моќ носат ист ранг кај двете групи, но разликите во аритметичките средини се регистрирани како значајни и говорат дека овие два стила им се поважни на помладите, што како податок не зачудува кога ќе се земе во предвид возраста на испитаниците.

Гледано во целина, се потврдува заклучокот до кој дошол Popadić (1995) уште пред тринаесет години. Според него, начините на живот во кои акцентот е ставен на помагањето и општественото ангажирање (алтруистичкиот животен стил и прометејскиот активизам) се значително помалку популарни кај помладите, што укажува на слабеење на про-социјалната ориентација кај оваа возрасна група. На тоа укажува и значително поголемата прифатеност на егоистичко-индивидуалистичката вредносна ориентација и високото рангирање на хедонистичкиот начин на

живот. Во ваквата слика целосно се вклопува претходно потврденото ниско рангирање на *вредностите-средства* (чесност, помагање, учтивост, великодушност, совесност), како и на некои *вредности-цели* (свет на убавина, социјална правда, рамноправност и слично). Кога на ова ќе се додаде високото вреднување на утилитаристичкиот животен стил од страна на сите возрасни групи, неизбежен е заклучокот дека возраста не е најважниот фактор за менувањето на вредносниот систем. Видлив е дезинтегрирачкиот ефект на структурното насилство, на нестабилните општествени услови и неизвесната иднина. Во услови на сè поголема криза поединците се сè помалку просоцијално ориентирани, а сè повеќе егоцентрични и свртени кон личната сигурност и добросостојба. Ова особено го поткрепуваат разликите во претпочитањето на одредени животни стилови меѓу четиринаесетгодишните испитаници од ова истражување и нивните врсници од истражувањето на Popadić (1995). Значи, колку е поголем степенот на изложеност на криза и колку е таа повпечатлива, толку и нејзиното влијание е поголемо и се чувствува многу порано во животот. Тоа го објаснува високото претпочитање на семејно-сентименталниот животен стил, како и на *вредностите-цели* хармоничен семеен живот, сигурност за саканите лица, вистинско пријателство и слично од страна на адолесцентите од сите три групи. На кризата во општеството тие реагираат со повлекување од светот на возрасните во сигурноста на примарните групи – семејството и врсниците. Тоа доведува до помало интересирање за поширокиот колектив и послабо чувство на поврзаност со истиот, оттаму повеќе се претпочита егоистичко-индивидуалистичкиот, а помалку алтруистичкиот животен стил, како и помало лично ангажирање (прометејски активизам). Денес е веќе забележливо повлекување дури и од примарните групи (особено кај седумнаесетгодишните испитаници) и концентрирање на грижата за себе и своите потреби. Во прилог на ова говорат пониското претпочитање на семејно-сентиметналната, алтруистичката, ориентацијата кон популарност и прометејски активизам, а повисокото претпочитање на егоистичко-индивидуалистичка, утилитаристичката и хедонистичката вредносна ориентација, од страна на адолесцентите. За ваквата состојба

придонесуваат и позицијата во општеството, медиумите, изборот на информации, секојдневните искуства и сл.

## 4.3. Дискусија на резултатите за разликите во моралните ставови на лица од различни возрасни периоди

Во овој дел ќе бидат анализирани и протолкувани наодите за разликите во однос на моралните ставови на лица од различни возрасни периоди. Ќе се разгледаат и споредбите на адолесцентите со нивните родители.

Добиените резултати од спроведеното истражување ја потврдуваат општата В – хипотеза, што значи дека *постојат разлики во однос на моралните ставови меѓу лица од различни возрасни периоди.* Исто така овозможуваат да се прифати В1 – хипотезата, во која се тврди дека *адолесцентите имаат полиберални морални ставови од нивните родители.*

Ставовите, заедно со вредностите и верувањата го насочуваат, а неретко и го детерминираат однесувањето на луѓето. Тие се меѓусебно тесно поврзани, поради што вистинската слика за вредносниот систем на поединецот се добива само доколку заедно се испитуваат. Резултатите од многу истражувања покажуваат дека помладите имаат полиберали морални ставови од повозрасните лица (Britton, 1990; Wellings, Field, Johnson & Wadsworth, 1999; според Kulik, 2001). Кон тоа се приклучуваат и наодите од ова истражување. Адолесцентите имаат значително полиберални морални ставови во споредба со лицата од средна зрелост ($p<0.01$). При парцијалните споредби статистички значајна разлика ($p<0.05$) се регистрира само меѓу лицата од средна адолесценција и нивните родители. Ваквите наоди овозможуваат да се прифатат хипотезите **В1.3.** и **В1.4.** кои тврдат дека *седумнаесетгодишниците имаат полиберални морални ставови од нивните мајки, односно татковци.* Овој резултат се надоврзува на претходно опишаните и дискутирани вредносни ориентации, каде

состојбата е слична. Најмладите и највозрасните адолесценти имаат полиберални морални ставови, но разликата не е доволно голема за да биде регистрирана како значајна. Тоа говори дека тие се сепак поблиски до семејството и неговите вредности. Ваквиот наод се совпаѓа со наодите од истражувањето на Kulik (2001) во кое биле вклучени 98 мајки, 98 татковци и 98 адолесценти (49 момчиња и 49 девојчиња), при што просечната возраст на мајките била 43 години, на татковците 46 години, а на адолесцентите 15 години – приближна возраст на која се лицата од рана адолесценција од ова истражување. Резултатите покажуваат дека генерацискиот јаз меѓу нив не е голем, од причина што не се добива статистички значајна разлика во однос на ставовите.

Четиринаесетгодишните испитаници сеуште во голем степен ги следат упатствата на родителите и се држат до нивните совети и препораки. Тие се главно полиберални во однос на начинот на облекување и модните трендови, телевизиските содржини, што од аспект на возраста не изненадува. Но, исто така, се полиберални и во одобрување-то на врски меѓу партнери со голема разлика во годините. Ова е директна последица од влијанието на медиумските содржини кои изобилуваат со вакви примери од животите на познатите лица, па веќе стануваат секојдневна појава. Меѓу другото, речиси во сите ТВ-новели ваквата тематика е обавезно присутна. Лицата од рана адолесценција не соопштуваат јасен став кон разводот, прељубата, независното живеење од родителите и кохабитациите. Тоа се должи на нивната возраст и на недостаток на лично искуство во однос на наведените ситуации. Но, треба да се води сметка на какви содржини ќе бидат изложени овие испитаници во текот на понатамошниот развој, од причина што неизградените ставови ќе се оформат под влијание на голем број фактори кои не потекнуваат од семејството. Инаку, повеќето од нив не ги одобруваат хомосексуалноста, паралелните врски, легализацијата на лесните droги, порнографијата и раѓање дете без да се склучи брак. Четиринаесетгодишниците сé уште се на почетокот од процесот на одвојување од авторитетот на родителите и вежбање на независноста, но наскоро ќе ги стават на преиспитување лекциите и искуствата кои им се предадени и ќе се приклонат кон

врсниците, станувајќи што е можно поразлични од нивните мајки и татковци. Токму тоа им се случува на седумнаесетгодишниците, затоа имаат и значајно полиберални ставови, за разлика од нивните родители. Ова главно се однесува на ставовите кон начинот на облекување и модните трендови, телевизиските содржини, живеење во вонбрачна заедница, ограничување на слободата на говорот, порнографијата и независното живеење од родителите. Во однос на разводот и врските меѓу партнери со голема разлика во годините не соопштуваат јасен став. Испитаниците од средна адолесценција главно помалку ги одобруваат хомосексуалноста, паралелните врски, легализацијата на лесните droги и раѓање дете без да се склучи брак. Некои од наведените нешта се развојно прифатливи и карактеристични за периодот на адолесценција, бидејќи се рефлексија на желбата за независно дејствување и самостојно одлучување, што ја засилува самодовербата. Стручната литература јасно зборува дека адолесцентите од своите родителите најчесто се разликуваат во однос на начинот на облекување, време на излегување и враќање од град, семејните правила итн. Ова од причина што хипотетичко-дедуктивното мислење придонесува тие да имаат поинакви погледи и мислења од родителите, потреба тоа да го аргументираат, што води кон расправа. Но, сето тоа не води до разурнување на нивните меѓусебнио односи, туку е дел од процесот на индивидуација и разделба. Сепак, загрижува полибералниот однос кон вонбрачните заедници и порнографијата. Ваквите ставови се должат на влијанието на моделите и медиумските содржини кои им се лесно достапни. Прифаќањето на порнографијата донекаде може да се припише на желбата да се експериментира и стекнува искуство во полето на сексуалноста, бидејќи овие испитаници се на возраст кога лицата од спротивниот пол веќе не ги перципираат само како пријатели, туку и како сексуален објект. Сепак, треба да се имаат во предвид резултатите од многу истражувања во областа на неврологијата кои докажуваат дека лесно се формира зависност од порнографските содржини, која е многу слична на онаа од наркотици и која е тешко, па дури и невозможно да се надмине (според Layden, 2004). Лицата од доцна адолесценција, иако имаат полиберални ставови од нивните родители значајно не се разликуваат од

нив. Полиберални се во однос на начинот на облекување и модните трендови, телевизиските содржини, живеење во вонбрачна заедница, ограничување на слободата на говорот, врските меѓу лица со голема разлика во годините и независното живеење од родителите. Немаат јасен став кон разводот, прељубата, кохабитациите и раѓање дете без да се склучи брак. Повеќето не ги прифаќаат хомосексуалноста, паралелните врски, легализацијата на лесните droги и порнографијата. Ваквата состојба е резултат на очекуваните развојни промени и приоритети, но е и рефлексија на промените што се случуваат во светот и кај нас.

Од наведеното може да се заклучи дека сличноста во ставовите меѓу лицата од рана и доцна адолесценција, со оние на нивните родители во голем дел е последица од семејната динамика и структура во која живеат. Родителите се во брак, вработени, главно со просечни примања, што во голем степен влијае врз традиционалноста, односно либералноста на ставовите. Имено, колку се лицата подолго во брак, толку ставовите им се потрадиционални. Вработените, пообразованите и оние со повисоки примања, имаат полиберални ставови. Добиените резултати се во склад и со многу други истражувања на оваа тема. Така, на пример, истражувањата потврдуваат дека адолесцентите кои живеат во семејства каде родителите се во брак не се разликуваат значајно од своите родители во однос на ставот кон бракот/ разводот (Ganong et al. 1981; Coleman & Ganong, 1984; според Muench & Landrum, 1994). Наспроти ова, адолесцентите кои живеат во семејства во кои се присутни чести конфликти меѓу сопружниците, како и оние на разведените родители имаат негативен став кон бракот и го прифаќаат разводот како добра опција. (Long, 1987; Booth, Brinkerhoff & White, 1984; Kelly, 1981; Schwartberg, 1981; Sorosky, 1977; според Muench & Landrum, 1994). Тие имаат и потешкотии во градење и одржување на трајни емоционални врски и почесто се решаваат за живеење во некоја од алтернативните форми на брак (на пример кохабитација). Но, кај повеќето од адолесцентите вклучени во ова истражување се регистрира дека немаат јасен став токму во однос на разводот, кохабитациите, врските меѓу лица со голема разлика во годините и слично. Тоа е, од една страна, поради возраста кога сè уште се

оформуваат ставовите по овие прашања, но е последица и на тоа што младите денес живеат во нова реалност, во која разводите се секојдневна појава, исто како и живеењето во неофицијализирани врски, променливите модни трендови, нецензурираните медиумски содржини, новите модели, пропагирањето на слобода на избор и слично. Токму нејасните и неизградени ставови се доказ дека адолесцентите се на расчекор меѓу она што го добиваат како вредносен систем од семејството и културата во која живеат и новите вредности што продираат од западните земји преку медиумите. Резултат од тоа е зголемениот број на семејства без деца, живеење во неофицијализирани врски, во хомосексуални врски и бракови, вонбрачни врски итн. Младите се соочени со масовно одобрување и прифаќање на овие и слични појави како "нормални" од страна на западните култури. Тоа доведува до когнитивен и морален конфликт кој се манифестира со амбивалентни постапки. Имено, испитаниците изјавуваат дека не ги прифаќаат наведените појави, за да ги задоволат родителските критериуми за тоа што е морално правилно и за да избегнат грижа на совест, но во секојдневието се забележливи примери на сосема спротивно постапување. Кон ова придонесува и хаосот што ја има зафатено сверата на моралноста, каде нема јасни основи и каде постои конфузија во однос на тоа што е морално прифатливо, а што не е. Во духот на либерализмот „сè може да помине". Се живее во "демократско" општество во кое на поединецот му е загарантирана слобода на избор. Сепак, при отсуство на силни морални кочници во личноста, прашањето е каде води таквиот избор. Отвореноста кон светот и новите искуства, кои се веќе потврдени со преферираните вредности и животни стилови на адолесцентите, доведуваат до потешко контролирање на однесувањето и го прават речиси невозможно одржувањето на традиционалниот начин на живот. Широките можности за информирање и напредување во насока на новите достигнувања до одреден степен се позитивни и го стимулираат развојот, но истовремено ја ставаат на испит способноста за самоконтрола, совесноста, одговорноста и чесноста, за кои се покажа дека не котираат највисоко во вредносните приоритети на адолесцентите. Во таков контекст, кај родителите се зголемуваат грижата и стравот од

можните негативни последици по иднината на нивното потомство, бидејќи се чувствуваат немоќни да ги заштитат од морално токсичната средина во која живеат. Тоа што можат и мораат да го направат е континуирано да вложуваат во своите деца преку квалитетно присуство во нивните животи, информираност и заинтересираност за тоа што прават во слободно време, преку кои содржини ги гледаат на медиумите, помагајќи им низ дискусии и аргументирано дебатирање за да разберат и научат да го разграничуваат доброто од лошото. Истото го прават и преку непостоење забранети теми и неодговорени прашања чии одговори би ги барале на друго место, преку негување пријателски однос полн со доверба, кој ќе им остави простор да ја развиваат својата личност, без да се чувствуваат ограничени од нивниот авторитет. Ваквиот однос треба да почне да се гради уште од најрана возраст. Но, во истовреме, родителите треба да бидат општествено активни, во насока на менување на неповолните општествени услови и намалување и контролирање на влијанието на медиумите, како и на останатите инстанци преку кои се пренесува структурното насилство. Во спротивно, сите нивни напори да го изградат моралниот карактер на своето потомство се однапред осудени на пропаст.

Анализите на моралните ставови кај различните возрасни групи покажуваат дека адолесцентите не се разликуваат значајно меѓусебе, додека, пак, постојат статистички значајни разлики ($p<0.01$) меѓу нив и лицата од средна зрелост. Со ова се потврдува дека помладите имаат полиберални ставови од повозрасните, што овозможува да се прифати хипотезата **В.2.** Добиените разлики се веќе издискутирани при споредбите на адолесцентите со нивните родители. Во обид да се објасни ваквата состојба ќе се наведат уште некои сознанија во врска со припадноста на различни генерации. Кохортата адолесценти која е вклучена во ова истражување низ литературата се среќава под името „Генерација Y" или „Интернет-генерација", што произлегува од клучните случувања во културата и општеството ширум светот (http://en.wikipedia.org/wiki/-Generation_Y/2007).

Во оваа генерација се вклучени лицата родени во периодот меѓу 1980 и 2000 година. Таа својот вредносен систем го гради во време на силна

медиумска доминација. Распространетата примена на компјутерите и Интернетот придонесува адолесцентите времето да го минуваат во искористување на можностите што истите им ги нудат, изолирани од социјалните контакти. Тоа, во голем степен, го менува процесот на социјализација и ја намалува просоцијалната ориентација. Главните карактеристики на условите во кои расте и се развива оваа генерација деца и млади се масовна употреба на мобилни телефони и инстант-пораки, широки можности за поврзување со најоддалечените точки на планетава и достапност до секаков вид содржини и информации, модерни и многубројни медиумски избори како што се огромниот број канали на кабловските и сателитските телевизии, мулти - телевизори, DVD, play-station и видео игри во домовите, најразлични забавни емисии, реални-шоуа, музички канали и бројни интерактивни програми. Исто така, се случуваат големи социјални промени кои вклучуваат имиграција и развој во односите меѓу расите, конфесиите, етносите и сл. „Генерацијата Y" е релативно потолерантна кон мултикултурализмот и интернационализмот. Кон тоа придонесуваат многубројните младински собири кои на едно место ги обединуваат лицата од различни земји, култури и религии. Денес, за разлика од порано, почесто се склучуваат бракови меѓу лица од различни раси или со различна вероисповест, со голема разлика во возраста, што се должи на намалувањето на предрасудите во тој поглед. Редефинирани се родовите улоги и правата на хомосексуалците. Потолерантни се кон слободата на избор на партнер во однос на пол, возраст, раса, конфесија, за разлика од возрасните. Свој придонес кон тоа имаат медиумите и популарната култура со експлицитната сексуалност што ја прикажуваат, детабуизирајќи многу од темите на кои порано не можело да се дискутира. За новата генерација сексот и анатомијата на машкото/ женското тело веќе не претставуваат енигма. Од тие причини, тоа што било еротично мора да се замени со содржини кои ќе бидат постимулативни и попредизвикувачки за да го задржат вниманието и да доведат до задоволување на страстите. Токму тоа е точката во која порнографијата го презема водството. Гледано од материјален аспект, денешнава генерација има поголеми побарувања во поглед на условите за

живот. Тоа е во спротивност со нараснатата во многу земји стапка на невработеност и сиромаштија, а и со тоа што средната класа е речиси изгубена. Припадниците на „Генерацијата Y", исто така, многу малку или воопшто не се сеќаваат на вредностите од времето на самоуправниот социјализам, од кои тешко се откажуваат нивните родители. Семејството полека ја губи важноста која ја имало во минатото. Бракот е редефиниран и постои тенденција да се замени со алтернативни форми на заедничко живеење. Нов предизвик во светот е справување со ниското ниво на одговорност и совесност кај луѓето. Во состојба на транзиција во која се наоѓа нашето општество, а со тоа и вредносниот систем, се забележува она што е регистрирано кај адолесцентите во ова истражување - растргнатост меѓу семејните и новите вредности, меѓу традицијата и модерното. Конфузијата и хаосот се поттикнати од амбивалентната состојба во која се живее. Постојат многу можности, се зборува за слобода во изборот, а кога ќе се направи истиот, поединецот е изложен на јавна осуда и отфрлање, бидејќи сè е релативизирано и нема јасни насоки за тоа што и како да се избира. Недефинираноста ја зголемува неизвесноста, оти не се јасни последиците од изборот што ќе се направи. Многу често и аргументите зошто да се постапи на одреден начин не опстојуваат, поради тоа што е видливо дека поинаквото однесување е одобрено и прифатено во светот, а носи и поудобен живот, без одрекување и жртвување. Тоа ја ослабува и онака кршливата самоконтрола кај адолесцентите. Во целата ситуација на удар е најмногу идентитетот на поединецот. Тешкиот пат и честите неуспеси во неговото формирање за последица имаат зголемена злоупотреба на наркотици и медикаменти кои се земаат "на своја рака", од страна на сè помлади лица. На ова се надоврзува агресивноста присутна во различни форми и на различни нивои. Таа е поттикната и од насилството присутно во музиката, филмовите и спортовите кои адолесцентите фреквентно ги следат.

Добиените резултати ја потврдуваат и поставената хипотеза В3 која тврди дека *лицата од средна зрелост се разликуваат во поглед на моралните ставови според степенот на образование. Лицата со завршено средно образование се потрадиционални во поглед на*

*моралниѿе сѿавови од лицаѿа со завршено вишо или високо образование.* Регистрирани се статистички значајни разлики ($p<0.05$), што е во согласност со резултатите од други истражувања (Britton, 1990; Wellings, Field, Johnson & Wadsworth, 1999; според Kulik, 2001). Пониското образование, како и полошата финансиска состојба се поврзани со повисок степен на традиционалност, што за последица има поконзервативни сфаќања и ставови во однос на современиот начин на живот и појавите како што се разводот, хомосексуалноста, кохабитациите итн. (Kulik, 2001). Кога станува збор конкретно за ставот кон хомосексуалноста, многу студии го потврдуваат претходно кажаното (Herek & Glunt, 1993; Herek & Capianio, 1995; Klassen et al., 1980; според Kulik, 2001). Колку е поединецот пообразован, толку има и полиберални ставови и сфаќања што автоматски не значи дека таквите ставови се од повисок квалитет. Тоа се рефлектира на пример, во сфаќањето на родовите улоги и кај мајките и кај татковците (Togeby, 1995; според Kulik, 2001). Вработените, исто така, имаат полиберални ставови (Hoff-Ginsberg & Tardiff, 1995; Moore, 1995; според Kulik, 2001). Preston и Feinstein (2004) од спроведеното истражување наведуваат резултати според кои со порастот на степенот на образование на возрасните лица, се зголемува и отвореноста на умот за нови искуства и перспективи, што влијае и врз либерализација на ставовите. Притоа, образовниот процес има поголемо влијание врз намалување на расизмот, етноцентризмот, цинизмот и авторитарноста, додека влијанието врз ставовите поврзани со традиционалните семејни вредности е нешто послабо.

На крај може да се заклучи дека неприфаќањето на хомосексуалноста, легализацијата на лесните droги, паралелните врски, раѓањето дете без да се склучи брак и слично, декларирано од страна на сите возрасни групи, упатува на заклучокот дека традиционалните ставови во однос на овие прашања се сеуште присутни и кај помладата и кај постарата популација во нашето општество. Сепак, со сигурност не може да се потврди дали се работи само за декларативно неприфаќање на истите или за вистински негативен став, кој води и до соодветно однесување. Од друга страна, нејасните, како и полибералните ставови во врска со разводот, кохабитациите, врските меѓу лица со голема разлика во годините,

вонбрачните врски, порнографијата, регистрирани кај помладите покажуваат дека, освен развојните промени карактеристични за нивната возраст, влијаат и фактори кои потекнуваат од социјалниот контекст, предизвикувајќи состојба на транзиција во вредностите и ставовите на поединецот. Тука, пред сѐ, се мисли на влијанието на медиумите. Всушност, се добива комплексна слика за меѓугенерациската трансмисија која се должи на комбинираното влијание на разликите во возраста и на тековниот забрзан процес на поместување од традиционалноста кон модернизмот, па дури и во постомодернизмот. Ова поместување се манифестира во појавата на веќе споментатите алтернативни форми на семејство, како што се семејство со еден родител, истополови семејства, различни форми на кохабитации и сл. Ваквите феномени се сеуште почести во западните земји, но прашање на време е кога ќе станат и наше секојдневие. Оттаму, комплексноста на меѓугенерациската трансмисија во земјите кои минуваат низ процес на модернизација, меѓу кои е и нашата држава, ја наметнува потребата од континуирани истражувања на областа на семејството и вредносниот систем.

## 4.4. Дискусија на резултатите за разликите во однос на областите од кои се избираат моделите за идентификација меѓу лица од различни возрасни периоди

Во овој дел од текстот ќе бидат анализирани и протолкувани наодите за разликите во однос на областите од кои се избираат моделите за идентификација кај лица од различни возрасни периоди. Ќе се разгледаат и споредбите на адолесцентите со нивните родители.

Добиените резултати од спроведеното истражување ја потврдуваат општата Г-хипотеза, што значи дека *постојат разлики во однос на областите од кои се избираат моделите за иденшифи-кација меѓу лица од различни возрасни периоди.* Исто така, тие овозможуваат да се прифати Г1-хипотезата, во која се тврди дека

*адолесцентите се разликуваат од нивните родители во поглед на областа од која избираат модели за идентификација.*

Вредностите кои се однесуваат на тоа како човекот треба да постапува се персонализирани во лица кои истите ги поседуваат. Од истражувањата на Aronfreed, Bandura (1991) и соработниците познато е дека учењето по модел, врз основа на пример, е едно од најефикасните форми на социјално учење. Имено, поединецот е поподготвен да го имитира однесувањето на лицето кое особено го почитува и сака, кое му е блиско и слично на него, отколку што ќе се раководи со совети и предупредувања. Тука примарни модели се, секако, родителите. Но, секоја општествена трансформација донесува и нови модели. Тоа е особено случај при бурните и коренити промени, кога доскорешните херои и идоли се забораваат и на нивно место, неретко, доаѓаат маргинализираните поединци во општеството. Најголемот број истражувања на оваа тема се насочени кон децата и адолесцентите, бидејќи се смета дека тоа е период на интензивни промени кои се должат на нивната морална и политичка социјализација. Малкумина ги опфатиле во своите истражувања и возрасните, можеби поради верувањето во униформноста и стабилноста на нивните определувања, иако токму кај возрасните можат да се забележат крајно ригидни, дури и екстремни произведувања и прифаќања на примери и идоли - политички и историски личности, лидери на партии и држави, религиски култови итн. При таквата заслепеност лесно се запоставува значењето кое моделите го имаат во секојдневниот живот на возрасните, особено во однос на нивниот натамошен развој и морално одлучување.

Во ова истражување, областите од кои четиринаесетгодишните испитаници најмногу ги избираат лицата кои особено ги почитуваат се семејството (76%), спортот (9.33%) и историските личности (6.67%), после што следуваат културата (4%), шоу-бизнисот (2.67%) и политиката (1.33%). Тие од своите мајки значајно ($p<0.05$) се разликуваат во однос на областите како што се семејство, политика и спорт. Четиринаесетгодишниците повеќе модели одбираат од семејството и спортот, а помалку од областа на политиката. Споредени со татковците, значително ($p<0.05$) се разликуваат само во однос на областа семејство, од каде повеќе ги одбираат лицата

што ги почитуваат. Со ова се прифаќаат хипотезите Г1.1. и Г1.2. кои тврдат дека *четиринаесетгодишните се разликуваат во поглед на областа од која избираат модели за идентификација од нивните мајки, односно татковци.* Ваквите наоди во развоен контекст се разбирливи. Се очекува лицата од рана адолесценција повеќе да се идентификуваат со популарните имиња од спортот. Ова го потврдуваат и други истражувања (Popadić, 1988; 1994; Такашманова-Соколовска, 1995; според Бакревска, 2002). Изборот на модели од семејството се должи на почитувањето и близината со нив. Овие модели им влеваат чувство на сигурност, давајќи им ја неопходната потпора. Зачудува изборот на модели од областа на историските личности кај испитаниците од рана адолесценција, особено кога ќе се споредат со лицата од средна адолесценција кои историските личности ги избираат со 3,85% и оние од доцна адолесценција (6.33%). Најчесто наведувани историски личности од страна на лицата од рана адолесценција се Александар Македонски, Гоце Делчев, Јане Сандански, Питу Гули и слично. Ваквиот наод укажува на влијанието на родителите, што во овој период е очигледно сеуште силно, бидејќи и мајките и татковците на овие адолесценти особено ги почитуваат лицата од историјата, но и на образовниот процес, во текот на кој се среќаваат со вакви содржини. Мајките на лицата од рана адолесценција, моделите најмногу ги избираат од областа на семејството (50,59%), потоа од политиката (12,94%) и од историските личности (11,76%). Татковците, исто така, моделите најмногу ги избираат од областа на семејството (56,94%), потоа од историските личности (13,89%) и од политиката (11,11%). Шоу-бизнисот за татковците е потполно незначаен, бидејќи од оваа област не одбираат ниту еден модел, додека за мајките тоа е областа спорт. Забележлива е улогата на полот врз преферирањето на овие две области. Четиринаесетгодишните испитаници воопшто не избираат примери меѓу пријателите и од областа „никој", која укажува на тоа дека не сакаат да бидат нечии копии. Наодот во однос на пријателите упатува на заклучокот дека пријателските врски во овој период од животот ја немаат таа длабочина и квалитет, кои би ги насочиле овие адолесценти, лицата што особено ги почитуваат да ги избираат меѓу нив. Кога станува збор за

категоријата „никој”, наодот уште еднаш потврдува дека е мошне важно кој ќе биде одбиран како модел, поради тоа што однесувањето и вредносниот систем ќе биде моделиран во склад со вредностите, ставовите, верувањата и животните стилови на моделот. Со ова е директно поврзано оформувањето на идентитетот на поединецот.

Кај лицата од средна адолесценција моделите најмногу се избираат од областите семејство (67.95%), шоу-бизнис (8,97%) и спорт (7.69%), а потоа следуваат култура (6,41%), пријатели (5,13%) и историски личности (3.85%). Лицата кои особено ги почитуваат воопшто не ги бараат меѓу политичарите и од областа „никој”. Овие резултати донекаде се совпаѓаат со резултатите од истражувањето на Бакревска (2002), која добива дека испитаниците од средна адолесценција најмногу ги избираат семејството, наставниците, пријателите, а потоа спортот, историските личности и шоу-бизнисот. Popadić (1995), соопштува дека најчесто избирани области од страна на оваа група испитаници се: шоу-бизнисот, културата, политиката, а потоа семејството и спортот. Може да се заклучи дека во периодот од 13 години значително се зголемил изборот на модели од семејството, а потребата од политичарите е сосема исчезната. Ваквата состојба се должи на поголемата доверба и сигурност во блиските и значајни други. Всушност, изборот на лицата кои особено се почитуваат го отсликува развојниот период во кој се наоѓаат испитаниците. Очигледна е важноста на моделите прикажани на медиумите и притоа треба да се спомене дека ниту еден модел од шоу-бизнисот и спортот избрани од страна на оваа група адолесценти не е од домашните популарни лица. Тоа уште еднаш укажува на отвореноста кон светот и слабеењето на традиционалната и национална култура, поради што негативните вредности и модели полесно навлегуваат во вредносниот систем на помладите. Истото, во голем степен, ги објаснува добиените резултати за претпочитаните вредности, вредносни ориентации и полиберални морални ставови. Вредностите и животните стилови насочени кон лична добросостојба, уживање, материјално богатство, лесен пат до успехот и слично се нешта што се промовирани од страна на познатите лица од филмовите, музичките спотови и спортот. Сите тие живеат во богатство, слава, независни и слободни во нивните избори и

однесување. Адолесцентите се обидуваат да ги имитираат во стилот на облекување, зборување, однесување, моделирајќи ги сопствените ставови и убедувања. Ова ја нагласува потребата родителите да бидат во тек со тоа што го гледаат нивните деца на огромниот број лесно достапни телевизиски канали. Споредени со своите мајки, седумнаесетгодишниците значително се разликуваат ($p<0.05$) во однос на областа политика, од каде мајките многу повеќе ги избираат лицата што ги почитуваат. Од татковците лицата од средна адолесценција значително ($p<0.05$; $p< 0.01$) се разликуваат во однос на областите семејство, политика и историски личности. Имено, адолесцентите многу повеќе модели избираат од семејството, а многу помалку од политиката и историјата. Со ова се прифаќаат хипотезите Г1.3. и Г1.4. кои тврдат дека *седумнаесетгодишните се разликуваат во поглед на областа од која избираат модели за идентификација од нивните мајки, односно татковци.* Мајките и татковците најмногу ги избираат моделите од семејството (49.35%; 44%); политиката (14.28%; 22.67%) и историските личности (12.99%; 17.33%). Воопшто не избираат модели од областа „никој". Добиените разлики можат да се објаснат со процесот на индивидуација, бидејќи адолесцентите од оваа група се најоддалечени од родителите, поттикнати од желбата за независност, самостојно одлучување, самодоверба, како и со насоченоста кон удобен живот и задоволство, кое политичарите и моделите од историјата не можат да им го понудат.

Лицата од доцна адолесценција моделите најчесто ги одбираат од областите семејство (54.43%), култура (11.39%) и пријатели (10.13%), а потоа од спортот (8.86%), историските личности (6.33%) и шоу-бизнисот (5.06%). Воопшто не ја избираат областа „никој". Споредени со родителите, значително се разликуваат ($p<0.05$) во однос на областа „пријатели" (со мајките), односно во областа „политика" (со татковците). За разлика од нивните мајки, дваесетгодишните испитаници многу повеќе модели избираат меѓу пријателите, а за разлика од татковците многу помалку модели избираат меѓу политичарите. Со ова се прифаќаат хипотезите Г1.5. и Г1.6. кои тврдат дека *дваесетгодишните се разликуваат во поглед на областа од која избираат модели за идентификација од нивните мајки,*

*односно таткови.* Мајките на лицата од доцна адолесценција најмногу модели избираат од семејството (54.79%), потоа од историските личности (16.74%) и од политиката (12.33%). Воопшто не избираат модели меѓу пријателите. Татковците, исто така, најмногу модели избираат од семејството (52.94%), потоа од политиката (16.18%) и од историските личности (11.76%). Не ја избираат категоријата „никој". Соопштените разлики укажуваат на доближување на адолесцентите од оваа група кон родителите, како и на влијание на образованието и созревањето. Тоа доведува до поголемо почитување на моделите од науката и уметноста (област „култура"), како и на пријателите со кои градат близок однос кој се потпира врз доверба, почит, верност.

Забележливо е дека и адолесцентите и нивните родители најмногу модели избираат од областа на семејството. Оттука, може да се заклучи дека во нашата култура семејството е сеуште институција која се почитува и во кое се бара сигурноста во време на неизвесност и контрадикции. Тоа е единственото постабилно нешто на кое можат да се потпрат помладите и каде постои јасна слика за она што е вредно и важно во животот. Изборот на членовите од семејството од страна на адолесцентите како лица кои особено се почитуваат, значи дека младите веруваат во нив и нивните постапки. Оттаму се подготвени да го моделираат сопственото однесување, вградувајќи некои од нивните особини во сопствениот идентитет. Ова се совпаѓа со поставките на психоаналитичките, хуманистичките и социјалнокогнитивните теории за моралноста. Fromm истакнува дека по својата природа човекот е врзан за мајката, домот и семејството, при што најосновна е врската меѓу детето и мајката. Според Freud, адолесцентите го градат својот егоидеал низ идентификациите со саканите лица, интернализирајќи ги вредностите на моделите од семејството. Исто така, се идентификуваат и со врсниците, така што серија на вакви идентификации остава трага врз формирањето на нивните вредности и цели. Тие го развиваат моралниот систем низ односот со општествената средина и со културните вредности, каде главната улога според Hartmann (според Поповић, 1973) ја има егото. Тоа ги преработува различните барања во склад со културните норми и колку е поуспешно во

тоа, толку побргу ќе се обезбеди нормален развој. Разликите кои се добиени меѓу адолецентите и нивните родители, според теоријата на Allport, би можеле да ѝ се припишат на тенденцијата кон „функционална автономија". Тој нагласува дека родителите ги корегираат своите деца и ги насочуваат, истовремено усогласувајќи ги. Но, во тоа не успеваат секогаш во потполност, бидејќи помладите манифестираат одреден капацитет да се опираат на нивните барања, што е доказ дека поседуваат природен, внатрешен повик за автономија кој, исто така, ја изградува моралноста. Слично на Allport, Bandura смета дека родителите не можат постојано да бидат присутни за да го надгледуваат однесувањето на децата. Како што моралните стандарди постепено се повнатрешнуваат, така почнуваат да служат како насочувачи на однесувањето.

Кога се споредуваат лицата од различни возрасни групи во однос на областите од кои ги избираат моделите, се забележува дека меѓу лицата од рана и средна, како и меѓу оние од средна и доцна адолесценција, нема статистички значајни разлики. Тие се регистрираат само меѓу лицата од рана и доцна адолесценција и тоа во две области: семејство и пријатели. Четиринаесетгодишните испитаници значително повеќе ($p<0.05$) модели избираат од семејството, а значително помалку ($p<0.05$) од пријателите, за разлика од дваесетгодишниците. Тоа, од една страна, потврдува дека родителите имаат најголемо влијание како модели кај најмладите испитаници, а од друга страна, дека со возраста се менува квалитетот на пријателските врски. Оттаму, ако во рана адолесценција пријател е некој со кој се споделуваат тајните и слободното време, во доцна адолесценција пријателските врски се повеќе насочени кон споделување на поддршка, сигурност, верност, доверба, помагање и слично, што ги прави посуштински и повредни. Споредбите со лицата од средна зрелост, регистрираат најмногу статистички значајни разлики кај најмладите испитаници, потоа кај оние од средна адолесценција, а најмалку кај дваестгодишниците. Поконкретно, лицата од рана адолесценција значително повеќе ($p<0.01$) модели избираат од областите семејство (76%; 53.4%) и спорт (9.33%; 1.28%), а значително помалку ($p<0.05$) од областа на политиката. Лицата од средна адолесценци-ја значително повеќе ($p<0.05$) модели избираат од

областите семејство (67.95%; 53.4%) и спорт (7.69%; 1.28%), за разлика од лицата од средна зрелост. Што се однесува до лицата од доцна адоелсценција тие, за разлика од повозрасните значително повеќе ($p<0.01$) модели избираат од областа спорт (8.86%; 1.28%). Ова овозможува да се прифати хипотезата Г:2 која тврди дека *лицата од различни возрасни периоди се разликуваат во поглед на областа од која избираат модели за идентификација.*

Причините за ваквите резултати се должат на разликите во возраста и јасно ја опишуваат развојноста. Се очекува со зголемувањето на возраста и степенот на образование да се зголеми и бројот на моделите кои се одбираат од областа на културата и јавниот живот, што во овој случај се потврдува. Возрасните значително повеќе модели одбираат од областа на политиката (14.04%), историјата (13.19%), културата (9.36%), за разлика од адолесцентите. Од друга страна, значително се намалува изборот на моделите од спортот (1.49%) и шоу-бизнисот (3.19%) кај групата од средна зрелост, што укажува на вреднувањето на внатрешните карактеристики и е резултат на повисокото ниво на когнитивен развој. Интересно е тоа што одреден број поединци од средна зрелост како лице кое особено го почитуваат го наведуваат Тито, потоа Гоце Делчев, како и некои од актуелните домашни политичари. Ако се земе во предвид избирањето на моделот на Тито и претходно наведените вредности кои ги преферираат испитаниците од средна зрелост, се гледа дека времето во кое тие го граделе својот вредносен систем оставило неизбришлива трага, така што и во денешните, мошне изменети општествени услови вредностите од времето на самоуправниот социјализам сеуште ги рангираат високо. Адолесцентите од сите три групи најмногу ги избираат моделите од областа на семејството. Ваквите наоди се разликуваат од оние до кои дошол Popadić (1995). Адолесцентите од неговото истражување најмногу модели избирале од шоу-бизнисот, потоа од спортот, политиката и мал процент од културата. Регистрирана е апсолутна доминација на глумци, пејачи, манекенки и слично. Тој заклучува дека со зголемувањето на општествените проблеми дошло до намалување на интересот за општествените случувања и политиката, а до зголемување на интересот за

забава и уживање, кое според него е последица и на силното медиумско влијание. Влијанието на медиумите се регистрира и во пониското интересирање за моделите од политиката и се јавува и во ова истражување. Севкупните резултати водат до заклучок дека се работи за користење на одбрамбен механизам во кој се бега од реалноста, се замижува пред проблемите и неизвесноста и се живее од денес за денес. Тој процес на бегање значително е потпомогнат од медиумските содржини. Видливо е дека од областа на семејстовото, кое е најстабилен извор на вредности и сигурност, произлегува најголемиот број модели, што, уште еднаш, потврдува дека во услови на структурно насилство и неможност за задоволување на основните потреби адолесцентите се приклонуваат кон значајните други. Воедно, зголему-вањето на изборот на модели од областа на културата, историјата и политиката укажува на когнитивниот развој и влијанието на социјализацијата. Тоа доведува до подобрување на разбирањето на општествените случувања и пораст на желбата да се биде општествено активен, што е највидливо кај највозрасната група испитаници.

## 4.5. Дискусија на резултатите за разликите во однос на особините поради кои се избираат моделите за идентификација меѓу лица од различни возрасни периоди

Во овој дел ќе бидат анализирани и протолкувани наодите за разликите во однос на особините поради кои се избираат моделите за идентификација кај лица од различни возрасни периоди. Ќе се разгледаат и споредбите на адолесцентите со нивните родители.

Добиените резултати од спроведеното истражување ја потврдуваат општата Д-хипотеза, што значи дека *постојат разлики во однос на особините поради кои се избираат моделите за идентификација меѓу лица од различни возрасни периоди.*

Со цел да се дознае зошто ги избираат за модели лицата од претходнонаведените области, од испитаниците е побарано да ги наведат

особините поради кои особено ги почитуваат. Истите потоа се категоризирани во 7 групи и тоа:

- *Интелектуални особини* - интелигенција, мудрост, знаење, професионалност, кометентност и слично;
- *Силна личност* - упорност, трудољубивост, борбеност, решителност, храброст; самодоверба, духовна исполнетост, животни постигнувања и слично;
- *Хуманост* - добрина, правичност, љубов, верност, надеж, карактер, човекољубие, патриотизам, толерантност, заштитник, пожртвуваност, грижливост, емпатичност, поддршка, разбирање, искреност и слично;
- *Комуникативност* - духовитост, веселост, симпатичен, интересен, забавен, оптимистичен и слично;
- *Престиж* - моќ, слава, богатство;
- *Физички изглед* - убавина, физичка сила;
- *Добар спортист, добар глумец, добар музичар.*

Споредбите меѓу лицата од рана, средна и доцна адолесценција со нивните родители не дадоа статистички значајни разлики, што значи дека не се потврдува Д1 – хипотезата т.е. *адолесцентите не се разликуваат од нивните родители во поглед на особините поради кои ги избираат моделите за идентификација.* Сите групи наведуваат најмногу особини од категоријата *хуманост.* Четиринаесетгодишните испитаници после категоријата хуманост (56.3%), ги избираат особините од категориите силна личност (27.41%), интелектуални особини (12.59%), комуникативност (2.22%) и престиж (1.48%). Седумнаесетгодишниците, после категоријата хуманост (48.37%), ги избираат особините од категориите силна личност (29.3%), комуникативност (11.16%), интелектуални особини (10.7%) и физички изглед (0.46%). Дваесетгодишниците после категоријата хуманост (57.56%), ги избираат особините од категориите силна личност (24.9%), комуникативност (10.73%), интелектуални особини (3.9%) и физички изглед (2.93%). Родителите на адолесцентите од сите групи после категоријата хуманост, ги избираат особините од категориите силна

личност, интелектуални особини, комуникативност и престиж. Само татковците на лицата од рана адолесценција наместо престиж избираат особини од категоријата физички изглед (само 1 особина или 0.86%). Ваквите резултати упатуваат на заклучок дека преферирањето на особините од категоријата „хуманост” е реакција на нестабилните и несигурни општествени услови. Ова особено ако се земат во предвид вредности за кои возрасните сметаат дека во нашето општество се изгубени или се среќаваат сѐ поретко. Токму ваквиот избор покажува дека тие им се многу значајни и дека тежнеат да ги достигнат, особено кога истите им недостасуваат. Ова е во согласност со теоријата на Erikson, бидејќи вредностите кои го стимулираат развојот и кои тој ги смета за врвни, им припаѓаат токму во оваа категорија. Тоа се љубовта, надежта и верноста. Истите се дел од B-вредностите на Maslow, што значи дека и во услови на контрадикции, амбивалентност и неизвесност, испитаниците сепак се стремат кон самоактуелизација и наоѓање на смисла во животот. Кај помладите тоа е проследено со насоченоста кон значајните други и примарните групи, од каде ја црпат поддршката и сигурноста. Во однос на особините поради кои ги одбираат моделите за идентификација најмногу се забележува влијанието на семејството и родителите. Сето тоа е придружено со когнитивниот и со моралниот развој.

Кога се разгледуваат различните возрасни групи, статистички значајна разлика ($p<0.05$) се регистрира единствено меѓу лицата од рана и средна адолесценција во однос на категоријата *комуникативност*. Четиринаесетгодишниците наведуваат значително помалку особини од оваа категорија (2.22%), за разлика од седумнаесетгодишниците (11.16%). Ваквите резултати се совпаѓаат со оние на Бакревска (2002) каде изборот на особини од посочената категорија се зголемува со возраста. Тоа укажува дека адолесцентите со тек на време повеќе се отвараат кон светот и кон другите лица, добивајќи нови општествени улоги и проширувајќи ги интер-персоналните комуникации. Освен тоа, добиените резултати се должат и на сѐ поголемиот развој на формално-логичкото мислење, како и на преминување од етика на одговорност, кон етика на совест. Ова овозможува да се прифати хипотезата Д.2. која тврди дека *лицата од*

*различни возрасни периоди се разликуваат во поглед на особините поради кои ги избираат моделите за идентификација.* Изборот на особини од категоријата „престиж" се јавува во многу мал процент кај сите лицата од рана адолесценција и средна зрелост, додека кај лицата од средна и доцна адолесценција воопшто не се јавува. Тоа значи дека на нив не им се важни славата и моќта што се совпаѓа со најмалку преферираните животни стилови (ориентација кон моќ и кон популарност). Гледано во целост, се добива впечаток дека сите испитаници праќаат апел за враќање на изгубените вредности и општествената стабилност, бидејќи само на таков начин ќе можат да си го повратат душевниот мир и да продолжат со оптималниот развој на идентитетот и на личноста.

# V. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Овој труд е заснован врз проблемот на менувањето на врдностите и вредносниот систем, сфатен како севкупност од вредности, вредносни ориентации, морални ставови и модели што поединецот ги преферира. Целта беше да се утврдат разликите во однос на наведените компоненти кај лицата од различни возрасни периоди. За да се добие комплетна слика за тоа дали и како се менува вредносниот систем, резултатите се анализираа низ призмата на генерациите. Генерациите беа разгледувани од аспект на односот родители – деца (семејна генерација) и од аспект на односот возрасни – адолесценти (општествена генерација). Резултатите што се добија ги потврдуваат најголемиот број поставени хипотези во однос на секоја од анализираните варијабли.

Заклучоците во врска со првата група хипотези кои се однесуваат на разликите во претпочитаните вредности меѓу лица од различни возрасти, зборуваат за испреплетено влијание на возраста и општествените услови во кои адолесцентите растат и се развиваат. Утврдените статистички значајни разлики меѓу испитаниците од рана, средна и доцна адолесценција и нивните родители го отсликуваат развојниот период во кој се наоѓаат, но и негативните влијанија на структурното насилство кое се пренесува низ медиумите и голем број други инстанци. Кај адолесцентите се забележани претпочитувања на животни цели кои се во склад со карактеристиките на нивната возраст, како што се возбудлив живот, вистинско пријателство, задоволство, вистинска љубов, себепочитување, подобрување на себе си, душевен мир (кај лицата од доцна адолесценција). Лицата од рана адолесценција помалку го преферираат себепочитувањето, за разлика од останатите адолесценти, како и душевниот мир, за разлика од оние од доцна адолесценција. Кај лицата од средна зрелост се забележани повисоки претпочитувања на себепочитување, душевен мир, рамноправност, социјална правда, хармоничен семеен живот, сигурност за саканите лица. Наведените разлики ја отсликуваат развојноста, бидејќи се должат на

когнитивниот, моралниот и социјалниот развој. Со возраста се намалува желбата и потребата за возбудлив живот исполнет со нови искуства, предизвици и возбудувања. Истото важи и за задоволството. Пријателствата од времето на адолесценцијата се најчесто најинтимните и најсилните од кога и да било во другите возрасни периоди, што го објаснува преферирањето на вистинското пријателство како животна цел. Претпочитаните вредности кои кај помладите се повеќе насочени кон врсниците, добрината, убавината и успешноста, со тек на време се дополнуваат со себепочитување, желба за подобрување на себе си, лична исполнителност, мудрост, внатрешна хармонија итн. Една од развојните карактеристики на средната зрелост, исто така, е континуирано, самостојно учење и усовршување. Овој заклучок е поврзан и со преферираните начини на однесување: амбициозност, независност, снаодливост, решителност, логичност, тактичност, самоконтрола и чесност (кај лицата од доцна адолесценција). Лицата од средна зрелост повеќе ги претпочитаат: чесноста, совесноста, способноста, самоконтролата, амбициозноста и независноста. Стадиумот на формални операции во кој се наоѓаат адолесцентите, доведува до напуштање на ригидните системи на верување. Тие мислат отаде конвенционалните ограничувања, т.е. ги ставаат на преиспитување општествените вредности и норми. Хипотетичко-дедуктивното мислење придонесува да имаат поинакви погледи и мислења од родителите, потреба тоа да аргументираат, што води кон расправа. Кон ова придонесува и процесот на индивидуација, кој е проследен со оддалечување од родителите и негирање на нивниот авторитет, како и кон поголема насоченост кон врсниците и на крајот враќање кон родителите, но во една квалитативно различна релација. Тоа е пресликано во добиените разлики меѓу лицата од сите три групи на адолесценцијата и нивните родители. Резултатите покажуваат дека дваесетгодишните испитаници најмалку се разликуваат во однос на мораните вредности од родителите. Когнитивниот развој се согледува и во тоа што адолесцентите значително повеќе ја претпочитаат логичноста, во споредба со родителите. Тие бараат логичност и доследност и имаат дуалистички приод кон прашањата. За разлика од нив, возрасните се во

стадиум на постформални операции, каде е присутно дијалектичко мислење, препознавање и прифаќање на контрадикциите; сфаќање дека вистината е само процес во осознајувањето. Од аспект на моралниот развој, во периодот на адолесценција вредностите се формираат и усвојуваат, но честопати и критички се преиспитуваат, трансформираат, некои се отфрлаат и заменуваат со нови. Со зголемувањето на возраста и животното искуство, се менуваат и вредносните приоритети и преференции кои од надворешни (физички) и материјални се поместуваат кон внатрешни, личносни карактеристики. Во поглед на моралното судење најголемиот број адолесценти е на второто, конвенционално ниво, поточно во преоден стадиум. За него е карактеристичен личен избор, заснован повеќе на емоции и хедонизам отколку на совест, затоа што совеста се смета за арбитрарна и релативна исто толку колку и должноста. Тоа се гледа во (не)преферирањето на некои од погоренаведените вредности. Морално зрелиот поединец е во состојба да ги создава моралните вредности и да ги проверува низ анализа на поширокото искуство со општеството во целина. Неговиот морален кодекс е стабилен. Тој знае што очекува општеството од него, дури и кога не се согласува со поединечните одредби од општесветниот морален кодекс. Се однесува во склад со моралните норми не поради страв од казна и санкција, туку затоа што е убеден дека тоа е добро, како за него, така и за другите. Суди според етиката на совест, што е повисоко развојно ниво.

Влијанието на структурното насилство како и на брзите и неочекувани општествени промени, е јасно пресликано во вредносните преференции на адолесцентите и нивните родители. Кризата и неизвесноста во која се живее ги насочува помладите кон семејството, каде ја бараат изгубената сигурност. Тоа се гледа во изборот на животните цели како што се хармоничен семеен живот, сигурност за саканите лица, душевен мир, мир во светот, економоска благосостојба. Добиените разлики во однос на вредносните преференции се должат, во голем степен, на ваквите влијанија и на продирањето на нови вредности од други култури. Оваа е особено важно, бидејќи вредностите кои поединецот ќе ги вгради во својот вредносен систем за време на формативниот период, покажуваат

тенденција да опстојуваат дури и во услови на поголеми општествени промени. Ова е присутно кај родителите, кои возрасно се во периодот на средна зрелост и кои и ден денес високо претпочитаат вредности карактеристични за времето кога тие биле млади. Тоа се социјалната правда, рамноправноста, односно чесноста, совесноста, способноста и сл. Актуелната состојба предизвикува појава на суспензија на вредности. Кај адолесцентите таа е препознаена во помалото претпочитање на чесноста, совесноста, великодушноста, учтивоста, помагањето, односно на вредности кои порано биле високо вреднувани и барани. Но, нивните родилите, исто така, пониско ги вреднуваат учтивоста и великодушноста. Ова од причина што овие две вредности во денешни услови се прилично нефункционални. Суспензијата на вредности кај помладите е присутна поради тоа што и едните и другите забележуваат дека денес многумина не се придржуваат до нив и дека тоа што им е пренесувано како позитивно од страна на семејството, во реалноста веќе не функционира. Адолесцентите веруваат во сопствениот вредносен систем, но во истовреме се свесни дека мораат да отстапат од него. Кај возрасните, пак, актуелната состојба води до аномичност, за која е карактеристично чувството дека се распаднале сите норми, се изгубиле сите вредности и се живее во состојба на хаотичност, дезориентираност, безнадежност, бесперспективност. На многумина нештата им изгледаат поцрни одошто се, а најтешка последица е јавување на еден вид вредносен вакуум – доживување дека повеќе нема морални вредности. Гледано во целост, нарушена е меѓугенерациската трансмисија на вредностите, односно процесот на генеративност и намалена е просоцијалната ориентација во однесувањето на адолесцентите.

Овие резултати се во согласност со сознанијата од стручната литература, според кои, токму забрзаните општествени промени се најзначајниот генератор на усвојување нови морални норми и вредности. Во современите услови на живеење, кога интегративните процеси во светски рамки стануваат интензивни, стануваат силни и надворешните влијанија врз моралот. Моралните норми на една социјална средина најчесто се шират во процесот на економското, политичкото и културното

поврзување со други заедници, при што, по правило, преовладуваат елементи на моралот на помоќните народи и култури, што е случај и во нашата држава. Кон тоа се надоврзува менувањето на материјалите услови за живот, како и на организациско-институционалните стуктури на општеството. Во нашиот случај тоа е зголемената стапка на невработеност и сиромаштија, која го загрозува задоволувањето на основните човекови потреби. Тоа предизвикува дестабилизација, несигурност, губење на надежта дека нешто ќе се промени и доколку опстојува долго време, оваа состојба неизбежно води кои психолошка смрт. Ваквиот дегенеративен процес го забрзуваат брзите интеграциски процеси во светски рамки, материјализирани во мас-медиумите, Интернетот и многуте новини што ги носи техничко-технолошкиот развој. Брзината и интензитетот на менувањето на моралните норми и вредности зависи и од згуснатите драматични настани што се случуваат во некоја заедница, како и од историските настани кои се силен печат на еден народ и на симболите кои настанале од нив. Таков е случајот на нашата држава и другите земји од поранешна Југославија. Радикалното менување на моралните норми (под надворешен притисок) го нарушува човековиот интегритет и навлегува длабоко во неговото лично достоинство. Оттаму е и впечатокот дека луѓето што живеат во турбулентнава денешница, имаат чувство на нецелосност, неавтентичност и се во постојана потрага по вредности кои би им го донеле посакуваниот внатрешен, душевен мир и чувство на сигурност.

Заклучоците во врска со втората група хипотези кои се однесуваат на разликите во вредносните ориентации меѓу лица од различни возрасти, исто така, зборуваат за испреплетеното влијание на возраста и општествените услови. Ова оттаму што вредностите и вредносните ориентации се и самите меѓусебно тесно поврзани.

Влијанието на развојниот период во кој се наоѓаат испитаниците се препознава по тоа што адолесцентите, на пример, повеќе го претпочитаат хедонистичкиот животен стил, за разлика од нивните родители. За помладите е карактеристична желбата да уживаат во убавините на

лежерниот живот, да бидат безгрижни и да се забавуваат. Но, гледано од аспект на неповолниот општествен контекст високото претпочитање на овој стил може да значи и активирање на одбранбен механизам со кој се замижува пред проблемите и несигурноста т.е. се бега од реалноста. Поради овие причини адолесцентите високо ги претпочитаат и семејно-сентименталниот и утилитаристички животен стил. Кај нивните родители се забележува дека овие два стила, исто така, се одбираат како најважни. Родителите, за разлика од адолесцентите, многу повеќе ги претпочитаат: прометејскиот активизам, алтруистичкиот и сознајниот животен стил, што е уште една последица од развојот. Ваквите преференции се резултат на моралната зрелост, чија суштина, според Kohlberg, е во способноста на личноста да се однесува во согласност со усвоените морални принципи, дури и тогаш кога се соочува со силен притисок да се однесува поинаку. Морално зрелиот поединец одлучува и расудува на морален начин и се однесува во согласност со донесените судови. Наодите во однос на високото вреднување на утилитаристичкиот животен стил уште еднаш го потврдуваат негативното влијание на структурното насилство врз лицата од различни генерации. Адолесцентите ја бараат сигурноста кај родителите, кои, пак, се обидуваат на секој можен начин да им го олеснат животот. Лошите материјални услови доведуваат до високо претпочитан утилитаристички (материјалистички) стил, бидејќи во душите на возрасните е длабоко вгнезден стравот од неизвесната иднинина и (не)можноста да обезбедат основна егзистенција за своето семејство. Оттука, начините на живот во кои акцентот е на помагањето и општественото ангажирање (алтруистичкиот животен стил и прометејскиот активизам) се значително помалку популарни кај помладите, што го потврдува напуштањето на просоцијалната ориентација кај оваа возрасна група. На тоа укажува и значително поголемата прифатеност на егоистичко-индивидуалистичката вредносна ориентација и високото рангирање на хедонистичкиот начин на живот. Во ваквата слика целосно се вклопува претходно потврденото ниско рангирање на вредностите-средства (чесност, помагање, учтивост, великодушност, совесност), како и на некои вредности-цели (свет на убавина, социјална правда, рамноправ-

ност и слично). Во услови на сè поголема општествена криза поединците се сè помалку просоцијално ориентирани, а сè повеќе егоцентрични и свртени кон личната сигурност и добросостојба. Значи, колку е поголем степенот на изложеност на кризата и колку е таа повпечатлива, толку и нејзиното влијание е поголемо и се чувствува многу порано во животот. Тоа го објаснува високото преферирање на семејно-сентименталниот животен стил, како и на *вредностите-цели* хармоничен семеен живот, сигурност за саканите лица, вистинско пријателство и слично од страна на адолесцентите од сите три групи. На кризата во општеството тие реагираат со повлекување од светот на возрасните во сигурноста на примарните групи – семејството и врсниците. Тоа доведува до помало интересирање за поширокиот колектив и послабо чувство на поврзаност со истиот, оттаму повеќе се преферира егоистичко-индивидуалистичкиот, а помалку алтруистичкиот животен стил, како и помало лично ангажирање (прометејски активизам). Денес е веќе забележливо повлекување дури и од примарните групи (особено кај седумнаесетгодишните испитаници) и концентрирање на грижата за себе и своите потреби. Во прилог на ова говорат пониското преферирање на семејно-сентиметналната, алтруистичката, ориентацијата кон популарност и прометејски активизам, а повисокото претпочитање на егоистичко-индивидуалистичка, утилитаристичката и хедонистичката вредносна ориентација, од страна на адолесцентите. За ваквата состојба придонесуваат и позицијата во општеството, медиумите, изборот на информации, секојдневните искуства и слично.

Во врска со третата група хипотези кои се однесуваат на разликите во моралните ставови меѓу лица од различни возрасти, заклучоците уште повеќе го зацврстуваат впечатокот за неповолното влијание на изменетите општествени услови, а особено за влијанието на медиумите. Ова од причина што ставовите се, исто така, тесно поврзани со вредностите и вредносните ориентации.

Во основа, помладите имаат полиберални морални ставови од возрасните, што впрочем и се очекуваше. Но, кај повеќето адолесценти се

регистрира непостоење јасен став во однос на разводот, кохабитациите, врските меѓу лица со голема разлика во годините, вонбрачните врски и сл. Тука се гледа влијанието на возраста, бидејќи тие се во период кога сé уште ги оформуваат ставовите по овие прашања. Сепак, ваквата состојба е последица и на тоа што младите денес живеат во нова реалност, во која разводите се секојдневна појава, исто како и живеење во неофицијализирани врски, променливи модни трендови, нецензурирани медиумски содржини, пропагирањето на слобода на избор и сл. Токму нејасните и неизградени ставови се доказ дека адолесцентите се на расчекор меѓу она што го добиваат како вредносен систем од семејството и културата во која живеат и новите вредности што продираат од западните земји. Ова е директна последица од влијанието на медиумските содржини кои изобилуваат со вакви примери од животите на познатите лица, па веќе стануваат секојдневна појава. Тоа доведува до когнитивен и морален конфликт, кој се манифестира со амбивалентни постапки. Кон ова придонесува и хаосот што ја има зафатено сферата на моралноста, каде нема јасни основи и каде постои конфузија во однос на тоа што е морално прифатливо, а што не е. Отсуствуваат силни морални кочници во личноста, а отвореноста кон светот и новите искуства доведуваат до потешко контролирање на однесувањето и го прават речиси невозможно одржувањето на традиционалниот начин на живот. Неприфаќањето на хомосексуалноста, легализацијата на лесните дроги, паралелните врски, раѓањето дете без да се склучи брак и слично декларирано од страна на сите возрасни групи, упатува на заклучок дека традиционалните ставови во однос на овие прашања се сé уште присутни и кај помладата и кај постарата популација во нашето општество, а се пренесени и преку семјената и преку општествената генерација. Сепак, со сигурност не може да се потврди дали се работи само за декларативно неприфаќање на истите или за вистински негативен став, кој води и до соодветно однесување. На ваков начин, се добива комплексна слика за меѓугенерациската трансмисија која се должи на комбинираното влијание на разликите во возраста и на тековниот забрзан процес на поместување од традиционалноста кон модернизмот, па дури и во постомодернизмот. Ова

поместување се манифестира во појава на веќе спомentатите алтернативни форми на семејство, како што се семејство со еден родител, истополови семејства, различни форми на кохабитации и сл. Ваквите феномени се особено зачестени во западните земји, од каде општествата во транзиција, меѓу кои е и нашето, ги преземаат вредностите. Оттаму, меѓугенерациската трансмисија во земјите кои минуваат низ процес на модернизација, ја наметнува потребата од континуирани истражувања на областа на семејството и вредносниот систем.

Посочените резултати се во склад со теоретските и емпириски сознанија од оваа област. Теориите кои зборуваат за менување на ставовите го идентификуваат прогресот на индивидуализмот како нивен главен предизвикувач. Тоа е доминатна општествена идеологија врз која се потпира поддршката за слобода на избор, толеранција на разликите и еднакви можности за сите. Ваквото влијание е највидливо во ставовите и од нив произлезениот однос кон бракот и прифаќањето на неговите алтернативни форми, предбрачните кохабитации, предбрачните сексуални врски, необврзувачките сексуални врски, хомосексуалните врски и бракови, вонбрачните деца итн. Почнувајќи од 1960-те многу европски земји бележат пад на бројот на склопени бракови и пораст на бракоразводите, а ваквиот тренд продолжува и денес. Западниот свет забележува глобални промени во процесот на индустријализација и модернизација. Меѓу неговите главни карактеристики се *секуларизацијата* и *урбанизација*. Во склад со ова, индустријализацијата придонесува за ревизија на улогата на семејството и неговите членови, кое ја губи својата примарна функција – прокреативноста. Трагите од модернизацијата се тие кои водат кон ревизија на врската меѓу општеството и поединецот. Резултат е новото нагласување на индивидуализмот, препознаен од голем број автори како клучна идеолошка промена на дваесеттиот век. Индивидуализмот се карактеризира со зголемено фокусирање на нуклеарното семејство, насочување е кон истакнување на сопствениот развој и кон постигнување на индивидуалните цели и еднакви можности за сите. Денес е поприсутен прагматичниот индивидуализам, кој ги истакнува личната автономија и е над правата и потребите на другите, а влијае врз

ставовите кон интимните врски, сексуалноста и другите аспекти на модерното живеење. Во таа насока одредени автори потенцираат дека вредносниот систем станува неодреден и нејасен, општ. Како резултат на тоа, егоцентричниот, конзумеристички менталитет на необврзување станува широко распространет, дифузен, заменувајќи ги традиционалните вредности со приватизација, субјективизам и конзумеризам.

Заклучоците во врска со четвртата и петтата група хипотези кои се однесуваат на разликите во областите од кои се избираат моделите и особините поради кои се избираат меѓу лица од различни возрасти, го заокружуваат ефектот на испреплетеното влијание на возраста и општествените услови. Ова оттаму што вредностите, вредносните ориентации и ставовите на поединецот во голем степен се градат преку имитација и идентификација со моделите од примарните групи и поширокаta околина.

Во ова истражување забележливо е дека и адолесцентите и нивните родители најмногу модели избираат од областа на семејството. Тоа потврдува дека во нашата култура семејството е сеуште институција која се почитува и во кое се бара сигурност во време на неизвесност и контрадикции. Тоа е единственото постабилно нешто на кое можат да се потпрат помладите и каде постои јасна слика за она што е вредно и важно во животот. Изборот на членовите од семејството од страна на адолесцентите како лица кои особено се почитуваат, значи дека младите веруваат во нив и нивните постапки. Оттаму се подготвени да го моделираат сопственото однесување, вградувајќи некои од нивните особини во сопствениот идентитет. Добиените резултати јасно ја опишуваат развојноста, од една страна, но и негативното влијание на медиумите и општеството во целина, од друга страна. Со зголемувањето на возраста и степенот на образование се зголемува бројот на моделите кои се одбираат од областа на културата, политиката и историјата, а се намалува бројот на оние кои се одбираат од областите на спортот и шоу-бизнисот, што е резултат на повисокото ниво на когнитивен развој и влијанието на социјализацијата. Тоа доведува до подобрување на разбирањето на

општествените случувања и пораст на желбата да се биде општествено активен, а највидливо е кај највозрасната група испитаници. Во согласност со ова е и поголемо избирање на модели поради нивните внатрешни карактеристики. Изборот на модели направен од страна на лицата од средна зрелост говори во прилог на веќе споменатите заклучоци во врска со вредностите. Уште еднаш, се потврдува дека времето во кое тие го граделе својот вредносен систем оставило неизбришлива трага, така што и во денешните, мошне изменети општествени услови вредностите и поединците кои нив ги претставувале од времето на социјализмот, сé уште високо ги рангираат. Зголемувањето на општествените проблеми кај адолесцентите доведува до намалување на интересот за општествените случувања и политиката, а до зголемување на интересот за забава и уживање, што е последица и на силното медиумско влијание. Влијанието на медиумите се регистрира и во пониското интересирање за моделите од политиката кое се јавува и во ова истражување. Севкупните резултати повторно водат до заклучок дека помладите користат одбрамбен механизам во кој бегаат од реалноста, замижуваат пред проблемите и неизвесноста и живеат од "денес за денес". Токму тој процес на "бегање" значително е потпомогнат од медиумските содржини. Видливо е дека од областа на семејството, кое е најстабилен извор на вредности и сигурност, произлегува најголемиот број модели, што, уште еднаш, потврдува дека во услови на структурно насилство и неможност за задоволување на основните потреби адолесцентите се приклонуваат кон значајните други.

На претходните заклучоци се надоврзуваат и особините поради кои се избираат моделите од лицата од различни возрасти. Притоа не се добиени статистички значајни разлики меѓу адолесцентите и родителите. Единствената значајна разлика е најдена меѓу лицата од рана и средна адолесценција во однос на категоријата „комуникативност”, во која седумнаесетгодишните наведуваат повеќе особини. Тоа укажува дека адолесцентите со тек на време повеќе се отвараат кон светот и кон другите лица, добивајќи нови општествени улоги и проширувајќи ги интерперсоналните комуникации. Добиените резултати се должат и на сé поголемиот развој на формално-логичкото мислење, како и на преминот

кон повисоко ниво на морално судење. Инаку, сите групи наведуваат најмногу особини од категоријата „хуманост", после која следуваат „силна личност" и „интелектуални особини". Тоа упатуваат на заклучок дека преферирањето на особините од категоријата „хуманост" е реакција на нестабилните и несигурни општествени услови. Ова особено ако се земат во предвид моралните вредности за кои возрасните сметаат дека во нашето општество се изгубени или се среќаваат сé поретко. Кај адолесцентите тоа е проследено со насоченост кон значајните други и примарните групи, од каде ја црпат поддршката и сигурноста. Помалото избирање на моделите поради особини кои влегуваат во групата „престиж" зборува дека на најголемиот број испитаници не им се важни славата и моќта, што се совпаѓа со некои од најмалку преферираните животни стилови (ориентација кон моќ и кон популарност). Гледано во целост, се добива впечаток дека сите испитаници праќаат апел за враќање на изгубените вредности и на општествената стабилност.

Погореизнесените резултати покажуваат дека вредносниот систем на адолесцентите е променет и во одредени вредности мошне се разликува од оној на нивните родители. Кон тоа, во голем степен придонесуваат случувањата и промените во нашето општество и светот воопшто. Меѓугенерациската трансмисија на вредностите е нарушена од повеќе причини. Генерацијата на адолесценти својот вредносен систем го гради во време на силна медиумска доминација, изолирана од социјалните контакти. Тоа во голем степен го менува процесот на социјализација и ја намалува нивната просоцијална ориентација. Исто така, во денешното општество се случуваат големи социјални промени кои вклучуваат имиграција и развој во односите меѓу расите, конфесиите, етносите, што за резултат има релативно повисока толеранција на мултикултурализмот и интернационализмот. Редефинирани се родовите улоги и правата на хомосексуалците. Толеранцијата е зголемена и во однос на слободата на избор на партнер според полот, возраста, раста, конфесијата, за разлика од минатото. Свој значаен придонес кон тоа имаат медиумите и популарната култура преку содржините и медиумите што ги презентираат.

Гледано од материјален аспект, денешнава генерација се соочува повисоки барања од можностите да ги задоволат. Нашите адолесценти живеат во услови на висока стапка на невработеност и сиромаштија, што многу им ги ограничува можностите за долгорочно планирање и градење визии. Тоа повлекува потешкотии при реализирање на развојните задачи како што се вработување, стапување во брак, одделување од родителите, формирање свое семејство. На овој начин е нарушен развојот во целост. Во светот семејството полека ја губи важноста која ја имало во минатото. Бракот е редефиниран и постои тенденција да се замени со алтернативни форми на заедничко живеење. Културите се соочуваат со слаба одговорност и совесност кај луѓето. На медиумите се фаворизира материјалната потрошувачка, кој во услови на недостаток на финансиски средства се преферира значително повеќе. Тоа води кон насочување кон лична добросостојба и кон егоизам. Во состојба на транзиција, во која се наоѓа нашето општество, кај адолесцентите се забележува растргнатост меѓу семејните и новите вредности. Конфузијата и хаосот, меѓу другото се поттикнати од амбивалентанта состојба во која живеат. Постои голема слобода во изборот, но многу од вредностите се релативизирани што доведува до застој во моралниот развој. Многу често и аргументите зошто да се постапи на одреден начин не опстојуваат, поради тоа што е видливо дека поинаквото однесување е одобрено и прифатено во светот, а носи и поудобен живот, без одрекување и жртвување. Тоа го потврдува постоењето на суспензија на вредности во нашето општество. Истата е веќе регистрирана во соседна Србија од страна на Kuzmanović (2001). Во целата ситуација на удар е најмногу идентитетот на поединецот. Притоа тешко им е и на адолесцентите кои треба допрва да го оформат сопствениот и на нивните родители т.е. лицата од средна зрелост. Ова од причина што фокусот на развојот во средната зрелост е поврзан со базичната промена на ставот од индентитет на Јас, кон идентитет на Јаство, како што посочува Stein (2005). Доколку тој процес не се одвива оптимално, последицата е незадоволство и огорченост, придружени со недостаток на внатрешна смисла и до зголемена стапка на самоубиства. Соочувањето со ненадејни и неочекувани животни настани може од корен

да ја промени сликата на возрасниот за себе си, светот и за другите луѓе, да го разниша вредносниот систем врз кој неговиот живот до тогаш се засновувал.

После ова се поставува прашањето што може да се направи во еден ваков, развојно неповолен контекст. Многумина прашуваат и каде се родителите и дали прават нешто за своите деца. Одговорот е едноставен. Тука се и прават многу. Сепак, сето досега кажано во врска со влијанието на факторите кои не потекнуваат од семејството, објаснува зошто нивните напори да го изведат потомството на според нив, вистинскиот пат се осуетени. Имено, иако се смета дека најважните услови во кои личноста созрева се оние кои постојат во семејството, животните ситуации и искуства со кои поединецот ќе се соочи имаат значаен удел во созревањето на личноста и можностите за нејзино менување и самостоен развој. Средината во која расте и се развива денешната генерација адолесценти е морално токсична. Современите истражувања покажуваат дека таа го нарушува развојот на повисок квалитет на моралната интелигенција и на моралниот карактер на децата и адолесцентите. На тој начин, родителите се ставени во положба слична на митскиот Сизиф, чии усилби да го дотурка каменот до врвот на планината не вродувале со плод, бидејќи Зевс секогаш пред самата цел, го враќал на почеток. Слично, напорите и вложувањата на родителите во моралниот карактер на нивните деца се осудени на пропаст поради споменатите околности. Оттаму, тие треба да направат нешто во насока на менување на контекстот во кој нивното потомство се развива. Тоа подразбира дека, освен што родителите треба да бидат позитивни модели на идентификација, во истовреме тие треба да се општествено активни, со цел да ги намалат негативните влијанија на медиумите и на другите инстанци преку кои се спроведува културно и структурно насилство кои ги пустошат душите на адолесцентите. Воедно, тие треба континуирано да вложуваат во своите деца преку квалитетно присуство во нивните животи, покажување интерес за нивните потреби и желби, информираност и заинтересираност за тоа што прават во слободно време, кои содржини ги гледаат на медиумите, отвореност за дискусии и дебатирање во однос на

секакви прашања, помош во градење на самодовербата и самопочитта, да негуваат пријателски однос полн со доверба, кој ќе им остави простор да ја развиваат својата личност, без да се чувствуваат ограничени од нивниот авторитет. Ваквиот однос треба да почне да се гради уште од најрана возраст. Секако, не се само родителите повикани да дејствуваат, туку и останатите возрасни одговорни за моралниот развој на адолесцентите. Тука се наставниците кои се вклучени во воспитно-образовниот процес, психолозите и стручните лица од сродните професии, спортските тренери, медиумските лица кои на адолесцентите им се примери итн. Сите тие треба да преземат дел од одговорноста за градењето на повисок квалитет на моралниот карактер на идните генерации.

Секако дека ова истражување има свои ограничувања кои потекнуваат од примерокот на кој се задавани инструментите, од неможноста да се контролираат сите варијабли кои на некаков начин би можеле да влијаат врз резултатите, како и од суптилноста на темата. Имено, кога се истражуваат вредностите и ставовите многупати не се добива најточна слика за реалната состојба. Ова од причина што испитаниците можат да се прикажуваат во социјално пожелно светло, цензурирајќи ги своите одговори на инструментите. Од друга страна, познато е дека испитаниците можат да одговараат на еден начин, а во реалноста да се однесуваат сосема поинаку. Врочем, од литературата и секојдневното искуство е познато дека да се знае што е морално правилно, не значи и да се постапува морално правилно. Ова дополнително го коплицира истражувањето на оваа област. Сепак, со оглед на утврдената спостојба со вредностите и вредносниот систем на адолесцентите денес, истражувањата во оваа насока мораат да продолжат. Притоа, во идните истражувања пожелно е да бидат опфатени адолесцентите и нивните родители кои се разведени или кои живеат во некоја од алтернативните форми на брак, кои се со различна социоекономска положба, чии родители се невработни или се стечајни работници, кои се од семејства во кои се практикуваат различни родителски стилови и тоа како од урбана, така и од рурална средина итн.

Основната придобивка од овој труд е детектирањето на аспектите и компонентите кои треба да се стимулираат преку соодветни развојни

програми, со цел да се зацврсти вредносниот систем на младите и да им се овозможат услови за непречен развој. Најважно е да се им праќаат јасни и недвосмислени пораки и вредности кои тие ќе ги прифатат искуствено. На тој начин истите ќе бидат потрајно вградени во нивните вредносни системи. Тоа може да се направи преку стимулирање развој на многу вредности и вештини меѓу кои: надежта, емпатијата, соработката, толеранцијата, ненасилното однесување, комуникациските вештини, што впрочем веќе се прави преку спојување на Проектот Алтернативи на Насилството иТрансценд методот години наназат (Мурџева-Шкариќ, 2007). Во овој процес значајно место зазема умешноста за градење визии, односно замислување на целта и осмислување на начините и патиштата како таа да се достигне. Тоа ќе го поттикне одговорното и совесно однесување на поединецот, за да може истите да ги реализира. Сето наведено во себе го содржи трансформирачката моќ, која доколку се стимулира и користи води кон надминување на негативните аспекти и трансцендирање во една нова реалност. Тогаш, патот кон развојот е отворен.

Литература:


1. Ajduković, M. (1989). Vrijednosne orijentacije maloljetnih delikvenata. Zagreb: Narodne novine

2. Albert, I.; Trommsdorff, G. (2003). „Intergenerational Transmission of Family Values". XIth European Conference on Developmental Psychology. Milan, Italy

3. Allen, J.P.; Porter, M.R.; McFarland, F.C.; Marsh, P.; McElhaney, K. (2005). „The two faces of Adolescents' success with Peers: Adolescenst Popularity; Social Adaptation and Deviant Behavior. Child Development, Vol.76, No.3, pp 747-760 (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

4. Бакревска, И. (2002). Вредности, вредносни ориентации и модели за идентификација кај адолесцентите. Дипломска работа. Скопје

5. Bandura, A. (1991). Social Cognitive Theory of Moral Thought and Action. Handbook of Moral Behavior and Development. Vol. 1. New Jersey: Lawrence Erlbaum Associates Publishers

6. Bao-Jane, Y; Jianping, S. (1998). "Moral values held by early adolescents in Taiwan and Mainland China". Journal of Moral Education, Vol. 27, Issue 2. (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

7. Berkowitz, M. W.; Grych, J.H. (1998). „Fostering Goodness: Teaching Parents to facilitate Children's Moral Development". (http://parenthood.library.wisc.edu).

8. Bertolini, R.; Nissim, S. (2002). "Video games and children's imagination". Journal of Child Psychotherapy, Vol. 28, No.3, pp 305-325 (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

9. Boehnke, K.; Ittel, A.; Baier, D. (2006). "Value Transmission and "Zeitgeist": An Under-researched relationship". (http://spitswww.uvt.nl/web/FSW/tijdschrift/Vinken/boehnke.pdf)

10. Borba, M. (2001). Building Moral Intelligence. San Francisco: Jossey-Bass

11. Bozell, B. (2005). "MTV knows no shame". (http://www.townhall.com/opinion/columns/brentbozell/2005)

12. Browne, K.D.; Hamilton-Giarchritsis, C. (2005). "The influence of violent media on children and adolescents: a public-health approach". Centre for Forensic and Family Psychology, UK (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

13. Buckingham, D.; Bragg, S. (2003). Young people, Media and Personal relationships. ASA, BBFC, BBC, BSC, ITC (http://www.bsc.org.uk)

14. Caughlin, J.P.; Ramey, M.E. (2005). "The demand/ withdraw pattern of communication in parent – adolescent dyads". Personal Relationships Vol.12, pp.337-355 (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

15. Chin-Chun, Y.; Chin-Fen, C.; Ying-Hwa, C. (2002). "The Intergenerational Tansmission of Family Values: A Comparaison between Teenagers and Parents in Taiwan". Institute of Sociology, Academia Sinica (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

16. Chin-Chun, Y.; Hsiang-Ming, K.; Yu-Hua, C.; Joujou, C. (2006). "The Importance of Social Context in the formation of Teenagers' Value of children: Social Claas and Rural – Urbàn Differences in Taiwan" (http://paaroof.princeton.edu)

17. Cole, M. & Cole, Sh. (1989). The Development of Children. Scientific American Books

18. Coles, R. (1998). The Moral Intelligence of Children. New York: Penguin Group

19. Čejni, D. (2003). Životni stilovi. Beograd: Clio

20. Dizdarević, I. (2002). Agensi Socijalizacije Ličnosti. Sarajevo: Prosvjetni list

21. Durkin, K. (1996). Developmental Social Psychology. Blackwell Publishers Inc. UK

22. Drew, L.M.; Silverstein, M. (2004). "Inter-generational role investments of great-grandparents: consequences for psychological well-being". Ageing and Society Vol.24, pp 95-111. Cambridge University Press, UK. (http://journals.cambridge.org)

23. Ефремов, Љ. (2005). Авторитарноста, вредносните ориентации и човековите права кај студентите на Филозофскиот и Елеткротехничкиот факултет. Дипломска работа. Скопје

24 Fromm, E. (1964). Begstvo od slobode. Zagreb: Nolit

25. From, E. (1998). Umeće ljubavi.Velika Plana: Ergon

26. From, E. (2006). Umeće življenja. Beograd: Mono & Mañana

27. Gadsden, V.L.; Hall, M. (1996). "Intergenerational Learning: A Review of the Literature". University of Pennsylvania. National Center on Fathers and Families

(http://www.ncoff.gse.upenn.edu/litrev/ig-litrev.pdf)

28. Гиденс, Е. (2002). Третиот пат. Скопје: Институт за демократија, солидарност и цивилно општество

29. Гиденс, Е. (2003). Забеган свет. Скопје: Филозофски факултет

30. Gromly & Brodzinsky (1993). Lifespan Human Develoment. Harcourt Broce, Colledge Publishers, USA

31. Hagelin, R. (2003). "Bring back human kindness? Please!" (http://www.townhall.com/opinion/columns/rebeccahagelin/2003)

32. Hallahan, K. (2005). The Consequences of Mass communication. McGraw-Hill (http://lamar.colostate.edu?~hallahan/consequences.html)

33. Harris, M. & Butterworth, G. (2002). Developmental Psychology. New York: Psychology Press Ltd

34. Havelka, N. (1995). Vrednosne orijentacije učenika i njihova očekivanja od budućeg zanimanja. Psihološka isrtaživanja 7. Beograd: Filozofski fakultet

35. Hines, A.R.; Paulson, S.E. (2006). "Parents' and Teachers' perceptions of adolescent storm and stress: relations with parenting and teaching styles". Adolescence, Vol.41, No.164. San Diego: Libra Publishers, Inc. (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

36. Јеротић, В. (2004). Човек и његов идентитет. Београд: Ars Libri

37. Johnson, M. F.; Sallis, J.F.; Hovell, M. (1999). „Comparison of Rated and Ranked Health and Lifestyle Values". American Journal of Health Behavior, Vol. 23, Issue 5. (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

38. Kaprara, Đ.V.; Ćervone, D. (2003). Ličnost. Beograd: Dereta

39. Kasser, T.; Koestner, R.; Lekes, N. (2002). „Early Family experiences and Adult Values: A 26-Year, Prospective Longitudinal Study". Personality and Social Psychology Bulletin (http://psp.sagepub.com/cgi/content/abstract/28/6/826)

40. Knafo, A. (2003). „Authoritarians, the Next Generation: Values and Bullying among adolescent children of authoritarian fathers". Analyses of Social Issues and Public Policy, Vol. 3, No.1, pp.199-204 (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

41. Kulik, L. (2001). „Impact of backgroung variables on attitudes about Family life: A comparative analysis of Parents and Offspring in Israel". (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

42. Kurtines, W. M.; Gewirtz, J. L. (1991). Handbook of Moral Behavior and Development. Vol. 1, 2, 3. New Jersey: Lawrence Erlbaum Associates Publishers

43. Kuzmanović, B. (1995). Društvene promene i promene vrednosnih orijentacija učenika. Psihološka isrtaživanja 7. Beograd: Filozofski fakultet

44. Kuzmanović, B. (1995). Preferencije društvenih ciljeva. Psihološka isrtaživanja 7. Beograd: Filozofski fakultet

45. Kuzmanović, B. (2001). Društvena kriza i kriza vrednosnog sistema mladih. Drama jedne mladosti. Beograd: Žarko Albulj

46. Lakić, A. (2005). Porodica kao prva spoljašnja realnost adolescenta. Unutrašnja i spoljašnja realnost adolescenata. Beograd: Žarko Albulj

47. Layden, M.A. (2004). "The Science Behind Pornography Addiction". Presented at the: Science, Technology and Space Hearing. US Senate Comette on Commerce, Science and Transportation (http://commerce.senate.gov/hearings/testimony.cfm)

48. Lenhart, A.; Rainie, L.; Lewis, O. (2001). Teenage life online. The rise of the instant-message generation and the Internet's impact on friendships and family relationships. Washington, D.C. (http://www.pewinternet.org)

49. Lerner, R.M.; Karson, M.; Meisels, M. ; Knapp, J.R. (1975). Actual and perceived attitudes of late adolescents and their parents: The phenomenon of the generation gaps. The Journal of Genetic Psychology (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

50. Lickona, T. (1992). Character development in the Family. Chapter X. Washington. The Council for Research in Values and Philosophy

51. Lind, G. (1999). “The optimal age for Moral Education”. Psychology of Morality & Democracy and Education (http://www.uni-konstanz.de/ag-moral/b-publik.htm)

52. Litvinović, G. (2001). Čovek između istorijskog i ličnog vremena. Beograd: Institut za psihologiju

53. Lyons, S. (2005). “Are gender differences in basic human values a generational phenomenon?” (http://www.findarticles.com/p/articles/mi_m2294/is_9-10_53/ai_n16084047/print)

54. Mann, M.B.; Pearl, P.T.; Behle, P.D. (2004). “Effects of Parent education on knowledge and attitudes”. Adolescence, Vol.39, Issue 154, pp.355-360 (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

55. Maslov, A. H. (2001). O Životnim vrednostima. Izabrani eseji o psihologiji vrednosti. Beograd. IP „Žarko Albulj”

56. Mayseless, O.; Scharf, M.; Sholt, M. (2003). “From Authoritative Parenting Practices to an Authoritarian Context: Exploring the Person – Environment Fit”. Journal of Research on Adolescence (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

57. Miller, P.H. (1983). Theories of Developmental Psychology. New York: W.H.Freeman and Company

58. Мирић, J. (2001). Развој моралног мишљења. Београд: Калеком

59. Михајловски, З. (2003). Конативно-мотивациски особини на личноста и успехот кај ученици од средно музичко училиште. Магистерски труд. Скопје

60. Momirović, K. (1989). Uticaj neiskrenosti na rezultate u testovima za procenu sistema vrednosti. Zagreb: Primenjena Psihologija, Vol.10 str. 207-210

61. Morgan, M.; Leggett, S.; Shanahan, J. (1999). “Mass Communication & Society. Television and Famuly Values: Was Dan Quayle Right?” (Abstract) Vol.2, No 1&2, Lawrence Erlbaum Associates, Inc. (http://www.leaonline.com/doi/abs)

62. Morrissey, K.M.; Werner-Wilson, R.J. (2005). "The relationship between out-of school activities and positive youth development: An investigation of the influences of communities and Family". Adolescence, Vol.40, No.157 (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

63. Muench, D. M.; Landrum, R.E. (1994). "Family dinamics and attitudes toward marriage". Journal of Psychology Vol. 128, Issue 4 (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

64. Мурџева-Шкариќ, О. (2002). Психологија на родот. Скопје. СОЖМ. Центар за женски студии

65. Мурџева-Шкариќ, О. (2004). Развојна психологија. Скопје: Филозофски факултет

66. Мурџева-Шкариќ, О. (2004). Развој кон вишното Јас. Зборник: „30 години Институт за психологија". Скопје: Филозофски факултет

67. Мурџева-Шкариќ, О. (2007). Ненасилна Трансформација на Конфликти. Скопје: Филозофски факултет (во печат)

68. Myyry, L. (2003). Components of Morality. A Professional Ethics Perspective on Moral Motivation, Moral Sensitivity, Moral Reasoning and Related Constructs Among University Students. Academic dissertation. University of Helsinki.

69. Николоска, М. (1996). Психолошките особини на студентите кои се подготвуваат за наставници. Докторска дисертација. Скопје

70. Николоска. М. (2004). Психологијата и вредностите. Зборник: „30 години Институт за психологија". Скопје: Филозофски факултет

71. Николоски, Т. (2001). Статистика во психологијата. Скопје: Филозофски факултет.

72. North, A.C.; Bland, V.; Ellis, N. (2005). „Distinguishing heroes from celebrities". British Journal of Psychology, Vol.96, pp 39-52 (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

73. Osmančević. E. (2003). Internet, Tradicionalna i Virtualna javnost. Sarajevo: Magistrat

74. Ovadia, S. (2003). „Suggestions of the Postmodern Self: Value Changes in American High School Students, 1976-1996". Sociological Perspectives, Vol. 46, No.2, pp.239-256

75. Parke, R.D. (2004). „Development in the Family". Annual Review Psychology (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

76. Phinney, J. S.; Kim-Jo, T.; Vilhjalmsdottir, P. (2005). „Autonomy and Relatedness in Adolescent – Parent Disagreements: Ethnic and Developmental Factors". Journal of Adolescent Research, Vol. 20, No.1. (http://www.sagepub.com)

77. Piaget, J. (1978). Le jugement moral chez l'enfant. Paris: Persses universitaires de France

78. Pinquart, M. (2004). 'Transmission of values from adolescents to their parents: the role of value content and authoritative parenting' (http://findarticles.com/p/articles/mi_m2248/is_153_39/ai_n6143561/print)

79. Петроска-Бешка, В. (1994). Методологија на експерименталните истражувања во психологијата. Скопје: Малинска.

80. Popadić, D. (1995). Uzrasne i generacijske razlike u preferenciji životnih stilova. Psihološka isrtaživanja 7. Beograd: Filozofski fakultet.

81. Popadić, D. (1995). Uzori mladih – uzrasne i generacijske razlike. Psihološka isrtaživanja 7. Beograd: Filozofski fakultet.

82. Popenoe, D. (1998). „We are what we see: The Family conditions for Modeling values for children". (http://parenthood.library.wisc.edu/Popenoe/Popenoe-Modeling.html)

83. Поповић, Б. (1973). Увод у психологију морала. Београд: Научна књига

84. Поповић, Б. (1978). Морални развој и морално васпитање. Београд: Просвета.

85. Поповић, Б.; Миочиновић, Љ. (1977). Моралне вредности деце и младих и њихов развој. Београд: Просвета

86. Поповски, М. (2000). Персоналните корелати на просоцијалното однесување. Докторска дисертација. Скопје

87. Pratt, M.W.; Hunsberger, B.; Pancer, S.M.; Alisat, S. (2003). "A Longitudinal Analysis of Personal Values Socialization: Correlates of a Moral Self-Ideal in Late Adolescence". Oxford: Blackwell Publishing Ltd. (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

88. Preston, J.; Feinstein, L. (2004). Adult Education and Attitude Change. London. The Centre for Research on the Wider Benefits of Learning. Institute of Education

89. Radojković, M.; Miletić, M. (2005). Komuniciranje, mediji i društo. Novi Sad: Stylos

90. Rejk, B.; Edkok, K. (1978). Vrednosti, stavovi i promena ponašanja. Beograd: Nolit

91. Repinski, D.J.; Zook, J. M. (2005). "Three measures of closeness in adolescents' relationships with parents and friends: Variations and developmental significance". Personal Relationships, Vol. 12, pp 79-102 (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

92. Reynolds, J. & Mansfield, P. (1999). "The effect of chainging attitudes to marriage on its stability". Lord Chancellor's Department

93. Roberts, J.A.; Tanner, J.F. (2005). "Materialism and the Family Structure – Stress Relation". Journal of Consumer Psychology (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

94. Rohrlich, J.A.; Rainer, R.; Berg-Cross, L.; Berg-Cross, G. (1977). "The effects of divorce: Research review with a Developmental Perspective". Journal of Clinical Child Psychology (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

95. Rot, N. (1989). Osnovi socijalne psihologije. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva

96. Santrock, J.W. (1998). Child Development. Mc Graw-Hill, USA

97. Scabini, E.; Marta, E. (2006). "Changing intergenerational relationship". European Review, Vol. 14, No.1, 81-98. Academia Europea (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

98. Séminaire relatif á L'enfant. Groupe No.12 (2006). "Les enfants et les adolescents face aux medias quelles evolutionv, quelles protections?" Promotion 2005 – 2007 Répiblique. Ecole Nationale d'Administration.

99. Smetana, J.G. (2006). "The role of Parents in Moral Development: A Social Domain Analysis" (http://tigger.uic.edu/~lnucci/MoralEd/articles/smetana.html)

100. Stajn, M. (2005). U srednjim godinama. Jungovska perspektiva. Beograd: Plato

101. Стаменкова-Трajкова, В.; Арнаудова, В.; Ачковска-Лешкоска, Е. (1998). Вредносни конфликти и нивното разрешување во периодот на социјално – политичките промени во Р. Македонија. Скопје: Филозофски факултет

102. Shen, J. & Yuan, B-J. (1999). "Moral values of Only and Sibling children in Mainland China". The Journal of Psychology (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

103. Sullivan, E.V. (1992). "Television as a moral educator. Character Development in school and beyond". Washington: The Council for Research in Values and Philosophy

104. Szentmártoni, M. (2004). Svet mladih. Psihološke studije. Pančevo: Bukur Book

105. Thomas, C. (2003). "Marriage Redefind". http://www.townhall.com/opinion/columns/calthomas/2003)

106. Todorović, J. (2005). Vaspitni stilovi roditelja i samopoštovanje adolescenata. Niš. Filozofski fakultet

107. Tompson, K. (2003). Moralna panika. Beograd: Clio

108. Tostain, M. (1999).·Psychologie, morale et culture. Grenoble: Presses universitaires de Grenoble

109. Trebješanin, Ž. (2001). Rečnik psihologije. Drugo izdanje. Beograd: Stubovi kulture

110. Vlajković, J. (2005). Životne krize. Prevencija i prevazilaženje. Beograd: Žarko Albulj

111. Vyncke, P. (2002). “Lifestyle Segmentation: From Attitudes, Interests and Opinions, to Values, Aesthetic Styles, Life Visions and Media Preferences”. European Journal of Communication (http://ejc.sagepub.com/cgi/content/abstract/17/4/445)

112. Wetzstein, C. (2005). “More homes in U.S. go solo”. The Washington Times. (http://www.washingtontimes.com)

113. Whitbourne, S.K. (2001). Adult development and aging: biopsychosocial perspectives. New York: John Wiley & Sons.Inc.

114. Wiebe, J.M. (2000). "A study of Values and Attitudes of airport executives occupational duration and airport classification". Embry-Riddle Aeronautic University

115. Willard, N. (1997). “Moral Development in the Informaton Age” (http://tigger.uic.edu/~lnucci/MoralEd/articles/willard.html)

116. Wilson, J.Q. (1993). The Moral Sense. New York: Free Press

117. Yi, C-C.; Chang. C-F.; Chang. Y-H. (2002). “The Intergenerational transimission of Family values: A Comparison between Teenagers and Parents in Taiwan”. Institute of Sociology, Academia Sinica (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

118. Zern, D.S. (1997). “A Longitudinal study of Adolescent’s attitudes about assistance in the development of moral values”. The Journal of Genetic Psychology (EBSCO, интернет база на податоци, Acedemic Search Premier)

# П Р И Л О З И

Прилог 1: Прашалник за вредности на кој одговораат лицата од средна зрелост (прашања 1 – 7);

Прилог 2: Прашалник за модели за идентификација (прашања 8 – 13);

Прилог 3: Скала на морални ставови;

Прилог 4: Прашалник за вредности на Rokeach (модификувана верзија);

Прилог 5: Скала за мерење на преференција на животни стилови.

Прилог 1: Прашалник за вредности на кој одговораат лицата од средна зрелост (прашања 1 – 7) и

Прилог 2: Прашалник за модели за идентификација (прашања 8 – 13)

## П Р А Ш А Л Н И К

Почитувани,

Ви се обраќаме со молба да учествувате во ова истражување. Ќе треба да дадете свое мислење на две скали и листа прашања, кои се однесуваат на неколку теми од животот. Одговорите би ги давале анонимно. Освен тоа, листите со одговори би биле чувани на Универзитетот во Скопје и не би биле достапни никому, освен на истражувачот. Сите анализи би се спроведувале на обединети одговори на голем број испитаници, вклучувајќи ве и Вас.

Искрено Ви се заблагодаруваме на помошта!

---

Дозволувам моите одговори на прашалникот да бидат употребени на начинот кој е опишан погоре.

Датум:

Општи прашања:

1. Пол: М Ж

2. Возраст: ____________

3. Степен на стручна подготовка (заокружете): Основно ССС ВС ВСС

4. Занимање ________________________

5. Националност ____________________

6. Вероисповест _____________________

7.Место на живеење _________________

8. Брачна состојба:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| немажена/ неженет | во брак | вдовец-ица | раздвоен-а | разведен-а |

Заради континуитетот во истражувањето особено е важно да се одговорат сите прашања. Обидете се на секое од нив да одговорите што е можно поискрено. Нé интересира што мислите за одредени теми, па според тоа не постојат точни и погрешни одговори. Ви благодариме!

1. Има ли разлики помеѓу Вашите морални вредности и вредностите на Вашите баби и дедовци? Кои разлики би ги издвоиле?

2. Има ли разлики помеѓу Вашите морални вредности и вредностите на Вашите родители? Кои разлики би ги издвоиле?

3. Има ли разлики помеѓу Вашите морални вредности и вредностите на Вашите деца? Кои разлики би ги издвоиле?

4. Можете ли да направите разлика помеѓу моралните вредности што сте ги имале кога сте биле на возраст на која се сега Вашите деца и вредностите што тие ги имаат денес? Кои разлики би ги издвоиле?

5. Кои морални вредности биле присутни кај луѓето во нашето општество пред 10 години? Набројте ги.

6. Кои морални вредности се сега најприсутни кај луѓето во нашето општество? Набројте ги.

7. Имајќи го во предвид денешниот начин на живеење, кои морални вредности мислите дека ќе бидат присутни кај луѓето во блиска иднина (за 10 години)? Наведете ги.

8. Наведете лице (живо или починато; реално или измислено) кое особено го почитувате.

9. Од која област е тоа лице (на пр. – семејство, политика, спорт, уметност, историја и тн.)

10. Кои се особините што Ви се допаѓаат кај тоа лице, а поради кои го одбирате?

11. Има ли уште некој кого исто така многу го почитувате? Наведете кој.

12. Од која област е тоа лице (на пр. – семејство, политика, спорт, уметност, историја и тн.)?

13. Кои се особините што Ви се допаѓаат кај тоа лице, а поради кои го одбирате?

# Прилог 3: Скала на морални ставови

**УПАТСТВО:** Внимателно прочитајте ги подолу наведените прашања и обидете се на секое да одговорите што е можно поискрено со заокружување на САМО ЕДЕН од понудените одговори. Нé интересира што мислите за нив, па, според тоа, не постојат точни и погрешни одговори.

1. Сметате ли дека начинот на кој се облекуваат младите денес е невкусен и неморален?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| воопшто не | помалку | и да и не | прилично | потполно |

2. Сметате ли дека младите треба да носат пирсови (минѓуши на одредени делови од телото – на пр. нос, веѓи, стомак и сл.) и тетоважи?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| воопшто не | помалку | и да и не | прилично | потполно |

3. Дали според Вас одредени содржини на телевизија (како што се реалните шоуа од типот „Тоа сум јас”, музички спотови и сл.) прикажуваат негативни модели на однесување и не би требало да се снимаат?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| воопшто не | помалку | и да и не | прилично | потполно |

4.Сметате ли дека хомосексуалноста треба да се прифати?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| воопшто не | помалку | и да и не | прилично | потполно |

5. Сметате ли дека живеењето во вонбрачна заедница е погрешно?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| воопшто не | помалку | и да и не | прилично | потполно |

6. Дали разводот е често пати добра опција која треба да се искористи?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| воопшто не | помалку | и да и не | прилично | потполно |

7.Дали слободата на говорот, во одредени ситуации, треба да се ограничи?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| воопшто не | помалку | и да и не | прилично | потполно |

8.Сметате ли дека е во ред одржување интимна врска со повеќе партнери истовремено?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| воопшто не | помалку | и да и не | прилично | потполно |

9. Дали врските помеѓу партнери со голема разлика во годините (над 10 години) се погрешни и неморални?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| воопшто не | помалку | и да и не | прилично | потполно |

10.Сметате ли дека прељубата треба да се прости?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| воопшто не | помалку | и да и не | прилично | потполно |

11. Дали употребата на „лесни droги" треба да остане нелегална?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| воопшто не | помалку | и да и не | прилично | потполно |

12. Дали порнографските сајтови на Интернет треба да постојат и да бидат лесно достапни?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| воопшто не | помалку | и да и не | прилично | потполно |

13. Сметате ли дека независното живеење на младите е подобро од живеење со семејството?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| воопшто не | помалку | и да и не | прилично | потполно |

14. Дали живеењето во брачна заедница е подобро од живеење во неформална (неофицијализирана) врска?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| воопшто не | помалку | и да и не | прилично | потполно |

15. Според Вас, дали е прифатлива опцијата да се роди дете без да се склучи брак?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| воопшто не | помалку | и да и не | прилично | потполно |

# Прилог 4: Прашалник за вредности на Rokeach (модификувана верзија)

Секој човек во животот има одредени лични и општествени цели кои ги смета за вредни и значајни и кон чие остварување се стреми. Подолу се наведени 16 такви ***живошни цели*** кои вие треба да ги рангирате според ***нивнаша значајносш како водечки ӣринциӣи во вашиош живош***. Онаа цел која за вас е најзначајна и која њамногу ја вреднувате означете ја со број 1, а онаа која е помалку значајна за вас означете ја со број 2 и така натаму сé до она што за вас е најмалку значајно и што најмалку го вреднувате, кое ќе го означите со број 16. Ранговите не смеат да се повторуваат!Рангирањето вршете го внимателно, а ако се случи да погрешите или да се премислите, слободно коригирајте го напишаното.

| | Ранг |
|---|---|
| 1. Општествен углед (постигнување на угледен и почитуван статус во општеството) | |
| 2. Возбудлив живот (живот исполнет со многу нови искуства, предизвици и возбудувања) | |
| 3. Вистинско пријателство (имање блиски, искрени и верни пријатели) | |
| 4. Мир во светот (живеење во свет без војни и конфликти) | |
| 5. Себепочитување (почит кон себе с ии верба во сопствените потенцијали и вредности) | |
| 6. Хармоничен семеен живот (семеен живот исполнет со љубов, почит и разбирање) | |
| 7. Душевен мир (душевно спокојство, отсуство на какви и да било внатрешни конфликти) | |
| 8. Рамноправност (подеднакви можности за сите) | |
| 9. Мудрост (зрело разбирање на животот) | |
| 10. Економска благосостојба (богатство, поседување на материјални добра и пари) | |
| 11. Вистинска љубов (искрена и трајна љубовна врска со длабока емоционална и духовна интимност) | |
| 12. Подобрување на самиот себе си (настојување да се биде сè подобар и подобар во кој и да било аспект од животот) | |
| 13. Сигурност за саканите лица (водење грижа за најблиските и најмилите) | |
| 14. Задоволство (живот исполнет со разновидни уживања, лежерност и забава) | |
| 15. Социјална правда (коригирање на социјалната неправда, грижа за слабите и немоќните) | |
| 16. Свет на убавина (убавина на природата, творештвото и уметноста) | |

На оваа страница, пак, се наведени 16 ***начини на однесување*** кои секој од нас може помалку или повеќе да ги цени и да ги смета за значајни. Вие треба да ги рангирате наведените начини на однесување според тоа колку тие лично вас ви се ***значајни како принципи според кои се раководите во својот живот***. Рангирањето вршете го исто како и во претходниот случај. Она однесување кое за вас е најзначајно и кое најмногу го вреднувате означете го со број 1, а она кое е помалку значајно за вас означете го со број 2 и така натаму сé до она што за вас е најмалку значајно и што најмалку го цените, кое ќе го означите со број 16. Ранговите не смеат да се повторуваат!

| | Ранг |
|---|---|
| 1. Амбициозност (вложување напори за постигнување повисоки и потешко остварливи цели) | |
| 2. Соработка (настојување да се соработува и заедно да се работи со другите) | |
| 3. Самоконтрола (воздржување, контролирање на самиот себе си, самодисциплинираност) | |
| 4. Независност (потпирање на самиот себе си, самостојно одлучување и делување) | |
| 5. Чесност (чесен однос кон другите) | |
| 6. Решителност (смело донесување на одлуки и цврсто стоење зад нив) | |
| 7. Снаодливост (вешто изнаоѓање начини за постигнување на поставените цели) | |
| 8. Способност (способно и компетентно делување во кој и да било домен од животот) | |
| 9. Помагање (помагање на оние на кои им е потребна помош поддршка) | |
| 10. Чисто (практикување на чистота, уредност и педантност во секојдневното живеење) | |
| 11. Великодушност (споделување на она што се има со другите) | |
| 12. Логичност (рационално и доследно однесување) | |
| 13. Совесност (совесно и одговорно однесување) | |
| 14. Учтивост (внимателно постапување кон другите, имање добри намери) | |
| 15. Натпреварување (настојување нешто да се постигне или да се направи подобро од другите) | |
| 16. Тактичност (внимателно делување во чувствителни ситуации без навредување на другите) | |

# Прилог 5: Скала за мерење на преференција на

## животни стилови

**УПАТСТВО:** Подолу се наведени кратки описи на повеќе можни начини на живеење. Прочитајте го внимателно секој од нив и одлучете до која мерка би сакале и би прифатиле да живеете на опишаниот начин. Секој одговор означете го со знакот „**X**” во соодветното поле.

| НАЧИНИ НА ЖИВЕЕЊЕ | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Да имам лице кое ќе го сакам и кое ќе ме сака, заедно со него да создадам семејство и целосно да му се посветам на семејството. Да ја најдам смислата на животот во семејството. | | | | | | | |
| 2.Да се занимавам со нешто што е корисно за луѓето.Да им помагам на луѓето кога се несреќни или загрозени, дури и по цена на лично одрекнување. | | | | | | | |
| 3.Да се занимавам со истражувања, да барам нови пронајдоци и изуми. Да стекнам што повеќе знаење.Постојано да осознавам нови нешта за светот, природата и човекот. | | | | | | | |
| 4.Да се занимавам со добро платена работа која ќе ми носи многу пари и потполна материјална сигурност.Да си обезбедам богат и удобен живот. | | | | | | | |
| 5.Да станам популарен/на, да бидам познат/а во спортот музиката или забавата.Да се појавувам често на телевизија и во весници, да имам многу обожаватели. | | | | | | | |
| 6.Да го уредам животот така што нема да зависам од други и да не морам да се грижам за туѓите проблеми. Да се грижам, пред сé, за себе и својата благосостојба. | | | | | | | |
| 7.Да се залагам упорно за создавање подобри и поправични односи во својата средина и општеството. Да се борам за долгорочнит е цели и идеи, дури и кога наидувам на отпори во средината. | | | | | | | |
| 8.Да го проживеам животот што побезгрижно и повесело. Добро да се забавувам, што повеќе да уживам во задоволствата кои ги нуди животот. Заработените пари премногу да не ги штедам, туку да ги трошам на забава и разонода. | | | | | | | |
| 9.Да верувам во Господ и да живеам во склад со учењето за својата вера. Да пронајдам мир и вистина во верата. Да бидам добар верник, да ги почитувам верските празници и обичаи. | | | | | | | |
| 10.Да заземам раководечко место во општеството. Да имам голема моќ, за да не морам јас да слушам други, туку другите да ме слушаат мене. | | | | | | | |

Најпосле, од сите претходно опишани начини на живеење одберете еден што Вам **најмногу** Ви се допаѓа и неговиот реден број **заокружете го**. Потоа, одберете го и оној што **најмалку** Ви се допаѓа и неговиот реден број **означете го со квадратче**.

ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА СОРАБОТКАТА!